# ГОДИШНИК
## за 2008 година
## НА ИНСТИТУТОТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА

# ANNUAL
## for 2008
## OF THE INSTITUTE FOR SOCIOLOGICAL, POLITICAL AND JURIDICAL RESEARCH


| | | | |
|---|---|---|---|
| Година XXXIII, | Број 1, | стр. 342 | Скопје, 2009 |
| Volume XXXIII, | Number 1, | pp. 342 | Skopje, 2009 |

**Издавач:**
Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ - Скопје
Институт за социолошки и политичко – правни истражувања - Скопје

Партизански одреди бб,
1000 Скопје
Република Македонија
Тел.02/3061-119
Факс. 02/3061-282
П.фах: 435

**Редакција:**
Д-р Јорде Јаќимовски
Д-р Лидија Христова
Д-р Виолета Чачева
Д-р Славејко Сасајковски
М-р Марија Топузовска

**Главен и одговорен уредник:**
Д-р Јорде Јаќимовски

**Секретар на редакцијата:**
М-р Марија Топузовска

**Јазична редакција:**
Марија Станкова

**УДК и предметна определница:**
НУБ „Св.Климент Охридски“ - Скопје

**Техничко уредување и печат:**
Тренч – Скопје

Тираж: 300

Издавањето на Годишникот го потпомага Министерството за образование и наука на Република Македонија

**Published by:**
University “Ss.Cyril and Methodius” - Skopje
Institute for Sociological, Political and Juridical Research – Skopje

Partizanski odredi bb,
1000 Skopje
Republic of Macedonia
Tel. 02/3061-119
Fax. 02/3061-282
P.O.Box: 435

**Editorial Board:**
Jorde Jakimovski, Ph.D.
Lidija Hristova, Ph.D.
Violeta Chacheva, Ph.D.
Slavejko Sasajkovski, Ph.D.
Marija Topuzovska, M.Sci.

**Editor - in chief:**
Jorde Jakimovski, Ph.D.

**Secretary of Editorial:**
Marija Topuzovska, M.Sci.

**Lector:**
Marija Stankova

**Data Cataloging in Publication:**
NUB Sv.Kliment Ohridski

**Prepress & Print by:**
Trench – Skopje

Circulation: 300

The publication of this issue was supported by the Ministry of Education and Science of the Republic of Macedonia

# ПРЕДГОВОР

Годишникот на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања- Скопје, претставува една од формите за комуницирање со научната и пошироката јавност на научните и другите работници на Институтот како и на надворешните соработници. Важно е да се каже дека во Годишникот редовно се застапени и имиња на млади автори кои ги прават своите први чекори во науката, но кои со своите идеи и научнички ентузијазам придонесуваат за збогатување и ширење на научниот простор во Македонија. Освен научни и стучни трудови во Годишникот се објавени и осврти на новообјавени книги.

Авторите на трудовите во овој Годишниок со своето знаење и искуство, како и во целокупната досегашна научноистражувачка работа, имаат за цел да придонесат не само за осознавањето на многу значајни прашања во општествено-политичкиот живот туку и за развој на социолошката, политичката, правната и дру-

# FOREWORD

The Annual of the Institute for Sociological, Political and Juridical Research – Skopje represents one of the forms of communication with the scientific and the general public regarding the scientific and the other workshops of the Institute and the external collaborators. It is important to underline that the Annual regularly includes the names of young authors who take the first steps in science, and enrich the building of the scientific field in Macedonia by means of their novel ideas and scientific enthusiasm.

The authors of the works in this Annual, by means of their know-how and experience, as in the overall previous scientific research, have aimed at contributing to perception of numerous significant issues not only from the socio-political life but also from the development of the social, political, legal and other thought in the Republic of Macedonia. More specifically, particular attention is paid to the issues of multiculturalism, social conformity, political ideology and mo-

га мисла во Република Македонија. Поконкретно, вниманието е свртено врз глобализацијата, мултикултурализмот, социјалниот конформизам, политичката идеологија и моралното расудување, религиозните текови, положбата на ученичката младина, социјалната политика, семејното насилство, човековите права, родовата рамноправност, изборниот ситем, политичката култура, изборните стратегии на политичките партии, функционирањето на државната администрација, глобалното управување, деловната етика, мененџерството, доживотното учење и нелегалната имиграција.

Трудовите се мотивирани и од предизвикот на лоцирање, дијагностицирање и нудење на излезни решенија кои ќе водат кон надминување на бројните проблеми во подсистемите на македонскиот општествено-политички и економски систем како што се економијата, социјалата, законодавството, правосудството, одбраната, образованието и др.

Со својата разновидност, актуелност и научно-методолошка заснованост веруваме дека овие текстови ќе го привлечат вниманието и интересот на научната и пошироката јавност во Република Македонија, во регионот и пошироко.

*Проф д-р Јорде Јакимовски*

ral judgment, religious streams, position of the student's youth, social policy, domestic violence, human rights, gender equality, electoral system, political culture, electoral strategies of the political parties, functioning of the state administration, global management, business ethics, management, life-long learning and illegal immigration.

These works have further been challanged by the detection, diagnosis and provision of solutions which shall lead to overcoming of the numerous problems existing in the Macedonian socio-political and economic system such as economy, welfare, legislation, judicature, defense, education, etc.

We do believe that these texts shall arouse the interest of both the scientific and the general public in the Republic of Macedonia, the region and beyond due to their diveristy, topicality and scientific-methodological base.

*Prof. Jorde Jakimovski, Ph.D.*

# *СОДРЖИНА*


*Д-р Јорде Јакимовски*
РАБОТАТА И СОЦИО-ЕКОНОМСКИОТ ЖИВОТ ВО УСЛОВИ НА ЕКОНОМСКАТА КРИЗА . . . . . 9

*Д-р Славко Сасајковски*
НЕОЛИБЕРАЛИЗАМ, ДРЖАВЕН ИНТЕРВЕНЦИОНИЗАМ, ГЛОБАЛНА ФИНАНСИСКО - ЕКОНОМСКА КРИЗА (неколку идеолошки, односно идеолошко – политички фокусирања) . . . 23

*Проф. д-р Мирјана Сланинка-Динева*
СОЦИЈАЛНИТЕ УСТАНОВИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО УСЛОВИ НА ГЛОБАЛНАТА ЕКОНОМСКА КРИЗА . . . . . 37

*Д-р Љубица Чонева*
НОВА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА ЗА ПОСТИГНУВАЊЕ СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА . . . . . 51

*Д-р Петар Атанасов*
ВКЛУЧЕНОСТА НА РОДИТЕЛИТЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО ВО МАКЕДОНИЈА: АЛКАТА ШТО НЕДОСТИГА . . . . . 67

*Д-р Виолета Чачева*
ДАЛИ КОРУПЦИЈАТА МОЖЕ ДА СЕ МЕРИ? . . . . . 85

*М-р Маријана Марковиќ*
КАРАКТЕРИСТИКИ НА МОРАЛНОТО РАСУДУВАЊЕ КАЈ СТУДЕНТИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА . . . . . 97

*Д-р Панајотис Цакирпалоглу*
ПСИХОЛОШКА ИНТЕРПРЕТАЦИЈА ЗА ПОТЕКЛОТО И СМИСОЛОТ НА ВРЕДНОСТИТЕ . . . . . 113

*Д-р Симона Цакирпалоглу*
КОНФОРМИЗМОТ КАЈ ЧЕШКИТЕ И АМЕРИКАНСКИТЕ АДОЛЕСЦЕНТИ . . . . . 125

*М-р Марјан Богданоски*
КАРАКТЕРИСТИКИ И ОБЛИЦИ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ . . . 139

*Проф. д-р Анета Јовевска*
ИЗБОРНИОТ МЕНАЏМЕНТ КАКО ФАКТОР ЗА РЕГУЛАРНИ И ДЕМОКРАТСКИ ИЗБОРИ . . . . . 153

*Д-р. Лидија Христова*
ЕВРОПЕИЗАЦИЈАТА КАКО ФАКТОР ЗА ДЕМОКРАТСКИ РАЗВОЈ НА ТРАНЗИЦИСКИТЕ ДЕМОКРАТИИ . . . . . 169

*М-р Анета Цекиќ*
ПОВОЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОХРИДСКИОТ РАМКОВЕН ДОГОВОР ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА . . . . . . . . . . 185

*М-р Дијана Стојановиќ Ѓорѓевиќ*
ВЛИЈАНИЕТО НА ПРОПАГАНДАТА ВО ТОТАЛИТАРНИТЕ СИСТЕМИ . . . . . . . . . . 199

*Проф. д-р Владо Поповски*
СУДИРОТ МЕЃУ МАКЕДОНСКИОТ И РУСКИОТ ФАКТОР ПО ПРАШАЊЕТО ЗА ФОРМИРАЊЕ МАКЕДОНСКА ДРЖАВА ОД БЕРЛИНСКИОТ КОНГРЕС ДО БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ . . . . 211

*Д-р Јован Ананиев и Олга Ѓуркова*
ФИНАНСИСКА И МАТЕРИЈАЛНА ПОДДРШКА НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ ПРЕД И ЗА ВРЕМЕ НА ИЗБОРНАТА КАМПАЊА И МОДЕЛИТЕ НА ТРАНСПАРЕНТНОСТ (светско и македонско искуство) . . . . . . . . . . 229

*М-р Горан Илиќ*
ИМПЛИКАЦИИТЕ НА ЛИСАБОНСКИОТ ДОГОВОР ВРЗ НАДВОРЕШНО - ПОЛИТИЧКИОТ ИДЕНТИТЕТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА . . . . . . . . . . 245

*М-р Бојана Попадиновска*
СТАВОВИТЕ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ ЗА ВОВЕДУВАЊЕТО НА РЕЛИГИСКО ОБРАЗОВАНИЕ . . . . . . . . . . 261

*Д-р. Мирјана Борота Поповска*
МЕНАЏЕРСКИ КОМПЕТЕНЦИИ ЗА 21-ОТ ВЕК . . . . . . . . . . 273

*М-р Марија Топузовска*
ФАКТОРИ НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ИЗБОРОТ НА ОДРЕДЕНА ФОРМА НА ДОЖИВОТНОТО УЧЕЊЕ . . . . . . . . . . 289

*М-р Дејан Витански*
АДМИНИСТРАТИВНА БИРОКРАТИЈА . . . . . . . . . . 305

*Д-р Насер Раими и Лириje Раими*
ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО КАКО ДЕЛОВНА ФИЛОЗОФИЈА И ПРЕДУСЛОВ ЗА БРЗ РАЗВОЈ НА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА . . . . . . . . . . 319

*М-р Елеонора Серафимовска*
НОВА ЕРА ВО ПОЛЕТО НА ИСТРАЖУВАЊАТА НА ПУБЛИКАТА . . . . . . . . . . 331

## *Contents*


***Jorde Jakimovski, Ph.D.***
WORK AND THE SOCIO-ECONOMIC LIFE IN A STATE OF ECONOMIC CRISIS . . . . . . . . 9

***Slavejko Sasajkovski, Ph.D.***
NEOLIBERALISM, STATE INTERVENTIONISM, GLOBAL FINANCIAL AND ECONOMIC CRISIS (several ideological / ideological and political focuses) . . . . . . . . 23

***Mirjana Slaninka-Dineva, Ph.D***
SOCIAL INSTITUTIONS IN REPUBLIC OF MACEDONIA IN A STATE OF A GLOBAL ECONOMIC CRISIS . . . . . . . . 37

***Ljubica Choneva, Ph. D.***
NEW SOCIAL POLICY IN REACHING SOCIAL SECURITY FOR THE PEOPLE OF REPUBLIC OF MACEDONIA . . . . . . . . 51

***Petar Atanasov, Ph. D.***
PARENTS' INVOLVEMENT IN THE EDUCATION PROCESS IN MACEDONIA: THE MISSING LINK. . . . . . . . 67

***Violeta Chacheva, Ph. D.***
CAN CORRUPTION BE MEASURED?. . . . . . . . 85

***Marijana Markovic, M. Sci***
MORAL REASONING CHARACTERISTICS IN MACEDONIAN STUDENTS 97

***Panajotis Cakirpaloglu, Ph. D.***
PSYCHOLOGICAL INTERPRETATION OF THE ORIGIN AND SENSE OF VALUES . . . . . . . . 113

***Simona Cakirpaloglu, Ph. D***
CONFORMISM BETWEEN THE CZECH AND AMERICAN STUDENTS . . . 125

***Marjan Bogdanovski, M. Sci***
CHARACTERISTICS AND FORMS OF HUMAN TRAFFICKING. . . . . . . . 139

***Aneta Jovevska, Ph. D.***
ELECTION MANAGEMENT AS A FACTOR FOR FAIR AND DEMOCRATIC ELECTIONS . . . . . . . . 153

***Lidija Hristova, Ph. D.***
EUROPEANIZATION AS A FACTOR IN THE DEMOCRATIC DEVELOPMENT OF NEW DEMOCRACIES . . . . . . . . 169

***Aneta Cekik, M. Sci***
FAVORABLE PRECONDITIONS FOR THE IMPLEMENTATION OF THE OHRID FRAMEWORK AGREEMENT IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA. . . . . . . . 185

*Dijana Stojanovic-Gorgevik, M. Sci.*
THE INFLUENCE OF PROPAGANDA IN TOTALITARIAN SYSTEMS ..... 199

*Vlado Popovski, Ph. D.*
THE CONFLICT BETWEEN MACEDONIAN AND RUSSIAN FACTOR REGARDING THE QUESTION FOR ESTABLISHMENT OF MACEDONIAN STATE FROM THE CONGRESS OF BERLIN TO THE BALKAN WARS ........................................................ 211

*Jovan Ananiev, Ph. D. & Olga Gurkova*
FINANCIAL AND MATERIAL SUPPORT FOR THE POLITICAL PARTIES BEFORE AND DURING AN ELECTION CAMPAIGN AND TRANSPARENCY MODELS (world and macedonian experience)...................229

*Goran Ilik, M. Sci*
IMPLICATIONS OF THE TREATY OF LISBON TO THE FOREIGN POLICY IDENTITY OF THE EUROPEAN UNION ....................... 245

*Bojana Popadinovska, M. Sci*
VIEWS OF POLITICAL PARTIES ON INTRODUCING THE SUBJECT OF RELIGIOUS EDUCATION ........................................... 261

*MIrjana Borota-Popovska, Ph. D*
MANAGERIAL COMPETENCIES FOR THE 21ST CENTURY ............. 273

*Marija Topuzovska, M. Sci*
FACTORS THAT INFLUENCE THE CHOICE OF A CERTAIN LIFELONG LEARNING FORM ................................................ 289

*Dejan Vitanski, M. Sci*
ADMINISTRATIVE BUREAUCRACY ................................ 305

*Naser Raimi, Ph. D. & Lirije Raimi, BA*
ENTREPRENEURSHIP AS A BUSINESS PHILOSOPHY AND AS A PREREQUISITE TO FAST DEVELOPMENT OF SMALL AND MEDIUM-SIZED ENTERPRISES................................ 319

*Eleonora Serafimovska, M. Sci*
A NEW ERA IN THE FIELD OF AUDIENCE RESEARCH................ 331

Социологија
Sociology
UDK/UDC 316.344.233 (497.7)
Научен текст / Scientific Paper

*Д-р Јорѓе Јаќимовски*

# РАБОТАТА И СОЦИО-ЕКОНОМСКИОТ ЖИВОТ ВО УСЛОВИ НА ЕКОНОМСКАТА КРИЗА

АПСТРАКТ

Како и многу други аспекти на општествениот живот, работата и социо-економскиот живот поминуваат низ значителни промени. Се чини дека на секој чекор сме соочени со промени во општествено-економскиот живот, но влијанието на економската криза врз работата се одразува врз приватниот живот на поединецот и на семејството.

Кризата влијае врз запирањето на борбата против сиромаштијата. Луѓето со ниски приходи, чиј број брзо се намалуваше, сега се особено погодени. Исто така, може да се намалат ресурсите кои владите ги насочуваат на социјалните услуги како што се здравството и образованието.

Во овој труд ќе ја анализираме природата на финансиската криза и ќе укажеме на нејзиното влијание врз социо-економскиот живот во Репуб-

**Jorde Jakimovski, Ph.D.**

# WORK AND THE SOCIO-ECONOMIC LIFE IN A STATE OF ECONOMIC CRISIS

ABSTRACT

Not only many aspects from our social lives, but also our work and the socio-economic life go through an array of noteworthy changes. It seems that with every step we take there's some kind of change in the socio-economic life; however the economic crisis has managed to reflect itself on the private life of citizens and their families as well.

This crisis has hindered our efforts in the fight against poverty. People with low income whose number had rapidly been declining are now the most affected category by the crisis. Furthermore, governments may reduce their resources for social services such as health and education.

This article aims to analyse the nature of the financial crisis as well as show its effect on the socio-economic life in R. Macedonia. In that way, we will point out to some of the challenges and possibilities that society is facing and that need to be

лика Македонија. На тој начин ќе согледаме некои предизвици и можности кои стојат пред општеството и кои треба да се усогласат со новите општествено- економски услови.

coordinated with the new socio-economic conditions.

ВОВЕД

За многу од нас работата зазема многу повеќе од која било друга активност. Кога зборуваме за работата често мислиме на напорна активност-на една голема низа задачи кои сакаме да ги намалиме, а доколку е можно и сосема да ги избегнеме. Работата, меѓутоа, преставува повеќе од напорна работа, затоашто тогаш луѓето не се чувствуваат така изгубено, дезорентирано, како кога остануваат без работа. Во модерно општество да се има вработување е важно и поради нашето самопочитување. Дури и кога условите за работа се непријатни, а самата работа досадна, работата станува составен елемент на психолошкиот состав на луѓето во рамките на нивната секојдневна активност. Постојат повеке важни карактеристики на работа од кои сепак би издвоиле неколку.

Парите - платата се основниот извор кој на луѓето им овозможува да ги задоволат своите потреби. Без приходи, грижата околу задоволувањето на секојдневните животни потреби се зголемува.

Ниво на активности - работата често обезбедува основа за стекнување и вежбање на вештини и способности. Дури и кога претставува рутинска активност, работата овозможува постоење на околина во чии рамки може да се апсорбира човечката енергија. Без тоа, можностите за усовршување на вештините и способностите би се намалиле.

Разновидност - работата овозможува пристап до средини кои се различни од домашното опкружување. Во работната средина, дури и кога активностите се релативно досадни, на вработените може да им биде драго да работат нешто што е различно од домашната работа.

Сруктура на времето - за лицата со постојана вработеност, денот обично е организиран според ритамот на нивната работа. Ако тоа понекогаш може да изгледа и како некое ограничување, ритамот на работата дава правец на останатите општествени активности. За оние кои се често без работа, досадата е најголем проблем, при што чувствуваат апатија во однос на времето.

**1. Прашањето на вработувањето или неговиот проблемски аспект** - невработеноста, по рашireноста, непосредноста и импликациите што ги има, секогаш им е важна и блиска на луѓето. На ваквата констатација упатуваат и досегашните истражувања во Република Македонија, кои сведочат за исклучиво живото интересирање на граѓаните за проблемот на невработеноста и за мерките и резултатите во неговото надминување.

Вработувањето е услов за продуктивно, општествено признаено и целосно реализирање на човечкиот труд; тоа е егзестенцијална основа врз кој човекот ја гради својата материјална и социјална сигурност и ја обезбедува својата интегрална општествена положба. Со ова сигурно не се исцрпени сите битни вредности што ги има вработувањето за човекот, но важно е да се забележи дека во услови или во случај на невработеност од наведените премиси нужно произлегуваат неповолни импликации. Поради тоа невработеноста добива квалификативи на сложен и сериозен личен и општествен проблем. Имено, во однос на невработеноста присутни се два конститутивни елемента: ***сериозноста на проблемот и неговата општествена реалност,*** што значи дека се дадени претпоставките за активирање на сите оние суптилни социјално-психолошки процеси низ кои се кристализира јавното мислење кое најнепосредно кореспондира со општествената стварност, земена во нејзиниот актеалитет.

Оцената за ефикасноста на вложените напори или за делотворноста на преземените мерки во решавањето на проблемот на невработеноста е составен дел, па дури би рекле и неизбежно прашање, во однос на ставот на јавноста кон оваа прашање. Од одговорите на испитаниците, јасно може да се воочи строгост или критичност на јавноста во оценувањето на резултатите од напорите за надминување на проблемот на невработеноста. ***Помали се шансите*** (значително помали и нешто помали ) е ставот кај 37,6% од испитаниците. Речиси секој трет испитаник, шансите за вработување ги оценува ***исти како и порано*** (31,4%), а само 22,7% оценуваат дека ***шансите се поголеми***. Ваквите ставови покажуваат дека јавноста не е импресионирана од можностите за вработување, затоа што кај неа посилен впечаток остава високата стапка на невработеност отколку вработувањето на нови лица.

Невработеноста не е лесно да се дефинира. Невработеност подразбира дека одредена личност е без работа. Меѓутоа, тука под работа се подразбира само платената работа, работа во рамките на признаена професија. Лицата кои официјално се водат како невработени можат да имаат различни облици на продуктивна активност, како што е на пример работа во градината. Многу лица се ангажирани на работа со половина работно време. Невработеноста за оние кои навикнале на сигурна работа претставува многу непријатно искуство. Најнепосредна последица од невработеноста е губењето на приходи, што секако се одразува кај населението во државите во зависност од надоместот

што ја приимаат. Истражувањата на емоционалните последици од невработеноста покажуваат дека невработените често поминуваат низ непредвидени фази на прилагодување на тој нов статус. Природно, секој на посебен начин ги доживува промените, но генерално земено, тој што ќе остане без работа доживува некој вид на шок, а потоа доаѓа чувството на оптимизам во врска со новите можности. Кога оптимистичките предвидувања не се остваруваат, што претставува чест случај, поединци запаѓат во период на длабока депресија и песимизам во поглед на својата иднина и изгледите за ново вработување. Доколку периодот на невработеноста потрае, процесот на прилагодувањето се приведува кон крај и поединците се помируваат со реалноста на новонастанатата состојба (Ashton, 1986).

Високата стапка на невработеност може да ја загрози силата на заедницата и врските во општеството. Во класичната социолошка студија од 1930 година, Mari Jahoda со соработниците го имаат истражувано случајот на Мариентала, градче во Австрија, кое го зафатила голема невработеност поради затварањето на локалните фабрики (Jahoda et.al. 1972). Истражувачите дошле до сознание дека долгогодишната невработеноста на крајот почнува да ја подрива општествената структура и односите во заедницата. Населението помалку се занимавало со општествена активност, се помалку меѓусебно се дружеле и се помалку ја посетувале градската библиотека.

Состојбата на невработеност различно ја прифаќаат припадниците на различните социјални групи. Кај оние кои се на дното на лествицата, последиците од невработеноста најмногу се забележуваат во недостигот од приходи.

Се смета дека припадниците на горните слоеви, невработеноста ја доживуваат повеќе како закана за сопствениот општествен статус, отколку на материјалниот статус. Имено, еден педесетогодишен инженер кој е прогласен за вишок, може да има доволно пари комотно да помине во почетната фаза на невработеноста, но не е во можност да се соочи со последиците кои невработеноста ќе ги има по неговиот понатамошен професионален живот.

**2. Несигурност на работното место:** Преминот од производствена на услужна економија и воведувањето на информатичката технологија предизвикуваат промени во самата структура на организацијата, во начинот на раководењето, распределбата и извршувањето на работните задачи. Процесот на интелектуализацијата на трудот влијае и врз менувањето на сфаќањето на производствениот и непроизводствениот труд, во смисла на проширување на поимот на производствениот труд на оние негови содржини кои не резултираат со непосредно создавање на материјални добра. Така, трудот надвор од матерјалното производство се повеќе се смета како производствен, бидејки овозможува одвивање на таков производствен процес (работа на проектирање, подготвување, одржување, труд во науката и технологијата итн.)(Јакимовски, 2008.: 22).

Иако новиот начин на работење за многумината претставува нов и возбудлив предизвик, тој може да предизвика амбивалентен став кај поединците кои се чувтвуваат жртви на брзото темпо на живот. Брзите промени можат да влијаат на дестабилизација. Работниците од различни професии сега се соочуваат со несигурност на работните места, што предизвикува чувство на страв во поглед на иднината која е пред нив. Во 1999 година, Фондацијата Dzozef Rauntrij спроведе истражувње на тема „Несигурност на работните места и интензификација на работата" при што во примерокот се опфатени работници и менанџери на висока позиција во компанијата. Авторите откриле дека до средината на деведесетите години најголема несигуирност владеела кај немануелните работници, а подоцна работниците со стручни квалификации е групата во која владеела најголема несигурност. Една од главните причини поради која варботените се чувствувале несигурни на нивното работно место претставува недовребата во менаџментот на фирмите. На прашањето: ***„Да ли менаџментот се грижи за интересите на вработените"***? 44% од испитаниците одговориле со **„малку се грижи или воопштто не се грижи"** (Burcheall и др. 1999).

Во последните две децении феноменот на невработеноста стана главна тема во дебатите на економистите и социолозите. Многу автори сметаат дека во последните години несигурноста на работното место е се поизразена и веќе има достигнато огромни размери. Младите денес не можат да сметаат на сигурна кариера кај еден работодавач, затоа што глобалната економија, од една страна доведува до се поголемо интегрирање, а од друга страна до намалување на бројот на корпорациите и до заначително отпуштање на работниците. Трката за ефикасност во работењето и поголема заработувачка - или поголеми знаења, односно стекнувањето на нови вештини осудени се на несигурност, маргинални работни места, кои се најподложни на промените на глобалниот пазар. И покрај олеснувањата што ги дава флексибилното работно време , овој проблем станува се поприсутен, затоа што живееме во доба кое се карактеризира со културата "***намали и отпушти***", каде што идејата " ***работа за цел работен век***" повеќе не важи.

Знаците на економската криза се насекаде околу нас. Никој во светот не е заштитен од оваа криза. Но, во најголемата опасност се сиромашните општества и нивното население. Недостигот од кредити и глобалната рецесија ги подриваат државните приходи и ја смалуваат способноста на владите да ги исполнат зацртаните цели во областа на образованието, здравството и рамноправноста на половите. Странските и домашните инвестиции се замрзнати. Може да се очекуваат социјални немири. Според некои анализи, опаѓањето на економскиот раст од еден процент во земјите во развој повлекува 20 милиони луѓе во сиромаштија. Веќе 100 милиони луѓе се најдоа во сиромаштија поради минатогодишниот забавен економски раст.

**3. Каква лекција би можеле да научиме од состојбата во која би се нашле?**

Дали можеме да зависиме исклучиво од пазарната економија? Државата, исто така, има улога која треба да ја одигра. Потеклото на оваа криза е во растурањето на регулативата во САД во времето на Буш и во времето на Клинтон и Реган. Во тоа време, елиминирани се механизмите на контрола кои би го ограничиле создавањето на валкани дејствија по патот на оние кои го урнаа банкарскиот систем. Ваквата контрола би била многу значајна, затоа што сега постојат повеќе секундарни пазари кои дозволуваат тие валкани активности да ги префрлат на други, со цел да ја отфрлат од себе одговорноста од себе. Пазарот може да биде динамичен инструмент за економски напредок, но треба да се регулира неговото фукционирање. Постои теза дека потрагата за заработувачка е еден од клучевите за успех во пазарната економија. Меѓутоа, на пазарната економија и е потребна заемна доверба, а кога таа се уништува, како што се случи сега, многу тешко може да се обнови. Тоа што, започнало како мала криза, се зголемува поради недовербата во финансиските институции кон остатокот на економијата. Затоа и пазарот на кредитите во неговиот најголем дел и понатаму е замрзнат - и покрај инекцијата од пари. Адам Смит, кој често се наведува во одбрана на пазарната економија и побарувачка по заработувачката, постојано истакнувал дека треба да постојат и други мотиви освен оние кои ги нарекол ***self-love***, односно побарувачката по заработувачката е само дел од сето тоа. Имено, потребна е доверба, наклонетост кон општо добро и дарежливост, а успехот на пазарната економија се засновува на збир од различни мотивации.

Ова што сега се случи, не произлегува само од лакомоста, туку и од отсутност на мотивацијата за која се залагал Адам Смит: сожалување, дарежливост и наклонетост кон општо добро, посветеност и обврска. Во желбата за брза заработувачка, постојат луѓе кои се спремни да преземат големи ризици.

До кој степен културата влијае на воздржување во бизнисот, останува отворено прашање. Во некои општества постои, но во културата на финасискиот капитализам на САД присутно е многу малку.

Секоја криза е и морална криза. Денешната финансиска криза е и морална криза, но до одреден степен. Таа е морална поради тоа што луѓето биле лакоми, и тоа доста неодговорно, нанесувајќи притоа штета на себе и на другите - многу институции се распаднаа и многу луѓе се загрозени. Исто така ова претставува криза и во социјалната контрола, затоа што, таа подолго време отсуствувала.

## 4. Основни причини за финансиската криза во САД

Една од причините за кризата е во нестабилноста на финансиските приходи, во неможноста на пазарот капиталот сам да се регулира и во недостатокот на морал. Иницијалната криза својот корен го има во се поголемата беспарица кај американските домаќинства и нивната неможност да ги отплатат своите станбени кредити. Појавувајќи се од западот, кој претставува економска и воена сила, кризата се проширува и води кон маргинализација и осиромашување на голем број на население ширум светот, но вината е во самиот капитализам, а не во западните земји.

Кои се тие клучни одлуки кои доведоа до кризата? Грешки се правени на секој чекор на патот. Инжењерски кажано, *системска грешка* има кога не е спорна само една одлука, туку цел синџир од одлуки кои доведоа до трагичен резултат.

***Поплавата од ликвидните средства*** (расположливи пари) во отсуство на регулаторниот филтер се покажа како катострофална. Се појавуваат две финансиски надувувања на балонот. Веднаш по пукањето на балонот со висока технологија (2000 и 2001 година), создадени се услови за надувување на балонот во секторот на недвижности. Главната задача на централната банка требало да биде одржување на стабилноста на финансискиот систем. Имено, доколку банките позајмуваат врз основа на вештачки надуваните цени на стоката, очекуваните резултати се негативни, и во тој случај требало да се употребат инструменти за успешно справување со проблемот. За излез на крај со ***хај-тек*** балонот, би требало да се зголемат маргиналните депозити (количина на пари кои луѓето мораат да ги вложат за да купат хартија од вредност).

При издувувањето на балонот, во секторот на недвижностите требало значително да се ограничат кредитите на домаќинствата со ниски примања, да се забранат штетните аранжмани- позајмувања без никакви документи, или на лажните позајмувања кај кои се враќа само камата. Секако, постојните проблеми на Американскиот финасиски ситем не биле само последица од лоши позајмувања. Банките една со друга се коцкале во големи размери, низ компликувани финансиски инструменти, како што се разновидни деривати, вклучувајќи го и ***осигурувањето***. CDS своп кредитните аражмани (creedit defauel swap), кај кои доколку се случи нешто непредвидено, на пример Bear Strens банкротира или доларот порасне, едната страна и плаќа на другата. Овие инструменти се создадени со цел да се управува со ризикот, но истите можат да бидат употребувани и за коцкање. Имено, доколку се уверите дека доларот ќ е падне, може да се коцка на големо и во тој случај профитот би бил голем. Проблем е што во ваква сложена испреплетеност никој не може да биде сигурен во финансиската позиција кај ниеден друг играч, па ниту кај својот.

***Филозофијата на дерегулацијата ќе плаќа непосакувани дивиденди во годините кои доаѓаат.*** Со повлекувањето на Глас- Стигеловиот закон срушена е границата помеѓу комерцијалните и инвестиционите банки - деловната култура на инвестиционите банки станува доминантна. Глас-Стигеловиот закон ги раздвојувал комерцијалните банки (кои позајмуваат пари) од инвестиционите (кои се занимаваат со продажба на акции и други финансиски инструменти). Во услови каде што нема вакво раздвојување на банките, компаниите чии акции ги емитувала инвестиционата банка, а која истовремено е и нејзин акционер, би паднале во неволја и тогаш банковиот комерцијален огранок би бил под притисок на компанијата да позајми пари иако тоа не би било мудро. Се зголемува апетитот за големи профити, кои се остварувале само по пат на високи заеми и високи ризици.

Преземени се и други значајни чекори на линијата на дерегулацијата. На големите инвестициони банки им е дозволено да го зголемат позајмувањето на дел од капиталот (од 12:1 на 30: 1) како би можеле да купуваат голема количина на хипотекарни обврзници.

***Намалувањето на даноците*** имало клучна улога во обликувањето на општиот амбиент на денешната криза. Бидејќи нивниот придонес, односно стимулирањето на економијата бил негативен, реалната стимулација е препуштена на Федералните резерви, кои ја преземале улогата на воведување на ниски каматни стапки и обилна ликвидност без преседан.

***Војната во Ирак*** дополнително ја влоши состојбата, затоа што доведе до зголемување на цената на нафтата. Поради фактот дека Америка зависи од увозот на нафта, таа морала да потроши стотина милијарди долари повеќе, кои инаку би биле потрошени на американската економија. Во нормални услови тоа доведува до забавување на економијата, како што се случило во 70-те години. Но Федералните резерви на овој предизвик одговориле на најкратковиден начин. Поплавата на ликвидност со парите на хипотекарниот пазар создала моментална достапност дури и на оние кои не биле во можност да земаат кредит. На овој начин е стопирано опаѓањето на економскиот раст. Од друга страна, заштедата на американските домаќинства паднала на нула.

***Намалувањето на висината на данокот на капиталната добивка*** придонесувала за создавање криза на друг начин. Оние кои се коцкале и заработувале се оданочувани помалку од оние кои го почитувале законот и вредно работеле; дури охрабрувано е задолжувањето со изземањето на данокот од каматата .

Во времето на Бушовата администрација, со големи апетити (2005 година) започнаа обидите за уривање на ситемот на кооперативните принципи негувани во Штедилницата ФУЛМ во Република Македонија, во насока на трансформација на штедилницата од штедно-кредитна унија во штедна банка

(комерцијална институција). *Прво*, започна укинување на локалните органи и се оневозможи процесот на демократска контрола на членовите врз менаџментот - како најважен принцип на функционирањето на кредитните унии и определувањето на идентитетот на истите. Управниот одбор на филијалата имаше овластување кое му се делегираше од депозиторите и имаше неотповиклива одговорност за успехот во работата на филијалата. Тоа се постигнуваше само со отворени комуникации и соработка во врска со по прашањето од значење за депозиторите. *Второ*, преку понуден грант започна апетитот за отстапување на интересот и правото на сопственост од здружението ФУЛМ на штедилницата ФУЛМ на непознат и недефиниран сопственик. Ваквите барања на некои субјекти во системот беа спротивни на важечката законска регулатива на Република Македонија и на принципите на кредитните унии. Претставниците на Светскиот сојуз на кредитни унии нудеа прво заем, а потоа го преименуваа во грант од 450.000 $, со кој се бараше промена во поседувањето и организацијата на работењето на штедилницата ФУЛМ. Ваквите барања се спротивни на целите и задачите во Статутот на ЗГ ФУЛМ, со важечките закони на Република Македонија, со Принципите на кредитните унии и со Договорот на УСАИД и ВОКУ (Договор за соработка бр. 1. 165.А 00-03 00103-00 и Договорот за соработка бр. 2 ЕПЕ - А -00 95 00103-00). Предлогот содржан во Анексот претставуваше зачудувачка конструкција за *спречувањето и ограничувањето на финансирањето на ЗГ ФУЛМ,* што, во крајна линија, беше одземањето на неговото својство на Основач на Штедилницата.

**5. Настаните во финансискиот сектор се почесто се наоѓаат во фокусот на вниманието на јавноста во Република Македонија**. Делумно, тоа е поради се помасовното активно вклучување на сите субјекти во ублажувањето на последиците; понатаму, поради специфичноста на проблемот, кој на посебен начин се одразува на севкупниот развој на земјата, а оттука има и реперкусии во социјалниот живот.

Отпуштањето на работниците во развините земји ќе ги погоди граѓаните на Република Македонија. Околу 200.000 домаќинства примаат парична помош од нивните роднии од странство. Ако нивните роднини во развиените земји останат без работа, тие пари повеќе нема да пристигнуваат. Животниот стандард ќе се намали во следните месеци. Некои прелиминарни истражувања во Југоисточна Европа покажуваат дека при секое смалување на економскиот раст за 5%, сиромаштијата се зголемува за повеке од 10%.

Погоден е пазарот за македонската стока. Странските партенери со кои соработуваат македонските фирми го намалубваат обемот на порачката и се преориентираат на поевтините пазари. Република Македонија бележи пад на индустриското производство и намалување на надворешната трговија. Сла-

бите извозни можности ќе влијаат и на можноста Република Македонија да увезува - како би ги одржала производството и експанзјата. Покриеноста на извозот со увозот во номеври 2008 година изнесува 52%, а во декември 2008 година 50,7%. Се чини дека потресите од глобалната криза први ќе ги почуствуваат градежните фирми, кои голем дел од своите ресурси ги имаат насочено кон надворешниот пазар. Светската економска криза чука и на вратата на металургијата, текстилната, кожарската, и на други гранки од индустријата. Намалувањето на барањата за работа од странските партнери, доведоа и до отпуштање од работа.

Резултатите од проектот **Невработеноста- ризици и предизвици во Република Макеедонија** покажуваат дека можните отпуштања од работа спаѓаат во редот на проблемите што ја побудуваат загриженоста на јавноста.
На прашањето: ***„Дали размислувате дека поради економската криза ќе бидете отпуштени од работа"***? добиени се следните одговори: Да (34,1%) и Не (5,9%).

Секој трети вработен размислува дека поради глобалната криза предизвикана од финансиската криза може да биде отпуштен од работа. Позначајни отстапувања во однос на општата дистрибуција, дека ***поради економската криза ќе бидат отпуштени од работа*** се очекува кај вработените на возраст од 60 и повеќе години (41,5%), и кај лицата со незавршено основно образование (40,0%). "По 30 години работа сега останувам на улица, нема каде да одам, отказното решение го добив по пошта. Добивме совети да се вработуваме во друга фирама".

Близу две петини од вработените (38,9%) доколку бидат прогласени за економски вишоци се на мислење дека ***не можат да најдат друга работа***. Најголем песимизам, кога е во прашање повторното вработување, искажуваат вработените на возраст над 50 години (54,3%), вработените во државниот сектор (45,5% ) и вработените од ромската етничка група. (71,4%). Оптимизам во однос на можноста да се најде друга работа искажуваат вработените на возраст од 18-29 години (74,2%), вработените на сопствена сметка (74,4%) и етничкте групи Турци и Бошњаци (67,1%).

**6. Што треба да се стори за да се подбри вработувањето?**

Се разбира дека програмата за подобрување на вработувањето опфаќа цел комплекс усогласени мерки, акции и однесувања, па не може во својата интегрирана форма да биде предмет на оценување на испитаниците. Оваа прашање нема претензии да одговори колку испитаниците ја поддржуваат секоја мерка што води кон подобрување на вработувањето, туку по сопствен избор да ги определат оние значајни мерки на вработувањето кои се решавачки за нејзиниот успешен исход. Во однос на прашањето, како може да се подобри

вработувањето во Република Македонија, мислењата на граѓаните се поделени. Најголем број од анкетираните се на мислење дека се потребни ***странски инвестиции*** (23,7%), или ***развој на мали и средни претпријатаија*** (23,4%), но многу не заостанува ниту ставот дека е потребно ***намалување на сивата економија*** (22,7%). Помал број од испитаниците сметаат дека е потребен ***рамномерен регионален развој*** (10,6%), односно, ***намалување на даноците*** (10,0%), или ***вложување во образованието*** (9,5%).

Граѓаните во Република Македонија со висок процент (55,2%) се изјасниле дека при вработувањето предност треба да им се даде на ***најспособните лица.*** Но, за предност на оние кои се ***без работа*** се изјасниле 31,1% од испитаниците, а не можеле да се изјаснат 13,7%. Ставот за предност при вработување на ***најспособните луѓе***, не го прифаќаат сите социјални групи подеднакво. Ромската етничка група (11,1%), со основно образование (35%), и домаќинките (36,6%) во најмала мера се спремни да го прифатат таквото решение. Од друга страна, меѓу оние кои сметаат дека тоа е потребно, се изјасниле лицата со високо образование (72,1%), стручњаците/научниците (77,1%) и високата класа (93,1%). Посебно објаснување за ваквиот однос не е потребно. На припадниците од долните слоеви, поради нискиот степен на знаење и вештини, ограничен им е пристапот до вработувањето. Преку образованието се развиваат човечките способности и особини на личноста и се отвара можноста за подобар живот, односно за обезбедување повисок социјален статус. Значи, образованието се смета како производствена на луѓето за определени занимања и вештини за извршување на различни функции во општеството. За жал, образовната сиромаштија во Република Македонија погодува 36% од населението, што покажува дека човечкиот капитал не е голем и претставува ограничувачки фактор за општествено-економскиот развој (образовната сиромаштија опфаќа лица над 19 годишна возраст со помалку од средно образование).

**7. Начинни за надминување на кризата**

Потребно е време на одговорна глобализација, во која сеопфатноста и одржливоста треба да имаат предност над збогатувањето на поединци. Тоа подразбира економски раст кој создава услови за сиромашните, или донесува технички напредок, микрокредитирање, кредити на малите претприемачи, трговски договори од кои корист имаат двете страни и исполнување на ветувањата за давање помош на најсиромашните.

Потребно е да живееме во светот на финсиска одговорност на сите нивоа на општеството: лична, национална и меѓународна.

Потребен е план кој повторно може да ги покрене кредитите, кој ќе ги реши проблемите на лошите долгови, како банките би можеле да оздрават и

како финанасискиот ситем повторно би играл улога на кредитор на претпријатијата. Но, тоа кредитирање треба да биде разумно, а не да биде засновано врз кршење на основните принципи што и доведе до оваа криза.

Затворањето во себе, не е решение;, тоа е најлош иотодговор кој може да ја продлабочи кризата. Во оваа време треба да го шириме пазарот и да се избегнува протекционизмот. Падот на светската трговија не би требало да се решава како во триесеттите години од 20 -от век - со тврди протекционистички мерки, туку тој треба да се спречи така што директно треба да се удри по него- спротиставување на економскиот национализам.

Кај меѓународните трговски организации, попат на Светската трговска организација, нетреба да доминираат интересите на најбогатите земји, а да се занемаруваат потребите на земјите во развој. Во основа трговските организации треба да се занимаваат со заштита на човековите права, правата на вработените, заштита на животната средина, националните економии, а не само обезбедување на поголем профит на корпорациите.

Потребен е одговорен мултилатерализам, во кој земјите и институциите бараат практично решение за новонастанатите проблеми. Склучување на договор за хуманитарно снабдување со храна, цена на енергијата или на даноците кои ги охрабруваат вложувањата во чисти извори, или штедењето на енеријата, се само некои од примерите со кои може да се постигне квалитетен економски раст.

Сметам дека треба да се интервенира во: јакнење на социјалната заштита како би се ублажило влијанието на кризата на ранливите социјални групи, инвестирање во инфраструктура заради создавање темели за раст на продуктивноста и економски раст со истовремено вработување и финансирање во мали и средни претпријатија кои ќе отворат нови работни места. Одобрувањето на субвенционирани кредити за граѓаните и фирмите, а намалувањето на јавната потрошувачка и штедењето да бидат на прво место.
Се поставува прашањето: Од каде пари за да се помогне на оние на кои им е потребно најмногу?

Како прв чекор: сите земји треба да издвојуваат 1 % од сумата за издвојување за помош на нивното стопанство во фонд од кој би се финасирале најзагрозените земји во развојот.
Локалните институци не се во можност да ги решат проблемите на миграцијата, трговијата со дрога и оружје, тероризмот, организираниот криминал, неконтролираната циркулција на капиталот, нестабилноста и флексибилноста на пазарот на трудот, порастот на цената итн. Локалниот политички простор е пренатрупан со задачи и секогаш е или недоволно способен или недоволно опремен за нивното решавање. Само меѓународна правна и политичка институција може да ги контролира актуелните глобални сили, кои во моментот се

вон било која контрола и така допираат до причините на глобалнит страв и несигурност. Со оглед на нивото кое денес го има достигнато глобализацијата на капиталот и потрошувачката на стоката, не постои ниту една влада која може да си дозволи порамнување на сите долгови - било еднострано или во договор со друга влада - а без такво порамнување на долговите не можат да се преземат мерки за добро фукционирање на социјалната помош, неопходна за решавање на проблемот на сиромаштијата и за контролирањето на порастот на нееденаквоста кај луѓето. Исто така, многу тешко може да се замисли влада која би била во состојба да пропише ограничување на потрошувачката и да го зголеми данокот до ниво кое на државата би и овозможило со поголем интензитет и регуларност да врши распределба на социјалната помош и услуги поврзани со неа. Не постои ниту еден адекватен начин на кој поедини држави или ограничени групи на држави би можеле да избегнат логика на меѓусебна поврзаност и зависност на ниво на планетата. Социјалната држава повеќе не претставува опција, само ***социјална планета*** може да ги извршува задачите кои до неодамна, со помали или поголеми успеси, ги извршуваше државата. Верувам дека ***социјалната планета*** повеќе нема да биде резултат од соработката со одделни, независни држави туку од космополитскиот невладин сектор, меѓународни организации и здуженија кои можат директно да допрат до оние на кои им е потребна помош, не потпирајки се на ограничени локални и регионални власти.

***Литература:***


1. Ashton, David N. 1986: *Unemployment under Capitalism: The Sociology of British and American Labour Markets* (London: Wheatsheaf )
2. Burcheall, Bernard J. Et.al. 1999: *Job Insecurity and Work Intensification: Flexibility and the Changing Boundaries of Work* (York:YPS).
3. Jahoda, Marie, Paul F. Lazarsfeld and Hans Zeisel 1972: Marienthal: *The Sociogruphy of an Unemployed Community* (London:Tavistock; first pub, 1933).
4. Јакимовски, Јорде. 2008*: Република Македонија во процесот на глобализацијата- каде сме?*: Годишник на Институт за социолошки и политичко-правни истражувања- Скопје, Година XXXII, бр 1, Скопје, 2008 , стр.9.
5. John Graj, False Dawn: *The Delusions of Global Capitalism* (London: Granta Books, 1998).
6. Проект: *Невработеност- ризици и предеизвици*: Институт за социолошки и политичко-правни истражувања- Скопје, Скопје, 2008.

| Социологија Sociology | UDK/UDC 316.344.233 (497.7) Научен текст / Scientific Paper |
|---|---|

*Д-р Славко Сасајковски*

# НЕОЛИБЕРАЛИЗАМ, ДРЖАВЕН ИНТЕРВЕНЦИОНИЗАМ, ГЛОБАЛНА ФИНАНСИСКО - ЕКОНОМСКА КРИЗА

## (неколку идеолошки, односно идеолошко – политички фокусирања)

АПСТРАКТ

Природата и тежината на глобалната финансиско-економска криза (иницирана од падот на хипотекарниот пазар на недвижности во САД) и нужноста за нејзино надминување го реанимираа државниот интервенционизам како објективно единствен механизам доволно моќен за преку него да може да се оствари таа нужност. Воедно, оваа неминивност за ангажирање на државниот интервенционизам, наметната од природата и тежината на финансиско - економската криза, темелно го поткопа идеолошко – политичкиот кредибилитет на неолибералниот капитализам, односно на неговите фундамен-

***Slavejko Sasajkovski, Ph.D.***

# NEOLIBERALISM, STATE INTERVENTIONISM, GLOBAL FINANCIAL AND ECONOMIC CRISIS

## (several ideological / ideological and political focuses)

**ABSTRACT**

The nature and the severity of the global financial and economic crisis (instigated by the fall of the US mortgage real-estate market) and the need to overcome it have made the state interventionism the sole objective mechanism powerful enough to meet that very need. In addition, this necessity to implement the state interventionism due to the nature and severity of the financial and economic crisis has undermined the ideological and political credibility of the neoliberal capitalism, i.e. its fundamental principles: monetarism / the monetary macroeconomic stability, private property / privatization, deregulation, liberalization. What

тални принципи. Јасно се покажа, во оваа кризна состојба, дека неолибералниот капитализам на постојното ниво, како во однос на неговата концепциска (теориска, идејна) системска осмисленост, така и во однос на неговата организациско - институционална системска моделираност, не го поседува потребниот квантум на внатрешен капацитет за автономно надминување на сопствените кризни состојби, заради што и се наметна со сета своја сила нужноста од хетерономна интервенција (се разбира, онаа на државата) .

**Клучни зборови:** Глобална финансиско-економска криза; државен интервенционизам; принципи на неолиберализам; секундарен (хипотекарен) пазар; финансиски дериват.

has become very clear in this time of crisis is that the neoliberal capitalism at its current level not only regarding its conceptualization (theoretical, ideological) but also regarding its organizational, institutional and systematic molding does not possess the needed internal capacity to try and overcome its crises on its own which further emphasizes the need of a heteronomous intervention (the one of the state).

**Key words:** global financial – economical crisis; state intervention, principles of the neo liberyzm; secondary (mortgage) market; financial derivate

bilbilef@isppi.ukim.edu.mk

## НАМЕСТО ВОВЕД: CREDIT DEFAULT SWAP (CDS)

Со полно право може да се зборува за две американски и светски (претседателски) централно – банкарски (претседатели на американските Federal Reserve) легенди, легенди на “волшепство” на (зло)употребата на есконтните стапки: Пол Волкер (Paul Volcker - претседател беше во периодот 1979 – 1987г.) и Алан Гринспен (Alan Greenspan - во периодот 1987–2006г.) . Тие двајцата, воедно се и персонификации на две дијаметрално спротивни (претседателски) централно – банкарски mainstream мисии: онаа на Волкер, втемелена на позицијата на “ладење” на “прегреаната” (инфлаторно генерирачка) американска економија преку зголемувањето на есконтната стапка; и, онаа на Гринспен, втемелена на позицијата на подигнување на стапката на раст на американската економија преку намалување на есконтната стапка.

Овие, пак, Гринспенови ниски каматни стапки (можеби, веројатно) решавачки ја генерираа социјално – економската патологија на современиот Американски животен стил (American Lifestyle) , и тоа како форма и содржина на реализација на Американскиот сон (The American Dream) : “нема матери-

јално богатство што не може да се купи” и “нема материјално задоволство во коешто не може да се ужива” . И сето тоа благодарение на Гринспеновите евтини кредити, нудени и купувани на неолиберално дерегулирани и либерализирани пазари, пред се на оние секундарните (пазарите на финансиски деривати) .

Спомнативе неолиберално дерегулирани и либерализирани финансиски пазари (пред се, секундарните такви пазари, односно пазарите на финансиски деривати) својот најпластичен симбол го добиваат токму преку «ликот» на CDS. Во овој текст нема место да ја елабориираме “мистеријата” на функционирањето на механизмот на CDS, туку само силно ќе потенцираме дека CDS го користиме на ова место исклучиво само како најпластичен пример за (зло)употреба на неолиберално дерегулираниот и либерализиран финансиски пазар, а во услови на водење на централно – банкарска политика на ниски каматни стапки. Тоа се можности кои беа искористени и на, нема потреба да се потенцира, дерегулираниот и либерализираниот американски (секундарен) пазар на хипотекарни кредити (се разбира на пазарот пласирани како bond-ови, односно обврзници) .

А, токму падот на (неолиберално дерегулираниот и либерализираниот) секундарен пазар на хипотеки на недвижности (практично на куќи и на станови) во САД доведе до пад на целиот систем («балон») на секундарни пазари на финансиски деривати, тежок 600 трилиони $; и, најпосле, доведе до ова што сега (во овој момент) го живееме (се обидуваме да го преживееме) и го нарекуваме: глобална финансиско – економска криза.

Низ конотативната структура на овој текст ќе ја елабориираме и аргументираме (толку колку што просторот тоа го овозможува) токму тематската линија на поврзаност меѓу неолиберализмот (неговите принципи) и неговата концептуална и идеолошка (идеолошко – политичка) делегитимизација извршена преку концептот и конкретните социјално – економски политики на државниот интервенционизам, а поттикната (делегитимизацијата) од страна на реалноста и објективноста на потребата (нужноста) за решавање на актуелната глобална финансиско - економска криза.

## ПРИНЦИПИ НА НЕОЛИБЕРАЛИЗМОТ

Крајно воопштено зборувајќи, може да се «дизајнира» следната скица на нејелементарни, најдиректни и најнепосредни значења на четирите базични принципи на неолиберализмот, така како што нив ги дефинира авторот на овој текст, а врз основа на, многу јасно, неолибералната теорија на Милтон Фридман (Milton Friedman) .

Тоа се принципите на: монетаризам (монетаристички фундирана макроекономска стабилност) ; приватна сопственост (приватизација) ; дерегулација;

и, либерализација. Во продолжение, овие принципи ќе бидат скицирани на нај-елементарно можно ниво.

Принципот на монетаризмот (монетаристички фундираната макроекономска стабилност) ја третира инфлацијата (што би се рекло: «здравјето», или стабилноста на националната валута) како врвна социјално – економска вредност и цел. Во оваа смисла, монетаристички фундираната макроекономска стабилност всушност треба да биде втемелена на «сидра» кои по својата природа се монетарни агрегати: монетарно – економски рационално ниво на инфлацијата и на буџетскиот дефицит, како и рационално стабилен девизен курс. Тоа е всушност применето – економско «волшепство» на рационалното и утилитарното манипулирање, балансирање и «жонглирање» со монетарната, фискалната и девизната политика, се разбира, согледани и дефинирани во нивното «органско» единство (Сасајковски: 2004) .

Суштината на принципот на приватна сопственост (приватизација) ја подразбира максимално рационалната вкупна социјално – економска преференција на приватната сопственост. Таа преференција се однесува и на природата на социјално – економскиот систем и, консеквентно на тоа, и на природата на социјално – економските политики. Овој принцип подразбира максимално рационална приватизација на сите други видови на сопственост, а примарно подразбира приватизација на државната сопственост, вклучувајќи ја тука и приватизацијата на (ако не целосно, тогаш во апсолутно релевантен обем) на јавниот сектор (дејностите од јавен интерес) . Приватизацијата треба да доведе до елиминација на државата како сопственик, како економски претприемач и како конкурент на приватната сопственост и на приватната економска иницијатива на пазарите на стоки и услуги (Сасајковски: 2001: Неолибералната. . .) .

Дерегулацијата, генерално зборувајќи, (неолиберално) се дефинира како редуцирање, релативизирање или целосно анулирање (таму каде што тоа рационално е можно) на државната регулатива, за да се овозможи слободно делување на «челичните» пазарни законитости. Тоа значи дека, од друга страна, на тој начин се овозможува што е можно послободно делување на иманентната природа на рационалната саморегулација на слободниот пазар. Сето ова, многу јасно, треба да обезбеди високи нивоа на економски раст; значи, раст поставен на основата на приватната сопственост и приватната економска иницијатива. Примарно, оваа дерегулација се определува како своевидно развластување на извршната власт (владата) и како пренесување на значаен дел од нужно потребните регулаторни функции на државата врз државни органи, тела, институции и асоцијации кои системски треба да се независни во однос на егзекутивната власт. Тоа се оние регулаторни функции кои всушност ја штитат, а не ја напаѓаат слободата на делувањето на пазарните законитости, односно моќта на пазарот за саморегулација (Iacobucci: 2004) .

Либерализацијата првенствено се дефинира како овозможување на пристапот на пазарот на рамноправна основа на сите заинтересирани за тоа пазарни субјекти. Воедно, тоа подразбира и оневозможување, преку механизмот на државната регулаторна функција, на било какви монополски или други преферентни и доминантни позиции на пазарот стекнати на непазарно – конкурентна (неекономска) база. Тука спаѓаат, на пример, и некои можни непазарно – конкурентни картелски и сл. договарања на пазарните субјекти, преку кои реално се оневозможува слободното делување на саморегулаторната моќ на слободниот пазар (Chaudhuri: 2005) .

Не дека овие четири принципи на неолиберализмот не се среќаваат и во рамките на «преднеолибералната» капиталистичка економија, туку овие принципи во ерата на неолибералната економија (ерата на неолибералниот капитализам) ги зајакнуваат своите улоги, функции, значења и моќи. Така тие добиваат повисоко ниво на квалитет и на квантитет (димензионираност) и како економско – системски и како глобални општествено – системски фундаменти. На пример: подигнување на нивото на важноста на монетаристички дефинираната макроекономска стабилност, се разбира до ниво на основен принцип (идеолошко – политички рационализиран и системско – правно легализиран) ; покренување на процеси (преку соодветни политики) на приватизација на државната сопственост и на нејзината економско – пазарна, идеолошко – политичка и правна преференција и заштита; покренување на процеси (преку соодветни политики) на дерегулација и либерализација на целокупниот социјално – економски систем, и примарно во однос на комплексот на новиот неолиберален пазар (See: 2004) .

Сите овие принципи на неолиберализмот (неолибералниот капитализам, односно неолибералниот пазар) се нападнати и во основа успешно се делегитимирани преку конкретните политики (конкретните инструменти, механизми и мерки) на државниот интервенционизам (државниот капитализам) осмислени и дефинирани како нужно потребни за надминување на глобалната финансиско - економска криза.

Заради тоа оваа елаборација ја продолжуваме со најосновно (и најелементарно) можно дефинирање на прашањето на државниот интервенционизам. Така, сосема јасно ќе се експлицираат конкретните точки на кои принципиелно се спротивставуваат неолиберализмот (неолибералниот капитализам и неолибералниот пазар) и државниот интервенционизам (државниот капитализам и државно - капиталистичкиот пазар) .

## ДРЖАВЕН ИНТЕРВЕНЦИОНИЗАМ

Државниот интервенционизам, како заокружен теориски концепт (кејнзијанизам) врз основа на која се градеа конкретни социјално - економски

системи и консеквентни на нив политики, се појави како резултат на економско – теориски и економско – политички фундаментално битната научна дејност на Џон Мајнард Кејнс (John Maynard Keynes) , во текот на 30-ите години на минатиот век во САД.

Најосновна премиса на кејнзијанизмот е онаа која тврди дека, по правило, постои дисбаланс меѓу агрегатната понуда и агрегатната побарувачка на пазарот, и поради тоа економијата која би била препуштена на пазарната (нео)либерална саморегулација (на основата на законитостите на нејзината невидлива, а «челично» силна рака) е осудена на темелно (кризно) опасната економска нерамнотежа (Farmer: 2006) .

Кејнсијанизмот смета дека постои темелно важна функционална зависност меѓу поеделните економски феномени и процеси: општествениот производ, вработеноста, штедните депозити, побарувачката, понудата, инфлацијата, каматите и сл. Оваа меѓузависност треба да ја одигра улогата на основа на која ќе се детектираат и идентификуваат конкретните економски законитости во рамките на одреден историски општествено – економски системски контекст; и воедно, согласно со тие конкретни законитости понатаму ќе се дефинираат исто така конкретните оперативни (практични) економски политики.

Кејнсијанизмот за прв пат во развојниот континуум на економската теорија на ниво на оптимална теориска заокруженост ја дефинира основната макроекономска апаратура, која, по дефиниција, се користи за конкретно дизајнирање на националните макроекономски политики.

Така, Кејнс го отфрли тежиштето на макроекономската анализа од прашањето на цените кон прашањата на вработеноста и на каматната стапка. Keynes-овиот концепт во суштина е базиран на меѓузависноста на инвестициите, потрошувачката, штедните депозити и доходот. Кејнс, тргнувајќи од категоријата на националниот доход (општествениот производ) , ја повлекува трасферзалата на неговата базична зависност од агрегатната побарувачка. И, ако економската рамнотежа суштински се дефинира како баланс меѓу штедењето и инвестициите, тоа значи дека основен генератор на растот на општествениот производ и на растот на вработеноста е големината на агрегатната побарувачка (Coddington: 2003) .

Во оваа смисла, најгенерално зборувајќи, може да се каже дека кејнзијанската улога на државниот интервенционизам во економијата, односно на пазарот, би била aktivno да делува, дополнувајќи и корегирајќи ги пазараните законитости, во насока на формирање на глобална рамнотежа меѓу агрегатната понуда и агрегатната побарувачка, и така, преку регулирањето на ефективната побарувачка (по правило преку нејзино зголемување) да обезбеди услови за стабилен економски раст и за одржливо зголемување на вработеноста.

Овој интервенционизам има две темелни карактеристики: функционалност и антицикличност. Функционалноста значи дека државниот интервенционизам мора да има навистина функционална моќ во однос на дополнувањето и корегирањето на пазарот и неговите законитости. Антицикличноста, пак, значи дека интервенционизмот навистина доведува до надминување на негативните конјуктурни движења во економијата, особено тогаш кога агрегатната побарувачка не е доволно голема да биде придвижувач на економскиот раст и на растот на вработеноста.

Конкретните мерки на кејнсијанскиот државен интервенционизам генерално може да се поделат во две групи: мерки на монетарно – кредитната (тука спаѓаат: активната емисиона политика, експанзивната или рестриктивната кредитна политика, зголемувањето или стерилизирањето на паричната маса, интервентните мерки во областа на надворешната трговија. . .) и мерки на фискалната политика (тука,пак, спаѓаат: поразвиената структура на даночната политика, селективното оданочување, прогресивното оданочување, проширувањето на буџетските социјални алиментации, јавните заеми. . .) – (Mullan: 2006) .

Факт е дека сите овие определби и карактеристики на кејнзијанскиот државен интервенционизам во зоната на законите на пазарната економија, на одреден начин, со одредена експлицитност и со одреден интензитет може да се детектираат и да се идентификуваат и на примерот на поеделните национални (државни) политики на економски (пазарен) интервенционизам, како и на примерите на ЕУ и на Г - 20, при осмислувањето, дефинирањето и спроведувањето на антикризни економски (пазарни) политики насочени кон надминувањето на актуелната глобална финансиско – економска криза.

Пред се, употребата на фискалната и монетарната политика од страна на државата (државниот интервенционизам) во насока на подигнување на нивото на агрегатната побарувачка; и тоа токму така како што предлага Кејнс, со цел да се постигне антицикличност манифестирана како запирање и надминување («кршење») на постојниот (кризен) циклус на рецесија (и дефлација) . Ова подразбира заменување на кризниот (рецесиско –дефлациски) циклус со нов циклус на економско закрепнување, економски раст, и отворање на нови работни места.

Ова е исклучително важна точка на која на најсуштествен, најдиректен и најексплицитен начин се искажува идејната (теориската, концепциската) и идеолошката (идеолошко - политичката) делегитимизација на неолибералната економско - системска и економско - политичка определба, односно на неолибералните принципи. Тоа воедно е и идејната и идеолошката (идеолошко – политичката) точка на реанимација на социјално – економската важност на моќта на теориските (концептуалните) определби на кејнизијанизмот

и на конкретните антикризни социјално – економски политики на кејнзијанистичкиот државен интервенционизам (The Global Application. . . : 2008) .

Значи, да потенцираме уште еднаш: Кејнсовиот антициклично -антикризен државен интервенционизам треба да резултира со обнова на економскиот раст и со отворање на нови работни места. Ова прашање, прашањето на основата на економскиот раст, е следното прашање кое со сета сила на неговата идејна и идеолошко - политичка релевантност се актуализира и проблематизира токму во условите на денешнава глобална финансиско – економска криза.

## ИДЕОЛОГИЗАЦИЈА НА ПРОБЛЕМОТ НА ЕКОНОМСКИОТ РАСТ

Конкретно, кога зборуваме за идеологизациииите на овој проблем, се разбира дека, примарно мислиме на неговите неолиберални (десни) идеологизации во контрапункт со државно – интервенционистичките (леви) идеологизации (Palley: 2004) .

Всушност, претходно потенцираните принципи на неолиберализмот на најочигледен начин ја содржат и практично ја манифестираат диференцијацијата меѓу идеолошките (идеолошко – политичките) полови на десницата (неолиберализмот) и левицата (социјалдемократијата, социјализмот, лабуризмот, кога станува збор за идеолошко – политичкото самолегитимирање на големите леви европски политички партии) .

Најгенерално и најтемелно зборувајќи, неолибералните идеологии се дизајнираат на позициите на потенцирањето на релевантноста на процесите (соодветните политики) на приватизација, либерализација и дерегулација, и тоа во социјално – економски услови на неолиберално воспоставена макроекономска стабилност, како стабилност втемелена на сидра (темели) кои по својата природа се монетарни агрегати. Тие сидра се: стапката на инфлацијата (неолиберално рационална ниска стапка на инфлација) , стапката на буџетскиот дефицит (неолиберално рационална ниска стапка на буџетски дефицит) и стабилниот девизен курс; односно, тоа се монетарната, фискалната и девизната политика. Таквата макроекономска стабилност во социјално – економски услови на доминантна приватна сопственост и приватна економска иницијатива, либерализација и дерегулација, согласно со неолибералната идејна и идеолошка (идеолошко – политичка) позиција, претставува нужна основа на секој економско - системски и економско-политички проект на постигнување на вистинска, стабилна и одржлива стапка на сериозен економски раст.

Притоа, функциите на државата, неолиберално оригинерно и ортодоксно, најгенерално зборувајќи, првенствено се бараат и се наоѓаат во полињата на: осмислување, дефинирање и спроведување на социјално - економски политики врз основа на принципите на неолиберализмот (политики кои

ќе доведат до воспоставување на одржлив економски систем на неолиберален капитализам) ; како и воспоставување на високо ефикасна и ефектибилна правна држава која ќе ги штити (легализира) осмислувањето, дефинирањето и спроведување на тие такви (неолиберални) политики, односно ќе го штити (легализира) системот на неолибералниот капитализам.

Меѓутоа, во овој контекст мора да се истакне и уште едно нешто кое вообичаено се испушта од вид кога се зборува за социјално – економските функции на неолибералната држава, а што е во најтесна можна врска со актуелната глобална финансиско – економска криза и појавите на државен интервенционизам. Имено, државниот интервенционизам, по правило, не бил потполно исклучуван како една од социјално – економските функции на неолибералната држава, и тој (по правило) се согледувал и дефинирал токму во одреден кризен контекст на неолибералните економски системи и политики. Впрочем, авторот на овој текст на прашањето на социјално – економскиот интервенционизам на неолибералната држава има укажано уште пред 7 – 8 години (Сасајковски: 2001:Социјално - . . .) .

Во секој случај, со полно право може да се истакне дека најбитната и најкрупната разлика меѓу левите и десните идеолошки (идеолошко – политички) страни е токму онаа која се однесува на разбирањето и на дефинирањето на социјално – економските функции на современата капиталистичка држава. Односно, таа разлика се осмислува и се дефинира во зоната на определувањето на социјално – економската моќ на современата капиталистичка држава. По правило, и практично, секоја точка на разликување и спротивставеност на левите и десните идеологии во областа на социјално - економските системи и политики, во крајна линија, (базично, фундаментално) се сведува на прашањето на нивниот однос кон осмислувањето и дефинирањето на социјално – економските функции (социјално – економската моќ) на современата капиталистичка држава (Brenner: 2006) .

Рековме дека неолиберално идеолошка (идеолошко – политичка светост) е определбата за тоа дека при дефинирањето и моделирањето на конкретни социјално – економски системи и политики мора да се тргне од нужноста за воспоставување на монетаристички втемелена макроекономска стабилност. Оваа определба својата своевидна генеза ја има во третманот на инфлацијата како врв на монетарна и воопшто на социјално – економска нестабилност, тоа е третман на инфлацијата како најголемо социјално –економско зло. И, ако тоа реално – општествено е нужно, неолиберално идеолошки се прифаќа и се рационализира тоа дека при дефинирањето и спроведувањето на политиките за елиминација на инфлацијата може времено да се калкулира и тактизира дури и со одредено разумно (социјално - функционално, социјално – одржливо) ниво (како помало социјално –економско зло) на невработеност и осиромашување на делови (слоеви) од населението.

Оваа неолиберална монетаристички воспоставена макроекономска стабилност, во синергија со приватната сопственост и економската иницијатива поставена на нејзина база, како и во услови на дерегулиран и либерализиран економски систем, нужно мора да продуцира висок, стабилен и одржлив економски раст, со кој ќе бидат трајно надминати првичните и релативно краткотрајните негативни социјално–економски ефекти, кои како «колатерална штета» евентуално се појавиле во периодот на воспоставувањето на монетаристичката макроекономска стабилност.

Тоа, пак, од друга страна, неолиберално «органски» подразбира дека економскиот раст не е правопропорционално корелиран од, како што сметаат идеолошко–политички левите кејнзијанисти, (по правило) зголемувањето на агрегатната побарувачка тогаш кога ќе треба (преку инструментите и мерките на монетарната и фискалната политика) да се избалансира појавената разлика меѓу агрегатната понуда и побарувачка. Односно, релаксираните или експанзивните монетарни и фискални политики не се прифаќаат од страна на неолибералните идеолози како релевантни политики преку кои треба да се постигне висок, стабилен и одржлив економски раст.

Во оваа смисла, неолиберално е тотално неприфатлив идеолошко – политички левиот концепт на т. н. развојна инфлација, според кој одредена стапка на инфлацијата може да има економско – развојно дејство, односно да биде фактор на страната на економскиот раст, што би имплицирало дека преку разлабавување на монетарната и фискалната политика (и по цена на разумно високо ниво на инфлација) може да се фундира и/или да се поттикне економскиот раст.

И, токму оваа определба за разлабавување на монетарната и на фискалната политика (да не заборавиме дека кејнзијанскиот интервенционизам, по правило, се гради на линијата на зголемувањето на нивото на агрегатната побарувачка, тогаш кога тоа ќе се најде во состојба на дисбаланс со нивото на агрегатната понуда) се потенцира како главна содржина на државниот интервенционизам во овие актуелни моменти кога мора да се размислува, да се зборува и да се дејствува во правец на надминување на рецесиските продукти и на сегашнава глобална финансиско –економска криза. Зашто, ова се кризни социјално – економски околности во кои реално – економски рецесијата и дефлацијата, а не инфлацијата, се вистинскиот проблем.

Во секој случај, актуелната глобална финансиско – економска криза исклучително остро идејно и идеолошки (идеолошко – политички) го изостри прашањето на основата на одржливиот економски раст меѓу половите на капиталистичката десница и левица, половите на неолиберализмот и државниот интервенционизам. Факт е: оваа криза покажа дека, на постојното ниво на економско - системски и економско - политички развој на современиот капитализам, неолибералниот капитализам (се уште) нема осмислено и изграде-

но свои (автономни) заштитни (антикризни) механизми и мерки, такви кои ќе обезбедат навистина одржлив и стабилен економски раст, тогаш кога ќе биде изложен на дејството на кризните (рецесиско – дефлациски) фактори. Од тука (од искуството на актуелната глобална финансиско - економска криза) произлегува нужноста од антикризно (антициклично) дејствување на кејнсијанскиот државен интервенционизам (државниот капитализам) . Тој треба да постави државно - интервентни основи на економски раст, а дури, евентуално, потоа, сукцесивно (етапно) тие државно - интервентни основи, евентуално (што е работа на идејна и идеолошко - политичка определба) , да се заменуваат со (ре) всадување на основните определби (принципите) на неолибералниот капитализам. Оваа нужност од државен интервенционизам во услови на финансиско – економска криза базично ја поткопа (или, ја урна) идејната и идеолошката (идеолошко – политичката) релевантност (легитимност) на неолибералниот капитализам. Вклучително и на неговото (неолибералното) осмислување, дефинирање и спроведување на прашањето (проблемот) на економскиот раст.

## ГЕНЕЗА НА КРИЗАТА

Сите овие досега елаборирани прашања на кои се искажуваат идејните и идеолошките (идеолошко – политичките) содржини (со сета нивна мултивалентност, проблематичност, контроверзност) , всушност се надоврзуваат (како негови продукти) на прашањето на природата на генезата на глобалната финансико – економска криза, односно на прашањето на природата на кризата на современиот неолиберален капитализам.

Имено, актуелната глобална финансиско – економска криза својата генеза ја има во падот на секундарниот хипотекарен пазар на недвижности во САД. Секако дека на ова место ни малку и ни за момент не смееме да ги заборавиме сите оние анализи и укажувања кои се движат по линијата на потенцирањето на системската природа на кризата (Friedman: 2008) . Тоа во основа би значело дека падот на хипотекарниот пазар на недвижности во САД само ја разголи "бедата" на актуелниот меѓународен (глобален) финансиски (финансиско – економски) систем, оној кој е воспоставен во Бретон Вудс (Bretton Woods) , во 1944г. , и понатаму граден и развиван како систем на доминација на финансиско – економски моќните држави (практично на САД) .

Кога веќе ја употребивме синтагмата секундарен пазар, најгенерално зборувајќи, може да се каже дека тоа е пазар на кој се тргува со финансиски деривати, односно со секундарни (дериватни) финансиски инструменти. Кога денес, во овој глобално - кризен (финансиско – економски) амбиент, се зборува за финансиски деривати, првенствено се мисли, се експлицира и/или се алудира на нивната финансиско – економска моќ, која се потврди и на случајот на генезата на актуелната глобална финансиско – економска криза (Kolb: 2002) .

Има неколку основни причини за експанзијата на вкупната вредност на финансиските деривати: големината на јавните долгови на развиените земји, првенствено оној на САД (официјално изнесува околу 9 трилиони $, а неофицијално се проценува на околу 50 трилиони $) ; деноминацијата на цената на нафтата и на голем дел од државните валутни резерви во светот во $ (значи, сите тие се заробеници на евентуалната американската инфлација) ; политиката на ниски камати на Федералните резерви (Federal Reserve) - подолг период дури и на ниво од 1%, а неодамна есконтната стапка беше спуштена и до неверојатните 0,25%; големината на воениот буџет на САД; трговскиот дефицит на САД, посебно оној со Кина и некои други земји (од друга страна, Кина преку крупно инвестирање на вишокот на својата ликвидност во американски државни обврзници е најголемиот и најзначајниот финансисер на трговскиот дефицит и воопшто на дефицитот на тековната сметка на САД) ; . . . (Global Financial Crisis: 2008) .

Мора да се знае дека секундарниот пазар (пазарот на финансиски деривати) е пазар кој е високо дерегулиран и либерализиран. Од одлучувачко значење за дерегулацијата и либерализацијата (компетитивноста) на финансиските пазари во САД е укинувањето на дел од актот Глас – Стигал (Glass – Steagall) , донесен од страна на Конгресот во 1933 на фонот на “големата депресија” во САД, преку актот Грем – Лич – Блајли (Gramm – Leach – Bliley) , донесен во Конгресот на 4 ноември 1999г. и попишан од претседателот Клинтон (Clinton) , значи од претседател кој беше од Демократската партија (ставено тоа во идеотипски американски идеолошко – политички контекст, претседател кој беше левичар, односно економско – пазарен интервенционист, или кејнсијанец) на 12 истиот месец (The Long Demise of Glass – Steagall: 2009) .

Ова (дерегулацијата и либерализацијата) е круцијалното место во случајот на глобалната финансиско – економска криза, на кое концепциските (теориските, идејните) и идеолошко – политичките противници на неолибералната економија ја втемелуваат и ја кондиционираат својата платформа на негирање и уривање на неолибералниот системско – економски кредибилитет. Високата дерегулираност и либерализација, значи маргинализацијата на државните интервенции и дури целосното анулирање на некои од државните социјално – економски функции, сугерира овој идеен и идеолошки (идеолошко–политички) концепт, неминовно мора да доведат до колапс на вкупниот економски систем, односно до тешка глобална финансиско – економска криза.

Консеквенто на тоа, идејно и идеолошки (идеолошко – политички) , таа криза може да се надмине само преку апсолутно респектирање и примена на социјално – економските функции и ингеренции на државата, односно преку инструментите и механизмите на државниот интервенционизам во областа на социјално – економските односи.

И, воопшто, државно регулираниот капитализам (наспроти оној неолибералниот) , по оваа идејна и идеолошка (идеолошко – политичка) позиција, е единствениот социјално – економски систем кој одржливо и стабилно може да ја претставува системската основа и рамка, како и политичко – оперативната мрежа на конкретни мерки и активности, на кои, пак, ќе се фундира и преку кои ќе се остварува мирниот, сигурниот и еднонасочниот прогресивен развој на вкупната општествена благосостојба.

## НАМЕСТО ЗАКЛУЧОК:
## **ДРЖАВНИОТ ИНТЕРВЕНЦИОНИЗАМ – КРИЗЕН МЕНАЏМЕНТ, ОДНОСНО ПРИНУДНА УПРАВА НА FREE - MARKET THEOLOGY (ТЕОЛОГИЈА НА СЛОБОДЕН ПАЗАР)**

Природата и тежината на глобалната финансиско – економска криза, како и, се разбира, нужноста од нејзино брзо, ефикасно и трајно надминување, го реанимира државниот интервенционизам (државниот капитализам) како објективно единствен доволно потентен механизам за постигнување на таа нужна цел.

Воедно, оваа реафирмација на државниот интервенционизам (државниот капитализам) , генерирана од самото јадро на глобалната финансиско – економска криза на неолибералните социјално – економски идеологии и политики, темелно ги девастира токму концептот на неолибераланта идеја (теорија) и пооделните (националните, државните) идеолошки (идеолошко – политички) матрици и платформи.

Во оваа кризна состојба сосема јасно се покажа дека неолибералниот капитализам, неолибералниот пазар, free - market theology имаат нужна потреба од државниот интервенционизам (државниот капитализам) како нивни (нешто како) кризен менаџмент, односно нивна (нешто како) принудна управа (јасно: додека не се санира, не се надмине кризата) .

Ова, пак, исто така, сосема експлицитно и директно, подразбира дека неолибералниот капитализам, неолибералниот пазар, free - market theology немаат автономен механизам за надминување на сопствените кризни состојби, и дека, согласно со таа реалност и објективност, нужно потребна е антикризна надворешна (хетерономна) интервенција, онаа на државниот капитализам.

## РЕФЕРЕНЦИ:


1. Brenner R. (2006) : The Economics of Global Turbilence, www.fas.harvard.edu/~polecon/papers/brenner.pdf
2. Chaudhuri S. – Yabuuchi Sh. (2005) : Economic Liberalization and Wage Inequality in the Presence of Labour Market Imperfection, www.ideas.repec.org/p/wpa/wuwpit/0510008.html
3. Coddington A. (2003) : Keynesian Economics: the Search for First Principles, www.books.google.com/books?
4. Ellig J. (2001) : Economic Deregulation and Re – Regulation: Benefits and Threats, www.freedomworks.org/informed/issues
5. Farmer R. E .A. (2006) : Old Keynesian Economics, www.economics.ucr.edu/seminars/wintwr07/ets/Farmer
6. Friedman G. (2008) : The Political Nature of the Economic Crisis, www.stratfor.com/weekly/20080930_political_nature_economic_crisis
7. Iacobucci E. – Trebilcock M. – Winter R. A. (2004) : Economic Deregulation of Network Industries: Managing the Trasition to Sustainable Competition, www.law-lib.utoronto.ca/investing/reports/
8. Kolb R. W. – Overdalh J. A. (2002) : Financial Derivatives, www.books.google.com.books
9. Mullan Ph. (2006) : The State, the Economy, and the Politics of Fear, www.spiked-online.com/Articles/
10. Palley T. I. (2004) : From Keynesianism to Neoliberalism: Shifting Paradigms in Economics, www.fpof.org/papers/2004keynesianism
11. Сасајковски С. (2001) : Неолибералната идеолошко – политичка рамка на приватизацијата, научно советување «Постприватизацијата во македонија и Бугарија» , фондација «фридрих Еберт» и ИСППИ.
12. Сасајковски С. (2001) : Социјално – економски функции на неолибералната држава, научен собир «Партиципацијата во креирањето на нови бизниси и вработувања» , Економски институт – Скопје и фондација «Фридрих Еберт» .
13. Сасајковски С. (2004) : Идеологијата на неолиберализмот, макроекономската стабилност и економскиот развој, научен собир «Макроекономската стабилност и економскиот развој» , Здружение за одржлив развој, ГТЗ – Проект за поддршка на приватниот сектор и Министерство за економија на Р. Македонија.
14. See H. (2004) : Modern Capitalism. Its Origin and Evolution, www.socserv.mcmaster.ca/econ/ugsm


## ДОКУМЕНТИ:


1. The Application of State Aid Rules to Measures Taken in Relation to Financial Institutions in the Context of the Current Global Financial Crisis (2008) , Europaen Commmision, www.ec.europa.eu/competition/state_aid/
2. Global Financial Crisis (2008) , Institute for Studies in Industrial Development, www.isidev.nic.in/pdf/WP0812.pdf
3. Global Financial Crisis: Responding Today, Securing Tomorrow (2008) , Background Paper Prepared by the World bank Group G20 Summit on Financial markets and the World Economy Washington, D. C., November 15, 2008, www.web.worldbank.org/WBSITE/.../news/o
4. The Long Demise of Glass – Steagall (2009) , www.pbs.org/wgbh/pages/frontline/show/wallstraet

Политикологија
Politicology

UDK/UDC 304 – 027. 511 (497. 7)
Научен текст / Scientific Paper

*Проф. д-р Мирјана Сланинка-Динева*

# СОЦИЈАЛНИТЕ УСТАНОВИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО УСЛОВИ НА ГЛОБАЛНАТА ЕКОНОМСКА КРИЗА

АПСТРАКТ

Во текстот станува збор за неколку релевантни работи:

1. за редефинирање на категоријата социјални установи;
2. за одредување на положбата на социјални установи во однос на корисниците; и
3. за поинакво позиционирање на социјалните установи предизвикано од глобалната економска криза.

Во текстот ќе бидат опфатени социјалните установи во поширока смисла на зборот, во зависност од титуларот на сопственоста. Социјалните установи, покрај теорискиот и законскиот аспект, ќе бидат елаборирани и од аспект на јавните политики и јавното управување. Меѓу другото, се работи за едно значајно емпириско прашање кое претпо-

*Mirjana Slaninka-Dineva, Ph.D*

# SOCIAL INSTITUTIONS IN REPUBLIC OF MACEDONIA IN A STATE OF A GLOBAL ECONOMIC CRISIS

**ABSTRACT**

This article touches upon several relevant issues:

1. redefining the category of social institutions
2. determining the position of the social institutions regarding their beneficiaries and
3. different positioning of the social institutions due to the global economic crisis

The article covers social institutions in a wider sense of the word depending on the title of their ownership. These same social institutions will be elaborated not only from a theoretical and legal aspect but also regarding public policy and public management. This is a very important empirical question which asks for a lot of applicative research with the target groups from the governmental, non-governmental and the business sector at different

ставува многубројни апликативни истражувања со таргет групите од владиниот, невладиниот и бизнис секторот од различни нивоа(локално-национално). Се очекува да се потврди основната претпоставка, според која социјалните установи треба да покажат највисок степен на подготвеност за глобалната економска криза, бидејќи нивната функција е да го штитат населението од егзистенцијалниот колапс, во соработка со другите јавно-правни субјекти. Дефинитивно, се заклучува дека секоја економска криза, без оглед на просторната детерминираност, инкорпорира соодветно ниво на криза во социјалниот систем, пред се во областа на социјално-заштитниот систем.

**Клучни зборови:**
социјални установи, глобална економска криза, јавни политики, јавно управување, локална и централна власт

levels (local and national). It is expected that the basic assumption be confirmed according to which the social institutions need to show the highest degree of preparedness in face of the global economic crisis since their function is to protect the people from the existentionalistic collapse with the help of other public legal entities. It is more than certain that every economic crisis, regardless of its location, incorporates a certain level of crisis in the social system, above all in the area of the welfare system.

**Key words:** Social institutions, global economic crisis, public policy, public management, local and central authorities

dinevam@isppi. ukim. edu. mk

## ВОВЕД

Глобалната економска криза е, историски гледано, циклична појава, со јасно определени цели од страна на сопствениците на светскиот капитал. Се очекува КРИЗАТА да влијае негативно, претежно, врз социјалниот систем, а во тој контекст и на социјалните установи, како еден од конститутивните делови на тој систем. Затоа, неопходно е, секоја држава да се стреми минимално да го заштити сопственото население од деструктивното влијание на овој општествен феномен. Веројатно, оваа заштита ќе се движи во рамките на минимумот, дека целокупниот товар ќе биде на семејството, а делумно на економски поразвиените локални самоуправи. Државата и натаму се помалку

ќе учествува во финансирањето на социјалните установи. Таа ќе биде најприсутна во надзорот (пред се во инспекцискиот надзор).

Во контекстот на новите промени, предизвикани од глобалната светска криза, неопходно е да се редефинира категоријата социјални установи според основачите и имотната маса. Исто така, неопходно е редефинирање на концептот на социјалните установи, како и нивната положба во системот на локалната самоуправа. Положбата на социјалните установи треба да се приспособи кон условите на глобалната економска криза.

Во фокусот на новата стратегија приоритетни се следните работи:

1. подзасилена законодавна примена на институтот меѓуопштинска соработка;
2. нормативно-институционална концептуализација на категоријата јавно-приватно партнерство, особено во доменот на јавните установи;и
3. создавање услови за што пофреквентна застапеност на верските заедници во социјалниот систем, пред се, во поглед на основањето на социјалните и добротворните установи.

Со ангажманот на наведените законски институти се создаваат претпоставки за ублажување и надминување на социјалните проблеми. Всушност, со нивното непрестано модернизирање согласно со европското законодавство се создаваат услови за минимално влијание на кризата врз правата и институциите на социјалниот систем.

## 1. РЕДЕФИНИРАЊЕ НА КАТЕГОРИЈАТА СОЦИЈАЛНИ УСТАНОВИ

Познато е дека во секоја држава функционираат соодветни системи, кои со развојот на информатичкото општество стануваат се подиференцирани и се повеќе меѓузависни. Правниот, политичкиот, економскиот, социјалниот, комуникацискиот и еко-системот- тоа се основните системи во чии рамки се развиваат соодветни подсистеми. Социјалниот систем е од исклучителна важност за развојот на општеството, односно на стандардот на населението на секоја државна заедница. Со појавата на концептот на солидаристичката теорија на Леон Диги, се зајакнува социјалниот систем како систем на јавни служби кој постепено се редефинира кон крајот на XX век.

Со сопственичката трансформација во рамките на овој систем, се наметнува потребата од редефинирање на категоријата социјални установи, со тоа што тие можат да се сфатат во поширока и во потесна смисла на зборот. Без оглед кој е основачот и чии средства преовладуваат во имотната маса, социјалните установи се сфаќаат во поширока и во потесна смисла на зборот. Потесното значење се однесува на установите од различни дејности (нормативно утврдени според системските закони).

Овојпат вниманието ќе го насочиме кон социјалните установи кои се од доменот на социјалната и детската заштита, бидејќи тие се најмногу формално-правно децентрализирани, но и деинституционализирани според облиците.

И двата вида заштити се децентрализирани формално-правно, но не и фактички. Тоа секако зависи од типот на општините, од мрежата на институциите и од нивната оспособеност да бидат даватели на услуги. Според новиот концепт и позитивното право тие имаат можности за најголема деинституционализација.

**Да констатираме:** се залагаме за идејата социјалните установи како организациски облик на вршењето на социјалните услуги да се сфаќаат пошироко (во рамките на системот на општествените дејности) и потесно, на ниво на определена дејност, која има, пред се, социјално-заштитен карактер. Всушност, во секоја дејност, во крајна инстанца, се содржани елементите на социјалната држава: еднаквост, рамноправност и солидарност. Елементите на моделот се трансформираат согласно со реформата на јавните служби со која се воспоставува нов модел кој се нарекува социјално-пазарен модел.

## 2. СОЦИЈАЛНИТЕ УСТАНОВИ ВО СИСТЕМОТ НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

Овојпат анализата ќе ја насочиме кон презентација на оние законски форми преку кои е можно намалување на негативните ефекти од глобалната криза, посебно врз социјалниот систем (во социјалните установи).
Всушност, се работи за примена на неколку законски институти.

**Прво:** се работи за меѓуопштинската соработка од аспект на социјалниот систем и социјалните установи. Според Законот за локална самоуправа (чл. 14) МОС не се регулира доволно прецизно во однос на нестопанските јавни служби (НЈС). Одредбата е мошне екстензивна, па затоа може да биде и пошироко применувана кога е во прашање јавен интерес. За тоа како се применува овој законски институт постојат определени согледувања, кои имаат претежно стручен карактер. Но, постојат и пилот истражувања, со бројни таргет- групи, како -корисници, даватели, локални советници, локално водство.

Генерално гледано, граѓаните мислат дека меѓуопштинската соработка треба да се развива (според фреквентноста) во следните области: (што се гледа од презентираната табела):

**Второ:** јавно-приватно партнерство во ЕЛС.

Во Република Македонија овој вид на партнерство е најмалку развиен (формално-правно и институционално), бидејќи дури во 2008 година, со Законот за концесии и други видови приватно-јавно партнерство, се санкционира како посебен вид на вложувања во однос на определена јавна услуга. Засега

**Табела 1.**

| **Мислења/Оценки** | **%** |
|---|---|
| Во економијата (економски развој) | 66, 1 |
| Во еко-заштитата | 12, 7 |
| Во социјалниот развој | 10, 8 |
| Во доменот на јавните служби | 6, 5 |
| Друго | 3, 9 |
| Вкупно | 100, 0-510 (број) |

Извор: ЛОК-САМ (проектна документација, ИСППИ, 2008.

најразвиен систем на јавно-приватни партнерства постои во Северна Ирска, во рамките на британскиот модел. Развиен модел на ППП (Public Private Partnership- PPP) од поранешните ЈУ-републики (кои не се членки на НАТО и ЕУ) има Република Хрватска , посебно во доменот на нестопанските јавни служби. Кај нас ППП се обидуваат на соодветен начин да ги формализираат локалните самоуправи на Струмица и Куманово, но само во однос на стопанските јавни услуги (пазариште, гасификација, јавна хигиена и сл. ). Преку ППП се промовира јавниот интерес на помодерен начин, кој за локалните и централните власти е финансиски поисплатив. Овој модел бара сигурност (правна, политичка , административна и слично), како и обученост на државната администрација), но и готовност од страна на бизнис-секторот да стапува во ППП во областите на сите јавни дејности од локално и централно ниво.

ППП во доменот на социјалните установи од јавен карактер секако најчесто се применува на инвестирањето во изградба на јавни објекти, како што се училиштата, болниците, и слично, при што локалната самоуправа на приватникот му доделува земјиште за градба, а тој инвестира во изградбата по пат на кредит што ќе му го отплатува државата преку локалната самоуправа. [1]Во овој контекст, интересно е да се спомене дека 10% од граѓаните (од вкупно 1200 испитаници) според најновата анкета на ИСППИ сметат дека локалната самоуправа мора да има исклучиво самостојна (изворна) надлежност, без директно мешање на централната власт во сите дејности каде што се применува ППП (без примена на тендери). Тоа е доста висок процент ако се знае дека оваа е засега само законска новина, без соодветна примена. [2]

**Трето:** верските заедници како основачи на различни видови на социјални установи (во поширока смисла на зборот).

1 Сланинка-Динева, д-р Мирјана Ромите во Република Македонија на патот до локалната демократија (2006), Годишник на ИСППИ, цит. стр. 138, (127-140), стр. 296.

2 Документација на проектот “Граѓаните во одлучувањето за областите од локално ниво и значење”, ИСППИ, Скопје, 2009 година (Анкета).

Прв пат, според Уставот на Република Македонија, на верските заедници им е дозволено основање на социјални и добротворни установи. Санкционирањето на оваа уставна одредба се случи дури во 1997 година, а нејзиното проширување е предвидено со новиот Закон за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група, кој се применува од 1 мај 2008 година. Според посебна Глава на овој Закон, претходно наведените субјекти влегуваат во јавниот живот на Република Македонија, која има секуларен карактер, како што се образовните дејности, преку веронауката и верското образование. Да споменеме дека на 15 април 2009 година Уставниот суд донесе одлука веронауката да се укине како изборен наставен предмет во основното образование. Исто така, наведените верски правни лица имаат право, покрај тоа што самостојно управуваат со верските образовни установи, самостојно да управуваат и со другите образовни установи, како и со ученичките и студентските домови кои можат да ги формираат во согласност со овој или друг закон. Покрај образовните дејности, црквата, верската заедница и религиозната група можат да основаат: хуманитарни, културни, социјални, добротворни и други дејности што се утврдени со овој (чл. 30), но и со друг закон. Според системските закони кои се однесуваат на дадените дејности се определува делокругот на овој вид правни лица во одделни нестопански јавни служби (односно социјални установи).

Во овој контекст, најважно е што граѓаните од локалните заедници (село-град) на Република Македонија сметат дека наведените правни лица треба повеќе да се ангажираат во решавањето на социјалните проблеми на населението. Фреквентноста се гледа од табела 2.

**Табела 2.**

| **Мислења / Оценки** | **%** |
|---|---|
| Да | 74, 1 |
| Не | 25, 9 |
| Вкупно | 100, 0-510 (број) |

Извор, Проект ЛОК-САМ

Тоа што верските заедници и религиозни групи можат да функционираат во рамките на секуларната држава, значи дека верските субјекти постапно стануваат чинител преку кој може да се обезбедува и социјалната сигурност на населението.

Колку во Република Македонија црквите, верските заедници и религиозните групи имаат место во јавниот простор е, пред се, емпириско прашање кое може истражувачки да се третира од различни аспекти: од нормативно-

институционален аспект; од аспект на законодавната примена; потоа, од аспект на јавното мислење за ангажирањето на верските заедници и религиозни групи во јавната сфера, особено во областа на социјалната сигурност.

Како граѓаните ги доживуваат верските правни субјекти, посебно во локални рамки, како и колку воопшто се информирани за тој тип на организираност - се мошне актуелни и инспиративни прашања, посебно во услови кога државата се повеќе "бега од својот уставно загарантиран концепт на социјална држава".

Перцепцијата на граѓаните за добротворното и социјалното организирање на верските и религиозни заедници во локални рамки беше испитувана преку следните анкетни прашања (во рамките на проектот "Десекуларизација во Р Македонија"/2007 год).

1. "Дали се согласувате, во рамките на верските заедници да се основаат добротворни и социјални установи?";
2. "Дали во Вашата локална средина, а и пошироко гледано, постојат добротворни и социјални установи основани од страна на верските и на религиозни групи?";
3. "Доколку има такви установи, во што се состојат нивните активности?"; и
4. "Според Вас, дали во овие установи треба да бидат згрижувани само припадниците на верската заедница која е основач на добротворната и социјалната установа, или пак и други лица на кои помошта им е неопходна?".

На првото прашање, "Дали се согласувате, во рамките на верските заедници да се основаат добротворни и социјални установи?", беа добиени следните одговори:

**Табела 3.**

| **Мислења** | **%** |
|---|---|
| Да | 82,4 |
| Не | 2,8 |
| Не знам | 14,8 |
| Вкупно | 100,0- 1200 (број) |

Извор:Документација на проектот "Десекуларизацијата во Р. М. «/2007.

За основање на добротворни и социјални установи од сите заедници најмногу се залагаат:Ромите (во 92, 5% случаи); Турците (во 92, 5% случаи) и "други"(како неидентификувани според етничка припадност - 90, 9% случаи). Можеби тоа се должи на нивното чуство дека тие како социјални групи се маргинализираниво глобалното македонско општество, што секако дека треба емпириски да се истражи.

Со второто и третото прашање се испитува степенот на информираноста на анкетираните за тоа дали во нивната локална средина постојат добротворни и социјални установи основани од страна на верските и религиозни групи, а доколку постојат такви установи, да се види дали респодентите се информирани за активностите на тие установи.

На второто прашање кое гласи: "Дали во Вашата локална средина, а и пошироко гледано, постојат добротворни и социјални установи основани од страна на верските заедници и религиозните групи?", беа добиени следните одговори:

**Табела 4.**

| **Мислења** | **%** |
|---|---|
| Да | 30,3 |
| Не | 37,8 |
| Не знам | 31,9 |
| Вкупно | 100,0-1200 (број) |

Извор-ибид.

Значи, помалку од 1/3 од испитаниците се информирани дека постојат каритативни установи на локално и на пошироко ниво.

Според резултатите од пилот-истражувањето, степенот на информираноста за постоење на каритативни установи во секуларни цели е уште помало. Имено, само 22, 0% од респодентите се информирани дека постојат такви установи, 53, 5% дека нема такви установи, а 24, 5 % воопшто ништо не знаат за такви установи. [3]

На третото прашање, кое е логички поврзано со второто прашање и гласи: "Доколку има такви установи, во што се состојат нивните активности? (може повеќе одговори)", беа добиени следните одговори

**Табела 5.**

| **Мислења** | **%** |
|---|---|
| Згрижување на стари лица | 4, 8 |
| Згрижување на сиромашни лица | 18, 8 |
| Згрижување на зависници од алкохол и дрога | 0, 4 |
| Не знам точно за какви активности се работи | 6, 3 |
| Нема такви и не знам дали ги има | 69, 7 |
| Вкупно | 100, 0-1200 (број) |

Извор: ибид (Проект:"Десекуларизацијата во РМ")

3 Проект: ЛОК-САМ (Анкета/08), ИСППИ (Документација)

Колку добротворните и социјалните установи кои се основани од страна на верските заедници и религиозни групи треба да бидат отворени кон лицата на кои им е неопходна помош, или тие треба да се фокусираат само на сопственото верништво, е последното прашање за интерпретација, преку чија анализа треба да се согледа како граѓаните го прифаќаат овој облик на солидарност.

На поставеното прашање, кое гласи: ”Според Вас, дали во овие установи треба да бидат згрижувани само припадниците на верската заедница која е основач на добротворната и социјалната установа, или пак и други лица на кои помошта им е неопходна?”, беа добиени следните одговори:

**Табела 6.**

| **Мислења** | **%** |
|---|---|
| Само припадниците на верската заедница која е основач на установата | 8,4 |
| Сите други лица на кои им е неопходна помошта | 76,9 |
| Не знам | 14,7 |
| Вкупно: | 100,0-1200(број) |

Извор-Ибид.

Врз основа на добиените одговори може да се заклучи дека, граѓаните ги третираат овие установи на речиси ист начин како оние од световната сфера ,

Иако според Уставот на Република Македонија, црквите, верските заедници и религиозните групи во Република Македонија се слободни во основањето на различни видови установи, тоа претпоставува дека е неопходно оваа слобода да се операционализира со нормите на позитивното право согласно со уставниот статус на наведените правни субјекти.

**НВО** основани од страна на верските субјекти покажуваат значителна активност во ублажувањето на сиромаштијата. Граѓаните се залагаат да има добротворни и социјални установи чии основачи би биле верските заедници и религиозните групи, посебно на локално ниво. Тоа значи дека тие имаат позитивен став кон каритативните дејности на верските заедници и на религиозните групи, (што не беше случај во минатото), бидејќи државата се повеќе се повлекува од јавниот домен, а грижата за социјалната сигурност ја префрлува на поединците и микрогрупите.

**Активноста** на верските правни субјекти во подрачјата на секуларното живеење е мошне ограничена, во секој поглед. Веројатно дека двете релевантни страин, државата и верските субјекти, не го слушаат доволно “гласот на народот”, а научните истражувања од овој домен се минорни.

Всушност, со истражувањето беше актуелизирана една мошне неистражена проблематика, која има интердисциплинарно значење и може да се позиционира во поширок контекст, и притоа да се “вмрежи” во цивилното општество, заедно со заинтересираните субјекти кои имаат различен правен статус (јавноправен, приватен).

## 3. ПОЛОЖБАТА НА СОЦИЈАЛНИТЕ УСТАНОВИ ВО УСЛОВИ НА ГЛОБАЛНАТА ЕКОНОМСКА КРИЗА

Ценејќи ја објективната ситуација во поглед на условите за работа на социјалните установи (во поширока и во потесна смисла на зборот), како и мислењата на граѓаните за функционирањето на социјалните установи (според квалитетот на услугата), како и нивната граѓанско-сервисна ориенираност, пожелно е најпрво Владата и ресорните министерства да ги модифицира сите долгориочни развојни документи. Притоа, Владата да го има предвид мислењето на корисниците на услугите. За илустрација ќе се повикаме на некои емпириски согледувања од страна на корисниците, кои имаат соодветни законски права на оптимално користење на јавните услуги што ги вршат социјалните установи. Тоа се гледа преку следните мислења на анкетираните граѓани.

**Прво.** Граѓаните се свесни дека социјалните установи имаат континуирано бројни проблеми (според анкетите од 2002- 2009 година). И најновата анкета покажува дека граѓаните мислат дека јавните установи во секојдневната работа се судираат со бројни проблеми. На поставеното прашање за тоа со кои проблеми се среќаваат јавните установи во секојдневната работа, граѓаните одговориле дека финансиските проблеми се на прво место (со 71, 2% од одговорите).

**Табела 7.**

| **Мислења/Оценки** | **%** |
|---|---|
| Финансиски проблеми | 71,2 |
| Кадровски проблеми | 8,8 |
| Организациски проблеми | 8,2 |
| Материјално-технички проблеми | 8,1 |
| Просторни проблеми | 1,2 |
| Немаат никакви проблеми | 2,5 |
| Не знам | 0,0 |
| Вкупно | 100,0 |

Извор: Проект:ЛОК-САМ

**Второ.** Прашањето, кое логички следува, е формулирано на следниот начин. “Што треба да се направи со цел да се подобри функционирањето на јавните установи”?

Беа искажани следните мислења:

**Табела 8.**

| **Мислења/Оценки** | **%** |
|---|---|
| Да се подобри организацијата и работењето на јавните служби | 31, 9 |
| Да се подобри техничката опременост на јавните служби | 6, 8 |
| Да се подобри персоналниот менаџмент | 9, 4 |
| Јавните служби да се департизираат и деполитизираат | 19, 4 |
| Да има повеќе јавност и отвореност кон корисниците и медиумите | 8, 6 |
| Да се засили надзорот од страна на управните органи | 6, 9 |
| Вршењето на јавните услуги е добро и не е потребно подобрување | 3, 9 |
| Нешто друго | 0, 6 |
| Не знам | 12, 5 |
| Вкупно: | 100,0-1800 (број) |

Извор:Проект:ЛОК-САМ, (Анкета/2009)

Во прилог се прикажани и графички 7та и 8та табела:

Само одговорите на овие две прашања се доволни за извршната власт да сфати дека корисниците на услугите имаат сопствено мислење, кое може да се искористи при репрограмирањето на долгорочните стратегии во кои треба да се вгради и елементот на глобалната криза, посебно во однос на социјалниот систем.

## ЗАКЛУЧОЦИ

Несомнено дека предложените законски институти нема да бидат доволни за можното намалување на ризикот што го носи глобалната криза, посебно во однос на институциите на социјалниот систем. Потребна е фаворизација и на другите институти, како што се, на пример, деинституционализацијата , спонзорството и донаторството како и волонтерската работа. До каде се стигнало со примената на овие институти, неопходно е да се заинтересира научната јавност, која е должна, да ги анимира проектите во врска со дејство-

Графички приказ на табелата 7.




Графички приказ на табелата 8.




Извор:Проект:ЛОК-САМ, (Анкета/2009)

то на глобалната економска криза, пред се во сферата на социјалниот систем. На повидок нема никакви научноистражувачки проекти на таа тема. Несомнено е дека се неопходни истражувања, а потоа да следат соодветни законски промени во оваа материја. Се што е со префикс социјално, треба да има приоритетно значење за идните активности на извршната власт. И Собранието на Република Македонија треба да биде агилно во процесуирањето на законите чија материјална содржина треба да биде во интерес за целото население на државата. Не е спорно дека со демократизацијата на глобалното македонско ошштество, верските заедници и религиозни групи можат значително да придонесуваат за развојот, посебно ако бидат еден од актерите кои некои горливи проблеми перманентно ќе ги стават на дневен ред. За основањето и функционирањето на добротворните и социјални установи потребни се поголеми финансиски средства и примена на соодветна даночна политика во овој домен, со адекватна примена на законите, посебно на Законот за донаторство и спонзорство за јавните дејности.

Неопходно е континуирано и подолгорочно да се следи функционирањето на јавните (или социјалните) установи, посебно во системот на локалната самоуправа.

Несомнено дека преку фаворизирање на меѓуопштинската соработка, на институтот јавно-приватно партнерство, како и учество на верските субјекти во некои делови од јавната сфера на секуларната држава, се претпоставки за надминување на социјалната криза во рамките на социјалниот систем на Република Македонија.

Колку во македонското општество верските правни лица имаат место во јавниот простор, е пред се емпириско прашање кое истражувачки може да се третира од различни аспекти:од нормативно-институционален аспект, од аспект на законодавната примена и од аспект на јавното мислење.

Научната јавност во Република Македонија до сега не покажала интерес за конзистентно и континуирано проучување на остварувањето на милосрдната (каритативната) улога на црквите, верските заедници и религиозните групи во секуларни цели. Се очекува, степенот на влезноста на верските правни субјекти во јавната сфера да зависи од нивното постојано истакнување на горливите општествени проблеми.

Тие проблеми најчесто произлегуваат од повредата на човековите права кои, пак, се содржани во нормите на работното, социјалното и хуманитарното законодавство, но и во останатите права.

Пожелно е тоа да се прави преку световните мас-медиуми, но и преку оние што се основани од страна на верските правни лица.

## *Корисѿени извори:*


*а) Научни ӣубликации*

1. Klajn Lajco:, , Pravni položaj verskih zajednica"(1/2004), spisanie "Religija i tolerancija", Novi Sad, str. 91-102 (125).
2. Petak Zdravko:, , Dimenzije javnih politika i javno upravljanje" (2/2008), Politicka misao, Zagreb, 9-25 (204).
3. Сасајковски, Славко: "Верските заедници денес"(11/1996), списание "Дијалог", Скопје, стр. 137-155(стр. 217).

Сеген, Филип: " Есеј за кризата" (прев. 1997), Скопје, Култура, стр. 145.

4. Сланинка-Динева, д-р Мирјана:"Ромите во Република Македонија на патот до локалната демократија "(2006), Годишник на ИСППИ, стр. 127-140 (стр. 296).
5. Сланинка-Динева, Мирјана:"Социјалната политика во рамките на современиот правен систем во Република Македонија" (1/2008), Годишник на ИСППИ, Скопје, стр. 111-124 (335).
6. "Функционирањето на установите на локално ниво" (Студија, уредник:Мирјана Сланинка-Динева), автори:Мирјана Сланинка-Динева, Ружица Цацаноска и Марија Станкова(2006), Скопје, ИСППИ, стр. 104.
7. Цацаноска, Ружица: "Верските заедници и сиромаштијата" (2003), во:"Социјалната положба на населението во Република Македонија", ИСППИ, ЗОР, Фридрих Еберт Штифтунг, стр. 68-76 (стр. 301).
8. Цацаноска, Ружица: "Јавна религија, цивилното општество, социјален капитал", Правен факултет Јустинијан 1, Скопје (во печат).
9. Штајнер, д-р Рикард:" КРИЗА»(превод, 1977г. ), Скопје, Комунист.

*б) Важечки ӣроӣиси*

1. Устав на РМ, Сл. весник на РМ, 52/1991 и Амандмани на Уставот на РМ, 91/2001.
2. Закон за локалната самоуправа, Сл. весник на РМ, 5/2002.
3. Закон за социјалната заштита, Сл. весник на РМ, 98/2008.
4. Закон за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група, Сл. весник на РМ, 113/2007.
5. Закон за концесии и други видови јавно-приватно партнерство, Сл. весник на РМ, 7/2008.

*в) Докуменѿација (ӣроекѿи)*

1. Проект:"Процесот на десекуларизација во Македонија", Скопје, ИСППИ, главен истражувач :проф. д-р Ружица Цацаноска (реализација:2004-2006;Анкета 2006).
2. Проект:"Граѓаните во одлучувањето за областите од локално ниво и значење", Скопје, ИСППИ, главен истражувач:проф. д-р Мирјана Сланинка-Динева (реализација:2004-2009;Анкета/08 и Анкета /09 год. и Интервју /08 год).

Социјална политика
Social policy

UDK/UDC 304 (497. 7)
Научен текст / Scientific Paper

*Д-р Љубица Чонева*

# НОВА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА ЗА ПОСТИГНУВАЊЕ СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

АПСТРАКТ

Основниот аспект на овој труд налага да се разработат позначајните прашања кои се однесуваат на предметот и целите на социјалната политика и нејзините поважни карактеристики во реформските промени, како и нејзината нова поставеност за обезбедување на потребната социјална сигурност на населението во Република Македонија.

Истражувањето на ова прашање во транзицискиот период, во кој Република Македонија се уште го одржува својот развој, соочено е со два меѓусебно спротивставени чинители. Првиот е дека после повеќе од една и пол деценија на транзициски промени, станува сосема јасно дека овој процес не го следи едноставен

***Ljubica Choneva, Ph. D.***

# NEW SOCIAL POLICY IN REACHING SOCIAL SECURITY FOR THE PEOPLE OF REPUBLIC OF MACEDONIA

**ABSTRACT**

The primary aspect of this article is to elaborate on the more significant issues related to the subject and the goals of social policy and its more important characteristics in the reform changes, as well as its latest one which is to ensure that the people of R. Macedonia obtain the needed social security.

When addressing this issue in the transitional period in which R. Macedonia is still maintaining its development we face two opposing factors. The first one being that after almost a decade and a half of transitional changes it's become very clear that this process hasn't had a simple evolutionary development. The existing optimism is replaced with realistic realizations based on the unfavorable data reflecting the social situation of the country as well as

еволутивен развој. Постоечкиот оптимизам е заменет со реалистички видувања засновани на неповолни податоци за социјалната слика и сигурноста на стандардот на населението во земјата. Другата суштина е поврзана со процесот на воедначување, карактеристичен за Европската унија, кој е поврзан со идејата и практиката за т. н. „ позитивна интеграција". Притоа, значајно е да се објасни дека и самиот термин , , интеграција" исто толку е идеологизиран како и терминот , , транзиција", поради што треба да се изврши потемелна научна анализа на истиот или, поточно, на неговите различни димензии.
Западна Европа денес станува економски интегрирана, што има фундаментално влијание на системот на благосостојба и ја зајакнува постапката за појаснување на различните модели на социјалната политика. Во тој контекст, обезбедувањето на социјална сигурност на населението претставува императив на новите промени и идната поставеност на социјалната политика и во Република Македонија.

**Клучни зборови**: социјална политика, социјална сигурност, активна социјална политика и социјален развој,

the security of the people's standard. The other one, related to the process typical of the European Union which is connected to the idea and the practice of the so-called 'positive integration. ' It should also be emphasized that the very term 'integration' is idelogized just the same as the term 'transition' which requires further, more thorough scientific analysis or more precisely an analysis of its various dimensions. Today Western Europe is becoming more economically integrated and that has a fundamental influence on the welfare system but also reinforces the procedure for clarifying the various social policy models. With that said, providing social security for the people of Macedonia should be essential part of the new changes as well as the necessary direction of the social policy in R. Macedonia.

**Key words:** social policy, social security, active social policy and social development

ljubica@isppi. ukim. edu. mk

# ВОВЕД

Сè поголем број компаративни студии во социјалната политика денес даваат осврт на прашањата поврзани со сигурноста и важноста на квалитативните пристапи, укажувајки на нејзиното значење и на променливоста на нејзините основни елементи. Тие се однесуваат пред се на економските услови и обемот на социјалните проблеми, засновани на карактерот на промените во социјалната држава.

Проблемите на современото живеење во поголем број земји во светот развиваат забрзан процес на еволуција и демократизација, па во тој контекст воспоставувањето на социјална правда не е статички, ниту апсолутен поим. Нивната повеќегодишна оптовареност со сиромаштија, која резултира со социјални разлики, тешки животни и работни услови кај голем дел од населението, сега диктира промени. Од овој аспект има многубројни активности кои се преземаат на меѓународен план, чија цел е креирање на нова социјална политика со стратегии за бројните социјални прашања, кои ќе ја подобрат целокупната положба на населението во овие земји.

Во однос на меѓународното уредување на голем дел од социјалните права, како оние од областа на работните односи, осигурувањето, намалувањето на сиромаштијата и слично, кои пред едно столетие претставуваа само теоретска концепција, денес стануваат реалност. Во овој правец истовремено се создаде и потребната одговорност кај овие земји за унапредувањето и заштитата на положбата на секој граѓанин како основно човеково право во секое цивилизациско општество.

Непосредната поврзаност, пак, на социјалната политика со социјалната сигурност од аспект на правата и заштитата на граѓаните го покренува интересот за пошироко елаборирање на овие врски и нивната одржливост. Тоа особено произлегува од интересот, како оваа поврзаност да се изрази во доменот на новите општествени промени и градењето на новиот систем на социјална политика во Република Македонија.

Од овој аспект, областа на социјалната сигурност е значајна за согледување и дефинирање на потребите на граѓаните и нивните цели, а преку нив и степенот на растот и развојот на општеството. Ова пред сè од аспект на можностите кои стојат на располагање за задоволување на основните потреби кои денес немаат само егзистенцијален, туку и цивилизациски карактер.

*Имено, социјалната сигурност се однесува пред се на услугите што се обезбедуваат од социјалната држава во повеќе видови и форми наменети за заштита на граѓаните.* Од овој аспект, социјалната сигурност не се однесува единствено и само на потребите од социјалната заштита, туку и многу поши-

роко и покомплексно, како на пример доменот на здравствената заштита, пензискиот систем и другите форми на социјално осигурување.

Покрај залагањето за синхронизација на овие две подрачја, реформите на демократското општество бараат од социјалната политика постојано да се приспособува и адаптира, како на осигурувањето и заштитата на граѓаните и институциите кои ги спроведуваат, така и на реалните можности на државата за остварување на истите, со почитување на меѓународните норми и стандарди. Поради тоа, неопходно е натамошно унапредување на социјалната политика и социјалниот развој на земјата, во насока на обезбедување на социјалната сигурност на граѓаните, подобрување на системот на правата, нивно редизајнирање и хармонизирање во согласност со достигнатото ниво на вкупниот општествен развој. Овие процеси треба да бидат во склад со европската легислатива и компатибилни со европските стандарди за обезбедувње на социјална сигурност на граѓаните.

Во Уставот е предвидено дека Република Македонија како социјална држава им гарантира социјална сигурност на граѓаните, согласно со начелото за социјална праведност. Тоа претпоставува дека, соодветното обликување и уредување на социјалната сигурност креирана со помош на развојна социјална политика, значи доследна примена на уставните одредби во оваа област.

## 1. СОЦИЈАЛНАТА ПОЛИТИКА ПОМЕЃУ КОНЦЕПТОТ И ПРАКТИКАТА ДЕНЕС

Социјалната политика, според дефиницијата, остварува многу значајна улога во општеството преку преземање мерки со цел да се подобрат или да се променат условите на материјалното и културното живеење, согласно со прогресивниот развој на социјалното право и економските и политичките можности на државата во конкретен период. Имено социјалната политика опфаќа многу широко подрачје од човековото дејствување и задира во разни променливи, меѓусебно поврзани и по правило взаемно зависни области од општествениот живот, па поради тоа тешко е да се одреди нејзина сеопфатна дефиниција.

Според најосновната дефиниција, **социјалната *политика претставува научна дисциплина и општествено-практична област која е во функција на подобрување на животните и работните услови на човекот и на социјални групи и заедници, согласно со сфаќањето за социјална правда и развојот на социјалното право.*[1]** Поради тоа, современите теоретичари од оваа област го потенцираат нејзиниот општествен аспект во современите ус-

1 Подетално за дефиницијата на социјалната политика: Havier Greffe ”La Politique”, Pariz, PUF, 1985, No. 3

лови, истакнувајки дека преку неа се остварува хуманоста на демократското општество.

Новите теории и практики на економскиот развој на најразвиените земји со пазарно стопанство и осигурување на социјална сигурност со адекватен животен стандард на населението, претставува императив на преодниот период денес. Во овој контекст и социјалната политика во почетокот на 21 век се наоѓа пред големи предизвици. Противречностите и несигурноста на реформските процеси на деведесеттите години од минатиот и првата декада на овој век, претставуваат значаен кризен амбиент, особено за повеќето балкански земји, кои се соочуваат со економски и социјални тешкотии.

Од друга страна, во постојните услови тешко е да се зборува за социјалната политика на неразвиените земји на кои припаѓа повеќе од 65% од светското население кое располага со помалку од 15%од светскиот доход. Наместо тоа, може да се расправа единствено за социјалните проблеми кои постојат во тие земји и кои мораат да се решаваат на светско ниво.

Во земјите со развиена пазарна економија доаѓа до преиспитување на концептот и практиката на „ државата на благосостојба»и на основните принципи на нејзината социјална политика. Западна Европа станува економски интегрирана, што има фундаментално влијание на системот на благосостојба и ја зајакнува постапката за појаснување на различните модели на социјална политика. [2]

Од периодот на падот на „самоуправниот» и „реалниот» социјализам и преминот во општество со пазарна економија, неминовно се бара создавање на нов модел на социјална политика во склад со економските и полотичките промени. Новиот македонски политички систем, кој се уште е во формирање на својата демократија и не ги има достигнато атрибутите на функционален политички систем, сепак има длабоко чувство да развива систем на социјална сигурност на своите граѓани. Ова и поради фактот дека потребата за развојна ориентација на неговата социјална политика постои повеќе од шест децении и е вградена не само во свеста, туку и во навиките на граѓаните.

Денес непосредно, пред науката за социјалната политика и социјалната држава во Република Македонија стојат бројни прашања поврзани со содржината, вреднувањето на мерките на планот на заштитата и подобрувањето на условите за живот на населението. Реализацијата на оваа обврска е многу важна и ургентна задача, бидејки се соочуваме со условите и причините на политичката и економската криза, кои продуцираат многу социјални проблеми и егзистенцијална несигурност кај поголемиот дел од населението во Република Македонија. Од друга страна, загрижува и фактот дека настанатите пробле-

2 А. Чекеревац, Компаративни приступ у социјалној политици, Социјална политика бр. II, Београд, 1996, стр. 4

ми при преминот кон пазарно стопанство се јавуваат и како реална пречка во економските промени.

Во сите овие случувања во транзицијата, противречни се и самите цели на трансформацијата, од аспект на нејзината социјална димензија. Имено, од една страна се бара да се воведе пазар и модерна технологија, а од друга, се занемаруваат проблемите со инфраструктурата и работната сила која останува без работа[3]. Затоа може да се каже дека социјалната политика во овие услови во Република Македонија се одвива меѓу два контрадикторни система и акции. Од една страна се настојува да се лекуваат негативните ефекти од сопственичката трансформација на општеството, а од друга страна постои желба за напредување на новата шема на социјалната сигурност на граѓаните, приспособена кон пазарната економија. Во оваа фаза на општествен развој, се уште не може да се остварува современ цивилизациски модел на социјална сигурност на населението, што е обврска на социјалната држава и хуманото општство. Преминот во систем со пазарна економија во Република Македонија, исто така неизбежно бара создавање на нов модел на социјална политика во склад со општествените, економските и политичките промени во насока на интегрирање на економската со социјалната политика како актуелно прашање.

## 2. СОЦИЈАЛНАТА ПОЛИТИКА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ НА ТРАНЗИЦИЈАТА

За анализирање на овој аспект од социјалната политика, незаобиколно е прашањето за пропаѓањето на југословенскиот социјализам, кој не бил во состојба да го исполнува имплицитниот општествен договор меѓу владејачката номенклатура и широките слоеви население. Овој договор се состоел во тоа што, од една страна, номенклатурата добива легитимација за управување со општеството, додека, од друга страна, таа на широките слоеви им гарантира социјална сигурност, постепено подигнување на животниот стандард и достапност до основните цивилизациски придобивки. Овие случувања се поврзани со големите промени во осумдесеттите години во светот, како што се нафтената криза, глобализацијата, информатичката револуција и други, како и неможноста на социјализмот да се прилагоди на новите прилики, проследени со продлабочување на стопанската и социјалната криза. Како резултат на овие случувања на површина излегоа социјалните проблеми, а пред сè невработеноста, социјалните разлики и сиромаштијата, а со тоа и слабеењето и нефункционирањето на државата.

Денес, постјугословенските земји кои се економски неразвиени, забележително заостануваат зад просекот на Европската унија. Сите овие земји се

3 V. Puliz, Socijalnata politika vo postsocijalistickite zemji, zbornik"Socijalnata politika vo tranzicijata"Skopje, 1995, str. 11

во различни фази на подготовка за интеграција во Европската унија. На овој план. Република Македонија постигна статус на кандидат и го очекува почетокот на преговорите за пристапување. Останатите земји се во различни фази на процесот за стабилизација и асоцијација со Европската унија. [4]

Од прогласената независност на Република Македонија до сега, основата на која функционира социјалната политика станува се повеќе фрагментарна. Намалениот национален доход доведе до редукција на социјалните права и до влошување на социјалната положба на поголемиот дел од граѓаните.

Граф. бр. 1 Корисници на социјална парична помош
(2003-2007)




Извор:Социјална слика на Македонија, публикација, Министерство за труд и социјална политика, 2008, стр. 13

За решавање на социјалните проблеми државата одделува средства собрани од даноци и други давачки, врз основа на Програмата за заштита на загрозеното население од 1992 година. Така доаѓа до фискализација на социјалните давачки, што го нарушува наследениот бизмарковски модел на социјална сигурност, базиран на самостојните социјални фондови.

Покрај паричната помош во мали износи, најсиромашните граѓани се приморани да се потпираат и на солидарност од милосрдие, како и други организирани форми на помош, како што се народните кујни и сл. Брановите на реформи кои непрекинато траат и влијанието на различните меѓународни субјекти, произведоа еден вид нерамна формација на социјала, наместо квалитетна социјална сигурност на граѓаните. Економскиот колапс го намали бројот на вработените, а драстично го зголеми бројот на невработените, според кој

4 Владо Пуљиз, Социјалната политика на постјугословенските земји, во книг. „Врамување нова социјална политика“, Скопје, 2008

Македонија е меѓу земјите со најголем број невработено население на Балканот и пошироко:

**Таб. бр. 1.** Стапка на активност, вработеност и невработеност во Македонија по возрасни групи (2006-2007)

| | Стапка на активност | | Стапка на вработеност | | Стапка на невработеност | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2006/IV | 2007/IV | 2006/IV | 2007/IV | 2006/IV | 2007/IV |
| 15-24 | 34, 0 | 35, 1 | 12, 2 | 13, 6 | 64, 0 | 61, 3 |
| 25-49 | 80, 6 | 79, 4 | 53, 4 | 53, 9 | 33, 8 | 32, 1 |
| 50-64 | 51, 8 | 52, 5 | 37, 8 | 37, 7 | 27, 0 | 28, 3 |
| 65 и повеќе години | 3,9 | 4,3 | 3,7 | 4,3 | 5,5 | 1,2 |

Извор: Социјална слика на Македонија, публикација, Министерство за труд и социјална политика, 2008, стр. 49

Македонската социјална политика исто така се судрува со сѐ пораширените „стари и нови социјални проблеми», како што се наркоманијата, малолетничката деликвенција, социјалната исклученост, стареењето на населението и слабиот демографски прираст. Овие околности придонесуваат за раслојување на општеството, слабеење на социјалните врски меѓу луѓето и нивно запаѓање во разочарување и безнадежност. Во ублажувањето на овие состојби низ целиот период на транзицијата, голема улога имаше меѓународната помош, како и дејствувањето на домашните и странските хуманитарни организации. Значи, станува збор за значајни промени во структурата и репродукциските процеси на општеството, кои бараат и нов пристап во социјалната политика.

Сметаме дека идната социјална политика во Република Македонија треба да има развојна компонента, односно активна наместо сегашната пасивна ориентираност. Тенденцијата на социјалната сигурност треба да се базира на зацврстување на основните социјални права на сите граѓани, како и зголемување на превентивните социјални вложувања. Тука, во прв ред, се мисли на семејството, социјалните услуги, образованието, социјалната одржливост и др. Овие активности треба да бидат поддржани во поголем дел од индивидуални вложувања, што ќе ги зголемува и зајакнува социјалните фондови, по примерот на западните земји и социјалдемократскиот модел на социјална политика.

## ЕВРОПСКИТЕ ПРОМЕНИ ВО СФЕРАТА НА СОЦИЈАЛНАТА ПОЛИТИКА

Европската унија, во нејзиното постоење речиси половина век, перманентно ги ширеше своите надлежности во државите членки, првенствено во

економијата, а делумно и во политиката. Доменот на социјалната политика, пак, во целост остана во потполна надлежност на државите членки. На ниво на ЕУ постои регулатива, главно, за подрачјето на работните односи, и тоа за одредени прашања(заштита на работно место, забрана на дискриминација и сл. ), додека социјалната заштита во целост остана на државите членки. Во врска со ова прашање, на ниво на ЕУ усвоена е Социјална повелба за основните социјални права, но истовремено е поставена и граница за ширење на компетенциите на Унијата, согласно со принципите на супсидиерност во поглед на социјалната политика во Мастрихтскиот договор.

Принципот на супсидиерност значи начело според кое одредена област се доверува на најниско ниво на организација на кое може ефикасно да се уреди. За социјалната политика тоа практично значи национално, а не европско ниво.

Социјалната политика повеќе не е работа само на домашните субјекти. Иако постојат значителни теоретски несогласувања за тоа како се проучуваат транснационалните димензии на оваа област, како и емпириски несогласувања за релативната важност на меѓународните и домашните субјекти во смисла на специфичните домени на политиката, сепак, ниту една студија за одредување на социјалната политика не е потполна без, барем признавање на улогата на надворешните субјекти. [5]

На почетокот на 21-от век бројните социјални држави во Европа, соочени со промените во сферата на вработувањето и трудот, семејството и феноменот на стареењето, ја идентификуваат потребата од промени на своите социјални политики и нивното приспособување во согласност со променетите економски, политички и социјални прилики. Овие промени се однесуваат, во најголем дел, на воведување на активни мерки за вработување, како и условување на правото на парична помош, со извршување на работните активности, односно учество во различни програми на обука, преквалификации и доквалификации. Овие програми опфаќаат и надомест за вработување на лицата со инвалидност и семејствата со повеќе деца. Напоредно со овие програми, принципот на активирање се проширува и на политиката на обезбедување во старость, преку програми за пензионирање и други форми на сигурност во оваа возраст.

Надминувањето на пасивната положба на корисниците на социјална помош, со давање можности за избор и на иницијатива, овозможува воспоставување на директна врска меѓу можноста лично да се заработува егзистенцијата и правото на социјална сигурност за секого.

Од друга страна, овие можности во многу земји се ограничени, па дури и лимитирани, поради што оваа подобност добива национален белег, односно,

5 Pol Stabs i dr. Megunarodnite subjekti i kreiranjeto na socijalnata politika vo Jugoistocna Evropa, vo knig; "Vramuvanje nova socijalna politika", Skopje, 2008

земјите заостануваат во новите достигнувања на социјалните мерки и социјалната политика.

Во ваквите околности со право се говори за различен степен на достигнувања и ефикасност во социјалната политика и од аспект на видот и обемот на социјалната проблематика. За разлика од минатото, кога социјалната политика главно била ограничувана на неколку добро дефинирани ризици

(неспособност за работа, недоволно средства за живот поради невработеност и други причини), животниот тек денес исфрла на површина комбинирани активности на луѓето за справување со можните ризици. Така, на пример, жената- домаќинка сѐ почесто се вработува, се ангажираат и децата во обезбедувањето на сопствена сигурност кога излегуваат од родителскиот дом, се преквалификуваат или дообразуваат лицата кои останале без работа и сл. На тој начин, иако во различна мера, концептот на активна социјална политика во европските земји станаува составен дел на реформските содржини на современите системи на социјалната сигурност. Како такви, овие нови правци имаат три предности:

- прво, зависат од однесувањето на поединецот;
- второ, ја поттикнуваат индивидуата да се вработи; и
- трето, се залагаат за економска партиципација и автономија.

Во совпаѓањето на перспективите и целите на поединецот и системот заедничко е тоа што настојуваат да се намалат ситуациите кои водат до социјални ризици.

## ЕВРОПСКИ СОЦИЈАЛЕН МОДЕЛ

Современото европско демократско општество има задача да ја развива идејата на социјалната правда во 21-от век, да ја јакне демократијата во однос на поединечните економски интереси и да се грижи да дојдат до израз потенцијалите на граѓаните. Во овој период посебно важно е да се создаде нов консензус за прашањето, во какво општество сакаме да живееме и кои мерки најпрво треба да се преземаат. Тоа пред сѐ се однесува на определбата за каква социјална држава се залагаме.

Во декларациите на Европскиот совет, Европскиот социјален модел се признава како значаен процес на интеграција. Во земјите на ОЕЦД постојат повеќе добротворни модели, како што се англискиот, нордискиот, континенталноевропскиот и медитеранскиот, кои што во основа се фокусирани на државната социјална политика, социјалното осигурување и даночната политика. Меѓутоа, аналитичките согледувања на ова прашање покажуваат дека ЕУ никогаш не била поодалечена од единствениот социјален модел како денес.[6]

6 Вите Лотар, „Европскиот социјален модел и социјалното единство“, во публик. ; Анализа на меѓународната политика, Европска политика, Бон, 2004

И покрај постојната диференцијација, заедничко на сите им е фактот дека социјалната сигурност и социјалната праведност се во корист на економскиот развој и не треба да се толкуваат како трошоци.

Во контекст на наведеното се поставува прашањето: што преставува Европскиот социјален модел? Познато е дека постојат многу различни дефиниции за европскиот социјален модел. Во суштина тој не е единствен концепт, туку мешавина на вредности, достигнувања и надежи кои се разликуваат по форма и степен на реализација помеѓу европските држави. [7] Но и покрај сите овие забелешки, заеднички вредности на овој модел се следните:

- ризиците треба да се распределени во целото оштество;
- разликите кои во друг случај би ја загрозиле општествената солидарност, треба да бидат ограничени;
- најслабите треба да бидат заштитени преку активни социјални интервенции;
- за населението треба да биде обезбедена богата рамка на социјални граѓански права:[8]

Овој модел на социјалната политика во основа ги опишува сите државни и цивилизациско - општествени акции, кои се насочени кон сите граѓани со задача:

- да ги задоволат нивните материјални и други основни потреби;
- да обезбедат учество во општеството; и
- да го зајакнат социјалното единство[9].

Имајки го предвид значењето на наведените цели, може да се забележи дека тие сочинуваат една единствена целина и дека тешко можат да се диференцираат поединечно. Според квалитетот и квантитетот, тие се разликуваат кога е во прашање материјалното ниво, учеството на општеството и социјалните прилики во различните земји, бидејки и секоја посебно се многу променливи. Нивната зависност се условува пред сѐ со економските можности и со односот на социјалните сили.

### *1.1. Принципи на Европскиот социјален модел*

При *формирањето* на Европскиот социјален модел, државите нема да се залагаат за пасивно прилагодување кон промените, туку за нивно активно креирање. Постоењето на многу пазарни стопанства и социјални држави во светот и во Европа, јасно укажува на тоа дека се уште постои значителен простор за слободно креирање во национални рамки. Во овие потфати земјите се спро-

7 Антони Гиденс, Кон подновен европски социјален модел, Форум социјална демократија, публикација. бр. 7. Скопје, 2007, стр. 2

8 Исто, стр. 2

9 Вите Лотар, „Влијанието на ЕУ врз Европскиот социјален модел и врз социјалното единство, Форум социјална демократија, публикација бр. 1, Скопје, 2007

тивставуваат на сите тенденции кои имаат за цел да ја ослабнат и омаловажат државата.

Појдовната точка и цел на севкупното дејствување треба да биде:

*Еднакво достоинство за сите граѓани.* Демократијата на општествениот систем да овозможи секој поединец да може да ја развива својата личност, а човековото достоинство да не биде условено од неговата работа и статусот во општеството.

*Слобода на поединецот.* Се однесува на самоопределување кое носи социјална одговорност, како услов за постоење на слободно општество. Овој вид на слобода на личноста се однесува на креативноста на сопствениот живот, а не на традиционалната ослободеност од притисоци. Ова се објаснува со слободен пристап до јавните добра како што се образованието, информациите, материјална обезбеденост на секого, што се основни претпоставки за слободен живот. Тоа што не може повеќе да го обезбеди националната држава, ќе треба да се овозможи преку новите форми на државност на европски и меѓународен план.

*Правда за секого.* Еднаква достапност до општествените добра *независно* од полот и верската припадност. Тука се мисли пред сè на можноста на живот, работа и сите шанси што ги нуди општеството, како и праведна распределба на општествената благосостојба, со признавање на различниот придонес за општеството на секој негов член. Една од целите на ова поле е учество на сите луѓе во стекнувањето на приходи преку работење, не само како право, туку и како обврска, доколку се способни за тоа. Тоа претпоставува не само постоење на доволно нови работни места, туку и обврска на вработените на своето работно место да можат да одговорат на барањата што постојано се менуваат. Паралелно со тоа треба да се обезбедат еднакви шанси на жените на пазарот на трудот, добри услови на децата за развој и згрижување уште од нивното раѓање, финансиска помош на семејствата за пристоен живот и исполнување на обврските за одговорно родителство на татковците и мајките.

*Солидарноста.* Треба да се применува како облик на залагање за послабите, но и како спремност сите заедно да се залагаат за доброто на заедницата. Оваа определба за заедништво на луѓето преставува основа на секое прогресивно општество, па и на нашето, и една од целите на социјалната држава. Меѓутоа, солидарноста треба постојано да се гради и зајакнува со нови форми за задоволување на потребите на современото егзистирање со различен начин на живеење, кога солидарноста станува позначајна и потешко се обезбедува.

Нов момент за социјалната политика во најголем број земји во Европа, вклучувајќи ги Балканот и Република Македонија, е потребата за подобрување на демографскиот развој со зголемување на наталитетот. Исто така потребна е сеопфатна политика за постарите генерации како посебен вид на генерациска солидарност, со акцент за поврзување и помош на големиот број

стари лица кои живеат сами. Во суштина, во сите овие случаи се работи за генерациската солидарност.

Наведените основни вредности, како еднаквото достоинство, слободата, правдата и солидарноста кои ги објаснивме во нивното основно значење, најчесто меѓусебно се условуваат, дополнуваат и ограничуваат една од друга. Во случаите кога постои насоченост кон сите нив заедно и истите се поддржуваат како еднакво важни, може секоја од нив да се реализира. И обратно: кога се сака да се искористат една против друга, не може да се очекува нивно исполнување.

За остварување на наведените цели на современата, новата социјална политика потребен ни е позитивен однос кон државата. Исто така, потрбна ни е активна држава со авторитет и небирократизирана, со обезбедени финансиски средства, која ќе ги поддржува граѓаните да дејствуваат на сопствена одговорност и солидарно. Само држава која е насочена кон статусот на граѓаните може да биде успешна социјална држава, во рамките на активно граѓанско општество, кога социјалната политика ќе има третман на продуктивен фактор на европската економска политика,

Во секој случај, Европскиот социјален модел во иднина ќе се обликува во националната политичка и општествена рамка со сите овие основни вредности, за што ќе придонесат и суштествените дискусии по ова прашање. За ова треба да се заинтересирани и да се грижат националните политички партии.

## МОДЕЛИТЕ НЕ СЕ КОПИРААТ - СЕ ПРИМЕНУВААТ ПРАКТИЧНО ВО РАМКИТЕ НА РЕФОРМИТЕ НА ЗЕМЈАТА

Според данскиот социолог Gesta Esping-Andersen, најприфатени се три модели на „социјална држава на благосостојба»:[10]

1. *Нордиски тип.* Се базира врз висока оданоченост и проширени можности за вработување во рамките на самата социјална држава;
2. *Централно-европскиот тип.* Се потпира главно на придонесите од платата (Германија, Франција и др. );
3. *Медитерански тип.* Покажува релативно ниска даночна основа и се потпира во голема мера на внатрешно-семејната поддршка.

Примената на секој поодделно од овие модели не ги дала досега очекуваните резултати на планот на посакуваната развојна социјална политика со приоритет на социјална сигурност на нејзините граѓани. Холандскиот социолог Anton Hemerijck покажа дека социјалните држави кои најдобро се адаптирале на променетите услови создале т. н. хибридни модели, кои само делумно се позајмени од некоја земја. Тоа значи дека идниот социјален модел нема да

10 Визии и опции за Југоисточна Европа , „Кон подновен Европски социјален модел , публик. Бр. 7, Скопје, 2008, стр. 4

биде британски, ниту француски или шведски, односно дански. Според овој аналитичар подновениот европски социјален модел може да биде структуиран врз следните главни елементи[11]:

- позитивна, наместо негативна социјална државност. Новата социјална држава не се фокусира на поправање на општествените „неприлики», туку врз промовирање на образованието и учењето, напредокот, можност за избор, активна општествена и економска партиципација и здрав начин на живеење;
- не само да се дефинираат правата, туку и обврските;
- ризиците да не се исклучуваат, туку да се прифатат и со нив да се постапува креативно;
- дебирократизација на социјалната држава, и да се даде предност на корисниците на услуѓи во однос на давателите на услуги.

Најефектните социјални држави во Европа, принципот на социјалното партнерство го поврзуваат со општите социјални придобивки и градењето на нова социјална политика и поголема сигурност на граѓаните.

## ЗАКЛУЧОК

Овој труд истакна многу од противречностите во реформските процеси за нова социјална политика во рамките на социјалната држава. Креирањето на овие прашања создава шанса во пошироки размери да се зголеми стандардот на населението, како основа за социјална сигурност на граѓаните. Нашите цели, покрај благосостојбата за сите е и учество на сите во стекнувањето на приходите за живот, преку работа. Тоа претпоставува дека правото на работа истовремено е и обврска на сите луѓе, доколку се работоспособни.

Значи, во новиот пристап кон социјалната политика ние нема да се залагаме за пасивно прилагодување кон промените, туку за нивно активно креирање. Постоењето на многуте различни социјални држави во Европа и во светот, јасно укажува на тоа дека и денес сѐ уште постои значителен простор за слободно креирање во национални рамки. Меѓутоа, во оваа рана фаза на 21-от век, пред сѐ, битно е да се создава нов концензус за тоа во какво општество сакаме да живееме и кои задачи мора во прв план да се преземаат.

Основна ориентација, секако, е заложбата за нова слика на социјалната држава која ќе дејствува во корист на сигурноста на граѓанинот, особено на превентивен план.

11 Isto, str. 6

## *Литература:*

Антони Гиденс, *Кон подновен европски социјален модел*, Форум социјална демократија, публикација. бр. 7. Скопје, 2007

А. Чекеревац, *Компаративни приступ у социјалној политици*, Социјална политика бр. II, Београд, 1996

Владо Пуљиз, *Социјалната политика во постсоцијалистичките земји*, зборник, „Социјалната политика во транзицијата, Скопје, 1995

Владо Пуљиз, *Социјалната политика на постјугословенските земји*, во книг. „Врамување нова социјална политика», Скопје, 2008

Визии и опции за Југоисточна Европа , *„Кон подновен Европски социјален модел»* , публик. Бр. 7, Скопје, 2008

Вите Лотар, *„Влијанието на ЕУ врз Европскиот социјален модел и врз социјалното единство»,* Форум социјална демократија, публикација бр. 1, Скопје, 2007

Vite Lotar “Evropskiot soicijalen model I socijalnoto edinstvo”, vo public. Analiza na megunarod-nata politika, Evropska politika, Bon, 2004

Pol Stabs I dr. *Megunarodnite subjekti I kreiranjeto na socijalnata politika vo Jugoistocna Evropa*, vo knig;”Vramuvanje nova socijalna politika”, Skopje, 2008

Социологија на образование
Sociology of education

UDK/UDC 316. 74:37 (497. 7)
37. 014. 64. (497. 7)
Научен текст / Scientific Paper

*Д-р Петар Атанасов*

# ВКЛУЧЕНОСТА НА РОДИТЕЛИТЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО ВО МАКЕДОНИЈА: АЛКАТА ШТО НЕДОСТИГА

АПСТРАКТ

Во овој труд се анализира еден многу важен аспект на образовниот процес: партиципацијата на родителите во образованието на нивните деца. Во светската теорија и научни истражувања се тврди дека вклученоста на родителите е еден од клучните елементи како за постигнување подобри резултати на учениците во наставата, така и за поефикасни и подемократски управувани училишта. Предмет на истражување е вклученоста на родителите на децата од јавните основни училишта во Република Македонија, погледнати низ истражувањето и одговорите на директорите на 200 основни училишта и реализираните фокус групи.
Ќе се брани тезата дека на родите-

*Petar Atanasov, Ph. D.*

# PARENTS' INVOLVEMENT IN THE EDUCATION PROCESS IN MACEDONIA: THE MISSING LINK

ABSTRACT

This article aims at analyzing a very important aspect of the education process: the participation of parents in their children's education. World theory and scientific research claims that the inclusion of parents is one of the key elements that helps students achieve better results at school but also helps create more efficient and democratically run schools. The subject of research is the involvement of parents in Macedonian public primary schools through the research and answers of the principals in 200 primary schools and target groups.
This is not a topic that's been previously a subject of scientific research, thus the necessity of obtaining the results about the extent to which parents cooperate with the schools of their children and how and in

лите им е дадена задача на која не можат во целост да одговорат. Ќе се аргументираат и анализираат причините за оваа состојба. **Главната теза е, дека во основните училишта во Република Македонија постои само елементарна комуникација и формална соработка меѓу родителите и училиштата.** Ова е последица од повеќе причини, но меѓу најистакнатите се неподготвеноста и необученоста, како на родителите така и на наставниците, за воспоставување на поквалитетна комуникација и партнерство.

**Клучни зборови:** основни училишта, директори, родители, вклученост, образование

what way schools are willing to cooperate with the parents to enhance education quality in general. The first part of this article is going to present all findings on this subject so far and elaborate on the projects and attempts of the education and non-government sector to support parents in their communication with the schools. At the same time, we will try to defend the thesis that parents are given a task they aren't fully capable of responding to. We will give suitable arguments and analysis of the reasons for this.
**The main thesis is that in the primary schools in Macedonia all there is, is basic communication and formal cooperation between the parents and schools.** This is due to several reasons, but the most prominent ones are the unpreparedness and the lack of training in parents and teachers for establishing better quality communication and partnership.

**Key words:** primary schools, principals, parents, involvement, education

petar@isppi. ukim. edu. mk

## ВКЛУЧЕНОСТ НА РОДИТЕЛИТЕ ВО УЧИЛИШТАТА

Иако постојат форми и инструменти за учество во образованието на учениците и родителите (училишни одбори, родителски совети, ученички совети, итн) сегашното учество на овие субјекти во училишниот живот е често најдобро само номинално, а нивното влијание врз училишните „работи" речиси занемарливо. Имајќи ги предвид заедничките предизвици на земјите од Југоисточна Европа што се идентификувани од страна на националните експерти, ова истражување[1] имаше за цел да ги анализира предизвиците поврзани

1 Овој труд е дел од поширокиот проект за вклученоста на родителите во образованието на децата и подигнувањето на квалитетот на образованието преку поголема инклузивност, финансиран од Институтот отворено општество, во осум земји од регионот.

со недоволното и/или несоодветното учество на родителите во училишниот живот на децата. Генерална цел на студијата е подобро разбирање на можностите за учество од страна на училишните лидери преку спроведување на истражување со училишните директори на национално ниво.

Главниот дел на оваа статија е базиран на одговорите на училишните директори во истражувањето, спроведено преку интервјуа од врата до врата, во текот на мај-јуни 2008 година во 8 земји од Југоисточна Европа: Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Македонија, Црна Гора, Србија, Молдавија и Романија[2]. Задача на истражувањето беше да обезбеди профил на вредностите, ставовите и активностите на училишните директори спрема вклучувањето на родителите на учениците во училишниот живот во државните основни училишта во 8 земји од Југоисточна Европа. Се создаде двостепен примерок – според регионот и според типот на населбите. (Табела 1) Во Република Македонија има пет региони. Овој примерок е направен пропорционално со целосната дистрибуција на училиштата. Руралните училишта имаат многу помал број на ученици и затоа нивното учество во примерокот е 40% наспроти 60% урбани училишта.

**Табела 1. Дистрибуција на опфатени училишта во Македонија**

| Држави/региони | | Севкупно училишта | % | Примерок | Урбани | Рурални |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Македонија** | | | | | | |
| | Скопје | 150 | 29% | 58 | 45 | 13 |
| | Северо-исток | 114 | 22% | 44 | 26 | 18 |
| | Југо-исток | 65 | 13% | 25 | 15 | 10 |
| | Југо-запад | 67 | 13% | 26 | 15 | 11 |
| | Северо-запад | 122 | 24% | 47 | 19 | 28 |
| | *Вкупно Македонија* | **518** | **100%** | **200** | **120** | **80** |

Според досегашните сознанија (според прегледот на постоечката литература[3]), **вклученоста на родителите е нов фактор во областа на училишната ефективност** – од 1980те (Good and Brophy, 1986) се акумилираа голем број податоци и докази за позитивната корелација од вклученоста на родителите. Постојат повеќе различни елаборации за влијанието на вклученоста на родителите. Една од нив тврди дека вклученоста на родителите е важна само за добрите резултати на учениците. Друга анализа прави разлика помеѓу вклученоста на родителите, како нивно активно учество во образовниот дел на нив-

2 Интервјуата беа спроведени од страна на GfK во Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Македонија, Црна Гора и Србија, и од страна на IMAS во Молдавија и Романија.
3 Прегледот на постоечката светска литература е преземен од www. proMENTE. org

ните деца, и партиципацијата на родителите, како нивно учество во менаџментот или донесувањето на одлуки на ниво на училиштето. Верувањето, пак, во силна релација меѓу социоекономскиот статус и постигнувањата на учениците е доминантно присутно во литературата. Децата од сиромашните семејства постигнуваат многу полоши резултати во споредба со децата од семејства со повисок животен стандард. Според анализата на Вајт (White, 1982), три фактори се одлучувачки: домашна „пријателска" образовна средина, односот меѓу домот и училиштето, и вклученоста на родителите. Кога се објаснуваат овие фактори, се констатира и дека во соодносот меѓу домот и училиштето најлошо стојат маргинализираните и ранливи групи.

## СОСТОЈБАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Да погледнеме сега што е досега пишувано за вклученоста на родителите во образованието во Република Македонија. Според Стоилковска (Стоилковска, 2004) добро е за училиштата да бидат отворени за проширување на идеите за родителската партиципација. Ако ја исклучиме формалната страна на активноста на Советот на родители и на Класните одбори, **„во нашата држава премалку е направено за реализирање на проекти за вклученоста на родителите во училиштата и нивно информирање"**. Таа истакнува дека истражувањата покажале дека партнерството со родителите придонесува за побрз воспитен/образовен развој на учениците на обострано задоволство. Секое училиште што ќе успее да ги „донесе" родителите во нивните работни простории ќе ги подобри училишните услови, затоа секое училиште треба да обезбеди подобри услови и добра атмосфера за родителите. Заедничката работа на родителите и наставниците во создавањето на подобри услови за вклученоста на родителите е сигурно решение за успех. Училиштето, според неа, треба да ги преземе следниве чекори во правец на создавање позитивни услови, што ќе го охрабри вклучувањето на родителите:

а. развивање на план за подобрување на партнерството со родителите;
б. дизајнирање прашалник за родители, со што ќе се осознаат можностите и ставовите за нивно вклучување;
в. да се пронајдат и усвојат потребните вештини за работа со родителите и семејствата на учениците;
г. да се пронајдат начини како да се стане продолжеток на семејството, да се обезбеди континуитет меѓу двете средини.

Според Ѓоргиевска (2004), на програмата „Родителско-училишна соработка", што била спроведена во 56 основни училишта во Република Македонија, како дел од реформите во образовниот процес, генерална цел и беше промовирање на улогата на родителите во училиштата и нивната вклученост

и поддршка на учениците и на наставниот кадар. Оваа програма имаше задача да ги зајакне капацитетите на родителските совети во училиштата заради нивно активно и плодно вклучување во животот и работата во училиштата и подобрувањето на квалитетот на образованието преку вклучувањето на родителите. Специјални цели беа: **зголемување на свеста за важноста, активната вклученост и поддршката на родителите и локалната заедница во подобрувањето на воспитно/образовниот процес; зајакнување на соработката и комуникацијата на учениците, родителите , советите на родители, директорите и менаџерскиот тим во некои училишта во Република Македонија;** подобрување на условите за работа на определн број на училишта во Република Македонија.

Ристевска и Ѓоргиевска (2004), во нивната статија посветена на „Прирачник за родителите на учениците во основното образование", произлезена како резултат на проектот за „Граѓанско образование" поддржан од CRS и USAID, го претставуваат како сериозен обид за поттикнување на вклученоста на родителите со давање рамки и отворање на сите предизвици како насока за помош на родителите во многу задачи, идеи и цели во образованието на нивните деца. **Во овој прирачник се објаснува целата процедура како родителите се организирани во реалноста и согласно со Законот, од класните родителски одбори преку Советот на родители, па се до Училишниот одбор.**

Создаден е уште еден Прирачник, иако за потребите на средното образование, преку проектот „Активности во средното образование", како поддршка од страна на USAID за менаџирање на училиштата во процесот на децентрализација. Целта беше да се презентираат практични совети и насоки за помош на сите партнери и учесници во управувањето со училиштата во нивните секојдневни предизвици и средини. Училиштето треба да овозможи обострана интеракција меѓу родителите и училиштето во текот на воспитно-образовниот процес. Родителите треба да се вклучат на дневна основа во активностите на нивните деца, да бидат партнери во процесот на одлучување за прашања што се од интерес за нивните деца и образованието, да бидат дел од процесот на планирање и одлучување, како и мониторингот и евалуацијата на училишната работа. **Во Република Македонија, со имплементацијата на 9 - годишно основно воспитание и образование и воведување задолжително средно образование, улогата на родителите станува поголема во насока на активен фактор во воспитно-образовниот процес.**

Во многубројни студии, вклученоста на родителите е прикажана како **критичен фактор** во подобрувањето на пристапот до образованието и неговиот квалитет. (Carneal, Pozniak, 2004) Родителите и другите членови на заедницата може да станат активно ангажирани во барањата и придонесот за остварувањето на квалитетно образование за нивните деца. Во 1998 година CRS започна проект финансиран од USAID за граѓанското образование во 120

основни училишта во Република Македонија. Активното вклучување на родителите беше особено важно во зајакнувањето на идејата за граѓанско образование надвор од училниците. **За време на проектот Catholic Relief Services одржа работилници со сите совети на родители за подигнување на свеста за тоа што учат нивните деца и како тие може да го поддржат нивното учење.**

Една од учесничките во проектот „Родителско-училишна соработка", наставничка во едно основно училиште во Кочани, заклучува дека родителите треба да бидат сместени во училниците, да бидат сместени на местото на учениците и да се запознаат со содржините што веројатно се непознати за поголем дел од родителите. Присутноста на родителите во наставата помага да се воспостават блиски односи со другите родители, наставникот и учениците, и сето тоа ја прави задачата на наставникот многу полесна. Таа вели дека партнерството меѓу училиштето и родителите е приоритет за развој на нејзиното училиште. Најважно од сè е, родителите да се чувствуваат како дел од училиштето а не како гости. Проблемите треба да се живеат заедно, да се дискутираат и за нив да се бара заедничко решение. [4]

Што се однесува до законската регулатива, родителите се претставени на сите нивоа: од училишните совети, преку Советот на родители, па се до Училишниот одбор, како орган на управување кој има 2 или 3 претставници од редот на родителите и тоа во зависност од големината на училиштето. Ова им дава можност на родителите да бидат вклучени и да влијаат врз многу аспекти во образовниот процес. Од една страна, Советот на родителите на секое училиште е основа за соработка меѓу родителите и училиштето, ги дебатира прашањата од заеднички интерес за работа на училиштата и учениците и прашањата во врска со имплементацијата на воспитно-образовниот процес, барем според Статутот на едно основно училиште. [5] Но, од друга страна, Советот на родители и неговите ингеренции се толку широки и советодавни што се чини дека оваа структура многу повеќе е формално присутна отколку суштински вклучена во животот на училиштето.

Во 2005 година Собранието на Република Македонија ја усвои програмата за „Развој на образованието во Република Македонија 2005-2015" изготвена од страна на Министерството за образование и наука и финансиски поддржана од Фондацијата Институт отворено општество – Македонија (ФИООМ). Покрај нагласувањето на квалитетот на образованието, еднаквиот пристап за сите и образование адаптирано спрема поединецот и социјалните потреби, меѓу многуте поглавја во кои се опфаќаат сите степени на образование, во анексот број два, во делот насловен како Соработка со родителите, пишува дека: **се афирмира родителскиот партнерски статус, се охрабрува и**

4 Ова е изјава наКата Синадиновска, наставничка во основното училиште „Никола Карев" во Кочани, учесничка во проектот „Родителско-училишна соработка" на CRS.

5 Член 71 од Статутот на основното училиште „Блаже Конески" од Скопје, Глава 13.

**организира вклученоста на родителите во училиштата и во училниците, се бара вклученост на родителите во процесот на наставата, иницирање на модели на организирана соработка меѓу родителите и учениците, итн.** Значи, патот за овој процес или за зајакнување на присутноста на родителите во животот и работата на училиштата беше отворен. Колку и како овој пат ќе се минува, зависи од многу значајни и помалку значајни фактори.

**Главното прашање на кое ќе се обидеме да дадеме одговор е: Дали се родителите алката што недостига во нашето воспитание и образование и кои се сознанијата за нивната вклученост или отсуство во образовниот процес во Република Македонија.** Ако можеби двата главни фактори на социјализацијата се општеството и семејството, и ако двата од нив недостигаат за децата да се „досоцијализираат" во процесот на образованието, тогаш навистина имаме голем проблем. Дотолку повеќе што улогата на идеолошкото „социјалистичко" воспитување целосно е отстранета во периодот по големата општествена трансформација. Целата тежина се урна врз главите и на осиромашените и невработени и на „презафатените" родители.

## СО ШТО СЕ СООЧУВААТ УЧИЛИШТАТА ДЕНЕС?

На двете одржани фокус групи со директори на основни училишта[6], како пилот проект пред главното теренско истражување, некаде во месец февруари годинава, (2008), беа добиени повеќе сознанија кои укажуваа на главните предизвици со кои се соочуваат училиштата денес во однос на родителите.

Директорите генерално се задоволни од реформите во образованието и од многубројните новини со кои се збогатува образовниот процес. Особено помладите директори, кои се поотворени кон промените во образованието и ако имаат забелешки во врска со промените тие се однесуваат главно на реформите кои претежно се спроведуваат одгоре надолу – по наредба. Следниве три проблеми се најакутни: воспитанието, комуникацијата со родителите и квалитетот на образованието погледнат преку процесот на управувањето со училиштето. Сите три имаат директна врска со родителите.

Прво, многумина од директорите мислат дека најургентен проблем во училиштата денес е проблемот со воспитанието на децата. Веќе истакнавме дека со големата трансформација се изгуби општествената социјализација (контрола) која беше силен фактор и која им ја „олеснуваше" работата на родителите. Нејзината целосна отсутност не беше заменета со ниту еден друг доволно силен фактор. Така, родителите денес ја (а со нив и училиштето) имаат тешката задача – самите да го „одработат" својот дел од воспитанието на децата. Училиштата, пак, ниту се кадровски екипирани ниту се оспособени

6 Беа присутни директори на 20 осоновни училишта од Скопје.

„самите” без општеството да ги воспитуваат децата. Затоа училиштата се држат само до образованието и тука се обидуваат да го дадат својот максимум.

Второ, училиштата најтешко комуницираат со родителите со кои се има најголема потреба од комуникација. Тоа се родителите на децата што се проблематични од кој било аспект во образовниот процес. Да не споменуваме дека сè почесто се сретнуваат и проблематични родители со кои е тешко да се комуницира. Но, во исто време кога од родителите се очекува максимален ангажман, семејството е зафатено од процесот на модернизација и се повеќе е еродира како стабилна социјална структура. Потоа, тука се наоѓаат и родителите кои се на маргините на општеството, осиромашени, невработени и маргинализирани, доволно разочарани и фрустрирани за да се вклучат во ова партнерство. Тука секако е и проблемот со родителите кои имаат сè помалку време да се посветат на своите деца и да се „вклучат” во нивното образование.

Трето, формалното работење на органите на училиштата во кои се вклучени родителите – од Советот на родители до Училишниот одбор – од страна на директорите се нагласува повеќе како негативна работа отколку како нешто што треба да се продолжи да се практикува. На некои директори можеби им одговара оваа состојба, па свесно или несвесно целата одговорност за функционирањето на овој мал универзум ја преземаат врз себе. Дали причината за ова треба да се бара во пасивноста на училиштата да се доближат до родителите или, пак, ова зависи само од филозофијата и принципите на работа на самите директори, тешко е да се објасни.

Доколку директорите успеат да ги донесат родителите во училиштата, многумина се согласни дека се на вистинскиот пат да направат позитивна училишна атмосфера. Ако може да се даде оцена за училиштето и односите со родителите, мора да се каже дека **училиштата досега направиле премалку за вклучување на родителите во образованието на нашите деца**. Родителите мора да најдат време за своите деца и повеќе да се вклучат во целиот процес. Ефектите од ова, барем според досегашните светски искуства, се многу уверливи и имаат директна позитивна корелација со успехот на децата во образованието. И, можеби најтешкото прашање: колку ќе биде доволно? Одговорот е всушност изјава на еден од директорите: **„ако успеете во различни пригоди и за различни настани да ги донесете родителите во училиштата, и ако тоа го правите барем еднаш месечно, вие сте завршиле огромна работа”**. Активностите може да се најразлични – од формални до неформални – тоа може да се случува во кој било ден од неделата, активностите може да се во училниците, надвор од училниците, во наставниот и образовниот дел, во воспитниот дел, итн. Најважно е тоа што сте го затвориле кругот и сте ги поврзале најважните фактори во процесот на образованието – училиштето и домот. Да видиме како тоа изгледа во Република Македонија, погледнато низ бројките од истражувањето спроведено со анкетирање на 200 директори на основни училишта.

## КОМУНИЦИРААТ ЛИ УЧИЛИШТАТА СО РОДИТЕЛИТЕ?

Најпрвин директорите беа прашувани воопшто за промените во кои се најдоа училиштата и целиот образовен процес. Според одговорите на директорите за реформите во образованието, за соработката со Министерството за образование и за состојбата со инфраструктурата и опремата во училиштата, добиени се очекувани и просечни одговори. Во просек, директорите не се премногу задоволни од сегашната состојба во образовниот процес, имајќи ги предвид реформите и соработката со Министерството за образование, а уште помалку се задоволни од состојбата со училишната инфраструктура и опременоста на училиштата.

Прашани што мислат за придобивките од вклучувањето на родителите во образовниот процес, одговорите на директорите се фиксираат околу **„многу"** и тоа во однос на влијанието врз подобрувањето на училишната клима (54% или 108 училишта), подобрувањето на успешноста на учениците (53. 5% или 107 училишта), попозитивно однесување на родителите кон училиштето (51. 5% или 103 училишта) и поголема поддршка на родителите на училиштето (49. 5% или 99 училишта). На прашањето, колку е важно родителите на учениците да имаат влијание во одредени области, исто така доминираат одговорите околу модалитетот **„многу важно"** за евалуација на успешноста на наставниците (46. 5% или 93 училишта), одлуките на одделенско ниво (43. 5% или 87 училишта) и развојот или унапредувањето на училишните правила (42% или 85 училишта). На прашањето, на кои начини училиштето може да го поддржи воспитувањето на децата, повторно најчесто се јавува модалитетот **„многу"** за обезбедување советување за родителите (68. 5% или 137 училишта), за основање групи за поддршка за одредени проблеми (63. 5% или 127 училишта), обезбедување информации како родителите дома да создадат добра средина за учење (57. 5% или 115 училишта) и за организирање сесии за помош на родителите со домашните задачи (54. 5%или109 училишта).

На прашањето, колку често во вашето училиште има одредена активност, со понудени модалитети (види Табела 2), директорите на училиштата во просек најчесто се изјасниле дека предложените активности ги избирале во 43% од случаите **„барем еднаш на три месеци"** (86 училишта). Втор по честота е модалитетот **„барем еднаш во полугодие"**, кој фигурира со високи 34% од случаите (69 училишта). Сите модалитети со активности во кои „нешто се испраќа дома кај родителите", освен евалуациите во писмена форма, имаат мала појавност: информации за наставната програма, информации за училишните настани, информации за училишната политика и правила и за училишен весник. Барем еднаш месечно се практикувани организирањето на состаноци со директорите во 32% (64 училишта) од случаите и организирањето на отво-

рени денови, со дури 40. 5% од училиштата. Генерално, активностите што се избираат од страна на училиштата, просечно се имплементираат од еднаш на три месеци до еднаш во полугодие. Училиштата, евентуално, прават анкети (избор на директорите е барем еднаш во полугодие во 105 училишта), а родителите се посетувани од наставниците или од професионалниот кадар, исто така, барем еднаш во полугодие (88 училишта). Вториот избор веројатно се однесува на проблематичните деца, а не на поширока популација на деца. Дека меѓу училиштето и родителите се останува само на „кажан збор" потврдуваат и одговорите на прашањето за начините што ги користи училиштето за да ги поддржи родителите. Од понудените шест модалитети најретко се избира обезбедувањето материјали за родителите како да ги следат децата во изработката на домашните работи (композитен просек 1. 91) и обезбедување материјали за родителите како да им помогнат на децата со домашните задачи (просек 1. 97). Нешто почесто (од 2. 38 до 2. 85) директорите ги одбрале следниве начини: организирање сесии за помош на родителите како да им помагаат на децата, обезбедување на информации за родителите за создавање околина за учење дома, обезбедување совети за родители и групи за поддршка за однесувањето на децата. Повторно доказ дека меѓу домот и училиштето нема проток на пишани материјали. Нешто што ќе има потрајно дејство или што ќе има поголем ефект.

Интересни сознанија се добиваат и при анализата на прашањето, колку често вашето училиште ги замолило родителите во текот на учебната година да направат нешто како поддршка за нивните деца (види Табела 3). Директорите на училиштата во просек најчесто се изјасниле дека нешто ги замолиле родителите во 39% од случаите **„барем еднаш во полугодие"** (78 училишта).

Втор по честота е модалитетот **„воопшто не"** кој фигурира со високи 35. 5% од случаите (71 училиште). Што се однесува до посебните модалитети, најчесто избиран одговор од страна на родителите е, организирање училишни/одделенски свечености, со композитен просек од 2. 72 и организирање социјални активности за училиштето/одделението, со просек 2. 33. Со помал просек родителите се замолени да спонзорираат училишни/одделенски активности, со композитен просек 2. 19 и помош во собирање средства за училиштето, со просек 2. 18. Најретко практикувани активности се, убедливо, организирање училишна/одделенска група за поддршка, со просек од 1. 97 и помагање на други родители во поддршка на образованието на децата, со просек 1. 98.

**Табела 2. Активности во вашето училиште (доколку воопшто има):**

| | Барем еднаш месечно | Барем еднаш на три месеци | Барем еднаш во полугодие | Воопшто нема | Не знамам | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| a. Дали се организираат состаноци на директорот со родителите? | **32. 0**<br>64 | **46. 5**<br>93 | **18. 0**<br>36 | **3. 0**<br>6 | **0. 5**<br>1 | **100. 0**<br>200 |
| б. Дали евалуацијата на учениците во писмена форма се испраќа на родителите? | **11. 5**<br>23 | **52. 5**<br>105 | **21. 5**<br>43 | **12. 0**<br>24 | **2. 5**<br>5 | **100. 0**<br>200 |
| c. Дали информациите за наставната програма се испраќаат на родителите? | **3. 0**<br>6 | **21. 0**<br>42 | **37. 5**<br>75 | **36. 5**<br>73 | **2. 0**<br>4 | **100. 0**<br>200 |
| d. Дали информациите за училишните настани и активности се испраќаат на родителите? | **15. 0**<br>30 | **38. 5**<br>77 | **27. 0**<br>54 | **17. 5**<br>35 | **2. 0**<br>4 | **100. 0**<br>200 |
| e. Дали информациите за училишните политика и правила се испраќаат на родителите? | **9. 0**<br>18 | **30. 0**<br>60 | **33. 5**<br>67 | **25. 0**<br>50 | **2. 5**<br>5 | **100. 0**<br>200 |
| f. Дали на родителите им се испраќа училишен весник? | **2. 0**<br>4 | **3. 0**<br>6 | **15. 5**<br>31 | **73. 5**<br>147 | **6. 0**<br>12 | **100. 0**<br>200 |
| g. Дали наставниците или експертите прават домашни посети? | **10. 0**<br>20 | **27. 0**<br>54 | **44. 0**<br>88 | **15. 0**<br>30 | **4. 0**<br>8 | **100. 0**<br>200 |
| h. Дали се прават анкети за да се дознаат мислењата / ставовите на родителите? | **7. 0**<br>14 | **28. 0**<br>56 | **52. 5**<br>105 | **11. 5**<br>23 | **1. 0**<br>2 | **100. 0**<br>200 |
| I. Дали се организираат Отворени денови | **40. 5**<br>81 | **16. 5**<br>33 | **28. 5**<br>57 | **10. 5**<br>21 | **4. 0**<br>8 | **100. 0**<br>200 |

**Табела 3. Колку често годинава Вашето училиште ги замолило родителите да:**

| | Барем еднаш во две седмици | Барем еднаш месечно | Барем еднаш во три месеци | Барем еднаш во полугодие | Воопшто нема | Не знам | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| a. учествуваатат во организирањење училил. /одделенскики свеченостити? | **1. 0**<br>2 | **13. 5**<br>27 | **47. 5**<br>95 | **32. 5**<br>65 | **4. 5**<br>9 | **1. 0**<br>2 | **100. 0**<br>200 |
| b. учествуваатат во организирањење социјалнини активностити за училиштетото/одделениетото? | **1. 0**<br>2 | **10. 0**<br>20 | **29. 0**<br>58 | **41. 5**<br>83 | **17. 0**<br>34 | **1. 5**<br>3 | **100. 0**<br>200 |
| c. обезбедатат помошош во наставатата на наставницитете? | **0. 5**<br>1 | **9. 0**<br>18 | **22. 0**<br>44 | **33. 5**<br>67 | **33. 0**<br>66 | **2. 0**<br>4 | **100. 0**<br>200 |
| d. организираатат училишнана/одделенскака групапа за подршкака? | | **9. 5**<br>19 | **18. 0**<br>36 | **29. 0**<br>58 | **39. 0**<br>78 | **4. 5**<br>9 | **100. 0**<br>200 |
| e. спонзорираатат училишнини/одделенскики активностити? | **1. 0**<br>2 | **10. 5**<br>21 | **19. 0**<br>38 | **43. 5**<br>87 | **24. 0**<br>48 | **2. 0**<br>4 | **100. 0**<br>200 |
| f. помогнатат во собирањење средствава за училиштетото? | **0. 5**<br>1 | **9. 0**<br>18 | **21. 0**<br>42 | **46. 0**<br>92 | **22. 5**<br>45 | **1. 0**<br>2 | **100. 0**<br>200 |
| g. помогнатат на другиги родителили во подршкака на образованиетото на децатата? | **0. 5**<br>1 | **8. 5**<br>17 | **15. 0**<br>30 | **37. 0**<br>74 | **35. 5**<br>71 | **3. 5**<br>7 | **100. 0**<br>200 |
| h. го претставуваатат училиштетото на различнини настанини? | **1. 5**<br>3 | **6. 5**<br>13 | **17. 5**<br>35 | **46. 5**<br>93 | **25. 5**<br>51 | **2. 5**<br>5 | **100. 0**<br>200 |

Барем еднаш во три месеци 95 училишта ги замолиле родителите да организираат свечености, барем еднаш во полугодие 93 училишта ги замолиле родителите да ги претставуваат на некој настан, а 92 училишта биле замолени да помогнат во собирање средства за училиштето. Во овој контекст, многу мал е процентот на училишта кои на овој план прават барем еднаш месечно. Генерално, активностите за кои се замолуваат „родителите" од страна на училиштата, просечно се случуваат од еднаш во полугодие, до ниту еднаш во полугодие. Тоа е многу поретко во однос на методите кои се користат во текот на годината во комуникацијата со родителите за помош на нивните деца.

Две од прашањата во истражувањето се однесуваа на бариерите и проблемите во комуникацијата со родителите, и бариерите и проблемите кои ги ограничуваат способностите на училиштата како институции да понудат поддршка за родителите. Во однос на првите видови бариери и проблеми, во комуникацијата со родителите, најчесто директорите се одлучиле да изберат три вида бариери: недостаток на интерес за комуникација од страна на родителите, ограниченото време на родителите и недостатокот на вештини за комуникација кај родителите. Сепак, директорите овие бариери ги сметаат како „делумни" проблеми – во 73. 5% од случаите (или 147 директори на училишта го делат ова мислење). Во однос на композитниот просек највисоко котира недостатокот на интерес за комуникација кај родителите (2. 64), ограниченото време на родителите (2. 42) и недостатокот на вештини кај родителите (2. 21). Како помали проблеми, или дека воопшто не претставуваат проблеми, директорите ги сметаат конфликтната атмосфера меѓу родителите и училиштето, дека родителите и наставниците не зборуваат со ист јазик, дека наставниците се оптоварени со работа и дека на наставниците им недостасуваат обуки и вештини за комуникација со родителите. Во однос на другиот тип на бариери, ограничувачките способности на училиштето да понуди поддршка на родителите, најчесто директорите се одлучиле да изберат, исто така, три видови бариери: недостаток од интерес на родителите за вклучување во училишните програми, родителите се премногу зафатени за да партиципираат, и непостоењето на доволно училишни ресурси за развивање и имплементирање различни начини и пристапи. Директорите и овие бариери ги сметаат како „делумни" проблеми, но во 51% од случаите (или 102 директори на училишта го имаат овој став). Во однос на композитниот просек, највисоко котира недостатокот на интерес кај родителите за вклучување во училишните програми за поддршка на родителите (2. 73), преголемата зафатеност на родителите (2. 66) и недоволните училишни ресурси (2. 38). Како помали проблеми, или дека воопшто не претставуваат проблеми, директорите ги сметаат конфликтите меѓу родителите и наставниците, немањето соодветни вештини кај наставниците за поддршка на родителите, преголемата зафатеност на наставниците, и

недостатокот на методологија за развивање начини за поддршка на родителите. **Како генерална констатација се наметнува заклучокот, дека нема посебни или големи пречки за поголема и поквалитетна комуникација и вклученост на родителите во образовниот процес на нивните деца.** Или, доколку ги има, тие се „делумни" и не треба да претставуваат бариера во комуникацијата меѓу родителите и училиштето. **Според директорите, „најголем дел" од делумната вина сносат самите родители и нивната незаинтересираност или презафатеност.** Секако дека има мала пристрасност кај директорите во однос на неистакнувањето на ниту еден посебен проблем од страна на училиштето и, посебно, од наставниците. Но ова веројатно зависи и од контекстот во кој живее и работи училиштето и, секако, и над се, училишната атмосфера. **Училишната клима дефинитивно како еден од најсилните фактори во училишната средина ја создава или гради самиот директор.**

На крајот од оваа училишна математика, нешто и за ставовите на директорите за уште три важни прашања од областа на менаџирањето со училиштата: колку родителите влијаат во практичниот училишен живот, колку влијаат и како работат членовите на Советот на родители и колку Училишниот одбор влијае во повеќе сегменти на процесот на образование. Околу првото прашање, за влијанието на родителите, директорите мислат дека степенот на нивното влијание е „делумно" во 50. 5% од случаите според анкетираните раководители на училишта (101 училиште), додека нивното влијание е „мало" во 24% од училиштата (48). И покрај нискиот степен на влијание, родителите процентуално имаат некакво влијание во одлуките кои се носат на одделенско ниво (композитен просек од 3. 01), одлуките кои се носат на училишно ниво (2. 93) и во развојот или унапредувањето на училишните правила (2. 81). Секако, најмало влијание родителите имаат, барем според директорите, во областа на вработувањето и отпуштањето на наставниците (54%), во определувањето на приоритетите за училишниот буџет (38. 5%), во изборот на учебници и други материјали за наставата (31%) и во евалуацијата на успешноста на наставникот (21%).

Во однос на другите две прашања, за влијанието на Советот на родители и за влијанието на Училишниот одбор најнапред може да ги погледаме квантитативните податоци (види Табели 4 и 5).

**Табела 4. Колку Родителскиот совет влијае на следниве области во училиштето:**

| | Многу | Делумно | Малку | Никако | Не знам | Одбива | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| a. Педагошките мерки кои ги користат наставниците. | **26. 5**<br>53 | **46. 5**<br>93 | **17. 0**<br>34 | **8. 5**<br>17 | **1. 5**<br>3 | | **100. 0**<br>200 |
| b. Содржината на лекциите. | **4. 0**<br>8 | **22. 0**<br>44 | **21. 5**<br>43 | **52. 0**<br>104 | **0. 5**<br>1 | | **100. 0**<br>200 |
| c. Планирање на воннаставните активности. | **17. 5**<br>35 | **46. 0**<br>92 | **20. 0**<br>40 | **15. 0**<br>30 | **1. 0**<br>2 | **0. 5**<br>1 | **100. 0**<br>200 |
| d. Планирање на развој на училишната инфрастуктура. | **21. 0**<br>42 | **45. 0**<br>90 | **23. 5**<br>47 | **9. 5**<br>19 | **1. 0**<br>2 | | **100. 0**<br>200 |
| e. Помагање на учениците да го ценат образованието. | **38. 0**<br>76 | **44. 5**<br>89 | **14. 0**<br>28 | **3. 0**<br>6 | **0. 5**<br>1 | | **100. 0**<br>200 |
| f. Олеснуваат вклучување на родителите во училишниот живот. | **30. 0**<br>60 | **52. 5**<br>105 | **13. 5**<br>27 | **3. 5**<br>7 | **0. 5**<br>1 | | **100. 0**<br>200 |

**Табела 5 Дали членовите на Училишниот одбор во вашето училиште:**

| | Без ограничување | Само со покана | Никако | Не знам | Одбива | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| a. учествуваат на состаноци на кои се носат одлуки за училиштето? | **14. 5**<br>29 | **84. 5**<br>169 | **0. 5**<br>1 | **0. 5**<br>1 | | **100. 0**<br>200 |
| b. активно учествуваат во елаборацијата на нови училишни политики/ стратегии | **21. 0**<br>42 | **73. 0**<br>146 | **5. 5**<br>11 | **0. 5**<br>1 | | **100. 0**<br>200 |
| c. иницираат модификација на постоечките училишни политики? | **29. 0**<br>58 | **58. 0**<br>116 | **11. 0**<br>22 | **1. 5**<br>3 | **0. 5**<br>1 | **100. 0**<br>200 |
| d. иницираат прифаќање на нови политики? | **33. 0**<br>66 | **57. 5**<br>115 | **7. 5**<br>15 | **1. 5**<br>3 | **0. 5**<br>1 | **100. 0**<br>200 |
| e. можат да спречат прифаќање на правила со кои не се согласуваат? | **37. 5**<br>75 | **48. 5**<br>97 | **10. 0**<br>20 | **4. 0**<br>8 | | **100. 0**<br>200 |

Табелата број 4 јасно ги идентификува областите на влијание на Советот на родителите: помагање на учениците да го ценат образованието (3. 18), **олеснување на вклучувањето на родителите во училишниот живот** (3. 10) и, педагошките мерки кои ги користат наставниците (2. 93). Сите овие просеци се остварени преку изборот на „делумно" како степен на влијание на Советот на родители, за кој директорите се изјасниле во 59% од случаите. Помало е влијанието на Советот на родители врз планирањето на развојот на училишната инфраструктура, планирањето на воншколските активности, а воопшто нема влијание врз содржината на лекциите во процесот на наставата. За секој од горespоменатите модалитети потребно е да се направи посебна анализа, но опфаќањето на многубројните аспекти во нашата елаборација не ни го дозволува тоа. Табелата број 5 јасно го покажува ставот на директорите за начинот на работа на Училишниот одбор во кој членуваат 2 или 3 родители, во зависност од големината на училиштето. Директорите сметаат дека родителите во ова тело може да учествуваат, или учествуваат, „само со покана", независно од темата или проблематиката на расправа. Изборот на „без ограничување" е намален до критична граница (од 14. 5% до 37. 5%). Во однос на понудените модалитети, „најголемо" е влијанието на ова тело врз спречувањето на прифаќање правила со кои родителите не се согласуваат, потоа, можноста за иницирање и прифаќање нови политики и иницирањето на модификација на постоечките училишни политики. Исклучително „само со покана" членовите на Училишниот одбор може да учествуваат на состаноци на кои се носат одлуки за училиштето (во 84. 5% случаи – ова е став на 169 директори) и активно да учествуваат во елаборацијата на нови училишни, политики/стратегии (во 73% случаи – ова е став на 146 директори). **Просечно, пристапот на родителите до училишните одлуки, дури и за членовите на Училишниот одбор, барем според презентираните податоци, е „со ограничувања", што заедно со „делумното" влијание на родителите воопшто, но и „делумното" влијание на Советот на родители посебно, остава впечаток дека училиштата не се доволно отворени кон другите важни „фактори" во образованието на децата – во овој случај родителите.**

## ЗАКЛУЧОК

Општа констатација од досегашната анализа е дека училиштата не се доволно отворени кон родителите на децата кои учат во основните училишта. Родителите во Република Македонија не се доволно вклучени во образованието на своите деца. Може да се каже дека во нашата држава премалку е направено за вклучувањето на родителите во образованието. Услови за тоа постојат, но засега тие воопшто не се искористени. Нормативната и законската рамка се добри, подзаконските акти на училиштата ги содржат овие мож-

ности, со еден збор, постојат услови за зајакнување на улогата на родителите и нивната партиципација во процесот. Сепак, практиката во Република Македонија покажува, а за тоа е доказ и ова истражување, дека соработката, или партнерството меѓу наставниците и родителите сè уште не е воспоставено.

И тука доаѓаме до потврдување на тезата, дека родителите се алката што недостига во процесот на образованието, бидејќи во денешни услови без нивна вклученост не е возможно успешно заокружување на воспитно-образовниот процес. Без нив повеќето од децата нема да може да ги развиваат своите знаења и вештини, а истовремено и самодовербата на децата значително ќе опадне. Директорите на училиштата, како диригенти на училишните оркестри, ќе мора да ги преиспитаат своите педагошки методи и да ги поттикнуваат наставниците за поголема и поотворена соработка со родителите. Преку Советот на родители би можеле да се планираат активности со кои партнерството меѓу училиштето и родителите ќе јакне, а резултатите од оваа соработка ќе бидат многустрани. Големи бариери и пречка за спроведување на овој концепт нема.

Она што го покажаа податоците од истражувањето е, дека вината за досегашната не-соработка лежи кај родителите и нивната незаинтересираност и презафатеност. Не би се согласиле со овој став на директорите. На ова слободно може да се додаде заклучокот, дека е потребна едукација за подобрување, најпрво на комуникациските вештини а потоа и збогатување на агендата на оваа соработка. За ова да се реализира, потребна е обука на родителите и подигнување на нивната свест за бенефитот од нивното учество во процесот на образованието. Но, пред се, обука потребна е за наставниците и другиот училишен кадар. Нивната задача е многу потешка, затоа што тие треба да бидат и планери и организатори и егзекутори на целиот процес. Одговорноста, пак, во целост е на нивна страна, како за успесите така и за евентуалните неуспеси. Училиштето мора преку директорот и наставниците да создаде позитивна атмосфера, и да воведе нови методи на настава и воспитување. Нема што да се изгуби. Може само да се добие.

Ако може да претпоставиме дека бројот на учениците на кои не им е потребна дополнителна мотивација и поддршка од страна на родителите е мал, тогаш пред училиштето и родителите се отвора една нова страница на создавање партнерство со родителите, со што ќе започне процесот на интеграција на родителите во самата суштина на образовниот процес. Насоките за една ваква соработка и партнерство се дадени, како во „Националната програма за развој на образованието 2005-2015" така и во Законот за основно образование. Добрите директори мора да ги искористат сите потенцијали: родителите и нивните можности, наставниците и ресурсите што им се ставени на располагање, вклучување на локалната заедница, барање поддршка од локалната бизнис заедница, анимирање на граѓанското општество, невлади-

ните организации, итн. Може да се соработува од организирање на заеднички свечености, преку иновирање на наставата со нови и практични обуки, па сè до создавање ефикасни и демократски управувани училишта. Целта се децата и развивањето на нивните образовни потенцијали, а ова е еден од современите начини таа да се реализира.

## *Литература*


Carneal, C. C. , Pozniak, M. (2004) Creating Partnerships, Educating Children Case Studies from Catholic Relief Services, pages 52

DEVELOPMENT OF EDUCATION IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA 2005 - 2015, The Ministry of Education and Science of the Republic of Macedonia

Gorgievska, G. (2004) Parents-school cooperation, *Educational reflections,* BDE, Republic of Macedonia *3 - 4*, pp. 50/1 http://www. bro. gov. mk/novbroj/Broj%203i4%20od%202004. pdf

Gorgievska, G. ed. (2004) STRENGTHENING CIVIL SOCIETY AND FOSTERING PARTNERSHIPS THROUGH CIVIC EDUCATION PROGRAMS – USAID, CRS, Skopje

GOVERNANCE IN PRIMARY AND SECONDARY SCHOOLS (extract from the Strategy of decentralization in the education) http://www. sea. org. mk/sbs. htm

Hara, S. R. , & Burke, D. J. (1998). Parental involvement: the key to improved student achievement, *School Community Journal*, 8(2), 9-11.

Manual for the school management (2005) Project: "Activities in secondary education, USAID, pp. 158 pdf file

Ristevska, S, Gorgievska, G. (2004) *Manual for the parents of the students in primary education,* The project: "The civic education", supported by the CRS and USAID, pages 99 pdf file

Scheerens, J. , & Bosker, R. J. (1997). *The foundations of educational effectiveness*. Pergamon Oxford

Stoilkovska, A. (2004) Through partnership with parents to better school conditions, *Educational reflections,* Bureau for development of education, Republic of Macedonia *3 - 4*, pp. 42-46

http://www. bro. gov. mk/novbroj/Broj%203i4%20od%202004. pdf

Stojanovska, S. , Dimitrovska, V. , Feuk, R. (2007) MULTIPLE indicator cluster survey: 2005-2006 : final report, Skopje, Macedonia: State statistical office, 174 pages.

White, K. R. (1982). The relationship between socioeconomic status and academic achievement, *Psychological Bulletin*, 91, 461-481.

| | |
|---|---|
| Криминологија<br>Kriminology | UDK/UDC 343. 352:303<br>Научен текст / Scientific Paper |

*Д-р Виолета Чачева*

# ДАЛИ КОРУПЦИЈАТА МОЖЕ ДА СЕ МЕРИ?

АПСТРАКТ

Трудот е поеветен на некои методолошки проблеми што се јавуваат при истражувањето на корупцијата, првенствено тоа е прашањето за потребата од постоење единствена дефиниција која би се користела при емпириско истражување на корупцијата во Република Македонија. Покрај на ова прашање, вниманието во статијата е насочено и кон одредени проблеми поврзани со дефинирањето на корупцијата, како од теоретски исто така и од аспект на нејзиното законско регулирање, бидејќи само на таков начин може да се дојде до одговорот на прашањето за единствена дефиниција за емпириско истражување на корупцијата. Во старијата се прави и обид да се назначат основните елементи на единствена дефиниција за емпириско истражување на корупцијата.

**Клучни зборови:** корупција, истражувачка дефиниција

*Violeta Chacheva, Ph. D.*

# CAN CORRUPTION BE MEASURED?

ABSTRACT

This article aims at identifying some of the methodological problems that arise when conducting corruption research, primarily that of a lack of one unique definition that would be used as a part of the empirical research of corruption in Macedonia. Furthermore, this article strives to focus on some specific issues related to defining corruption not only theoretically but also from a legislative perspective since only this way can we can come to a unified definition for the empirical research of corruption. The article presents the basic elements that are a part of the definition for the empirical research of corruption as well.

**Key words:** corruption, research definition

caceva@isppi. ukim. edu. mk

## 1. ВОВЕД

Основно прашење што се поставува пред секое емпириско истражување на општествените феномени е дефинирањето на делот од реалноста што ќе се истражува, односно врз кои делови од реалноста ќе бидат применети специјални постапки преку кои ќе се дојде до нејзино осознавање. Доброто дефинирање на предметот на истражувањето овозможува и разграничување на истражуваната од појавите слични на неа. Меѓутоа, дефинирањето, во голема мера, е определено од природата и степенот на сложеноста на самата појава. Колку предметот на истражувањето е покомплексен и посложен, толку прашањето на дефинирање и истражување е потешко.

Кога се во прашање идентификување и испитување на општествено негативни појави, особено криминални, ова прашање станува потешко и посложено, од причина што криминалните појави се одликуваат со особена сложеност и комплексност која првенствено произлегува од видот, карактеристиките и природата на обликот на криминалитет што треба да се истражува.

За корупцијата може да се констатира дека е една од појавите која е сложена за дефинирање, а тешка за истражување, особено на нејзиниот обем.

## 2. ЗОШТО КОРУПЦИЈАТА Е СЛОЖЕНА И ТЕШКА ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ?

Облиците на криминалитетот кои се карактеризираат со висока темна бројка (темната бројка на криминалитетот ја изразува разликата што се јавува помеѓу вистински извршениот и евидентираниот криминалитет) во криминологијата важат како најтешки и најсложени појави за истражување. Во рамките на овие појави, корупцијата се издвојува како најнедостапна за идентификување и мерење. Тоа се должи на нејзината основна карактеристика – доверливоста, која, во толкава мера не е карактеристика на останатите облици на криминалитет, и од која, практично, произлегува најголемиот број од проблемите што се јавуваат при истражувањето на овој феномен.

Доверливоста на коруптивниот однос е условена од фактот што во него двете (или повеќе) страни имаат активна улога, извршувањето на делото е во корист на двете страни, и тие имаат заеднички интерес тој да не биде откриен. Санкционирањето на сите учесници во коруптивното дело ја зголемува потребата и интересот за тајноста на коруптивниот настан, а со тоа се влијае врз зголемувањето и на темната бројка на корупцијата, и неподатливоста за истражување на појавата.

Покрај доверливоста, за корупцијата е карактеристична и нејзината комплексност - составена е од однесувања различни по квалитет кои припаѓаат на различни сфери од општествената реалност. Оттука, двете доминантни

карактеристики на корупцијата го отежнуваат процесот на истражување и дефинирање на оваа појава.

Во овој труд ќе се осврнеме на еден од методолошките проблеми што се јавуваат при истражувањето на корупцијата, а тоа е потребата од постоење на единствена дефиниција која би се користела при емпириско истражување на корупцијата во Република Македонија. Определувајќи се за ова прашање, како еден од аспектите на предметот на оваа статија, неопходно е вниманието да биде насочено и кон одредени проблеми поврзани со дефинирањето на корупцијата, како од теоретски исто така и од аспект на нејзиното законско регулирање, бидејќи само на таков начин ќе може да се дојде и до одговорот на прашањето за единствена дефиниција за емпириско истражување на корупцијата.

## 3. ЗОШТО Е ПОТРЕБНО ДА ПОСТОИ ЕДИНСТВЕНА ИСТРАЖУВАЧКА ДЕФИНИЦИЈА НА КОРУПЦИЈАТА НА НИВО НА ДРЖАВА?

Во овој дел од статијата ќе бидат претставени аргументите кои ја оправдуваат потребата од постоење на единствена дефиниција за емпириско истражување на корупцијата.

Кога се говори за дефинирањето на предметот на истражувањето, секако треба да се имаат предвид теоретскиот и операционалниот аспект на дефиницијата. [1] Теоретското дефинирање на предметот на истражувањето се определува со помош на апстрактни поими. Во однос на корупцијата таа се определува со постојните дефиниции за оваа појава кои постојат во теоријата.

Работната (операционализација) дефиниција значи превод на теоретската дефиниција во искуствени појави кои ќе се истражуваат во реалноста. Тоа практитично значи дека се прави операционализација – апстрактните категории од теоретската дефиниција се преведуваат на реални појави што треба да бидат предмет на истражување.

Кога е во прашање корупцијата, тоа значи нејзино дефинирање на начин кој ќе овозможи прецизно разграничување на оваа со слични на неа појави.

Се чини дека, при истражување на корупцијата најсоодветно е, операционализацијата да се направи според правен критериум - да се определат кривичните дела кои ја сочинуваат корупцијата, бидејки тоа е најпрецизно и најточно определување. Независно од пристапот (пошироко или потесно определување на корупцијата)[2] треба да се определат кривичните дела кои се подведуваат под поимот корупција, и за тоа да се постигне договор и соглас-

1 Gjorgje Ignjatonic, KRIMINOLOGIJA, Sluzbene glasnik, Beograd, 2005, стр. 88

2 Во теоријата постојат голем број на дефиниции за корупцијата од најтесни (примање и давање мито) до најопшти (злоупотреба на јавно овластување)

ност помеѓу истражувачите, на ниво на држава. При постоењето на таков договор, секогаш кога ќе се истражува корупцијата, ќе се имаат предвид истите кривични дела. На таков начин прецизно ќе се знае што се истражува, а ќе се одбегне и состојбата да има толку определувања на корупцијата колку што има и истражувачи кои го истражувале овој феномен. Едновремено, таквата дефиниција ќе може да се употреби и при дизајнирањето на инструментите за нејзиното истражување, особено кога се истражува нејзината темна бројка.

Постоењето на единствено определување на корупцијата ќе овозможи нејзино следење и споредување во времето и просторот на национално ниво, без кое определување речиси е невозможно коректно следење на појавата.

Уште еден аргумент кој оди во прилог на потребата за единствено дефинирање на корупцијата е фактот, дека податоците за корупцијата имаат и голема употребна вредност за политичко – партиски цели, Непостоењето на согласност за единствено определување на корупцијата овозможува нејзино различно прикажување - до степен на злоупотреба.

Во овој контекст треба да се укаже и на проблем што може да се јави при правното дефинирање на корупцијата, а тоа е прашањето: дали во кривичните дела со кои е определена корупцијата (на пример, кај кривичното дело Злоупотреба на службена положба и овластување), сите однесувања покриени со тие кривични дела едновремено претставуваат и коруптивни дела? Доколку во определувањето на корупцијата влегуваат и однесувања кои според карактеристиките не претставуваат корупција, во тој случај податоците за светлата бројка (за пријавени, обвинети и пресудени лица) не даваат реална претстава за обемот на корупцијата – се покажува поголем обем на корупцијата од вистинскиот, од причина што во него се опфатени и однесувања што не се коруптивни. Меѓутоа, можна е и обратна ситуација - да не бидат опфатени сите коруптивни однесувања.

## 3. СОСТОЈБАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ВРСКА СО ДЕФИНИРАЊЕТО НА КОРУПЦИЈАТА

Во нашето законодавство, дефинирање на корупцијата е направено на две места во Законот за спречување на корупцијата, и во Државната програма за превенција и репресија на корупцијата донесена од страна на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Законот за спречување на корупцијата, појавата ја дефинира како искористување на функцијата, јавното овластување, службената должност и положба за остварување на каква и да било корист за себе или за друг.

Програмата прави малку поинакво дефинирање на корупцијата. Таа ја разбира како злоупотреба на својата или на туѓата положба или функција за стекнување корист, предност или погодност за себе или за друг.

Таквите определувања на корупцијата не се во состојба да дозволат да се извлече истражувачка дефинција за корупцијата. Еве за што се работи: кај законското определување може да се забележи дека недостасува елемент кој во дефинирањето на корупцијата укажува на кршење на закон, односно елемнт којшто таквото однесување го прави спротивно на законот. Искориствањето на функцијата, овластувањето, должноста или положбата за остварување на било каква корист, едновремено не мора да значи и кршење на правна норма, односно коруптивно однесување. При вакво дефинирање на корупцијата, обидот да се издвојат кривичните дела од областа на корупцијата ќе биде многу голем, непрецизен и прешират. Меѓутоа, кога се коментира законската дефиниција на корупцијата, за да се утврди интенцијата на законодавачот, треба да се направи пошироко толкување на истата. Иако, во дефиницијата не е експлицитно употребен терминот злоупотреба, тој треба да се гледа во врска со членот 3 од истиот закон. Овој член од Законот се однесува на начелото на законитост. Имено, во ставовите 1 и 2 се определува дека при искористувањето на функцијата, јавните овластувања, службената должност и положба, треба да се постапува во согласност со Уставот и со законите, како и нивното извршување да не биде подредено на личниот интерес, ниту на интересот на друго лице. Оттука, произлегува дека законодавачот ја има предвид злоупотребата при искористувањето на функцијата, јавните овластувања, службената должност и положба. Меѓутоа, независно од претходното толкување, сметаме дека злоупотребата треба да се внесе во дефиницијата на корупцијата како нејзин конститутивен елемнтот. Исто така сметаме дека во дефиницијата за корупцијата треба да се внесе и умислата како нејзин составен елемент.

За разлика од законското дефинирање, определувањето на корупцијата содржано во Програмата на Државната комисија за спречување на корупцијата се чини дека е посоодветно – порестриктивно и попрецизно. Во оваа дефиниција внесена е злоупотребата на положбата или функцијата како конститутивен елемент на корупцијата. Иако ова определување е подобро од законски дефинираната корупција, треба да се укаже и на нејзината преопширност. Во ова определување корупцијата не се третира како двостран однос (корупција во потесна смисла) што, пак, од своја страна може да дозволи во поимот на корупција да се внесат и кривични дела кои не се коруптивни по својата суштина. Оваа костатација мошне илустративно ја потврдува истражувачкит тим на проектот “Програма за набљудување на судски предмети во врска со корупцијата во Република Македонија “ при Коалицијата за праведно судење. Овој тим, во рамките на пилот проектот, се обидел да ја операционализира корупцијата, а основата за операционализацијата е дефиницијата за корупцијата што ја дава Државната комисија во нејзината Програма. Со доследна примена на оваа дефиницијаа, како критериум за селектирањето на коруптивните кривични дела, добиени се 24 кривични дела[3] Некои од нив, секако дека по ниеден

3 Списокот на делата селектирани врз основа на дефиницијата содржана во Програмата на Државната комисија за спречување на корупцијата, види во: Програма за набљудување на судски предмети во

критериум, освен со прешироко толкување на корупцијата, не би можеле да се вбројат во коруптивни дела. Тоа, впрочем, е и заклучок на истражувачкиот тим, бидејќи во наредната фаза истражувањето го насочува кон следење на само десет кривични дела - од вкупно утврдените 24 кривични дела.

Во 2008 година, со измените во два законски прописа, законодавачот определува кои дела се сметаат како коруптивни. Имено, во рамките на измените на Законот за судовите, во членот 2 се предвидува формирање на посебно, специјализирано судско одделение во судот Скопје 1, чија надлежност е судењето на кривични дела од областа на организираниот криминал и корупцијата за територијата на целата држава. Во рамките на кривичните дела од областа на корупцијата, законодавачот ги наведува следните кривични дела: Злоупотреба на службена положба и овластување – член 353 став 5[4]; Примање на поткуп од значителна вредност – член 357; Противзаконито посредување (член 359) сите од Кривичниот законик, ако се извршени од избран или именуван функционер, службено лице или одговорно лице во правно лице. Покрај овие, во наредната алинеа се предвидени и Перење пари и други приноси од казниво дело од значителна вредност – член 273, и Давање поткуп од поголема вредност – член 358.

Во измените на Законот за јавно обвинителство преземени се наведените кривични дела при определувањето на надлежностите на основното јавно обвинителство за гонење на кривични дела од областа на организираниот криминал и корупцијата.

Ваквите определувања на законодавачот покажуваат дека, прво, тоа се однесува на потешки облици на коруптивни кривични дела (со внесување на одредниците поголема вредност и значителна вредност, ставање во надлежност на специјализираното судско одделение), и второ, дека законодавачот ја напушта законската дефиниција за корупција, дадена во Законот за спречување на корупцијата, а во која недостасува елементот на злоупотреба. Имено, тој, со внесувањето на кривичното дело Злоупотреба на службена положба и овластување (став 5), практично, во дефиницијата за корупција го венсува и елементот злоупотреба.

Накусо, може да се констатира дека определувањето на корупцијата во нашиот нормативен систем не овозможува доволно прецизна и рестриктивна дефиниција за емпириско истражување на корупцијата.

врска со корупцијата во Република Македонија, Скопје 2009, 2-ри Август С-Штип, стр. 9

4 Во ставот 5 е предвидено дека, ако делото од став 1 е сторено при вршење на јавни набавки или на штета на средствата од Буџетот на Република Македонија, од јавните фондови или од други средства на државата, сторителот ќе се казни со затвор најмалку четири години.

# 4. ОСВРТ НА МЕЃУНАРОДНИТЕ ДОКУМЕНТИ ПОСВЕТЕНИ НА КОРУПЦИЈАТА - РАТИФИКУВАНИ ОД СТРАНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Со оглед дека корупцијата е универзален проблем, кој поради тежината на последиците што ги остава, се почесто го предизвикува ангажманот на меѓународните органи и организации во креирањето политики за што поуспешно сузбивање и стречување на корупцијата. Како резултат на таа засилена активност се бројните меѓународни документи кои се однесуваат на оваа област.

И Република Македонија е потписник и ги има ратификувано некои од тие меѓународни документи: Казнена конвенција за спречување на корупцијата (ратификувана на 01. 07. 2002); Цивилна конвенција за спречување на корупцијата (ратификувана на 01. 11. 2003); Дополнителен протокол кон Казнената конвенција за спречување на корупцијата (ратификуван на 01. 03. 2006); Конвенција на Обединетите нации против корупцијата (ратификувана на 24. 04. 2005). Овие документи, со нивното ратификување, односно по определениот период стануваат дел од домашниот правен систем,

Од тие причини ќе се осврнеме и на овие конвенции во делот на дефинирање на корупцијата, а ќе бидат претставени според хронолошкиот ред на нивното ратификување; ова е во функција да помогне во операционализацијата на корупцијата за емпириско истражување.

**1. Казнена конвенција за спречување на корупцијата.**

Во оваа конвенција експлицитно не е направено дефинирање на корупцијата, туку земјите - потписнички се обврзуваат дека во домашното законодавство ќе внесат инкриминации кои по својата суштина се од сферата на корупцијата, а се предвидени во Конвенцијата. Поконкретно, во оваа конвенција се предвидени следните кривични дела: Давање мито на домашни јавни функционери; Примање мито на домашни јавни функционери; Подмитување на членови на домашни јавни собранија; Подмитување на странски јавни функционери; Подмитување на членови на странски јавни собранија; Давање мито во приватен сектор; Примање мито во приватен сектор; Подмитување функционери на меѓународни организации; Подмитување членови на интернационални парламенратни собранија; Подмитување на судии и функциокери на меѓународни судови; Трговија со влијание; Перење пари добиени со кривично дело корупција; Сметководствени прекршувања. Значи, за предложените инкриминации, карактеристично е дека речиси сите се однесуваат на однесувања кои корупцијата ја сфаќаат, во нејзиното потесно определување, како активна (давање поткуп) и пасивна (примање поткуп) корупција. Покрај тесно дефинирање на корупцијата, во оваа Конвенција е направена операционализација на сторителите на наведените кривични дела. Покрај тоа, корупцијата се сфаќа како двостран однос, и делата да бидат сторени со умисла.

**2. Дополнителен протокол кон Казнената конвенција за спречување на корупцијата5**

Со овој Протокол, практично, се прави проширување на корупутивните кривични дела предвидени во Казнената конвенција. Проширувањето е направено со следните инкриминации: Активно подмитување на домашни арбитри, Пасивно подмитување на домашни арбитри; Подмитување на странски арбитри; Подмитување на домашни судии – поротници; Подмитување на странски судии- поротници. И во овие кривични дела, како и во Конвенцијата, корупцијата се третира во потесна смисла, се бара умисла и постоење на двостран однос. Покрај тоа, во протоколот е направена и операционализација на изразите домашен арбитар, странски арбитар, домашен судија- поротник, странски судија – поротник.

**3. Цивилна конвенција за корупцијата.**

Во членот 2 од оваа Конвенција е направено дефинирање на корупцијата. Под корупција се подразбира барање, нудење, давање или примање, директно или индиректно, мито или било која друга незаконска корист или таквата ја прави извесна, заради која го изопачува пропишаното извршување на некоја должност или однесувања кои се бараат од примателот на митото, незаконска корист или на лицето кое тоа го прави извесно. И за оваа дефиниција може да се констатираат претходно утврдените елементи за дефинирање на корупцијата, а тоа се совпаѓа со тесното дефинирање на корупцијата, злоупотрбата на должноста и двостраност на корумптивниот однос.

Од досега презентираните ратификувани меѓународни документи може да се заклучи, дека во сите нив корупцијата е дефинирана во нејзиното потесно значење, дека се бара умисла за делата, присутен е елементот на злоупотреба и се подразбира двостраност на односот.

Отстапување од ваквиот став е направено во последно донесениот меѓународен документ од оваа сфера кој Република Македонија го има ратификувано, а тоа е Конвенцијата на Обединетите нации против корупцијата.

**4. Конвенцијата на Обединетите нации против корупцијата**

Цел на оваа Конвенција е да се унапредат и зајакнат мерките за поефикасно и поуспешно спречување и борба против корупцијата, како на национален, така и на меѓународен план, . што е определено во првото поглавје од Конвенцијата. Соджината на Конвенцијата мошне добро може да се согледа и преку нејзината структура, односно преку насловите на поглавјата на Конвенцијата. (Имено, во второто поглавје дадени се превентивните мерки, а третото поглавје е посветено на инкриминациите што се предлагаат и на примената на законот. Четвртото поглавје се однесува на меѓународните односи; а петото

5 Со прикажување на Дополнителен протокол кон Кривично-правната конвенција за спречување на корупцијата на ова место се нарушува хронолошкиот ред на претставување на ратификуваните меѓународни докумети. Тоа е сторено поради повразноста на овие два документа.

поглавје се однесува на повраќање на добрата. Шестото поглавје е посветено на техничка помош и размена на информаации; потоа следи делот(7) за механизмот за примена; и на крај (во поглавје 8) се завршните одредби). .

Согласно со тематската определба на овој труд, ќе се осврнеме само на поглавјето од Конвенцијата кое се однесува на содржини од кои може да се заклучува за сфаќањето (дефинирањето) на корупцијата во оваа Конвенција, поточно на поглавјето број три - инкриминации и примена на законот .

Најнапред да констатираме дека во оваа Конвенција експлицитно не е направено дефинирање на корупцијата. Во нејзиното трето поглавје се предлага земјите потписнички да усвојат повеќе кривични дела од обласа на корупцијата. Со оглед дека корупцијата не е дефинирана, ќе се обидеме преку анализа на предложените инкриминации да се согледаат основните елементи на корупцијата застапени во Конвенцијата.

Во Конвенцијата се предложени следните инкриминации:

- подмитување на национален јавен функционер;
- подмитување на странски функционер и функциомер на странска јавна меѓународнаорганизација;
- подмитување во приватниот сектор;
- проневера, злоупотрба или друга нелегитимна корист на имотот од страна на јавен функционер;
- злоупотреба на влијание;
- злоупотреба на функција;
- проневера на имот во приватен сектор;
- незаконско богатење;
- перење на пари стекнати со криминал;
- прикривање;
- спречување на правдата.

За полесно согледување на елементите кои биле земени предвид за определување на инкриминациите како коруптивни дела, ќе биде направено групирање на инкриминациите, според нивните заеднички карактеристики.

Во првата група се инкриминациите Подмитување на национален јавен функционер, Подмитување на странски функционер, функционер на странска јавна меѓународна организација; и Подмитување во приватниот сектор. За овие инкриминации карактеристично е тоа што можат да се подведат под најтесното определување на корупцијата. Тоа значи дека постои злоупотреба, делото да биде извршено со умисла и двстраност на коруптивниот однос, како и проширување на корупцијата во приватниот сектор.

Во втората група инкриминации содржани во Конвенцијата спаѓаат: Проневера, злоупотрба или друга нелегитимна корист на имотот од страна на јавен функционер, Злоупотреба на влијание, Злоупотреба на функција, Проневера на имот во приватен сектор

Во врска со овие инкриминации може да се констатира дека е применето поширокото толкување на корупцијата. Тука се бара умисла кај делото,

а сторител да биде јавен функционер или лице кое раководи или работи во било кое својство во некој ентитет во приватниот сектор. За конститутивен елемент е земена злоупотребата, а секогаш не се бара да постои трансакција помеѓу двете страни на коруптивниот однос, значи, се отстапува од двостраност на односот (кај проневерата, на пример). Вака толкуваните предложени инкриминацијии е речиси еднаква со постојната дефиниција за корупција содржана во измените на Законот за спречување на корупцијата. Претходно дадениот коментар во контекстот на Законот за спречување на корупцијата за нејзиното прешироко толкување, кое предизвикува и недоволно разграничување на корупцијата од другите слични феномени, не треба да се повторува, важи и за оваа состојба. Иако во овој случај не се работи за дефиниција на корупцијата, сепак извлечените елементи од понудените инриминации наведуваат на тоа. Оттука, поради преширокото разбирање на корупцијата од оваа Конвенција не може да се извлече дефиниција за емпириско истражување на корупцијата.

Третата група инкриминации содржани во Конвенцијата ја сочинуваат четири дела: незаконско богатење; перење на пари стекнати со криминал; прикривање; и спречување на правдата. Делата од оваа група нема да ги коментираме, бидејки од содржината на овие инкриминации ништо не може да се извлече во врска со дефинирањето на корупцијата.

За прашањето што е предмет на интерес во овојј труд, значаен е членот 28 од оваа Конвенција. Имено, во него стои дека знаењето, намерата или целта како елементи на кривичното дело утврдено во согласност со оваа Конвенција, може да се заклучуваат врз основа на објективни факти и околности. Послободното толкување на оваа одредба упатува на потребата од конкретизација на елементите на однесувањето што се инкриминира. .

## 5. ОБИД ДА СЕ ИДЕНТИФИКУВААТ НЕКО ЕЛЕМЕНТИ ЗА ИСТРАЖУВАЧКА ДЕФИНИЦИЈА ЗА КОРУПЦИЈАТА

Со оглед на тематската определба на статијата, конструирање на истражувачка дефиниција за корупцијата. , ќе се обидам да ги дадам само некои од конститутивните елементи, за кои сметаме дека треба да ги содржи корупцијата кога таа е предмет на емпириско истражување, за да се обезбеди едногласност, односно да се одбегнат било какви недоразбирања за тоа што се истражува. Или поконкретно, да можат да се издвојат кривични дела од КЗ кои влегуваат во составот на поимот корупција.

Според мене тоа се следните конститутивни елементи на корупцијата:

**1. Злоупотребата на функција, должност, положба. . .**

Во однос на дефинирањето на злоупотребата во контекст на корупцијата, во теоријата не постои единствен став, постојат повеќе определувања на тој поим. Ќе се задржам само на некои од нив, кои ги сметам за поинтересни.

Една од тие дефиниции е таа што ја дава Mcmullan (1961)[6] кој смета дека постои корупција доколку државниот службеник прифати пари или друга материјална вредност да стори нешто што му е обврска (должност), да не стори нешто што му е должност, да не го стори или на непримерен начин да примени легитимно дискреционо право. Двата елементи се неспорни и јасни, додека третиот елемент е спорен во смисла на тоа што што претставува непримерен начин на примена на легитимно дискреционо право. Вредност на оваа дефиниција е што дефиницијата е рестриктивна, прецизна и корупцијата ја смета за однос на размена во кај активно се вклучени две страни.

Интересна е и дефиницијата што ја дава Nye (1967)[7] според кој корупција претставува отстапување од формалните обврски во поглед на јавните функции или директно кршење на соодветни правила заради стекнување приватни, материјални или статусни погодности. Оваа дефиниција е најблиска до најраспространетата и најчесто применувана дефиниција “ злоупотрба на јавни овластувања /положба заради стекнување приватна корсит. “ И во оваа, како и кај претходната дефиниција, не е опфатена залоупотребата на дискреционите права. Притоа, со ваков пристап, злоупотребата да се третира само како отстапување од формалните обврски, не е возможно корупцијата да се разграничува од други слични феномени, кои во суштина не се корупција – проневера, непотизам итн. На оваа и на претходното дефинирање на злоупотребата може да им се забележи дека тие се применливи само во јавниот сектор, а не и во приватниот. Со исклучувањето на корупцијата во приватниот сектор, истражувачките резултати за корупцијата би биле нецелосни.

Во рамките на дефинирањето на корупцијата интересна е и дефиницијата на Tanzi (1995)[8] според која корупција постои доколку намерно е нарушено *начелото на непристрасност при носење одлуки, со цел на присвојување на некоја погодност за себе или* за некое со него поврзано лице. Оваа дефиниција овозможува разграничување на корупцијата од другите видови на злоупотреби: го надминува проблемот со легитимните дискрециони права: корупцијата ја третира како двостран однос, однос на размена, а и го надминува проблемот со врзувањето на корупцијата само со јавниот сектор, може да се прошири и на приватниот сектор. Се чини дека, лицето со прифаќањето материјална или друга корист, за да стори или не стори нешто што му е во надлежност е исполнет условот злоупотреба на функција. , овластување, обврска или должност.

Втор конститутивен елемент на корупцијата е умислата – делото да биде сторено со умисла. Тоа значи дека, доколку делото е сторено од небрежност или во заблуда не треба да се смета за коруптивно дело.

6 Наведено според Boris Begović **Ekonomska analiza korupcije,** Akademija, Beograd 2007, str. 60

7 Исто стр. 61
8 Исто, стр. 60

Трет елемент е постоење на лична корист или корист за друго лице – таа може да биде изразена во пари или друга материјална вредност, но и на друг начин – добивање погодности, работно место и слично.

Четврти елемент е, корупцијата да претставува двостран или повеќе стран однос, во кој пракрично се врши размена на корисности за страните во коруптивниот однос.

Идентификувајки некои од елементите за единствена дефиниција за истражување на корупцијата, однапред сакаме да укажеме дека има недостатоци и одредени недоречености, но треба да се искористи како појдовна основа за такво дефинирање на корупцијата, кое ќе овозможи да се издвојат кривичните дела што треба да ја сочинуваат корупцијата и кои треба да бидат земени предвид при нејзино емпириско истражување.

***Користени закони и други документи:***

Кривичен Законик на РМ
Законот за спречување на корупцијата
Закон за судови
Закон за јавни обвинителство
Закон за судир на интереси
Програма за спречување на корупцијата, на Државнат Комисија
Казнена конвенција за спречување на корупцијата Цивилна конвенција за спречување на корупцијата
Додатен протокол кон Казненета конвенција за спречување на корупцијата
Конвенција на Обединети Нации против корупцијата

***Користена литература:***

1. Арнаудовски Љупчо, Криминологија, Скопје 2007, 2ри Август С-Штип, 777 стр.
2. Владо Камбовски, Организиран криминал, Скопје
3. Владо Камбовски, Меѓународна-правна рамка во борбата против корупцијата
4. Boris Begovic **Ekonomska analiza korupcije,** Akademija, Beograd 2007, 532 str.
5. Gjorgje Ignjatonic, KRIMINOLOGIJA, Sluzbene glasnik, Beograd, 2005, 495 str.
6. Програма за набљудување на судски предмети во врска со корупцијата во Република Македонија

Психологија на моралот
Psychology of moral
UDK/UDC 174-057.875 (497.7)
Научен текст / Scientific Paper

*М-р Маријана Марковиќ*

# КАРАКТЕРИСТИКИ НА МОРАЛНОТО РАСУДУВАЊЕ КАЈ СТУДЕНТИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

АПСТРАКТ

Со цел емпириски да се проучи процесот на донесување морален суд кај морални дилеми со различна содржина, беше спроведено теренско истражување во периодот февруари-јуни 2007 година. Испитаници беа студенти од општествените науки, главно при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на возраст од 20 до 27 години.

Моралното расудување во ова истражување се разгледува од аспект на когнитивно-развојната психологија на моралноста. За мерење на нивото на моралниот развој, во истражувањето е употребен инструмент кој содржи три морални дилеми, а е заснован врз *Когнитивно-структуралната теорија* на Колберг, според која моралниот развој се одвива низ шест стадиуми и три нивоа. Карактеристиките на моралното расу-

*Marijana Markovic, M. Sci*

# MORAL REASONING CHARACTERISTICS IN MACEDONIAN STUDENTS

ABSTRACT

In order to do an empirical research on the process of making moral judgments in diverse moral dilemmas, a field research has been conducted in the period of February through June 2007. The respondents chosen were social studies students, mainly from the Ss. Cyril and Methodius University, aged 20 through 27.

Moral reasoning is analyzed from an aspect of a cognitive developmental morality psychology. For measuring the level of moral development an instrument has been used which consists of three moral dilemmas and is based on the cognitive-structural theory by Kohlberg according to which moral development takes place in six stages and three levels. The moral reasoning characteristics were investigated in a sample of 210 students.

The research showed that regardless of the nature of the moral dilemma, the respondents made their judgments at the highest

дување беа испитувани кај пригоден примерок од 210 студенти.

Истражувањето покажа дека испитаниците, независно од содржината на моралната дилема, судат од највисокото ниво на морално расудување (постконвенционалното) ниво, со што емпириски беа потврдени постулатите на *Когнитивно-структуралната теорија* на Колберг.

**Клучни зборови:** *морално расудување, морални дилеми*

level of moral reasoning (the post conventional one) which empirically confirms the Kohlberg's cognitive-structural theory postulates.

**Key words:** moral reasoning, moral dilemmas

marijana@isppi. ukim. edu. mk

## ПСИХОЛОШКИ КОНЦЕПТИ ЗА ЧОВЕКОВАТА МОРАЛНОСТ

Во психологијата можат да се издвојат четири глобални правци околу кои се градени концептите кои ја објаснуват човековата моралност. Првиот правец е поврзан со објаснување на моралноста преку принципите на динамската психологија. Вториот правец е фокусиран околу идејата дека поведението може да се обликува преку механизмите на условување. Третиот правец истакнува дека човекот е примарно добар. Последниот, четвртиот, когнитивно-развојниот е ориентиран кон проучување на моралните развојни стадиуми. Психолошко-динамскиот приод во објаснувањето на човековата моралност акцентот го става врз емоциите, бихевиоризмот го истакнува обликувањето на поведението, хуманистите се повикуваат на човековиот разум, а когнитивистите го истакнуваат когнитивниот развој. Иако когнитивистите ја истакнуваат когницијата, сепак тие не негираат дека емоциите се релевантен фактор кој го условува моралниот развој.

Теориската рамка на ова истражување е заснована врз теориските постулати на когнитивно-развојниот пристап во психологијата, особено на *Когнитивно-структуралната теорија* на Лоренц Колберг (Lawrence Kohlberg).

Когнитивно-развојната теорија на Колберг има неколку клучни термини: *структурализам* (развојот на менталните операции се засновува врз когнитивните структури), *феноменализам* (персоналното однесување може да биде разбрано единствено во рамките на свесното искуство), *интеракционизам* (когнитивните структури се развиваат преку процес на интеракција на организмот со надворешната средина), и *когнитивни стадиуми.*

Концептот на Колберг, има неколку важни придонеси во психологијата на моралот (според Evans иMc Candless, 1978). Имено, Колберг утврдил дека:

1. моралниот развој се состои од возрасно поврзани, последователни реорганизации на моралните ставови и моралното расудување;
2. главните аспекти на моралниот развој се културално универзални;
3. моралните принципи се набљудуваат како структури кои се развиваат преку социјална интеракција; и
4. мотивацијата за морално поведение е активирана од универзалната човечка грижа за прифаќање, адекватност, себевреднување и еднаквост со другите.

Влијанието на средината е детерминирано од генералниот квалитет на когнитивните и социјалните стимулации.

Пијажеовите три стадиуми[1], Колберг ги разработил и развил во три нивоа и шест стадиуми. Колберг утврдил постоење на три нивоа и шест стадиуми на моралниот развој.

Ова истражување се засновува врз теорискиот концепт на Колберг, според кој моралниот развој се одвива низ три нивоа, а секое ниво има два стадиума.

Децата на возраст до четири години се наоѓаат во предморално ниво. Децата на возраст од 4 до 10 години функционираат на ниво на **предконвенционално морално расудување**, при што моралот е базиран врз антиципираната награда (казна). Првиот стадиум од нивото еден е означен како **послушност и ориентација кон казна** (се почитуваат правилата за да се избегне казната). Акциите се проценуваат според нивната физичка природа, а не во однос на психолошкиот интерес. **Во текот на вториот стадиум**, стадиум на **наивната егоистичка ориентација**, децата ги проценуваат дејствата како добри или лоши според тоа дали им служат на личните цели. Детето ги почитува правилата само ако се во рамките на неговите интереси или потреби, притоа имајќи сознание дека и другите можат да го прават истото. Второто ниво, **нивото на конвенционален морал,** започнува од десеттата година, а го сочинуваат два стадиума. Третиот стадиум: „**добро момче - добро девојче**" подразбира **заемно интерперсонално очекување, интерперсонален конформитет.** На овој стадиум на моралниот развој**,** да се биде добар значи да се имаат добри намери и мотиви кон другите луѓе. Акциите се проценуваат според намерите. Присутен е конформизам кон стереотипите. Четвртиот стадиум е **стадиум на социјални системи,** при што индивидуалните релации се проценуваат во однос на местото во системот кое индивидуата го има. Третото ниво, **ниво на постконвенционален морал,** го сочинуваат двата стадиума што следат. **Петтиот стадиум е именуван како ориентација кон општествен договор.** Кога ќе се достигне овој стадиум, се станува свесен дека луѓето имаат различни вредности и ста-

1 Кај првиот стадиум, предморален, не постои разбирање на моралните правила. Овој стадиум соодветствува на возраст до четири години. Вториот стадиум, стадиум на хетерономен морал, соодветствува на возраст од пет до 9 години. За овј стадиум е карактеристично постоење на објективна одговорност, егоцентрично резонирање и иманентна правда. Третиот стадиум, стадиум на автономен морал, соодветствува на возраст над 10 години. За овој стадиум е својствено што постои чувството за реципроцитет и што се дава важност на мотивот кој бил причина за дејствието.

вови, како и дека повеќето правила и вредности се релативни за секоја група. **Шестиот стадиум е стадиум на ориентација кон универзалните етички принципи.** На ова ниво на моралниот развој се следат етичките принципи кои индивидуата сама одлучила да ги почитува. Според Колгберг, сите индивидуи не го достигнуваат третото ниво на морален развој. Достигнувањето на третото ниво зависи од нивото на образование, когнитивниот и емотивниот развој.

Колберг го преферира когнитивно-развојниот модел на моралност. Спротивно од Пијаже, кој до теоретските согледувања дошол врз основа на природна опсервација на децата, моделот на Колберг произлегол од моралното расудување за хипотетски морални дилеми. Резултатите од истражувањата покажале дека со стандардните, хипотетски дилеми, се постигнува нешто повисоко ниво на морално судење отколку кога се суди за дилеми кои се случуваат во реалниот живот (Walker, 1987). Моралната дилема претставува хипотетска или реална животна ситуација во која постои конфликт на најмалку два морални принципа. Морален принцип е принцип на добро или лошо кој е прифатен од индивидуите или од социјалните групи. Моралниот принцип претставува констатција, процена за тоа што е морално добро, а што лошо, како и за тоа што треба или мора да се направи, или што не треба или не мора да се направи (хттп://comp. uark. edu/~rlee/gmp/help. html).

Во оваа истражување се употребени морални дилеми со понудени аргументи, а секој аргумент соодветствува на еден од стадиумите на морално расудување според теоријата на Колберг. Инструментот содржи три морални дилеми. Секоја морална дилема е проследена со субјективна процена на тежината со која се донесува одлуката. Тежината на одлуката се запишува на скала од *-3* до *+3*, каде *-3* значи многу лесно се донесува одлуката, а *+3* многу тешко. Секоја дилема има само два можни исхода. Испитаникот мора да избере само една од понудените две алтернативи - „да” или „не”. Откако испитаникот ќе го запише својот суд, тогаш, во зависност од одлуката, одговара на серијата понудени аргументи со кои треба да го образложи својот суд. На пример: доколу испитаникот одговори со „не” на „Дилемата на Маја”, тој одговара на алтернативите кои соодветствуваат на одговорот „Не, Маја не ги дава парите”.

Понудените аргументи ги рангира на скала од *1* до *6*, каде што најважниот аргумент го обележува со *1,* а најмалку важниот со *6*. Прво место (и најважно) е *1*, *2* е второ место итн. Одговорите се рангираат според важноста што ја има тврдењето за донесениот морален суд. Бројките од *1* до *6* се впишуваат во колоната “ранг„. Инструментот е конструиран според принципот на двоетапност при донесувањето морален суд, каде *првиот чекор е донесување морален суд, а вториот аргументирање на судот.*

Конструираните морални дилеми кои се употребени во ова истражување се бихевиорални дилеми. Под „бихевиорална дилема” се подразбира сценарио каде што испитаникот мора да избере една од само двете понудени насоки на акција на главниот актер. Кај овие дилеми не постои трет избор и испитаникот нема време за преиспитување на сопствената одлука. Сценариото мора

да содржи морална дилема, односно мора да вклучува конфликт на најмалку два морални принципа.

Во истражувањето беа вклучени три дилеми: „Дилемата на Маја"; „Дилемата на Марко"; и дилемата „Воведување на верско образование. Сите три дилеми детално се објаснети во текстот што следи.

**„Дилемата на Маја" е** морална дилема чија разрешница зависи од примената на основните морални принципи како што е „грижата за животот и здравјето на блиските". Оваа дилема произлезе од работната група која броеше 40 студенти од втора година при Институтот по психологија (Филозофски факултет-Скопје), а беше реализирана во април 2007 година. Главен актер е Маја, девојка која заработила пари за да се запише на факултет, која има помала сестра и родители-стечајци. Сестрата на Маја доживува сообраќајка. Маја е ставена во ситуација да донесе одлука - дали да ги даде, или да не ги даде парите за операција на сестрата. Кај оваа морална дилема присутен е конфликт помеѓу следниве два морални принципа: 1. грижа *за човечкиот живот и здравје* и 2. *реализација на сопствените цели и интереси.*

**„Дилемата на Марко**" е животната ситуација која има карактер на социјална конвенција[2]. Како социјална конвенција кај посочената дилема се јавува вработување и поставување на раководни позиции според партиски клуч[3].

Оваа дилема е резултат на анализата на повеќе дилеми кои произлегоа од работната група која броеше 40 студенти од втора година при Институтот по психологија (Филозофски факултет-Скопје), а беше реализирана во април 2007 година. Присутноста на оваа дилема (од вкупно приложени 40 морални дилеми 12 се однесуваа на воспоставување или прекин на работен однос поради партиска припадност, останатите дилеми се однесуваа на различни сегменти, како што се: партнерски релации, пријателство, односи во семејство, едукација и слично) упатува на заклучокот дека појавата која е застапена во дилемата е дел од секојдневното живеење. Во *Дилемата на Марко* се зборува за промена на партиската припадност со цел задржување на постоечките општествени позиции. Дека е ова општествено присутна и веќе прифатена појава упатуваат и месечните извештаи објавени во рамките на проектот "Ме-

2 Социјалните конвенции или социјалните норми се правила кои општеството ѝ ги наметнува на индивидуата. Социјалното санкционирање е компонента која ги раздвојува социјалните норми од другите социјални конструкти, како што се вредностите. Социјалните конвенции се мерила на однесување, развиени и утврдени од страна на определено општество. Се утврдуваат постепено, низ нејасни ситуации, во кои се изнаоѓаат типични решенија кои потоа стануваат норми. Со тек на времето, тие стануваат дел од света на поединецот и го претставуваат она што членовите на заедницата смеат или не смеат да го прават.

Конвенциите се бихевиорални униформности кои ги усогласуваат интеракциите на поединците во рамките на општествениот систем. Тие се симболички елементи на социјалната организираност, тие се арбитрарни и релативни, променливи од општество до општество и во едно исто општество во различно време.

3 Оваа појава особено е забележлива при промена на власта („Медиумско огледало" - проект на континуирано мониторирање на односот на медиумите кон владината политика, 2005-2007, www. nvoinfocentar. org. mk)

диумско огледало”[4]. Во ова дилема главен учесник е Марко, кој за да остане раководител во фирмата е ставен пред дилемата дали да ја смени партиската книшка, или не. Во оваа морална дилема присутен е конфликт помеѓу следниве два морални принципа: 1. *Лојалност кон партијата на која се припаѓа и прифаќање на ставовите на партијата, и 2. Задржување на раководната позиција во фирмата.*

**Третата дилема е „Воведување на верско образование во училиштата”.** Еден од аспектите на општественото уредување е вклучен во оваа дилема. Под аспекти на општественото уредување се подразбираат мерки кои се преземаат за уредување на здравствениот систем, образованието, судскиот систем и слично. Оваа дилема содржи реална животна ситуација за која партиите во позиција и партиите во опозиција имаат спротивни мислења, а тоа е, дали да се воведе или да не се воведе верско образование во основните училишта. Воведувањето на верско образование во основните училишта е во согласност со идеологијата на десно ориентираните партии на кои им припаѓа актуелната - владејачката ВМРО-ДПМНЕ. Одвојувањето на религијата од образованието е во согласност со идеологијата на лево ориентираните партии на кои припаѓа актуелно опозициската СДСМ. Едниот принцип „воведување на религијата во училиштата” е спротивставен со другиот принцип „одвојување на религијата од образованието”. Во конкретната морална дилема, главниот актер се парламентарците од позициската партија. Приложените тврдења треба да послужат како аргументи за одлуката на парламентарците дали да гласаат „за” измените на „Законот за основно образование” или да гласаат „против”. Дилемата на парламентарците се состои во изборот на морален принцип кој ќе има хиерархиски примат над другиот. Во оваа морална дилема присутен е конфликт помеѓу следниве два морални принципа: 1. *застапување на ставот кон партијата, односно лојалност кон партијата; и 2. доследност кон сопствените ставови и личните убедувања.* Можно е да настапи поклопување на ставот на партијата и мислењето на учесникот, но важно е врз што се става тежиштето при донесувањето на одлука: дали врз мерките и наградите за партиска послушност или врз аргументирање на личната одлука.

Согласно со Колберговото оценување на одговорите на испитаниците, единица на анализа на моралното расудување е пресек на следниве елементи: *дилема х решение х норма х елемент (елементите се делат на модални и вредносни).* При оценувањето на одговорите, Колберг користел единица на анализа, која мора да биде доволно мала за да обезбеди, со својата хомогеност, релијабилност во оценувањето, и доволно јасна за да обезбеди содржинска валидност. Единицата на анализа е операционално дефинирана како пресек на *дилема* х *решение* х *норма* х *елемент.*

4 http://www. nvoinfocentar. org. mk/reports. asp?site=mm&menu=1. 3&lang=mak&year=2008, Континуиран мониторинг на медиумите во РепубликаМакедонија реализиран во периодот од 2005-2007

Нормите се однесуваат на моралните вредности кои личноста ги смета за важни. Нормите се користат за оправдување на моралните одлуки и ги вклучува следните категории: „живот", „сопственост", „вистина", „афилијација", „еротска љубов", „авторитет" „закон", „договор", „цивилни права" „религија", „свесност" и „казна". Елементи за Колберг претставуваат причини кои на нормите им даваат значење и ги поврзуваат со акциите.

Модални елементи се: „послушност", „обвинување", „ослободување од обвинување", „имање право" и „имање должност".

Вредносните елементи се однесуваат на крајното објаснување. Тие се над нормите и модалните елементи. Тие ја сочинуваат моралната филозофија на личноста и вклучуваат разум, емоции, мотиви и ставови врз основа на кои се базира моралната одлука. Следи приказ на структурата на трите морални дилеми, вклучени во истражувањето, согласно со Колберговото определување на единицата на анализа на моралното расудување.

**Табела 1. Приказ на структурата на трите морални дилеми согласно со Колберговото определување на единицата на анализа на моралното расудување**

| Морални дилеми | Норма | Елементи | |
|---|---|---|---|
| | | Модални елементи | Вредносни елементи |
| Дилемата на Маја | Живот, здравје, добросостојба на блиските | Имање должност | Љубов и почитување на семејството |
| Дилемата на Марко | Лојалност, унапредување | Ослободување од обвинување, имање право | Утилитаристички ставови, егоизам, идеали |
| Воведување на верско образование во училиштата | Лојалност кон партија, доследност кон сопствените ставови | Послушност, имање право, имање должност | Идеали, егоистични или утилитаристички, доследност кон сопствени убедувања |

Во табелата е прикажано дефинирањето на секоја од употребените морални дилеми согласно со Колберговото определување на единицата на анализа на морално расудвање. Во „Дилемата на Маја" доминира универзалниот принцип (норма) *грижа за доброто на блиските,* кој е преточен во нормите *живот, здравје, семејство.* Во ова дилема доминира модалниот елемет *имање должност кон блиските,* а е во функција на заштита на здравјето и добросостојбата на блиските. Вредносните елементи го сочинуваат крајното објаснување на донесениот морален суд, а содржат емоции, мотиви и ставови. Во овој случај доминира љубовта кон сестрата и родителите. Во „Дилемата на Марко", како норма се појавуваат *лојалноста кон групата на која се припа-*

*ѓа,* но и *тенденцијата за сопственото професионално унапредување.* Модални елементи кои можат да се појават се: *послушност, имање право, имање должност.* Кај „Дилемата на Марко”, како вредносни елементи доминираат *утилитаризмот, прагматизмот* како резултат на општествените услови на живеење, искуството за функционирањето на политичките партии како и економската состојба, но присутни се и *идеалите* и *лојалноста кон групата на која се припаѓа.*

Во третата дилема „Воведување на верско образование во училиштата” доминираат следниве норми: *припадност кон групата, доследност на сопствениот систем на вредности.* Како модални елементи се јавуваат *послушност, имање право, имање должност.* Односно, актерите имаат право да останат доследни на сопствениот став, но воедно имаат и должност да ги застапуваат интересите на партијата која ја застапуваат. Како и кај претходната дилема, и кај ова, како вредносни елементи се јавуваат *утилитаризам, егоистичност, но и идеали и доследност кон сопствените убедувања.* Колберг истакнува (според Kuhmerker, 1991) дека вредносните елементи се условени од актуелните општествено економски и социјални услови.

## ИСТРАЖУВАЧКИ ДЕЛ

Во истражувањето беа вклучени студенти од шест факултети. Четири од нив се составен дел на државниот универзитет „Св. Кирил и Методиј”, Скопје. Универзитетот на Југоисточна Европа од Тетово и Универзитетот Американски колеџ-Скопје се приватни универзитети. Во примерокот доминираат студентите од хуманитарните области, како што се психологија (56) и социјална работа (49). Согласно со половата структура, може да се констатира дека во општествените науки доминира женскиот пол, што се одрази и врз структурата на примерокот-од вкупно 210 испитаници, 144 беа жени, а 66 мажи.

Една од постапките за утврдување на хипотетската валидност на психолошките инструменти е *анализа на факторите* (Bukvic, 1981 стр. 263). Податоците од спроведената анализа на факторите покажаа дека моралната дилема - „Дилемата на Маја”, според својата содржина е различна од другите две дилеми. Другите две дилеми - “Дилемата на Марко” и дилемата „Воведување на верско образование во училиштата”, се слични бидејќи се однесуваат на политичките партии во Република Македонија, но се различни според секторот на влијание. Анализата на фактори издвои 3 фактори. Првиот фактор соодветствува на дилемата „Воведување на верско образование”, Вториот фактор соодветствува на „Дилемата на Марко”, а третиот на „Дилемата на Маја”. Како што може да се забележи од приложената табела, алтернативите кои служат за аргументирање на моралниот суд во дилемата „Воведување на верска настава” го заситуваат првиот фактор. Тврдењата кои служат за аргументира-

**Табела 2. Приказ на добиените податоци од анализата на факторите на инстументот кој содржи морални дилеми**

| Стадиуми на морален развој согласно со моралните дилеми | фактори | | |
|---|---|---|---|
| | I Воведување на верско образование | II Дилемата на Марко | III Дилемата на Маја |
| „Маја ги дава парите” | | | |
| Стадиум 1 | | | ,981 |
| Стадиум 2 | | | ,966 |
| Стадиум 3 | | | ,924 |
| Стадиум 4 | | | ,901 |
| Стадиум 5 | | | ,821 |
| Стадиум 6 | | | ,924 |
| „Да се воведе верска настава” | | | |
| Стадиум 1 | -,884 | | |
| Стадиум 2 | -,878 | | |
| Стадиум 3 | -,840 | | |
| Стадиум 4 | -,824 | | |
| Стадиум 5 | -,726 | | |
| Стадиум 6 | -,750 | | |
| „Да не се воведе верска настава” | | | |
| Стадиум 1 | ,894 | | |
| Стадиум 2 | ,889 | | |
| Стадиум 3 | ,823 | | |
| Стадиум 4 | ,738 | | |
| Стадиум 5 | ,833 | | |
| Стадиум 6 | ,706 | | |
| „Марко ја прифаќа понудата” | | | |
| Стадиум 1 | | ,806 | |
| Стадиум 2 | | ,784 | |
| Стадиум 3 | | ,756 | |
| Стадиум 4 | | ,729 | |
| Стадиум 5 | | ,659 | |
| Стадиум 6 | | ,657 | |
| „Марко не ја прифаќа понудата” | | | |
| Стадиум 1 | | -,855 | |
| Стадиум 2 | | -,840 | |
| Стадиум 3 | | -,847 | |
| Стадиум 4 | | -,807 | |
| Стадиум 5 | | -,720 | |
| Стадиум 6 | | -,700 | |

ње на моралниот суд во „Дилемата на Марко” го заситуваат вториот фактор и тврдењата во „Дилемата на Маја” го заситуваат третиот фактор. Од приложената табела се забележува дека нема вредности кои се однесуваат на тврдењата кои го аргументираат моралниот суд „Не, Маја не ги дава парите”. Ваквата состојба произлегува од фактот што многу мал процент (3, 3%) на прашањето „Дали Маја ги дава парите?”, одговориле негативно. Од приложената табела може да се забележи дека тврдењата со кои се аргументира едниот морален суд (на пример *да се воведе верска настава*) претставуваат контра-аргументи за другиот морален суд (на пример *да не се воведе верска настава)* во рамките на една морална дилема (*Воведување на верска настава*).

Согласно со спроведената постапка за конструирање на трите морални дилеми и добиените податоци од применетата статистичка постапка за утврдување на хипотетската валидност, може да се каже дека примената на овој инструмент во ова истражување е оправдана.

Најголем процент од испитаниците (96, 7%) се изјаснале дека Маја треба да ги даде парите за операција на нејзината сестра. Речиси поделено е мислењето дали Марко треба да ја замени партиската книшка или не, како и милсењето дали треба да се воведе верско образование во училиштата или не треба.

**Табела 3. Процентуална дистрибуција на одговорите на испитаниците дали се *за* или *против* одлуката на актерот, согласно со трите дилеми**

| Морални дилеми | “За” % | “Против” % | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Дилемата на Маја | 96, 7 | 3, 3 | 210 |
| Дилемата на Марко | 59, 5 | 40, 5 | 210 |
| Воведување на верско образование | 58, 1 | 41, 5 | 210 |

Како што може да се забележи од приложената табела, испитаниците немаа дилема во случај кога требаа да го применат универзалното морално правило, да му се помогне на блискиот кога е во неволја, кое е содржано во *Дилемата на Маја.* Поделеност на мислењето се јави во двете дилеми кои произлегуваат од социјалните конвенции и актуелните политички услови.

Оние кои одговориле дека Маја треба да ги даде парите, својот суд го образложиле употребувајќи аргументи кои соодветствуваат на постконвенционалното ниво на морален развој, односно на стадиумите пет (*ориентација кон општествен договор*) и шест (*почитување на универзалните морални правила*) според Колберговата теорија на морален развој. За аргументот кој соодветствува на стадиумот пет се определиле 30, 0%, а за аргументот кој соодветствува на стадиумот шест се определиле 44, 8% од испитаниците (види табела 4).

**Табела 4. Процентуална дистрибуција на одговорите кои соодветствуваат на Колберговите стадиуми на морално судење согласно со донесениот морален суд: „Да, Маја треба да ги даде парите"**

| Стадиуми на морално судење | Процент |
|---|---|
| Маја не ги дава парите | 3, 3 |
| 2 (Кога сестра ѝ ќе оздрави…) | 4, 3 |
| 3 (Доколку не ги даде парите…) | 0, 5 |
| 4 (Како сестра, Маја…) | 17, 1 |
| 5 (Можноста да се помогне…) | 30, 0 |
| 6 (Здравјето на најблиските…) | 44, 8 |
| Вкупно | 100, 0 |

Презентираните податоци покажуваат дека грижата за здравјето и добросостојбата на блиските е генерален морален принцип чие почитување не се доведува во прашање. Имено, во најголем број, испитаниците немаа дилема дека Маја треба да ги даде заработените пари за да се излекува нејзината сестра. Својот морален суд го аргументираа согласно со нависокото (постконвенционално) ниво на морално расудување според Колберговата теорија.

За разлика од одговорите на „Дилемата на Маја", каде испитаниците многу лесно донесле суд, кај „Дилемата на Марко" испитаниците потешко го донесле моралниот суд, односно 53, 8% од испитаниците генерално имале потешкотии при донесување на моралниот суд. Ставени пред дилемма: дали да се промени партиската книшка и да се остане на раководното место или да се остане доследен на партијата, а притоа да се изгуби раководното место, поголем дел од испитаниците донеле прагматичен морален суд, односно морален суд кој кореспондрира со општествената реалност. Повеќе од половина од испитаниците одлучиле дека Марко треба да ја промени партиската книшка и да ја задржи раководната позиција. Предложените аргумент, испитаниците ги избираа согласно со донесениот морален суд. Па така, согласно со одговорот „Марко ја прифатил понудата" испитаниците одговараа на серијата понудени аргументи кои одат во прилог на донесениот суд, а соодветствуваат на по еден стадиум од моралниот развој, согласно со Колберговата теорија.

Во најголем процент застапени се одговорите кои упатуваат на стадиумите шест (31, 2%), кој соодветствува на постконвенционалното ниво на морално расудување (стадиум на ориентација кон универзалните етички принципи*)* и стадиумот четири (32, 8%) кој соодветствува на конвенционалното ниво (стадиум на социјални системи*)* на морално расудување (види табела 5).

Оние испитаници кои се изјаснале дека „Марко не ја прифатил понудата" аргументите ги бирале од серијата на тврдења која соодветствува на изнесениот морален суд.

**Табела 5. Процентуална дистрибуција на одговорите кои соодветствуваат на Колберговите стадиуми на морално судење согласно со донесениот морален суд: „Марко ја прифатил понудата"**

| Стадиуми на морално судење | Процент |
|---|---|
| 1 (Неговата жена…) | 2, 4 |
| 2 (Ќе има повисока плата…) | 7, 2 |
| 3 (Тој е солиден работник…) | 7, 2 |
| 4 (Негова одговорност…) | 32, 8 |
| 5 (Политичката припадност…) | 19, 2 |
| 6 (Одлуката на Марко…) | 31, 2 |
| Вкупно | 100, 0 |

**Табела 6. Процентуална дистрибуција на одговорите кои соодветствуваат на Колберговите стадиуми на морално судење согласно со донесениот морален суд: „Марко не ја прифатил понудата"**

| Стадиуми на морално судење | Процент |
|---|---|
| 1 (Членовите на партијата…) | 1, 1 |
| 2 (Кога неговата партија…) | 3, 5 |
| 3 (Партијата на која припаѓа…) | 1, 1 |
| 4 (Партиската припадност…) | 8, 3 |
| 5 (Тој ќе ја тужи фермата…) | 9, 5 |
| 6 (Личното почитување…) | 76, 5 |
| Вкупно | 100, 0 |

Оние испитаници кои донесле суд дека Марко треба да одбие да ја промени партиската книшка, во најголем процент (76, 5%) донеле одлука согласно со највисокиот (шестиот) стадиум (стадиум на ориентација кон универзалните етички принципи) на морален развој (види табела 6).

„Дали парламентарците треба да гласаат за воведување на верска настава во училиштата" е моралната дилема за која испитаниците треба да донесат морален суд, а претходно треба да ја оценат тежината на својата одлука. Најголемо е учеството на одговорите (31, 4%) за модалитетот "Ни лесно ни тешко", а „Многу лесно" одговориле 27, 6% од испитаниците. Овие податоци упатуваат на заклучокот дека испитаниците немале потешкотии при процесот на донесување на моралниот суд. Во најголем процент (58, 1%) испитаниците

тврдат дека пратениците треба да го усвојат законот за верско образование (види табела 7).

Согласно со донесениот морален суд, испитаниците одговараат на една од двете серии на аргумети. На едната серија одговараат испитаниците кои одлучиле дека верската настава треба да биде составен дел од образованието во основните училишта, а на другата оние кои одговориле дека верската настава не треба да биде составен дел од образовниот процес во основните училишта.

**Табела 7.** Процентуална **дистрибуција на одговорите кои соодветствуваат на Колберговите стадиуми на морално судење согласно со донесениот морален суд „Да, парламентарците треба да го усвојат законот"**

| Стадиуми на морално судење | Процент |
|---|---|
| 1 (Ако не се изгласа законот…) | 0, 9 |
| 3 (Ако некои пратеници …) | 2, 4 |
| 4 (Пратениците од …) | 2, 5 |
| 5 (На тој начин…) | 54, 1 |
| 6 (Пратениците го гласаат…) | 40, 1 |
| Вкупно | 100, 0 |

При аргументирањето на моралниот суд „Да, парламентарците треба да го усвојат законот", најзастапен е аргументот кој соодветствува на петтиот стадиум (ориентација кон општествен договор) на морален развој (54, 1%) па потоа аргументот кој соодветствува на шестиот стадиум на морален развој (40, 1%) (види табела 7).

**Табела 8**. Процентуална **дистрибуција на одговорите кои соодветствуваат на Колберговите стадиуми на морално судење согласно со донесениот морален суд: „Не, парламентарците не треба да го усвојат законот**"

| Стадиуми на морално судење | Број | Процент |
|---|---|---|
| 2 (Кога тие ќе бидат во…) | 1 | 1, 1 |
| 3 (Анкетите покажаа…) | 9 | 10, 2 |
| 4 (Воведувањето на верска …) | 14 | 16 |
| 5 (Уставниот суд…) | 4 | 4, 5 |
| 6 (Религиозноста…) | 60 | 68, 2 |
| Вкупно | 88 | 100, 0 |

При аргументирањето на моралниот суд **„Не, парламентарците не треба да го усвојат законот"**, во најголем процент (68, 2%) испитаниците го избираат аргументот кој соодветствува на шестиот стадиум (види табела 8).

Во истражувањето беа зададени три различни морални дилеми, главно од две причини. Првата причина произлегува од фактот дека содржината на моралната дилема има влијание врз нивото на морално расудување . Втората причина е поврзана со дистинкцијата помеѓу универзалниот и релативниот морал. Универзалниот морал е општочовечки и независен од средината, а постои независно од социјалните конвенции и општественото уредување. Моралниот релативизам не ги одразува универзалните морални принципи, туку зависи од социјалните, културните или историските влијанија. Но, иако, Колберг настојувал да креира морални дилеми чија содржина соодветствува на универзалниот морал, сепак неговите дилеми го носат печатот на општествено-економските услови кои се актуелни за определено време и за определен простор. Истражувањето покажа дека во секоја од трите ситуации е содржана моралната дилема, со што се докажува дека поединецот го засновува своето конкретно мислење и поведение врз интернализација на моралните принципи, а самите морални принципи се универзални.

Токму поради овие причини, во истражувањето беа вклучени три морални дилеми кои имаат иста структура, но различна содржина. Едната морална дилема („Дилемата на Маја") е ослободена од социјалните конвенции и општествениот контекст, но не во целост (во дилемата се споменува дека родителите се стечајни работници), втората дилема го „провоцира" односот кон социјалните конвенции („Дилемата на Марко"), а третата (Воведување на верска настава во училиштата) го „провоцира" односот кон аспектите на општественото уредување. Анализата на добиените податоци упатува на заклучокот дека моралното расудување, кое е резултат на проценувањето на постапките и нивно класифицирање како „добри" или како „лоши" е присутно, како во релативно универзалните ситуации, така и во ситуации кои се оптоварени од општествениот контекст и социјалните конвенции.

Највисокото ниво на морален развој според Колберг е постконвенционалното ниво. Колберг истакнува дека секој човек не може да го достигне ова ниво на морален развој. Како што посочува Линд (1999), моралниот развој зависи од когнитивните способности, емоционалната зрелост, но и од нивото на образование. Според посочените теориски сознанија, постконвенционалното ниво се појавува во периодот на премин од адолесценција во рана зрела возраст. Преминот во постконвенционално ниво особено е поврзан со процесот на осамостојување, кога индивидуата сама донесува одлуки за сопствените животни цели и задачи.

Развојот на моралното расудување, односно преминот од едно во друго ниво на морален развој се поврзани со стадиумите на развој на когнитивните способности. Според Колберг, когницијата има две мошне важни импликации: во развојниот процес развојот на моралните стадиуми се одвива следс-

твено, односно постконвенционалното ниво следи по конвенционалното ниво и, бидејќи когнитивните промени се можни само во една насока, тогаш, кога персоналниот морален развој ќе еволуира кон постоквенционален, тогаш персоналните политички аспекти се придвижуваат кон лево.

Согласно со добиените податоци, кои процентуално се презентирани во табелите, може да се изведе еден генерален заклучок:

*Независно од содржината на моралната дилемма, испитаниците донесуваат морален суд согласно со постконвенционалното ниво на морално расудување според Когнитивно структуралната теорија на Колберг. Добиените податоци соодветствуваат со теориско-емпириските сознанија за процесот на морално расудување во периодот на рана зрела возраст (од 18 до 40 години), а тоа е возраста на која припаѓаат испитаниците. На ова возраст, оние кои го продолжиле едукативниот процес расудуваат од постковенционално ниво на морално расудување.*

**Литература:**


Evans, E. D. & Boyd, R. & Mc Candless, H. (1978). *Children and youth psychosocial development (second edition)*. Washington: University of Washington

Kuhmerker, L. (1991). *The Kohlberg legacy for the helping professions. Birmingham: R. E. P. Books*

Kuhmerker, L. & Cochrane, D. (1985). *Moral education forum.* New York: Hunter

Мирич, Ј. (2001). *Развој моралног мисљења. Београд: НИГП Калеком*

Lind, G. *(1999) Psychology of morality and democracy and educational applications. htpp:// www. uni-konstanz. de/ag-moral*

Попових, Б. (1977). *Увод у психологију морала*. Београд: Научна књига

Walker, L. & de Vries, B. & Tevethan, S. *Moral Stages and Moral Orientation in Real-Life and Nypotetical Dilemmas***.** Child Development, 1987, 58, 842-858

| | |
|---|---|
| Психологија<br>Psychology | UDK/UDC 124.5:17<br>Научен текст / Scientific Paper |

*Д-р Панајотис Цакирпалоглу*

# ПСИХОЛОШКА ИНТЕРПРЕТАЦИЈА ЗА ПОТЕКЛОТО И СМИСОЛОТ НА ВРЕДНОСТИТЕ

АПСТРАКТ

Во трудот е презентиран спорот меѓу етичкиот трансцендентализам и етичкиот емпиризам во светлина на психолошката теорија на вредности. Конфронтацијата на позициите психоанализата и хуманистичко – егзистенцијалната теорија во врска со потеклото, развојот и смисолот на највисоките динизамизми на хуманото однесување и егзистенција, овозможува да се согледаат причините концепциските и практичните разлики меѓу двете доминантни школи, а во исто време да се утврдат можностите за соединување на нивните аксиолошки учења во конзистентен научен систем. Имајќи ги в предвид стремежите на теоријата за

*Panajotis Cakirpaloglu, Ph. D.*

# PSYCHOLOGICAL INTERPRETATION OF THE ORIGIN AND SENSE OF VALUES

ABSTRACT

This article aims at presenting the conflict between the ethical transcendentalism and ethical empiricism in light of the psychological theory of values. The conflicting position of psychoanalysis and the humanistic-existential theory regarding the origin, development and the sense of the highest dynamisms of human behavior and existence enables us to see the reasons for the conceptual and practical difference between the two dominant schools as well as establish the possibilities for uniting their axiological studies into one consistent scientific system. Having in mind that the theory of consilience strives to unite the scientific disciplines whose sub-

консилиенција за соединување на научните дисциплини, чиј предмет на интерес е човекот, во еден научен систем, за психологијата ваквата перспектива претставува conditio sine qua non за научно објаснување на природата на човечките постапки.

**Клучни зборови:** аксиологија, етика, вредности, самоактуелизација.

ject of interest is the human himself into one scientific system in psychology this view represents conditio sine qua non for the scientific explanation of the nature of human actions.

**Key words:** axiology, ethics, values, self-actualization

Вредноста претставува *стекната психичка диспозиција да се постапува или стреми кон одредена цел согласно со субјективното сфаќање на доброто.* (4, с. 385). Вредноста е добро, формирано во процесот на социјална интеракција на единката, добро кое мотивира, определува идни цели и согласно со нив ја насочува и регулира иднивидуалната и социјалната акција.

Современата психолошка теорија негува два пристапа кон човековите вредности. Едниот пристап е познат како вредносен трансцендетализам, вториот пак како вредносен хуманизам. Иако делат заеднички предмет - доброто како основен именител на сите човекови стремежи - и аксиолошките позиции на психолошкиот трансцендентализам и психолошкиот хуманизам заемно се исклучуваат и во основа ги продолжуваат конфронтациите на одделните филозофски и религиозни етички доктрини.

Психолошкиот трансцендентализам ги смета вредностите за априорни категории на човековото доживување и активност: доброто како содржина и цел немаат потекло во човекот, ниту во групата како интенционална организација на луѓе. Вистинскиот извор на вредностите е авторитетот, персонифициран во конкретна надредена личност (водач), возвишено битие (Господ), институција (држава), идеологија (политичка, религиозна...). Вредностите ги создава авторитетот, кој едновремено се грижи за нивно безусловно прифаќ ање од страна на потчинетите. Вредностите имаат инструментална функција и служат за остварување на интересите на надворешниот авторитет.

Теолошкиот трансцендентализам постулира дека вистината и вредностите ги создал единствениот творец, Господ. Согласно со тоа св. Августин го истакна кредото „Верувај за да спознаеш“ (лат. crede, ut intellegas), основа на моќната патристичка етика. Верата претставува највисока вредност на чове-

кот зашто потекнува од Бога. Теандриската философија (Теос - Господ, Андрос - човек) на св. Августин ја претпочита верата поткрепена со разум; таквата вера го соединува човекот со Господ и му носи блаженство. „Луѓето, за да достигнат блаженство, што подразбира учество во врвното добро, не треба да бараат посредник во демонот, туку во единствениот Христос", пишува св. Августин во делото Божја држава (лат. *De civitate Dei*): (2, стр. 462) Патристичкиот морал се потпира врз Платоновата идеалистичка философија која вредностите ги припишува на врвниот Творец. „Кој сака да биде во милост на такво битие (Господ), мора и сам да стане што е можно посличен на Него, од што произлегува, дека оној кој е разумен, на Бога му е мил зашто Нему му е сличен, додека неразумниот човек се разликува од Него, му се спротиставува и затоа е неправеден", стои во Платоновиот *Закон*. (12, стр. 106) Верата ги содржи критериумите за доброто и злото; доброто е возвишена идеја и ја артикулира божјата суштина.

Аксиолошки трансцендентализам изразуваат одделни социолошки теории, истиот пак е присутен во тоталитарните идеолошки системи. Михајло Поповиќ, во студијата Проблеми на општествената структура (срп. *Проблеми друштвене структуре*), ги одредува вредностите и нормите како „помалку или повеќе прифатени општествени стандарди со кои се регулира општествената дејност и однесувањето на луѓето. " (13, стр. 114) Вредностите ги одредуваат содржините и целите на човековата дејност, нормите, пак, социјално прифатливите облици на остварување на вредностите. Вредностите кажуваат *што е добро* и *каде се наоѓа*, нормите одредуваат правила *за остварување* на *саканото добро*.

Идеолошкото одредување на вредностите е во функција на остварување на политичките и себичните цели на владејачката политичка елита. Посебно деструктивен облик претставува етиката на тоталитарните системи од двата политички екстреми. Тоталитарната етика е ирационална, безобзирна и деструктивна во поглед на определувањето и спроведувањето на доброто. За таа цел се користат институциите на авторитарната држава кои го моделираат моралот на потчинетите граѓани. Пример е нацистичкиот проект за создавање морално возвишено семејство и зголемување на ариевскиот наталитет, кој уметнички го отслика Бохумил Храбал во новелата „Го служев англискиот крал" (чеш. *Obsluhoval jsem anglickeho krale*). Етичките принципи на Третиот Рајх ги проектираше Адолф Хитлер во делото „Мојата борба" (гер. *Mein Kampf*): „Народната борба во сопствената педагошка работа мора да му посвети поголемо внимание не само на физичкиот развиток, туку и на воспитувањето на карактерот. Доколку не може во потполност да се отстранат бројните морални болести кои во себе ги носи народниот организам, сигурно би можело значително да се намалат по пат на насочено воспитување. " (7, стр. 304)

Според Хитлер, грижата за наднационалните идеали требаше да се оствари „со помош на културнотворната раса, со што би никнала супериорна култура на луѓето“ (7, стр. 287). Дубиозна анализа на авторитарната етика презентира Ерих Фром во делото „Човек за себе“.

Идејата за вредносен трансцендентализам ја ослови и психологијата. Концепцијата за априорното потекло на човековите вредности и моралот е присутна во необихејвиоризмот на Скинер и психоанализата на Сигмунд Фројд, вклучувајќи ги и нејзините социјално - културни варијанти (персоналистичката психоанализа на Игор Карузо, концепцијата за нерепресивна цивилизација на Херберт Маркузе и сл. ).

Хуманистичката етика, како антипод на вредносниот трансцендентализам, постулира: *човекот е во основа добар; вредностите ја одразуваат суштината на човековата природа*. Основите на хуманистичката етика ги наоѓаме кај Сократ, според кој, моралот и сознанието претставуваат две страни од ист процес. Доброто и злото се предмет на познавањето, од друга страна, познавањето на вредностите ја одредува практиката и целите на човекот. „Напредокот, среќата и доблеста се можни со рационален и морален увид во сопственото битие и внатрешниот свет“, учел Сократ (Цит ин 8, стр. 103) Морално освестениот човек знае што е добро и согласно со тоа го одбира најдобриот пат кон доблеста. Изреката „Запознај се себе си“ ја изразува суштината на Сократовата етичка мисла од која црпат современите хуманистички концепции.

Етичкиот емпиризам ја имплицира субјективната природа на вредностите. Човечките вредности се производ на практичното размислување; целите претставуваат конкретизација на вредностите. Рационалната желба е извор на индивидуалната среќа и највисоките вредности. Практичното расудување на слободниот човек создава етички принципи, додека чистиот ум го открива светот на објективната стварност. Разликата помеѓу практичното и теориското мислење е највидлива во нивните крајни продукти: вредносните и логичките судови. Аристотел забележал дека практичното расудување ги открива морално етичките вредности, теориското мислење води кон разумските (дианоетичките) вредности. (1, стр. 272) Паралелата помеѓу рационалната филозофија на Аритстотел и современата психологија е очигледна: Карл Густав Јунг постулира еднаквост помеѓу мислењето и емоциите, сметајќи ги како рационални процеси: мислењето прави дистинкција помеѓу вистината и лагата, а емоциите помеѓу доброто и злото.

Емпиризмот во психологијата обединува бројни школи и концепции: хуманистичката етика на Ерих Фром, хиерархиската концепција на вредности на Абрахам Маслов, персоналистичката психологија на Гордон Олпорт, егзистенцијалната психологија на Виктор Франкл, позитивната психологија на Мартин Селигман и Михаљ Чиксентмихаљ (Mihaly Csikszentmihalyi) …

Во натамошниот текст следи дискусија за одбраните вредносни премиси на Фројдовиот трансцендентализам и емпиризмот кај Маслов.

## ПСИХОАНАЛИЗАТА И ВРЕДНОСТИТЕ

Прашањата за етичноста на психоанализата и улогата на ова влијателно учење во психолошкото разбирање на личноста имаат силна вредносна конотација, Во врска со етичноста на психоанализата постојат две спротивставени гледишта: според едното, психоанализата не е и не може да биде нормативна концепција, додека второто гледиште тврди дека длабинската психологија потекнува и истовремено ги артикулира етичките вредности. Компромисното гледиште тврди дека психоанализата ги содржи научните гледишта и специфичната етика на Европа помеѓу 19. -от и 20. -от век.

Психоанализата е учење со силна нормативна конотација изразена, пред се, во психотерапијата. Моралната димензија на психоаналитичката терапија беше остро критикувана од страна на егзистенцијалните психолози. Поради терапевтското наметнување на идентичните вредности и норми кои довеле до развој на патолошката состојба, Франкл ја означил психоанализата за лицемерна, непродуктивна и нехумана етичка доктрина.

Психоанализата постулира дека *човекот е во основа зол*. Ваквиот аксиолошки став произлегува од верувањето во инстинктивната природа на човечките тенденции раководени од принципот на задоволство. Развојот на личноста подразбира културна и општествена трансформација на примитивните психолошки тенденции. Културата и општеството располагаат со систем награди и казни за усвојување на вредности и норми со кои индивидуалниот егоизам се менува во социјално пожелен алтруизам. Усвојувањето на надворешните норми и вредности е услов за развој на личноста, посебно на совеста која се наоѓа во Суперегото. „Суперегото е претставник на сите морални ограничувања, застапник на стремежите за усовршување", забележува Фројд во Новите предавања. (6, стр. 156) Суперегото се развива по пат на идентификација. Идентификацијата е значајна за формирање на карактерот, специфичниот морал и идеалите на личноста.

Психоанализата разликува два вида идентификација: одбранбена и развојна. Одбранбената идентификација е регресивна: ја прави личноста зависна од надворешните авторитети, додека моралниот развој често не ја преминува границата на моралната хетерономија. Развојната идентификација е прогресивна: води кон осамостојување на човекот и формирање сопствен систем на морални вредности и морална автономија. За моралниот развој клучни се емоционалните искуства на личноста: стравот од казна резултира со понизок морален дострел - морална хетерономија; љубовта и респектот го помагаат раз-

војот на автономниот морал. Според психологот Б. Поповиќ, модели за идентификација можат да бидат и поединци вон кругот на примарното семејство. (Cit. in 14, стр. 377)

Фројдовото учење за инфериорниот морал на жената беше мета на чести критики. Постулирал дека карактерот и моралниот развој зависат од специфичното психосексуално искуство на детето, како и од анатомската разлика помеѓу машките и девојчињата. Ваквата дискриминаторна доктрина е оспорувана од страна на науката и самиот живот.

Др. Џун Танги (June Tangney) од Универзитетот Џорџ Мејсон во САД спроведе анализа на моралните разлики помеѓу мажите и жените. Појдовна теза беше дека развојот на Суперегото подразбира учество на одредени емоции, пред се вината и срамот, кои ги рагулираат моралните чувства и постапките на луѓето. Споредувајќи ги наодите на 12 независни студии др. Танги не откри докази за морална супериорност на мажите; наодите одеа во прилог на жените, кои подобро ја контролираат сопствената лутина и попозитивно реагираат кон сиромашните, болните и неспособните луѓе. „Кога се работи за моралот жените се поразвиени од мажите", заклучува Др. Танги. (Cit in. 3, стр. 28).

Меѓу позначајните Фројдови придонеси кон современтата психолошка теорија на вредностите, ги издвојуваме категориите:

- *несвесни вредности,* чие потекло може да биде нагонско а исто така и психолошко во смисла на потиснати емоционални содржини;
- *противвредности,* во кои се содржани Его стремежите по пат на контраинвестиции од свеста да ги отстрани напнатоста и непријатните содржини;
- *сублимација* - психолошки одбранбен механизам со кој примитивните нагонски желби на личноста добиваат социјално попожелен израз и вредности.

**Критика**

Психоаналитичкиот модел на вредносен трансцендентализам е критикуван од страна на бројни психолози и интелектуалци. Генерално, тие ја отфрлаат тезата за човекот како пасивно, реактивно и детерминирано битие со кое раководат инстинктивни тенденции и несвесни желби. Фром, Олпорт, Маслов, Роџерс и другите психолози со хуманистичка ориентација, ја критикуваат тезата на Фројд дека злото претставува јадро на човекот. Наспроти тоа, тврдат дека човекот е априори добар, социјабилен и алтруистичен и, што е најважно, активен творец на сопствените и на културните вредности. Несвесните вредности не ги отфрлаат, меѓутоа го релативизираат нивното значење. Според Олпорт, несвесните желби претставуваат примитивни динамизми својствени за децата, некултивираните возрасни поединци и оние со психички нарушува-

ња. Несвесното доминира кај вредностите со недоволно одредени цели како и кај желбите кои не можат вербално да се искажат.

## ВРЕДНОСТИТЕ ВО ХУМАНИСТИЧКАТА ПСИХОЛОГИЈА

Вредносниот емпиризам го застапуваат психолозите кои човекот го сфаќаат како свесно, слободно и одговорно битие ориентирано кон реализација на сопствените можности. Вредностите имаат емпириска основа, произлегуваат од интенционалната личност и нејзиниот практичен однос кон светот. Протагонистите на психолошкиот емпиризам ги обединува идејата за суштината и смислата на човековото постоење.

Абрахам Маслов смета дека вредностите треба да бидат централна тема на психолошкиот приод кон човекот. Доколку „индивидуалното однесување спаѓа во редот на појави кои не е можно да се објаснат со физички закони“, психолошкиот интерес за вредностите е императив на научниот развој на дисциплината. (9, стр. 67)

Маслов ги дефинира вредностите како инстинктивна подготвеност на човекот за развивање на сопствените потенцијали во содејство со културата. Во таа смисла го воведува поимот *интринсички вредности,* со што ја истакнува инстинктивна основа на вредностите. Соодветно на тоа го проширува сопственото учење за хиерархија на потребите, додавајќи ги т. н. метамотиви, односно Б-вредности (В од анг. беинг = битие). Во состав на Б-вредностите ги истакнува: *добрината, убавото, совршенството, вистината, правдата, редот, потполноста, едноставноста, богатството, игривоста, значењето*. . . Смислата на самоостварувањето треба да се посматра низ развојот на вредностите и нивната интеграција во систем на врвни динамизми со кои човекот го ограничува влијанието на пониските Д-вредности (Д од анг. дефициент = недостаток).

Во студијата *Кон психологијата на битието* (англ. *Toward a Psychology of Being*) Маслов презентира список од петнаесет метамотиви, вклучувајќи ги и соодветните психопатолошки промени (антивредности). (10, стр. 63)

| Б-вредности | *Патогена депривација* | *Метапатологија* |
|---|---|---|
| Вистина | Нечесност | Недоверба, цинизам |
| Добро | Зло | Себичност, омраза |
| Убавина | Грдост | Вулгарност, мрзеливост |
| Целосност | Хаос | Дезинтеграција |
| Живост | Безживотност | Чувство на роботизација |
| Единечност | Униформност | Анонимност |
| Совршенство | Несовршеност | Немоќ, Разочарување |
| Потполност | Непотполност | Безнадеж, персеверација |
| Правичност | Неправичност | Недоверба во правото |
| Јасност | Конфузна сложеност | Претерана сложеност |
| Богатство | Ограниченост | Депресија, стеснатост |
| Ненападност | Нападност | Замор, неспретност |
| Игривост | Немање смисла за хумор | Параноја |
| Самодоволност | Непредвидливост | Зависност од други |
| Смисленост | Недостаток на смисла | Аномија |

Вредностите се стремат кон заемно поврзување во пошироки функционални целини. Оттука, вистината е убава, добра, исправна, потполна; доброто е совршено, ненаментнато, претставува богатство итн. Триадата вредности *вистина*, *добро* и *убавина* редовно се јавува кај самореализираните личности и го одредува индивидуалниот степен на душевна рамнотежа.

Метапатологијата најчесто се јавува во економски развиените општества, Посебно ги зафаќа младите луѓе кои растеле и живеат во услови на материјална благосостојба. И покрај редовното задоволување на нивните секојдневни потреби овие луѓе страдаат од хроничен недостиг на вредности и животна смисла. Според Франкл, овој сериозен проблем на денешницава ја потврдува древната мудрост дека “човекот не живее само од благосостојба”. (5, стр. 22) Со тоа се согласува со Маслов, дека „автоматската гратификација на основните потреби не создава метамотивација„ (11, стр. 30). Среќата не може да се обезбеди со материјални средства, туку низ непрестано откривање на сопственото битие и врвните вредности.

Вредностите се синоним за друшевното здравје. По правило човекот зазема став кон ситуациите или другите луѓе според тоа, дали е тоа за него добро или лошо, дали му предизвикуваат грижа, чувство на вина, гордост и сл. (9, стр. 296) Вредносно ориентирано однесување манифестираат и животните, посебно со способноста да го изберат она што е најдобро за нив. “Животите и луѓето

се способни да научат се што ќе им ги обезбеди крајните добра", тврди Маслов (9, стр. 48). Со тоа тој ја истакнува филогенетската основа на вредностите, сметајќи ги за дел од историскиот развој на психата.

**Критика:**

Приодот на Маслов кон човековото битие зрачи со оптимизам и верба во индивидуалната способност за достигање врвни вредности. Се рабооти за своевиден идеализам на хуманистичката аксиологија кој се должи на трајниот интерес за откривање на вредносните квалитети на т. н. самоостварени личности. Според критичарите, се работи за методолошка еднostраност кои едновремено прашуваат: *каков вредносен систем и личности би открил Маслов доколку би ги анализирал личностите на луѓето од спротивниот табор, на пр. На Наполеон Бонапарта, Џон Рокфелер и слично*? Најверојатно, во теоријата создадена врз психолошка анализа на споменатите личности би доминирале егоизмот, мотивацијата за успех, општествената моќ итн.

Против идеалистичкото сфаќање на човековата природа станале и некои од врвните хуманистички психолози. Роло Меј ја оспорува тезата за постоење априорни културни вредности кои го расипуваат доброто јадро на човекот. Ништо помалку не е проблематичен ставот на хуманистичкиот психолог Карл Роџерс, дека *човекот е во суштина добар и дека неговото зло извира од културата и општеството*. Ваквата аксиолошка позиција го оптоварува етичкото учење на хуманистите со метафизички детерминизам: метафизички, поради еднostраното сфаќање на човековата природа, детерминистички заради сфаќањето за пасивната изложеност на човекот на влијанија од општеството и културата. Иако психологијата не го негира влијанието на надворешните културни и општествени чинители врз личноста, останува дилемата *кој ја создал таквата култура, доколку не луѓето полни со доблест и мани*? Тезата за постоење на иманентно зло кај човекот е подеднакво исправна како и онаа за постоење на доброто: интегралното разбирање на човековата природа е незамисливо без увид во обете спротиставени тенденци. Оттука, дијалектичкото сфаќање на личноста и нејзините потенцијали претставува цондитио сине љуа нон за научна заснованост на современата психолошка теорија на вредности; природата подразбира содејство на поларитети, а човекот е дел од истата таа природа.

## ЗАКЛУЧНА ДИСКУСИЈА

Контроверзите околу валидноста на трансценденталистичкиот, односно хуманистичкиот пристап кон врвните сфери на човековото постоење губат на значење доколку се има предвид севкупната сложеност на човековата при-

рода. Без оглед на религиозното, философското, социолошкото или психолошкото потекло, обете спротиставени доктрини одразуваат одделни аспекти на човековото постоење и неговиот историски развој. При тоа, дел од човековото битие произлегува од природата: за тоа сведочи неговата способност за разбирање на логиката на животот како и подреденоста на луѓето нз законите на наследството, биологијата, физиката, хемијата. Оттука, не е исправно да се отфрла влијанието на природата како врвен авторитет: законите на природата се содржани во јадрото на човековото битие, во длабочините на неговото морално чувствување и хумана активност. Трансцендентната природа на човековите вредности ја потврдува фактот дека секој човек е во сопственото битие човечен, и оттука надарен со латентна способност за разликување на доброто и злото. Вака дефинираната трансцендентност не треба да се поистовети со библиските доктрини за божественото потекло на човековиот морал. односно за надреденоста на религијата над етиката. Таа е, пред се, сродна со Кантовиот категорички императив, религиозните и философските доктрини од Исток, како и современите хуманистички теории кои постулираат априорен етички потенцијал кај секој човек. Каков морален и вредносен профил ќе развие конкретната личност зависи од многу фактори, пред се од емоциите, индивидуалното искуство, волјата, квалитетот на социјалните релации како и бројните културно - социјални влијанија.

Тезата за надреденост на религијата врз етиката дополнително ја поткопуваат најновите антрополошки наоди.

Едвард Вилсон, социобилог и претставник на биодивергенцијата тврди дека човековата природа поседува биолошка основа значајна за развој на етиката и религијата. Согласно со антрополошките наоди за погребните обреди кај првобитните хумани заедници заклучил дека „примитивните елементи на моралното однесување се постари од палеолитските ритуали.“ (14, стр. 288). Според Вилсон, се говори во прилог на тезата дека „религијата никнала на етички основи и дека редовно служела за оправдување на моралните прописи.“ Оттука, тој верува дека идните откритија за биолошката основа на моралните чувства и вреднување ќе ја потврдат оваа, од страна на теолозите и идеалистичките философи, редовно оспорувана и напаѓана теза.

Човековата природа и нејзината историска перспектива ја карактеризира интенционална активност. Индивидуалноста, слободата на изборот и чувството за одговорност се тесно поврзани со непречениот развој на иманентните вредности; вредностите му даваат смисла и го поддржуваат човекот на неговиот пат кон самотрансценденција, кон непречена реализација на неговото био-психо-социо-спиритуално битие.

Психолошкото разбирање на вредностите како содржина, и вреднувањето како процес, претпоставува заземање непристрасна и дијалектичка позиција. Иднината на психолошката аксиологија е во консилиенцијата (научно зближување) помеѓу вредносниот трансцендентализам и вредносниот хуманизам. Тоа е услов за откривање и разбирање на возвишените димензии на душевното.

**Литература:**


1. Aristoteles: *Clovek a priroda*. Svoboda, Praha, 1984.
2. Augustinus A. : *O boží obci*. (Civitas Dei) Naklad. Vysehrad, Praha, 1950.
3. Azar, B. : *Was Freud right? Maybe, maybe not.* Monitor of American Psychological Association, Vol. 28, N. 10, Oct. 1997.
4. Cakirpaloglu, P. : Psychologie hodnot. Votobia. Olomouc, 2004.
5. Frankl, V. E. : *Necujan vapaj za smislom*. Biblioteka Psiha, Naprijed, Zagreb, 1981.
6. Freud, S. : *Nova predavanja*. Matica srpska. Beograd, 1979.
7. Hitler, A. : *Mein Kampf*. Nakladatelstvi Otakar II, 2000.
8. Kessidy, F. Ch. : *Sokrates*. Svoboda, Praha, 1980.
9. Maslow, A. H: *Motivacija i licnost*. Nolit, Beograd, 1982.
10. Maslow, A. H: *A Theory of Metamotivation: The Biological Rooting of the Value-Life*. Journal of Humanistic Psychology, 1967, 7(2).
11. Maslow, A. : *Toward a Psychology of Being*. Van Nostrand Insight Books, second edition. Princeton, 1968. .
12. Platon: *Zakony*. Praha, 1977.
13. Popovic, M. : *Problemi drustvene strukture*. *Uvod u sociologiju*. Kultura, Beograd, 1967.
14. Popovic, B. : *Psihologija licnosti*. CPP Drustva psihologa Srbije. Beograd, 1999.
15. Wilson, E. O. : *Konsilience - Jednota vedeni.* Nakladatelstvi Lidove Noviny, Praha, 1999.

| Психологија<br>Psychology | UDK/UDC 159.922.8<br>Научен текст / Scientific Paper |
| --- | --- |

*Д-р Симона Цакирпалоглу*

# КОНФОРМИЗМОТ КАЈ ЧЕШКИТЕ И АМЕРИКАНСКИТЕ АДОЛЕСЦЕНТИ
## Транскултурална студија

### АПСТРАКТ

Конформизмот е општо дефиниран како индивидуален начин на адаптирање во услови на групен притисок. Заедничка карактеристика на различните концепции за конформизмот е дека произлегува од конфликт помеѓу внатрешните стремежи на личноста за однесување во согласност со сопствените ставови, вредности и мислења, и групниот притисок за однесувањата на членовите на групата во огласност со очекувањата и потребите на групата.
Основа на истражувањето е анализа на конформизмот меѓу адолесценти од две различни култури, чешката и американската. Главна цел на истражувањето е согледување на културните специфичности на конформиз-

*Simona Cakirpaloglu, Ph. D*

# CONFORMISM BETWEEN THE CZECH AND AMERICAN STUDENTS
## Transcultural study

### ABSTRACT

We define conformism as an individual way of adapting to peer pressure conditions. What different concepts of conformism have in common is the fact that conformism is born out of the individual's tendencies to act in accordance with their own views, values and opinions, and peer pressure, i. e the actions of the group members in accordance with the expectations and needs of that very group.
The essence of this research is the analysis of conformism between adolescents of two different cultures, the Czech and the American. The prominent goal of this research was to see the cultural characteristics of conformism as well as its individual aspects: peer conformism and peer pressure, adolescent popularity as well as the

мот, како и на неговите поедини аспекти: врснички конформизам и врснички притисок, популарност кај адолесценти како и односот на овие фактори кон ризичното однесување. Утврдувањето на внатрешната конзистенција меѓу поедините скали од прашалникот за конформизам и негов допринос за објективно осознавање на овој социјален феномен, претставува посебна цел на ова истражување.

**Клучни зборови:** конформизам, групен пристисок, популарност, ризично однесување

relation of these factors to risky behavior. Determining the internal consistency among the individual steps of the questionnaire for conformism and its contribution towards obtaining an objective perception of this social phenomenon is yet another purpose of this research.

**Key words:** conformism, peer pressure, popularity, risky behavior

## ВОВЕД

Оваа статија е посветена на конформизмот кај адолесцентите. Трудот претставува продолжување на студијатата *Конформизмот во детско доба*, објавена во 2007 година. (2) Конформизмот како појава произлегува од меѓусебните односи на членовите во групата и оттука, неговото социјално психолошко согледување подразбира анализа на поимите група и групна норма. Под *групна норма* подразбираме однапред дефиниран, посакуван начин на однесување, кој е задолжителен за сите членови на групата. За одржување на сопствените норми групата располага со разни механизми, кои обезбедуваат внатрешна стабилност, успешно остварување на заедничките потреби и цели и општ напредок на групата. Меѓу таквите механизми се вбројува и социјалниот притисок насочен кон постигнување консензус меѓу сите членови за прашања од интерес за групата. Во услови на групен притисок, кога општиот став на групата се конфронтира со мислењето на поедини членови, доаѓа до појава на специфичен социјално психолошки процес - конформизам. (6, с. 219)

Конформизмот претставува индивидуален начин на прилагодување во услови на притисок од страна на референтната група. Ерих Фром го смета

конформизмот како поширок процес на прилагодување на човекот кон институциите и помалку структурираните групи. (3, с. 172) Заедничка карактеристика на разните сфаќања за конформизмот е дека му претходи конфликт меѓу внатрешните тенденции на личноста да се однесува согласно со сопственото убедување и надворешните сили на групата, кои ја присилуваат единката да мисли и дејствува согласно со очекувањата на мнозинството. (5, с. 558)

Во стручната литература се споменуваат две причини за појава на конформното однесување: информативни и нормативни влијанија. (1, с. 212)

*Информативните влијанија* имплицираат дека човекот попушта пред групниот притисок поради внатрешното убедување во вистинитоста на мислење што го делат другите членови од групата. Во овој случај се работи за когнитивна идентификација на единката со општиот став на групата.

*Нормативните влијанија* се засноваат на емоционални процеси: човекот се конформира поради стравот од можни негативни последици при соочување на сопствениот став со спротиставената позиција на останатите членови од групата.

Секој од спомнатите психолошки механизми предизвикува специфичен вид на конформизам. Информативните влијанија создаваат *приватен*, автентичен конформизам. Во суштина се работи за позитивен психички процес – интернализација - кој води кон целосно прифаќање на групните ставови: групните ставови и норми стануваат дел од субјективното верување и убедување. Нормативните притисоци обично предизвикуваат јавно, односно практично конформирање кај спротиставениот член на групата: неговото декларативно прифаќање на групните барања му обезбедува чувство на внатрешен мир и прифаќање од групата. Инаку, практичниот конформист го задржува сопственото интимно убедување. (1, с. 212)

На конформизмот му противречи т. н. нонконформизам. Нонконформизмот претставува појава на активно спротиставување на човекот кон притисокот на групата. Се работи за интерперсонална конфронтација која ги продлабочува несогласувањата помеѓу поедините членови и општата напнатост во групата. Тврдоглавото бранење на сопствената позиција може да се толкува како специфична карактерна црта на нонконформистот. За да не дојде до погрешно толкување, нонконформистот се разликува од независната личност во тоа што нонконформистот не го менува сопственото мислење под никакви услови, додека независната личност е отворена за дијалог со другите и реалистична во смисла на застапување, односно прифаќање оправдани аргументи, од што зависи одлуката за одбрана или менување на постоечкото мислење. (5, с. 559)

Појавата на конформизмот е условена од разни психосоцијални фактори. Еден од нив е големината на групата: кај поголеми групи обично делува

посилен групен притисок врз членовите и почесто се јавува конформизам. (8, с. 592) Од останатите фактори на конформизмот ги спомнуваме начинот на раководење со групата, односно групната атмосфера, групниот статус на членот, дали припаѓа на позицијата или опозицијата, реалните можности за негово учество во донесување групни одлуки итн. Улога игра и тоа дали групата е формална или неформална: во група на пријатели човекот е послободен во бранењето на сопствената позиција одошто, на пример, во работен колектив. (7, с. 387)

Предмет на истражувањето е конформизмот во адолесценцијата. Накратко, адолесценцијата ја карактеризира следново:

- претставува релативно долга етапа на зреење на човекот;
- почетокот е означен со потполна репродуктивна зрелост;
- во текот на адолесценцијата завршува телесното растење;
- тоа е период на сложени психолошки и социјални процеси кои ја менуваат и стабилизираат личноста;
- адолесцентите се здобиваат со апстрактно мислење;
- тоа е период на емоционална хармонизација, на откривање на сопствениот идентитет, градење сопствен систем на вредности, довршување на моралниот развој;
- завршува процесот на еманципација од примарното семејство;
- се усвојуваат улогите за успешен настап во светот на возрасните;
- зрелоста на младата личност се докажува со спремност за компромиси помеѓу барањата на родителите и врсниците;
- адолесценцијата претставува потенцијално критичен период во кој лесно се развива проблематично однесување мотивирано од потребата на младите за признание од страна на врсниците, потврдување на сопствената вредност, храброст, сила, како и отпор кон авторитети, општествените ограничувања итн. (10, с. 253)

## ПРЕДМЕТ, ЦЕЛИ И СТРАТЕГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Истражувањето опфаќа две тематски целини:

- емпириска проверка на одделните аспекти на конформизам и нивната поврзаност со ризичното однесување кај група чешки и американски адолесценти;
- утврдување на односот помеѓу скалите за мерење на конформизам и ризично однесување на адолесценти од аспект на нивната возраст, пол и култура.

Главна цел на истражувањето се појавите на општиот конформизам, врсничкиот конформизам, врсничкиот притисок и популарност и односот на

спомнативе феномени кон тенденциите на младите кон антисоцијално однесување. Утврдувањето на внатрешната конзистентност кај скалите за мерење на конформизмот треба да овозможи подлабоко психолошко разбирање на испитуваните појави, што претставува посебна истражувачка цел.

Истражувањето постулира дека возраста, полот и културното потекло како независни променливи го определуваат карактерот и степенот на конформирањето и ризичното однесување кај младите луѓе.

## ПРИМЕРОК И МЕТОДИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

За испитување на одделните манифестации на конформизмот и ризичното однесување беа формирани две групи чешки и американски адолесценти. Истражувањето беше реализирано во април 2008 година.

Групата американски адолесценти ја сочинуваа 88 студенти на 1. година од Covenant State College во Lookout Mountain, сојузна држава Georgia - од тоа: 40 студентки и 48 студенти. Чешката група ја сочинуваа 98 студенти на 1. година студии во Вишото стручно училиште Caritas, од тоа 58 студентки и 40 студенти. Двата примерка беа изедначени според: религиозната ориентација на образовните установи, големината на местото на живеење (околу 100. 000 жители), возраста - помеѓу 18 и 21 година.

Истражувањето беше спроведено во групи и анонимно; пополнувањето на прашалниците траеше 30 минути.

За добивање на валидни емпириски податоци беа користени:

а) скала за мерење на општ и врснички конформизам, групен притисок и популарност, чии автори се Сантор, Месервеј и Кусумакар;

б) скала за мерење на ризично однесување кај адолесценти, изготвена согласно со американскиот South Risk Behaviour Surveillence System.

Ад а. Во 2000 година Сантор со соработниците составија прашалник за мерење одделни аспекти на конформизам. Со дозвола на авторите, прашалникот беше преведен на чешки јазик. По проверката на одделни ставки од прашалникот и пилотното истражување врз група од 30 чешки студенти, прашалникот беше подготвен за конечна примена.

Прашалникот содржи:

- *Скала на врснички притисок.* Врсничкиот притисок претставува субјективно искуство во врска со влијание, убедување или прозивка од членовите на групата за постапување на определен начин. Во основата на овој субјективен конструкт е чувството за лична конфронтација со монолитниот став на членовите на групата. Перцепцијата на групен притисок не треба да се изедначува со субмисивноста како општа тенденција за потчинување на човекот. Скалата содржи 11 ставки од Ликертов тип (5 модалитети на одговори, од „во-

општо не се согласувам“ до „ потполно се согласувам“) кои го регистрираат степенот на согласност, односно неприфаќање на тврдењето.

- *Скала на йойуларносӣ.* Оваа скала ја мери афективната заднина на индивидуалното прифаќање на групниот притисок. Се работи за субјективна потреба за наклонетост од страна на останатите членови на групата. Скалата претпоставува поширока рамка на ситуации во кои субјектот ја искажува сопствената лојалност кон групата и содржи 12 ставки од Ликертов тип со петостепено рангирање на субјективното прифаќање, односно одбивање на ставките.

- *Скала на врснички конформизам.* Оваа скала содржи 11 ставки наменети за утврдување на степенот на индивидуално прифаќање на ставовите од врсничката група. Ставките ја условуваат латентната *субмисивносӣ* на испитаникот, која е основа на тенденцијата сопственото однесување да се прилагоди со очекувањата на врсниците. Зборот *однесување* има пошироко значење и опфаќа, како просоцијални активности (на пр. учество во заеднички активности, прифаќање на моден тренд и сл. ), така и проблематични, антисоцијални постапки (на пр. учество во грабеж, препишување на испит, возење моторно возило под дејство на алкохол итн. ). Ставките се вреднуваат дихотомно: во случај на согласност со референтната група, испитаникот добива поен, доколку заземе дисонантна позиција добива 0 поени.

- *Скала на ойшӣ конформизам.* Скалата се состои од 7 ставки за мерење на степенот на индивидуалното прилагодување кон авторитети. За разлика од врсничкиот конформизам, тука не влијае нормативниот притисок ниту субјективната потреба да се биде популарен во групата. Важна е антиципацијата на надредената позиција и социјалната моќ на авторитетот. Ставките се од Ликертов тип и го мерат степенот на индивидуална согласност, односно одбивање на ставката.

Ад б. За мерење на ризични постапки беше составен инструмент согласно со прашалникот Ѕоутх Риск Бехавиор Сурвеилленце Сѕстем. Скалата содржи 17 ставки со кои се испитува периодичното манифестирање на одделни облици ризично однесување: управување со сообраќајно возило во пијана состојба, употреба на алкохол, пушење цигари, користење марихуана и друг вид супстанци што предизвикуваат зависност (екстаза, кокаин, хероин. . . ), а исто така и ризично сексуално однесување.

## ОБРАБОТКА И АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИТЕ

Иницијалната анализа на податоците ги користеше дескриптивните статистички вредности на аритметичката средина, стандардната девијација, варијансата и просечната грешка. Основа на согледувањето на односите и

влијанијата помеѓу одделните променливи понуди дедуктивната статистика: значајноста на разликите помеѓу аритметичките средини беше тестирана со помош на Студентовиот т-тест. Идентично беше постапено при утврдување на разликите и сличностите помеѓу општите групи чешки и американски адолесценти, помеѓу момчињата односно девојките од Чешка и САД, како и во рамките на поедините подгрупи од Чешка и САД.

Втората етапа ги испитуваше односите помеѓу врсничкиот притисок, популарноста, врсничкиот конформизам и општиот конформизам од една страна и ризичното однесување, од друга страна. За таа цел беше применет Пирсоновиот коефициент на корелација и стандардните статистички критериуми за утврдување значајност на испитуваните односи.

## ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ

Најнапред ќе продискутираме за резултатите во врска со групните тенденции кај адолесцентите, потоа за заемните релации на одделните тенденции. (Табелите се прикажани на крајот од текстот. Имињата на одделни категории променливи се означени со кратенки: PPSUMA - врснички притисок; POPSSUMA - популарност; GCOSUMA - општ конформизам; PCOSUMA - врснички конформизам; RCHSUMA - ризично однесување; C - чешка група; A - американска група).

### А. Групни тенденции кај адолесцентите

Општата рамка на анализа е содржана во прашањето: *Какви сличности и разлики постојат помеѓу чешките и американските адолесценти во поглед на групниот притисок, популарноста, општиот конформизам, врсничкиот конформизам и ризичното однесување?*

**Емпириска евиденција 1** (општо ниво на односи)

Статистичкиот тест не потврди постоење на значителна разлика помеѓу чешките и американските адолесценти во димензијата групен притисок. (Табела 1) И двете културно различни групи адолесценти во услови на врснички притисок слично реагираат. Затоа, пак, од аспект на останатите испитувани димензии утврдено е значително отстапување од претходната општа констатација. На пример, популарноста претставува значителен фактор за регулирање на врсничките односи кај американските адолесценти. Во истата линија, американските адолесценти манифестираат поизразен општ конформизам, послушност како и потчинување на авторитети (родители, учители, свештени лица итн. ). Што се однесува до чешките адолесценти, тие предничат со врсничкиот конформизам и склоноста кон ризично однесување.

**Емпириска евиденција 2** (пол)

Статистичките показатели индицираат дека кај машките адолесценти (чешки и американски) постои понизок праг на чувствителност кон врсничкиот притисок. Изостренатa способност на адолесцентите за процена на суптилните врснички односи и динамика често ја следи зголемена мотивација да се биде популарен и прифатен од страна на останатите врсниците. (Табела 2)

Од друга страна, адолесцентките манифестираат поизразена послушност кон авторитети, придружена со тенденција за општо и врсничко конформирање. Во услови на зголемен притисок од страна на врсничките, кај адолесцентките нужно не следи пораст на асоцијално однесување. (Табела 3)

**Емпириска евиденција 3** (културна припадност)

Американските момчиња манифестираат повисок степен на општ конформизам, додека чешките адолесценти предничат во врсничкиот конформизам и ризичното однесување; слична релација постои и при споредба на американските и чешките девојки.

Инаку, согласно со претходно изнесената општа слика за американските адолесценти, и кај девојките е забележано поинтензивно општо конформирање што, по се изгледа, претставува општа културно моделирана карактерна црта меѓу младите од оваа земја. Поконкретно, конформизмот на американските адолесценти се изразува во социјално посакувана послушност и почит кон авторитети, како и зголемен респект кон правилата и нормите на социјалното однесување. (Табела 4)

**Б) Односи помеѓу одделни тенденции**

Корелативната анализа на добиените варијации нуди подлабок увид во односот помеѓу разните манифестации на конформизам и склоноста кон ризично однесување на адолесценти. Во овој контекст општиот и врсничкиот конформизам, врсничкиот притисок, стремежот кон групна популарност како и кон ризично однесување, претставуваат зависни променливи: нивната појава и интензитет зависи од независни фактори, меѓу кои се и возраста, полот и културната припадност на адолесцентите.

**Емпириска евиденција 4** (Чешка група адолесценти)

Матрицата заемни корелаци од податоците за групата чешки адолесценти индицира негативен однос помеѓу возраста и врсничкиот притисок: со зреењето, младите Чеси стануваат поотпорни кон врсничкото влијание. Ова дополнително го потврдува наодот за значително намалување на групното конформирање кај повозрасните чешки адолесценти. Од друга страна, адолесцентите кои не можат да го совладаат растечкиот притисок од страна на врсниците имаат поинтензивна потреба за прифаќање и тоа најчесто го манифестираат со конформизам, односно со опортуно прифаќање на девијантни цели и постапки. (Табела 5)

**Емпириска евиденција 5** (Американска група адолесценти)

Општо земено, во групата американски адолесценти утврдени се релации спротивни на оние од чешката група: позитивната корелација помеѓу возраста и конформирањето со врсничката група индицира дека со зреењето се зголемува зависноста на младите од групата врсници. Подеднаков позитивен однос постои и помеѓу возраста и склоноста кон ризични постапки на младите: порастот на врсничката зависност кај повозрасните адолесценти во САД ја зголемува нивната склоност за задоволување на групните барања, вклучувајќ и ги и постапките од спротивната страна на социјално пожелното. (Табела 6)

## ДИСКУСИЈА

И покрај недоволната репрезентативност на резултатите (релативно мали групи на испитаници, примарна религиозна ориентација итн. ) истражувањето кај чешките и американските адолесценти истакна одредени сличности и разлики во поглед на одделни аспекти од групната интеракција.

- Меѓу помаркантите сличности се наметнува индицијата за поистенчен усет кај машките адолесценти од обете групи кон препознавање на врсничкиот притисок; Што се однесува до разликите, кај американските адолесценти постои поизразена послушност кон авторитети, посилен мотив за групно прифаќање, како и да се биде популарен помеѓу врсниците. Постулираме дека се работи за силно развиена црта на општа субмисивност која, покрај другото, се должи на подолготрајната зависност на младите луѓе од примарното семејство согласно со традицијата во САД полнолетството да се стекнува со 21 година возраст.

- Групата чешки адолесценти повеќе стремат кон врснички конформизам и ризични постапки. Резултатите индицираат на можноста дека почестото ризично однесување на младите е манифестација и доказ на нивното вистинско конформирање; практичното конформирање најчесто води кон декларативна согласност која не мора да биде следена со адекватни, во конкретниов случај, антисоцијални манифестации.

- Зголемената тенденција на машките адолесценти кон ризични активности може да претставува специфичен израз на нивната гендер идентификација со возрасни модели. Ваквото толкување го поткрепуваат наодите на Сантор, Месервеј и Кусумакар, кои утврдиле дека мажите се поотворени за прифаќање на ризици во услови на поистоветување со група врсници; од друга страна, утврдено е дека кај жените, во слични услови, се зголемува респектот кон повозрасните авторитети. (9, с. 163) И двата случаи имаат идентична психичка заднина: недоволно животно искуство на младите момчиња и девојки и недостаток на сопствени морални критериуми за разликување помеѓу доброто

и злото, социјално пожелното и социјално непожелното. Оттука, моралната незрелост младите ја компензираат со зачленување во врсничка група, која дејствува како надреден колективен морал кој во името на секој член одлучува што треба да стори и на кој начин.

- Адолесцентките се подеднакво подложни на врсничкиот и општиот притисок. Појавата на спротиставените облици конформизам може да се толкува со поизразената субмисивност на жените воспитувани во патријархални услови;

- Негативниот однос помеѓу возраста од една страна и усетот односите во врсничката група кај чешките адолесценти може да се должи на развојните промени. Релативно пораното стекнување полнолетство (со наполнети 18 години) ги усмерува покритички да ги согледуваат условите за сопственото учество во групата врсници. Тоа го објаснува наодот, според кој, со зреењето пасивниот конформизам кај помладите адолесценти постепено го заменува зрелата потреба на повозрасните адолесценти за рамноправно учество во групното одлучување.

- Резултатите од оваа студија имаат статус на статистички индиции базирани на субјективни искази на испитуваните адолесценти. Нивната сознајна вредност е ограничена поради недоволната репрезентативност на испитуваните групи кои припаѓаат на хомогени религиозни заедници.

**ЛИТЕРАТУРА:**


1. Brehm, S. , Kassin, A. M. , Fein, S. : Social psychology. Houghton Mifflin Company. New York, 1999.
2. Cakirpaloglu, S. , Rehan, V. Konformita v detskem veku. Ceskoslovenska psychologie 2007/ rocnik LI/ cislo 4
3. Fromm, E. : Bekstvo od slobode. Nolit, Beograd, 1978.
4. Jelinek, M. , Kveton, P. , Voboril, D. , Blatny, M. :Vrstevnicka konformita jako faktor rizikoveho chovani mladistvych: struktura, zdroje, dopady. Ceskoslovenska psychologie, č. 5 Academia, 2006.
5. Krech, D. , Crutchfield, R. S. , and Ballachey, E. L: Clovek v spolecnosti. Vydavatelstvo Slovenskej akademie vied. Bratislava 1968
6. Nakonecny, M. : Socialni psychologie. Academia, Praha, 1999.
7. Papalia, E. D. , Olds. S. W. , Fieldman, R. D. : Human developement. McGraw Hill, Higher Education, New York, 2004.
8. Plotnik, R. : Introduction to Psychology. Wadsworth Publ. Co. Belmont, CA, 1999.
9. Santor, D. A. , Messerevey, D. , Kusumakar, V. : Measuring peer presure, popularity and conformity in adoelscent boys and girls: predicitng school performance, sexual attitudes, and substanece use. journal of Youth and adolescence. 29.
10. Vagnerova, M. Vyvojova psychologie, Portal, Praha, 2000.

**Табела 1. Значајност на разлики помеѓу чешки и американски адолесценти во одделни аспекти од група интеракција**

| Варијабла | Просек САД | Просек Чешки | T | df | Значајност | Н (САД) | Н (Чешки) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ppsuma | 26, 87209 | 26, 34694 | 0, 57616 | 182 | 0, 565221 | 86 | 98 |
| popsuma | 29, 09302 | 27, 03061 | 1, 97570 | 182 | 0, 049700 | 86 | 98 |
| gcosuma | 26, 12791 | 23, 33673 | 4, 84083 | 182 | 0, 000003 | 86 | 98 |
| pcosuma | 19, 33721 | 19, 96939 | -2, 68502 | 182 | 0, 007923 | 86 | 98 |
| pchsuma | 25, 41860 | 33, 02041 | -5, 66692 | 182 | 0, 000000 | 86 | 98 |

**Табела 2. Значајност на разлики помеѓу општи групи млади жени и мажи во одделни аспекти од групна интеракција**

| Варијабла | Просек Жени | Просек Мажи | T | df | Значајност | Н (САД) | Н (Чешки) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ppsuma | 25, 04082 | 28, 36047 | -3, 77878 | 182 | 0, 000213 | 98 | 86 |
| popsuma | 26, 88776 | 29, 25581 | -2, 27629 | 182 | 0, 023993 | 98 | 86 |
| gcosuma | 25, 22449 | 23, 97674 | 2, 06047 | 182 | 0, 040776 | 98 | 86 |
| pcosuma | 20, 37755 | 18, 87209 | 7, 08278 | 182 | 0, 000000 | 98 | 86 |
| pchsuma | 27, 73469 | 31, 44186 | -2, 59461 | 182 | 0, 010241 | 98 | 86 |

**Табела 3. Значајност на разлики помеѓу чешки и американски групи машки адолесценти**

| Варијабла | Просек САД | Просек Чешки | T | df | Значајност | Н (САД) | Н (Чешки) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ppsuma | 28, 30435 | 28, 42500 | -0, 08281 | 84 | 0, 934203 | 46 | 40 |
| popsuma | 29, 89130 | 28, 52500 | 0, 87536 | 84 | 0, 383873 | 46 | 40 |
| gcosuma | 24, 91304 | 22, 90000 | 2, 221438 | 84 | 0, 029511 | 46 | 40 |
| pcosuma | 18, 78261 | 18, 97500 | -0, 53921 | 84 | 0, 591170 | 46 | 40 |
| pchsuma | 28, 54348 | 34, 77500 | -3, 00854 | 84 | 0, 003464 | 46 | 40 |

**Табела 4. Значајност на разлики помеѓу чешки и американски групи адолесцентки**

| Варијабла | Просек САД | Просек Чешки | T | df | Значајност | Н (САД) | Н (Чешки) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ppsuma | 25, 22500 | 24, 91379 | 0, 29009 | 96 | 0, 772372 | 40 | 58 |
| popsuma | 28, 17500 | 26, 00000 | 1, 54709 | 96 | 0, 125131 | 40 | 58 |
| gcosuma | 27, 52500 | 23, 63793 | 5, 51894 | 96 | 0, 000000 | 40 | 58 |
| pcosuma | 19, 97500 | 20, 65517 | -2, 77966 | 96 | 0, 006548 | 40 | 58 |
| pchsuma | 21, 82500 | 31, 81034 | -6, 08655 | 96 | 0, 000000 | 40 | 58 |

**Табела 5. Интеркорелација на променливите кај вкупниот примерок чешки адолесценти**

| | Возраст | Групен притисок | Популарност | Општ конформизам | Врснички конформизам | Ризично однесување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Возраст** | 1 | | | | | |
| **Групен притисок** | -0, 337 | 1 | | | | |
| | *p*=0, 01 | | | | | |
| **Популарност** | -0, 1789 | 0, 5824 | 1 | | | |
| | / | *p*=0, 01 | | | | |
| **Општ конформизам** | 0, 1569 | -0, 0713 | 0, 0191 | 1 | | |
| | / | / | / | | | |
| **Врснички конформизам** | -0, 4751 | 0, 4992 | 0, 3505 | -0, 1906 | 1 | |
| | *p*=0, 01 | *p*=0, 01 | *p*=0, 01 | / | | |
| **Ризично однесување** | 0, 0537 | 0, 2428 | -0, 0253 | -0, 157 | 0, 313 | 1 |
| | / | *p*=0, 05 | / | / | *p*=0, 01 | |

**Табела 6. Интеркорелација на променливите кај вкупниот примерок американски адолесценти**

| | **Возраст** | **Груп. Притисок** | **Популарност** | **Општ конформизам** | **Врснички конформизам** | **Ризично однесување** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Возраст** | 1 | | | | | |
| **Групен притисок** | -0, 01205 | 1 | | | | |
| | / | | | | | |
| **Популарност** | -0, 13667 | 0, 461943 | 1 | | | |
| | / | *p*=0, 01 | | | | |
| **Општ конформизам** | -0, 18005 | -0, 59675 | -0, 05652 | 1 | | |
| | / | *p*=0, 01 | / | | | |
| **Врснички конформизам** | 0, 229355 | 0, 58007 | 0, 370905 | -0, 43304 | 1 | |
| | *p*=0, 05 | *p*=0, 01 | *p*=0, 01 | *p*=0, 01 | | |
| Ризично однесување | 0, 332101 | 0, 708874 | 0, 209541 | -0, 70456 | 0, 620092 | 1 |
| | *p*=0, 01 | *p*=0, 05 | *p*=0, 05 | *p*=0, 01 | *p*=0, 01 | |

Криминологија
Kriminology

UDK/UDC 343.431(497)
Научен текст / Scientific Paper

*М-р Марјан Богданоски*

# КАРАКТЕРИСТИКИ И ОБЛИЦИ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ

АПСТРАКТ

Во трудот се прави осврт на трговијата со луѓе како светски проблем. кој еднакво ги погодува како државите кои се наоѓаат во период на економска и општествена транзиција, така и индустриски развиените држави. Како облик на организиран криминал, трговијата со луѓе не е ограничена на територијата на само една држава. Овој феномен ги опфаќа фазите на врбување, транспорт и експлоатација на жртвите кои во различни облици се случуваат на територијата на државата на потекло, транспорт и крајна дестинација.

Феноменот трговија со луѓе посебно ги погодува жените и децата, како последица на новата општествена и политичка реалност. „Феминизацијата на сиромаштијата”, те. слабата застапеност на жените и нивната

*Marjan Bogdanovski, M. Sci*

# CHARACTERISTICS AND FORMS OF HUMAN TRAFFICKING

ABSTRACT

This article presents human trafficking as a global issue that affects not only the countries in a state of economic and social transition but also the industrially developed countries. As a form of organized crime, human trafficking is not limited to the territory of just one state. This phenomenon comprises of stages such as coercion, transport and exploitation of the victims which in their most diverse forms take place in the countries of origin, transport and final destination.

The phenomenon of human trafficking affects women and children the most and all due to the new social and political reality. The so-called feminization of poverty and the small numbers of women as well as their discrimination on the labor market is typical of transitioning countries. This, together with the restrictive immigra-

дискриминација на пазарот на работа, посебно е карактеристична за државите во периодот на транзицијата. Ова, заедно со рестриктивната имиграциска политика на западноевропските држави и општествено-економските услови е една од најчестите причини за трговијата со жени на Балканот.
Трговијата со луѓе е повеќеслоен, комплексен и динамичен општествен феномен кој бара сеопфатен (правен и општествен) пристап на проблемот, односно примена на ефикасни мерки на планот на превенцијата, сузбивањето, казнувањето на сторителот и заштита на жртвата, со задолжителна меѓусебна соработка на државите.

**Клучни зборови**: трговија со луѓе, Балкан, жртви

tion policy of the Western-European countries and the socio-economic conditions is one of the most common reasons for the trafficking of women in the Balkans.
Human trafficking is a multi-layered, complex and dynamic social phenomenon which calls for a more comprehensive (legal and social) approach to the problem, i. e. application of efficient measures when it comes to the prevention, suppression, punishment of the perpetrator and the protection of the victim with the mutual and compulsory cooperation of the countries involved.

**Key words:** Human trafficking, the Balkans, victims

## 1. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ

Секоја година илјадници луѓе (мажи, жени, деца) стануваат жртви на неморална, организирана трговија со луѓе. Фактот дека во 21-от век постои ропство во форма на трговија со луѓе е податок кој мора да не загрижи. Последниот извештај на Канцеларијата на ОН за дрога и криминал (UNODC) укажува дека во светот речиси да нема држава која не е погодена од овој проблем.

Трговијата со луѓе и во векот на напредна технологија претставува проблем од светски размери, кој ги погодува економски нестабилните држави. Од таквите држави младите луѓе на сите начини се обидуваат да заминат, во желба да ги решат основните егзистенцијални прашања. Целта им се т. н. ветени држави, државите со стабилна економија.

Трговијата со луѓе претставува еден од најделотворните видови на организираниот криминал. Високите профити и нискиот степен на ризик преставуваат клучни фактори кои придонесуваат за вклучување на се повеќе актери во синџирот на трговијата со луѓе. Светската организација на трудот проценува дека, на глобално ниво, годишната заработувачка од овој облик на криминална активност изнесува повеќе од 33 милијарди американски долари и дека со неа се опфатени околу 2, 4 милиони луѓе, од кои преку 95% се жени[1].

Глобалните трендови на трговијата со луѓе се: 1. четири милиони луѓе годишно се жртви на трговијата со луѓе, најголем дел од тоа се жени, 2. неколку стотини илјади жени, жртви на трговија со луѓе, годишно стигнуваат во Западна Европа; 3. се проценува дека годишната добивка од трговијата со жени поради сексуално искористување ја надминува бројката од 12 милијарди американски долари; 4. трговијата со луѓе е доходовен меѓународен бизнис, кој носи голем профит, лимитиран ризик и благи казни.

Секоја година, околу 200. 000 луѓе се незаконски доведени во Европа, од кои најголемиот број се наменети за сексуално искористување. 80% од жртвите на трговијата со луѓе преку меѓународните граници се жени, а 70% од тие жени и девојки се продадени за сексуално искористување[2].

Процените на меѓународните организациии за распространетоста на присилната работа и трговијата со деца се застрашувачки. Меѓународната организација на трудот (МОР) проценува дека:

- 246 милиони вработени деца има помеѓу 5 и 17 години;
- 179 милиони деца работат најтешки работи;
- 111 милиони деца под 15 години работат опасни работи;
- 8, 4 милиони деца се опфатени со трговијата со деца и, во таа смисла, присилени на различни облици на работа, учество во вооружени судири, присилени на проституција, порнографија и други незаконски активности,
- Околу 30. 000 деца - војници се вклучени во преку 30 конфликтни подрачја ширум светот. Некои се помлади и од 10 години. Децата воглавно директно учествуваат во воените дејствија, додека девојчињата се присилени на проституција, или пак стануваат „жени - војници»[3].

Податоците од Меѓународната организација за миграција (IOM) зборуваат дека „120. 000 жени и деца се трафикуваат во државите на Европската унија, секоја година, главно преку Балканот»[4].

---

1 Vukolić. B. 2008, Međunarodnopravni okvir zaštite i pomoći žrtvama trgovine ljudima, Revija bezbednost, str. 31

2 http://wiki. velv. hr/wiki/index. php/Trgovina_ljudima, 2008

3 Vesna Nikolić-Ristanović; trgovina ljudima u Srbiju, viktimolosko drustvo, OEBS, 2004

4 Limanowska, B. (2002) *Trafficking in Human Beings in Southeastern Europe*, UNICEF/UNOHCHR/OSCE – ODIHR.

Според податоците на УНИЦЕФ, секоја година ширум светот околу 1. 200. 000 деца се жртви на трговија со луѓе, а тој број константно се зголемува. Трговијата со деца, која се смета за едно од најтешките злосторства, е проблем со кој посебно се соочува Романија, држава од каде што најголем број деца заминуваат во „заробеништво». Статистиката покажува дека во 2007 година повеќе од 100. 000 деца ги напуштиле своите домови и заминале во странство во потрага по работа[5].

Меѓу државите во нашето непосредно соседство, но и пошироко, меѓу државите од Источна и Централна Европа, Бугарија е една од најголемите „извознички» на трафикувани жени. Се проценува дека околу 10. 000 бугарски жени станале жртви на трговијата во последните години. Притоа, трговијата со жени е најинтензивна во деловите кои се најблиски до границата.

Според UNODC (Биро на ОН за борба против дрога и криминал) Албанија и Бугарија, заедно со Унгарија, Италија, Полска и Тајланд, се наоѓаат „водечките» држави од кои потекнуваат лицата со кои се тргува. Бугарија е транзитна држава за лицата кои потекнуваат од Романија, Молдавија и Русија - до Грција и Турција. Жртвите главно завршуваат во некои од 137-те држави кои се нивни крајни дестинации. Тука спаѓаат Белгија, Германија, Грција, Израел, Италија, Јапонија, Холандија, Тајланд, Турција и САД. [6]

Р. Македонија, главно, се смета за држава - транзит кога е во прашање трговијата со жени. Баровите, кои ја вклучуваат и проституцијата, почнаа да се отвораат на Косово во 1999 година, т. е. непосредно по завршувањето на војната и доаѓањето на 45. 000 војници на КФОР. На тој начин, Косово, кое порано главно беше транзитна зона, е трансформирано во дестинација на трафикувани жени[7]. Според податоците на Меѓународната организација за миграција, 56% од жените на кои им е дадена помош на Косово дошле таму преку Србија, 30, 63% преку Р. Македонија, додека 8, 75% дошле преку Црна Гора[8].

Истражувањето кое било базирано на прашалник кој го пополниле 41 невладина организација од различни делови на светот (повеќе од половина, т. е. 21 организација биле од Европа) покажа дека жртвите на трговијата со луѓе се подвргнати на следните облици на насилство: 1. психичко насилство; 2.

---

[5] Aidrom - humanitarna organizacija, Bukurest, http://www. b92. net/info/vesti/index. php?yyyy=2008&mm=11&dd=19&nav_id=329563

[6] Извештајот на 128 страници претставува прв обид на ова организација со седиште во Беч да направи анализа на глобалниот модел на трговијата со луѓе врз база на податоци од 113 различни институции за периодот од 1996-2003 година. Во извештајот државите се рангираат по степени од 1 до 5, од „многу ниско“ до „многу високо“ како држави на потекло, транзит и крајни дестинации на трговијата со луѓе. Trgovina ljudima: Globalni modeli, Sofia Echo - 25/04/06;
Ured UN-a za borbu protiv droge i kriminala, Washington File, UPI - 24/04/06; AP - 23/04/06) http://www. setimes. com/cocoon/setimes/xhtml/hr/features/setimes/features/2006/04/25/feature-01

[7] Бачановиќ, О (2001) Жени жртви на трговија со луѓе, Годишник на Факултетот за безбедност, Скопје, стр. 110

[8] Vesna Nikolić, Ristanović, Trgovina ženama u Srbiji i okolnim yemljama: obim, karakteristike i uyroci, Temida, april, 2002, str. 5

постојан страв од полициско апсење; 3. физичко насилство; 4. незаконско лишување од слобода; 5. нередовно плаќање/плаќање помалку од договорениот износ/потполно отсуство на плаќање, 6. силување и други облици на сексуално насилство; 7. работен ден во траење подолг од 12 часа; 8. должничко ропство; 9. одземање на документи[9].

Трговијата со луѓе е дефинитивно „бизнис на иднината», кој полека и сигурно ја става во втор план трговијата со наркотици и останатите нелегални активности. Зошто е тоа така, произлегува од фактите што кокаинот, хероинот и другите видови наркотици после продажбата се губат, бидејќи можат да се продадат само на еден корисник. Човекот, жената и децата во овој „бизнис» се суровина која повеќе пати се употребува и експлоатира на повеќе начини (проституција, питачење, трговија со органи …). Неколку илјади жени и деца стигнуваат во Западна Европа како жртви на трговија со луѓе од слабо развиените држави - Молдавија, Украина и други источноевропски држави. Се проценува дека годишната заработувачка од експлоатацијата на жените преку проституцијата е поголема од 12 милијарди долари. Жртвите преживуваат тешко психо-физичко насилство, кое може да трае со години.

Жртвите можат, како и секоја друга стока, да бидат препродавани на неколку пати на разни бордели или банди во разни градови или држави, или пак да останат во рамките на еден синџир и да бидат упатувани на нови сексуални пазари. Покрај жените, во последните неколку години во пораст е врбувањето на мажи и деца. Мажите завршуваат како работници без било каков надомест во разни држави по светот, или служат како стока за трговија со органи[10] (за еден витален орган може да се добие и до 300. 000€)[11]. Децата, на трговците со

[9] Wijers, M. , Lap-Chew, L. (1997) Trafficking in Women: Forced Labour and Slavery-like Practices in Marriage, Domestic Labour and Prostitution, Utrecht: STV, стр. 98-99.

[10] Трговијата со човечки органи претставува специфичен и комплексен феномен кој се појави во текот на последните две децении на 20-от век како придружа појава на напредок на трансплатационата медицина. Поради недостатоци на органи трансплатациската медицина станува жртва на сопствениот успех. Во осумдесеттите години на минатиот век се појави трансплатациониот туризам кога богатите Азијати патуваа за Индија и другите делови на Југоисточна Азија да примат органи од сиромашни донатори. Меѓународните криминални организации идентификувале јаз помеѓу понудата и побарувачката на органи како нов извор на приходи врбувајќи ги и приморувајќи ги луѓето од најсиромашните и маргинализираните групи од населението да заработат продавајќи ги своите органи. Одземањето на човечки орган и делови од телото е вид на ропство чии жртви се експлоатирани така што им е одземен орган од организмот или дел од телото. Saša Mijalković, „Vidovi i oblici trgovine ljudima”, *Temida*, vol. 8, br. 1, mart 2005, str. 41. како резултат на сиромаштијата, младите луѓе на територијата на источна Европа ги продавале бубрезите за цена во распон од 2500 до 3000 американски долари, додека примачите за истите плаќале 100. 000 до 200. 000 долари по трансплатација. За состојабата да биде уште полоша, после илегалните трансплатации здравсрвената состојба на донаторите се влошува заради недостаток на соодветна медицинска опрема после операцијата и тешките услови на живот. Поголемиот број од илегалните донатори на крајот е приморан да живее на дијализа и да чекаат трансплатација на бубрези. Исто така не е ретка појавата да на поединците им се одземаат органи за да го подмират долгот кон криминалните организации. Жртвите на трговијата со луѓе во многу случаи постануваат илегални донатори на органи. Обично тоа се потрошени жртви на сексуална и работна експлоатација. Lukic, Iva, trgovina ljudskim organima. Revija Bezbednost 2008, 8/08 стр. 6 и 7

[11] Dr Bjelajac Z, 2008, Moderno ropstvo, Beograd, стр. 47

луѓе, им служат за питачење, за трговија со органи, и без било какво притеснување ги користат за сексуална експлоатација, за задоволување на сексуалните потреби на разни болни умови.

## 2. ФАКТОРИ КОИ ЈА „ХРАНАТ» ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ

За успешно остварување на своите цели, трговците со луѓе ги користат новите технолошки средства за транспорт, за комуникации, како и голем број од медиумите. Најчесто се користи интернетот. Некои компании во развиените држави дури одат и надвор од дозволените граници. Не само што даваат огласи во весниците, туку и објавуваат фотографии на жени кои сакаат да се омажат за богат човек - на интернет. Трговијата со луѓе исто така се гледа и низ т. н. „pleasure tourism", уживање во туризмот. Државите од Третиот свет, кои многу зависат од туристичките приходи, настојуваат да занемарат се што придонесува за тие проблеми. Во контекст на ова, во Кенија туризмот се базира на трговијата со луѓе. За да се задоволи растечкиот број на туристите, жените и девојките се донесуваат дури од соседните држави, како што е Уганда[12].

Без сомнение, IDB (International Development Bank), како и мултинационалните финансиски институции се исто така одговорни за трговијата со луѓе, поддржувајќи ги државите вклучени во таа дејност, игнорирајќи ги социјално-етичките последици. Меѓу развиените држави, Германија е држава која е најмногу вклучена во таквиот вид туризам. Помеѓу 200. 000 и 400. 000 Германци годишно патуваат во државите од Блискиот Исток, најчесто во Талјанд и Филипини, со цел „добар провод». Во Тајланд има помеѓу 1, 5 милиони жени вработени во многу понижувачки услови (проституирање). 800. 000 од нив се малолетнички. На Филипините, бројот на малолетнички е помеѓу 30. 000 и 60. 000. Во тие држави болестите, како што се ХИВ-АИДС, се многу распространети. На пример во Тајланд, 80% од жените кои работат на тој начин се инфицирани со ХИВ. Според податоците на Светската здравствена организација, во наредните неколку години ќе има преку 40 милиони АИДС инфицирани пациенти. Мултинационалните организирани групи кои се занимаваат со трговија со луѓе претежно применуваат два метода. Првиот е да ги донесат жените и малолетничките кои се малтретирани во развиените држави; вториот е ветување за добри плати, добри работни услови и просперитет на очајните сиромашни луѓе, после што се присилени да се согласат на незамисливи работи. Резултат од сето ова е растечката побарувачка за жени и девојчиња од други држави во развиените општества, каде што браковите се избегнуваат[13].

[12] Issue 51 The fountain Magazine, 2008, Globalna trgovina ljudima http://www. bosnjaci. net/prilog. php?pid=24927
[13] Issue 51 The fountain Magazine, 2008, Globalna trgovina ljudima, http://www. bosnjaci. net/prilog.

Според податоците на ОН, милион малолетници учествуваат во глобалниот пазар на трговија со луѓе.

## 3. ОПСЕГОТ И КАРАКТЕРИСТИКИТЕ НА РОПСТВОТО НА МОДЕРНОТО ВРЕМЕ

Заедничка особина на сценаријата на трговијата со луѓе е употреба на сила, измами и изнудување со цел искористување на лицето заради заработувачка. Жртвата може да биде подвргната на искористување за работа, сексуално искористување, или и на двете искористувања. Искористување на работата вклучува ропство, присилна работа и должничко ропство. Сексуалното ропство обично вклучува малтретирање во рамките на комерцијална сексуална индустрија. Во останатите случаи жртвите се искористуваат во приватни куќи, од страна на поединци кои често бараат и секс и работа. Употребата на силата или изнудата може да биде физичка и насилна или психолошка.

Постојат голем број на проценки за опфатот и големината на ропството на модерното време. Меѓународната организација (ILO), агенција на ОН задолжена за решавање на прашања за работните стандарди, вработување и социјална заштита, проценува дека во секој момент 12, 3 милиони луѓе се изложени на присилна работа, должничко ропство, присилна работа на деца и на сексуално ропство. Останатите процени се движат од 4 до 27 милиони.

Според истражувањето кое го финасирало американската влада и е завршено во 2006 година, отприлика 800. 000 луѓе се жртви на трговијата преку националните граници. Овој број не вклучува милиони луѓе кои се тргуваат во сопствената држава. Околу 80% од жртвите кои се тргуваат преку националните граници се жени и девојки, а дури 50% од нив се малолетни. Поголемиот број од жртвите кои се тргувани надвор од државата се жени присилени на комерцијално сексуално искористување. Овие бројки не вклучуваат милиони жртви, жени и мажи во цел свет кои се тргуваат во рамките на нивните држави, главно заради присилна работа или должничко ропство.

Трговците со луѓе се фокусирани на ранливата групација, честопати на деца и млади жени, а триковите им се немилосрдни, смислени како да измамат, изнудат и да ја придобијат девербата на потенцијалните жртви. Многу често настапуваат со ветувања за подобар живот после склучувањето на брак, вработување, или пак, со можностите за образование.

Националностите на жртвите на трговијата со луѓе се бројни колку и културите во светот. Некои ги напуштаат државите во развој во потрага по подобар живот благодарение на неквалификуваните дејности во богатите

php?pid=24927

држави. Останатите стануваат жртви на присилна или должничка работа во сопствената држава. Жените, надевајќи се на подобра иднина, склони се да ги прифатат ветувањата за запослување во странство како дадилки, келнерки или манекенки. Тие дејности трговците на луѓе ги претвораат во ноќна мора на жените - проституција без излез. Некои семејства ги даваат децата на возрасни лица, често роднини, кои им ветуваат образование и можности, но место тоа децата ги продаваат заради искористување.

## 4. ГЛАВНИ ОБЛИЦИ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ

### 1. Присилна работа[14]

До присилна работа, во поголемиот број случаи, се доаѓа кога безобѕирните работодавачите ги искористуваат дупките во законите и ги искористуваат ранливите работници. Тие работници уште повеќе се изложени на присилна работа поради невработеност, сиромаштија, злостор, дискриминација, корупција, политички судири и културолошкото прифаќање на оваа практика. Доселениците се посебно загрозени, но и некои лица и во сопствената држава се присилени на работа. Жените жртви на присилна работа или ропство, посебно жените и девојките кои работат како куќни помошнички, честопати се сексуално искористувани.

Присилната работа е облик на трговија со луѓе кое може тешко да се препознава и да се процени одво рамките на сексуалната трговија. Таа не мора да вклучува иста криминална мрежа која заработува од транснационалната трговија со секс. Наместо тоа, можат да вклучуваат поединци кои било каде ги подвргнуваат - од еден до стотина работници - на недоброволно ропство, можеби по пат на присилна или изнудена работа во домот.

### 2. Должничко ропство

Еден од облиците на присилба или изнудување е употребата на должнички однос или долг со кој одредено лице се држи во потчинета положба. Тоа, во законот или политиката, се нарекува „должничка работа» или „должничко ропство». Тоа, според американскиот закон, е казниво, а во Протоколот на ОН за трговија со луѓе е дефинирано како облик на искористување поврзан со трговијата со луѓе. Многу работници во целиот свет стануваат жртви на должничко ропство кога трговците или ловците на работници незаконски го искористуваат првобитниот долг на работникот, кој настанал во рамките на условите за вработување, или кога работниците ќе наследат долг.

[14] Izvestaj o trgovini ljudima, 2008 http://zagreb. usembassy. gov/root/pdfs/trafficking_reports/trafficking_ report_2008. pdf

**3. Должничко ропство и недоброволно ропство помеѓу работниците мигранти**

Изложеноста на работниците - мигранти на трговија со луѓе е особено потресно, имајќи предвид што таа популација во некои региони е прилично голема. Можат да се забележат три можни причини: 1) кршење на договорот; 2) несоодветни локални закони кои ги уредуваат регрутирањето и вработувањето на работниците – мигранти; и 3) намерно наметнување на превисоки и често незаконски трошоци и долгови на тие работници во државата, често со соучество и поддршка на агенциите за вработување и на работодавачите во дадената држава.

**4. Ропство на куќните помошници**

Куќните помошници можат да паднат во стапица на ропство со употреба на сила или изнуда, како што е физичкото (вклучително и сексуалното) или емоционално малтретирање. Децата се посебно загрозени. Ропството на куќните помошнички е посебно тешко да се открие бидејќи се склучува во домовите на кои прописите на властите не се однесуваат. На пример, во некои богати држави во Азија и Среден Исток постои голема побарувачка за куќни помошнички кои, кога - тогаш стануваат жртви на ропство.

**5. Присилна работа на деца**

Повеќето меѓународни организации и национални закони дозволуваат децата законски да се занимаваат со полесна работа. Спротивно на тоа, сите држави во светот сакаат да ги искоренат најтешките облици на детска работа. Продажбата и трговијата со деца и нивното присилување на должничка или присилна дејност се едни од најтешките облици на детска работа. Секое дете кое е подвргнато на недоброволно ропство, должничко ропство, ропство со употреба на сила, измама или изнуда, е жртва на трговија со луѓе, без разлика на местото каде што искористувањето се одвива.

**6. Деца - војници[15]**

Војувањето на децата е единствен и тежок облик на трговија со луѓе, кој вклучува незаконско регрутирање на деца со употреба на сила, измама или изнуда, при што се искористува нивната работа или сексуално се малтретираат на подрачјето на судирите. Таква незаконска практика можат да спроведуваат владините сили, паравоените формации или востаничките групи. УНИЦЕФ проценува дека, во повеќе од триесет вооружени судири во светот, моментално се искористуваат повеќе од 300. 000 деца помлади од 18 години. Иако поголем дел од децата - војници се на возраст од 15-18 години, некои од нив се и од 7-8 години.

[15] Izvestaj o trgovini ljudima, 2008 http://zagreb. usembassy. gov/root/pdfs/trafficking_reports/trafficking_report_2008. pdf

Многу деца се грабнати за да станат борци. Останале на незаконски начин присилно да служат во војска. Многу млади девојки се присилени да се омажат или да имаат сексуални односи со војниците, при што се изложени и на несакана бременост.

Децата - војници се глобален феномен. Тој проблем е најизразен во Африка и Азија, но вооружените групи во Северна и Средна Америка и на Блискиот Исток, во подрачјата на судирите, исто така незаконски ги користат децата. Сите држави мораат да соработуваат со меѓународните организации и со невладините организации за преземање на итни мерки во разоружувањето, демобилизацијата и реинтеграцијата на децата - војници.

## 7. Трговија со секс и проституција

Трговијата со секс[16] претставува значаен дел од целокупната трговија со луѓе во поголемото транснационално ропство денес. Американската влада, во 2003 год. , заседе цврст став против проституцијата со својата политичка одлука во која се вели дека проституцијата сама по себе е штетна и понижувачка. Претворањето на луѓето во дехуманизирана стока ја прави околината погодна за трговија со луѓе[17]. Во широкиот спектар на модели на експлоатација доминираат облиците на т. н. „секс индустрија», односно организираната проституција, организирање на порнографски претстави, изработка и дистрибуција на порнографски материјали и слични активности, што се доведува во врска со трговијата со луѓе и криумчарењето на мигранти. Сексуалната експлоатација на луѓето претставува масовна експлоатација на нивното тело, односно половиот и сексуалниот идентитет и интегритет заради задоволување на нагонските и патолошките потреби на неодреден број лица, при што се остварува одредена противправна корист[18].

## 8. Децата кои се искористуваат заради комерцијален секс

Секоја година повеќе од два милиони деца се искористуваат во глобалната комерцијална трговија со секс. Многу од тие деца се заробени во проституција. Комерцијалното сексуално искористување на децата е трговија, без разлика на околностите. Меѓународните договори и протоколи обврзуваат на криминализација на комерцијалното сексуално искористување на децата. Ко-

---

16 Врската на секс индустријата со трговијата на луѓе е очигледна: сексуалната експлоатација на жртвите на трговијата со луѓе најчесто се одвива низ организирана проституција или порнографија, а „проститутките" или „стриптизетите" често се актуелни или потенцијални жртви на трговијата со луѓе. Станува збор за тн. Класични проститутки, хотелски проститутки, барски стриптизети, тн. „Еротски" иметници и др.

17 Izvestaj o trgovini ljudima, 2008 http://zagreb. usembassy. gov/root/pdfs/trafficking_reports/trafficking_report_2008. pdf

18 Mijalković, S. (2005) Trgovina ljudima, Beograd: Beosing, стр. 209

ристењето на децата во комерцијалната трговија со секс е забрането со американскиот закон и со Протоколот на ОН за трговија со луѓе.

**9. Туризам заради секс со деца**

Туризмот заради секс со деца вклучува лица кои патуваат од својата држава, најчесто држава во која сексуалното искористување на децата е незаконско или културолошко неприфатливо, во друга држава каде се впуштаат во комерцијален сексуален чин со деца. Туризмот заради секс со деца е срамен напад на достоинството на децата и облик на насилно малтретирање на децата. Ова малтретирање може да има страшни последици кај децата, а тие можат да вклучат долготрајни физички и психолошки трауми, болест, завист од дрога, несакана бременост, општествено исклучување, а можеби и смрт[19].

## 5. МЕЃУНАРОДНО - ПРАВНА РАМКА ЗА ЗАШТИТА НА ЖРТВИТЕ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

Феноменот трговија со луѓе за прв пат е разгледуван на меѓународно ниво кон крајот на 19-от век, во серија меѓународни конференции, а проблемот во тоа време е нарекуван „бело ропство». Првиот меѓународен договор кој се однесува на сузбивање на трговијата со луѓе е потпишан во Париз 1904 година (Wijers i Lap'Chew 1997). Во наредните години, проблемот на трговијата со луѓе привлекувал се поголемо внимание и стана предмет на повеќе меѓународни договори. Еден од нив е Конвенцијата на ОН за сузбивање на трговијата со луѓе и експлоатација на други во проституција (1949).

Во последните години на дваесеттиот век се преземени повеќе синхронизирани и координирани активности на меѓународни организации на планот на спречување на понатамошното ширење на феноменот на трговијата со луѓе. Конвенцијата на ОН против транснационалниот организиран криминал, усвоен во 2000 година, и Протоколот за спречување, сузбивање и казнување на трговијата со луѓе, посебно на жени и деца (во понатамошниот текст: Палермо протокол), претставуваат најзначајно помрднување кон дефинирањето на феноменот на трговијата со луѓе и мерките кои се неопходни да се преземаат за да се спречат овие активности[20].

Конвенцијата и Протоколот од Палермо им посветуваат внимание на одредбите за превенција и спречување на соработката на државите потписнички, и даваат дефиниција на поимот „трговија со луѓе». Според Прото-

[19] Izvestaj o trgovini ljudima, 2008 http://zagreb. usembassy. gov/root/pdfs/trafficking_reports/trafficking_report_2008. pdf

[20] Текстот на Конвенцијата на ОН е достапен на : Интернет, http://www. uncjin. org/Documents/Conventions/dcatoc/final_documents_2/convention_eng. pdf. Пратечкиот протокол е достапен на: Internet, http://untreaty. un. org/ English/TreatyEvent2003/Texts/treaty2E. pdf.

колот, сите држави потписнички се обврзани да развијат национален план за превенција, забрана и казнување на трговијата со луѓе.

Повеќе препораки поврзани со спроведување на акција против сексуална експлоатација и трговијата со луѓе, посебно на децата, се усвоени во рамките на Советот на Европа. Најважниот документ – Конвенцијата на Советот на Европа за борба против трговијата со луѓе, е заклучен во 2005 година[21]. Документот е насочен, пред сé, на заштитата на жртвите и почитување на нивните човекови права, со цел пронаоѓање соодветна рамнотежа помеѓу прашањата кои се однесуваат на заштитата на правата на жртвите и кривичното гонење. Се применуваат на сите жртви на трговијата подеднакво – жени, мажи и деца, на сите облици на експлоатација (на сексуална експлоатација, присилна работа, ропство, присилување на питачење, служење во војска, отстранување на органи), како и на сите облици на трговија на луѓе. Иако во основата на овој документ се наоѓаат одредби од Палермо протоколот, Конвенцијата на Советот на Европа оди чекор понапред, зашто предвидува воспоставување на механизми на надзор кој треба да го гарантира спроведувањето на нејзините одредби, во вид на експертска група за сузбивање на трговијата на луѓе – GRETA. За првите десет држави кои ја ратификувале, Конвенцијата стапила на сила на 1 февруари 2008 година[22].

[21] текстот на Конвенцијата на Советот на Европа е достапен на Интернет, http://conventions. coe. int/Treaty/Commun/ QueVoulezVous. asp?NT=197&CM=1&CL=ENG.

[22] Vukolić. B. 2008, Međunarodnopravni okvir zaštite i pomoći žrtvama trgovine ljudima, Revija bezbednost, str. 32

**ЛИТЕРАТУРА:**


1. Aidrom-humanitarna organizacija, Bukurest, http://www. b92. net/info/vesti/index. php?yyyy=2008&mm=11&dd=19&nav_id=329563

2. Бачановиќ, О (2001) Жени жртви на трговија со луѓе, Годишник на Факултетот за безбедност, Скопје,

3. Bjelajac Z, Moderno ropstvo, Beograd, 2008

4. Vukolic. B. 2008, Medunarodnopravni okvir zastite i pomoci žrtvama trgovine ljudima, Revija bezbednost

5. Vesna Nikolic, Ristanovic, Trgovina ženama u Srbiji i okolnim zemljama: obim, karakteristike i uzroci, Temida, april, 2002

6. Wijers, M. , Lap-Chew, L. (1997) Trafficking in Women: Forced Labour and Slavery-like Practices in Marriage, Domestic Labour and Prostitution, Utrecht: STV, стр. 98-99.

7. Vintileanu, I. , Babovic, B. (ur. ) (2001) *Krijumčarenje ljudi:krijumčarenje žena i dece*, Beograd, CUPS,

8. Vukolic. B. 2008, Medunarodnopravni okvir zastite i pomoci žrtvama trgovine ljudima, Revija bezbednost.

9. Vesna Nikolic-Ristanovic; trgovina ljudima u Srbiju, viktimolosko drustvo, OEBS, 2004

10. Issue 51 The fountain Magazine, 2008, Globalna trgovina ljudima http://www. bosnjaci. net/prilog. php?pid=24927

11. IOM Report, Bulgaria, 2000.

12. Izvestaj o trgovini ljudima, 2008 http://zagreb. usembassy. gov/root/pdfs/trafficking_reports/trafficking_report_2008. pdf

13. Lukic, Iva, trgovina ljudskim organima. Revija Bezbednost 2008, 8/08

14. Limanowska, B. (2002) *Traffic kingin Hman Beings in Southe astern Europe*,

UNICEF/UNOHCHR/OSCE – ODIHR.

15. Mijalkovic, S. (2005) Trgovina ljudima, Beograd: Beosing

16. Trgovina ljudima: Globalni modeli, Sofia Echo - 25/04/06;

Ured UN-a za borbu protiv droge i kriminala, Washington File, UPI - 24/04/06; AP - 23/04/06) http://www. setimes. com/cocoon/setimes/xhtml/hr/features/setimes/features/2006/04/25/feature-01

17. http://www. atc. org. yu/data/File/Trgovina%20ljudima/trgovina%20ljudima. pdf

18. http://www. atc. org. yu/data/File/Trgovina ljudima/trgovina ljudima. pdf

19. http://www. uncjin. org/Documents/Conventions/dcatoc/final_documents_2/convention_eng. pdf

20. http://untreaty. un. org/ English/TreatyEvent2003/Texts/treaty2E. pdf.

21. http://conventions. coe. int/Treaty/Commun/ QueVoulezVous. asp?NT=197&CM=1&CL=ENG.

22. хттп://wiki. velv. hr/wiki/index. php/Trgovina_ljudima, 2008

Политички науки
Political Sciences

UDK/UDC 342.8 (497.1) (091)
Научен текст / Scientific Paper

*Проф. д-р Анета Јовевска*

# ИЗБОРНИОТ МЕНАЏМЕНТ КАКО ФАКТОР ЗА РЕГУЛАРНИ И ДЕМОКРАТСКИ ИЗБОРИ

## АПСТРАКТ

Во фокусот на вниманието на овој труд е изборната администрациа и нејзиниот придонес кон кредибилитетот на изборниот процес, како клучен сегмент во изборот на легитимна политичка елита. Прашањето како да се организираат и спроведат регуларни избори, е предмет на интерес на бројни субјекти инволвирани во изборниот процес, но и на пошироката експертска јавност, која ја следи оваа проблематика. Како резултат на ова, изработени се бројни извештаи, со препораки и упатства, кои ги афирмираат стандардите кои треба да бидат вградени во законите, како гарант на заложбата за фер и демократски избори. Станува збор за одреден сет на базични стандарди: соодветна законска рамка; неутрална и квалификувана администрација; како и еднаков третман на избор-

*Aneta Jovevska, Ph. D.*

# ELECTION MANAGEMENT AS A FACTOR FOR FAIR AND DEMOCRATIC ELECTIONS

## ABSTRACT

This article puts emphasis on the election administration and its contribution to the credibility of the election process as a key segment in the election of legitimate political elite. How to organize and hold fair elections is a matter of interest not only to numerous parties involved in the election process but also to the experts who deal with these problems. As a result of this, there are numerous reports issued with recommendations and directions about the standards that need to be incorporated into the legislations and which guarantee fair and democratic elections. What we're referring to here is a set of basic standards: a suitable legislative framework, neutral and qualified administration as well as equal treatment to all election subjects as an essential component in the election process. In addition, this article gives a historical retrospect of the election le-

ните субјекти, како битна компонента на интегритетот на изборниот процес. Следејќи го овој аспект, трудот содржи и историска ретроспектива на изборното законодавство во Република Македонија. При тоа, се прави обид да се идентификуваат факторите, како и спорните законски решенија, кои сигнализираат одделни проблеми во изборниот менаџмент, а воедно се посочуваат и можни препораки за нивно надминување.

gislature in R. Macedonia. In doing so, we also point out the factors as well as the arguable legal decisions which signalize specific problems in the election management but we also give suitable recommendations in how to solve them.

jacunj@gmail. com

## ВОВЕД

Ако во споредбените истражувања на изборите во осумдесеттите и почетокот на деведесеттите години од минатиот век, приоритетна тема биле предностите и недостатоците на изборните модели, последниве две декади, особено со искуствата од земјите во транзиција, вниманието се дефокусира и се насочува и кон една друга компонента на изборите. Станува збор за изборната администрација и нејзиниот придонес кон кредибилитетот на изборниот процес како клучен сегмент во изборот на легитимна политичка елита[1]. Имено, изборите во земјите со релативно куса демократска традиција ја актуелизираат и легитимирачката функција на изборите. Посебно што ова прашање ги надминува рамките на националниот суверенитет, односно претпоставува дополнителна верификација на демократскиот карактер на изборите и од страна на меѓународните институции. Станува збор за многу важна оценка која има реперекусии врз аспирацијата за евроатланска интеграција на овие држави. Од тука, прашањето како да се организираат и спроведат регуларни избори, стана предмет на интерес на бројни субјекти инволвирани во изборниот процес, но и на пошироката експертска јавност која ја следи оваа проблематика. Како резултат на ова изработени се бројни извештаи, со препораки и упатства, кои ги афирмираат стандардите кои треба да бидат вградени во законите, како гарант на заложбата за фер и демократски избори. Очигледно

1 Види: Birch, Sarah (2005), 'Perceptions of Electoral Fairness and Voter Turnout', Paper prepared for delivery at the 2005 Annual Meeting of the American Political Science Association, September 1-4, pp. 214. ; Elklit, Jorgen !1999), 'Electoral Institutional Change and Democratization: You Can Lead a Horse to Water, But You Can't Make it Drink', Democratization, 6. 4, 28-51. ; Elklit, Jorgen and Andrew Reynolds (2002), 'The Impact of Election Administration on the Legitimacy of Emerging Democracies', Commonwealth and Comparative Politics 40. 2, pp. 86-119.

овие укажувања се посебно значајни за земјите во кои сѐ уште демократијата не е консолидирана[2], бидејќи изборниот ситем и неговите елементи сами по себе не го обезбедуваат демократскиот карактер на изборите. Спроведувањето регуларни избори претпоставува административен менаџмент кој има капацитет да организира избори без конфузија и пристрасност, со што се обезбедува доверба во целиот процес. Во таа смисла, особено е важно во имплементацијата на изборните правила и грижата за нивната примена, да се ограничи влијанието на власта. За слободни избори не може да зборуваме ако не се исполнат следниве претпоставки: 1) компетентен граѓански сектор; 2) независно судство, кое е ослободено од притисокот на власта; и 3) слободни медиуми и јавно мислење кое има сенс за морал и етичност во изборите, како и за политичката корупција.

Само во еден таков поширок контекст постојат претпоставки за спроведување на чесни избори како битна компонента на интегритетот на изборите. Ова не е формална заложба, туку подразбира обезбедување на одреден сет на базични стандарди: соодветна законска рамка, неутрална и квалификувана администрација и еднаков третман на изборните субјекти. Иако операционализирањето на овие стандарди во изборните закони на одделни држави не е идентично, сепак постојат некои базични принципи[3] кои мора да бидат нормирани. По правило, секој изборен систем е дефиниран во соодветна законска рамка која ги регулира и гарантира начелата за слободни, фер и компетитивни избори. Ова подрзбира прецизност во дефинирањето на улогите на сите изборни субјекти, како и соодветни механизми за заштита на изборното право. Воедно, регулирањето на хиерархијата во односите и авторитетот на институциите надлежни во спроведувањето на изборите придонесува за воспоставување неутрална администрација, која преку непристрасност во примената на законот ќе овозможи остварување и на начелото на еднаков третман на учесниците во изборите.

Градењето на авторитетот на изборната администрација не е лесна задача, што потврдува и различното искуство на одделни земји во барањето на најприфатливо решение за тоа каков да биде составот и структурата на телата кои се одговорни за менаџирањето на изборите. Изборните системи може да предвидат различни механизми за воспоставување на неутрална администрација. Во оние земји, со подолга демократска традиција, во кои граѓаните

2 Diamond, Larry (1999) *'Developing Democracy: To w a rd Consolidation'*, The Johns Hopkins University Press, Baltimor and London, pp65

3 Види: ACE Encyclopedia, Electoral Manegement, http://aceproject. org/ace-en/topics/em; International IDEA's "International Electoral Standards: Guidelines for reviewing the legal framework of elections" (http://www. idea. int/publications/electoral_guidelines. pdf) The OSCE's "Existing Commitments for Democratic Elections in OSCE Participating States" (http://www. osce. org/odihr/?page=publications&div=topics&topic=elections). Овие документи реферираат на принципите на Универзалната декларација за човекови права (http://www. unhchr. ch/udhr/index. htm), International Covenant on Civil and Political Rights and related treaties (http://www. unhchr. ch/html/intlinst. htm), and the Copenhagen Declaration on Social Development (http://www. un. org/esa/socdev/wssd/agreements), European Convention of Human Rights and Charter on Local Self Government.

имаат доверба во власта, по правило власта е таа која го менаџира изборниот процес. За разлика од овие искуства, во земјите, во кои манипулацијата со изборите не е непозната за политичките актери, се прават обиди со изборите да раководат неутрални институции. Всушност, решението се бара во изборна администрација врз чија работа партијата на власт нема да може да влијае[4].

## ИЗБОРНОТО ЗАКОНОДАВСТВО НА РМ НИЗ ПРИЗМАТА НА ИЗБОРНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

Кога се говори за овој аспект на изборите, кај нас, упатно е да се забележи дека бројните контроверзи што ги следеа изборите, во поголема мера беа рефлексија на еден поширок општествено - политички контекст, отколку на дефицит на изборната регулатива. Впрочем, тоа го манифестира и хронологијата на изборните реформи кај нас[5], кои по правило се актуелизираа редовно по секои избори. Честото менување на изборните правила, и нивното моделирање според потребите на актуелниот миг и диоптријата на клучните политички партии, беше причина со скепса да се прифаќат ваквите промени, дури и кога се оправдани, и во нив да се лоцира вината за бројните нерегуларности кои ги следеа изборите.

Очигледно низ целиот овој период на „потрага" по модел на изборен менаџмент кој одговорно и ефикасно ќе ги организира и спроведува изборите, се актуелизираа, главно, следниве дилеми:

- каков модел на изборна администрација да се избере, односно каков да биде статусот на изборните органи наспроти власта;
- дали изборните органи да бидат постојани тела или, пак, со привремен статус, односно со мандат само за време на изборите;
- на кои нивоа да бидат организирани овие тела и каква да биде нивната релација;
- кој може да биде член на овие тела и како да се прави нивната селекција;
- како да се избираат и пред кого да одговарат членовите на ИО;
- кои надледжности да им се доделат и какво мнозинство е потребно за да се одлучува и да се донесуват одлуки;

4 Споредбените искуства воочуват три основни модели на менаџирање на изборите во зависност од релацијата која се воспоставува меѓу изборните органи и власта: независен, владин и комбиниран (мешовит) модел. Иако наведените модели во различни земји пројавуваат свои специфики, сепак една ваква класификација се покажува како функционална од аспект на групирањето на различните решенија кои се применуват при менаџирањето на изборите на одделни држави. Инаку, од 214 држави во светот во 2006 година 55% го апплицираат независниот модел, 26% владиниот модел и 15% мешовитиот модел (останатите 4% се оние држави кои не спроведуват национални избори. Види: Wall, Allan, Ellis Andrew… (2006), *Electoral Management Design*: *The international IDEA Handbook*. International Institute for Democracy and Electoral Assistance, pp. 8

5 Види Јовевска, А. (2008) Државна изборна комисија во „Перспективи на домашната правна рамка за спроведување на изборите, погледната од аголот на меѓународните изборни стандарди и добри практики". ОБСЕ, Скопје.

- како да се финансираат нивните активности;
- како да се обезбедат изборните стандарди кои го дефинираат образецот на нивното дејствување.

Очигледно станува збор за многу деликатни прашања за чие разрешување не е доволна само декларативна заложба, туку е потребна реална политичка волја за да се дефинира регулатива која, со оглед на поширокиот контекст, ќе обезбеди формирање на независна и непристрасна изборна администрација, која ќе може да им ја врати довербата на избирачите во изборниот процес.

Ова го потврдува и анализата на изборните закони, во кои понудените решенија најчесто ги рефлектирале искуствата од спроведувањето на одредени избори. Така, како резултат на забелешките на изборите од 1998г. , посебно претседателските избори во 1999 година, се пристапи кон целосно редефинирање на изборната администрација (2002г. ), за четири години подоцна, по претседателските избори 2004г. , како и локалните избори 2005г. , да се пристапи кон нови изборни реформи. Тоа резултираше со нов Изборен законик[6], кој промовира нови решенија во поглед на статусот, составот, структурата и надлежностите на изборната администрација. Имено, станува збор за следниве измени: составот и надлежностите на изборната администрација, обезбедување на принципот на субординираност во работата на изборните органи, обезбедувањето задолжителна застапеност на секој пол во составите на сите нивоа на изборните тела, прецизирање на улогата на полицијата, транспарентноста во работата на органите, регулирање на постапката по жалба, односно заштитата на изборното право и слично.

Обидот да се формира независна, професионална и непристрасна изборна администрација, која своите обврски ги извршува “непристрасно, совесно и одговорно”, отвори многу дилеми. Дали и на кој начин претставниците на судската власт да бидат инволвирани во овие тела, како, и дали, политичките партии преку свои претставници да бидат дел од структурата на изборниот менаџмент. Всушност и трендот во промените, кај нас, е токму рефлексија на тие дилеми. Фактот што нема идеален модел кој може да се преслика во секоја држава, без притоа да се води сметка за спецификите на вкупниот контекст, е јасно говори со каков предизвик се соочуваат креаторите на вакви решенија. Прашањето, како да се обезбеди професионалност и ефикасност во работата на овие тела, а истовремено и легитимност на нивните одлуки, низ целиот изминат период, е причината за различен пристап во барањето излез од партизирањето на овие органи, односно нивното дистанцирање од судкста власт.

Првиот позначаен исчекор во насока на нормирање на статусот на изборната администрација во Република Македонија се оствари со донесувањето на Законот за избори од 2002 година. Тогаш беа создадени нормативни претпоставки за формирање на помошно тело на ДИК, односно професио-

6 Владата на РМ во мај 2005 година одлучи да ја кодифицира правната рамка за изборите. Како резултат на таквата заложба Собранието на РМ на 29 март 2006 година го донесе Изборниот законик.

нален Секретаријат, како независен орган. Меѓутоа, ваквиот орган не беше доволна гаранција за успешно и ефикасно функционирање на ДИК. Фактот што ДИК немаше статус на постојано тело имлицираше неколку проблеми:

- организациски, неможност да се воспостави континуитет во работата на овие органи;
- сомневање и недоверба во кредибилитетот на лицата кои привремено беа ангажирани во највисокиот изборен орган (ДИК), бидејќи беа вклучувани и лица кои беа со постојан работен ангажман во државната администрација или судството, што ја доведуваше во прашање нивната автономност и отпорност на политички притисоци. Особено ова укажување се однесуваше на изборот на судии- членови во ДИК, на предлог на политичките партии;
- едукативен, кратко време за обучување на ангажираните лица;
- финансиски, односно лимитирање на финансиската самостојност на ова тело од Владата.

Покрај овие идентифукувани слабости, како и непостоењето на унифицирана и конзистентна нормативна рамка за сите избори, се наметна потребата за кодификација на изборното законодавство. Идејата беше, со кодификацијата да се надминат проблемите на контрадикторност на одредбите кои се однесуват на исти законски институти во различни изборни закони (на пример: технички прашања околу редоследот на елементите содржани во кандидатските листи, за бројот на членовите на исти изборни органи, но за различни избори, недоследност во делот на заштитата на изборното право и сл. ). Како резултат на овие согледувања, со цел да се креираат решенија кои ќе создадат оптимални услови за задоволување на основните изборни стандарди, како услов за квалификувано и унифицирано одлучување на изборните органи, за прв пат беше промовиран моделот на независен изборен менаџмент како постојано изборно тело. Исто така, како новина беше афирмирано и вклучувањето на јавната администрација во составот на изборните тела. Воедно, попрецизно беа дефинирани односите на субординираност на изборните органи, како и подетално операционализирање на нивните надлежности.

Меѓутоа, случувањата на предвремените парламентарни избори во јуни 2008 г. , како да ги потврдија некои од нашите претходни искуства. Поточно, идентични решенија да имаат сосема различни импликации во однос на регуларноста на изборите. Се потврди дека, без политичка волја и подготвеност на клучните субјекти да го применат и да го санкционираат секого кој не ги почитува изборните стандарди, не може да се создадат услови за праведни избори, односно на владеење на правото. Ова го потврдуваат и репризите во непочитувањето на потпишаните кодекси, несанкционирањето на оние кои не ги почитуват одредбите на законот, па дури и вклучување на претставници на власта во ваквите нерегуларности, со што се доведува во прашање легитимноста на избраните претставници, а со тоа и довербата во институциите. Babки-

те случувања се и во тесна врска со опасноста за помал одзив на избирачите[7], што го актуелизира и прашањето за криза на легитимитетот на институциите кај нас. Во таа смисла, во валоризацијата на иницијативите за промени во законската регулатива, мора да се води сметка дали предложените решенија го гарантираат интегритетот на изборниот процес или, пак, отвараат простор за евентуални манипулации за кои постојниот капацитет на ДИК не е во можност да гарантира оптимална заштита на избирачкото право.

Не навлегувајќи во подлабока елаборација на регистрираните инциденти и неправилности, кои ги одбележаа предвремените парламентарни избори, само ќе спомонеме дека квалификацијата на „најлошо[8]" организирани избори укажува на сета сериозност на проблемот. Тоа е и причина за мобилизација на сите актери што побрзо да ги идентификуваат причините кои го загрозија демократскиот карактер на изборите, но и кои стојат на патот на консолидирањето на демократијата кај нас. Во тој контекст, сигурно и изборната администрација е една од варијабилите која има свои импликации врз овие процеси.

## ПРЕДИЗВИЦИТЕ СО КОИ СЕ СООЧУВА ИЗБОРНИОТ МЕНАЏМЕНТ ВО РМ

Од извештаите посветени на предвремените парламентарни избори се забележува извесна дискрепанција. Имено, иако генерално изборите беа оценети како „лоши", сепак одговорноста за ваквата слика не и се препишува на изборната администрација. Ова не значи дека таа е целосно амнестирана за случувањата. Од тука и потребата да се регистрираат проблемите и слабостите кои се пројавија во функционирањето на изборните органи, а со цел во иднина да се создадат претпоставки за нивно надминување[9]. Во тој контекст, би укажале на некои од нив, кои реферираат на некои од аспектите во креирањето на изборната политика.

7 Тука, меѓу другото, може да ја лоцираме и иницијативата на актуелната власт за промена во изборниот модел за избор на Претседателот на државата. Партијата на власт, ВМРО- ДПМНЕ, ова прашање го промовира есента 2008 година во текот на политичкиот дијалог меѓу партиите од власта и опозицијата. Имено, се предложи намалување на изборниот одзив од 50% на 40% во вториот изборен круг како услов за релевантност на изборниот исход. Ваквата промена имплицира и интервенција во Уставот на РМ, каде што, поконкретно е дефиниран изборниот модел за изборот на Претседателот на државата.

8 Види: Извештај на Хелсиншки комитет за човекови права на РМ за предвремените избори 2008г. , како и Извештајот на OSCE за предвремените парламентарни избори.

9 Пред се треба да се земат во обсир препораките и сугестиите на OSCE/ODIHR и МОСТ, кои главно се однесуват на обезбедување поголема конзистентност на одредбите, како и сугерирање на решенија кои ја олеснуват имплементацијата на некои од нормите, а со цел да се обезбеди унифицираност во нивната примена. Во таа смисла, се укажува на потребата: да се регулира престанокот на мандатот на член на ИО поради разрешување, оставка или пензија, губење статус на вработен во државна или јавна администрација, да се позасилат ингеренциите на ДИК во однос на контролата на трошењето на средствата и сл. Види: Анализа за подобрување на изборното законодавство во делот на изборните нерегуларности и финансирањето на изборната кампања, Early Parliamentary Elections, 1 June 2008 OSCE/ODIHR Election Observation Mission Final Report, pp. 27 и Финален извештај: Предвремени парламентарни избори 2008, МОСТ- Граѓанска асоцијација

- ✓ Искуството, кај нас, укажува дека сите можни активности кои се преземаат во текот на спроведувањето на изборите не е можно до крај законски да се покријат. Во таа смисла, Изборниот законик предвидува ДИК да располага со можност за донесување на одредени документи (упатства, препораки) со кои дополнително се дообјаснуват одделни аспекти на изборниот процес. Секако, ваквата можност треба јасно и прецизно да биде дефинирана во рамките на одредени принципи, кои не ги доведуват во прашање изборните стандарди[10]. На овој начин интенција е да се обезбеди конзистентност во толкувањето и имплементирањето на одредбите на Изборниот законик и тоа од сите изборни органи. Ваквата надлежност на највисокиот изборен орган не го супституира законот, туку овозможува поголема флексибилност, а со цел да се обезбеди ефикасност на процесот. При креирањето на ваквите упатства треба да се почитуват одредени принципи и упатно е да се внимава:
    - o со упатствата на ДИК, ниту еден од основните елементи на изборното право да не биде ограничен или доведен во прашање;
    - o можноста да дава упатства ДИК, да биде прецизно дефинирана во делот на надлежностите;
    - o јасно да биде назначено дека упатствата на ДИК мора да се во согласност со одредбите на Изборниот законик;
    - o да биде предвидена можност изборните субјекти да поднесат тужба или жалба во врска со усвојувањето и имплементацијата на упатствата од страна на ДИК;
    - o во Изборниот законик на јасен и недвосмислен начин да биде утврдена хиерархијата на правните норми и од други закони со кои се регулира изборната материја.

На ваков начин ќе се овозможи поголема флексибилност во дејствувањето на ДИК, односно ќе се надмине констатираната забелешка дека ДИК во одредени околности е инертен во толкувањето на своите надлежности. Таквиот пристап беше причина ДИК да не реагира адекватно во однос на некои очигледни злоупотреби и манипулации со изборниот процес[11].

✓ Со оглед на статусот што го има ДИК како централно изборно тело, со релативно зголемен број надлежности, оправдано е да се очекува ДИК да биде

10 “. . . . изборен стандард е правило на однесување на изборните субјекти во изборниот процес, или правило за проценување на однесувањето на изборните субјекти во изборниот процес. Каракамишева, Тања „Меѓународни и европски изборни стандарди, со посебен осврт на Кодексот на Венецијанската комисија за добра практика во изборните прашања“. Правен Ресурсен Центар, *w w w . p r a v o . o r g . m k,* стр. 11

11 Еден од примерите за ова е и потврдувањето на кандидатурите на Социјал демократската партија, која предложи листа на имиња (анонимни грѓани) речиси идентични со имињата на носителите на листите на Коалицијата – Сонце. Иако имаше очигледно сознание дека се манипулира со изборната постапка, дури некои од кандидатите не знаеја дека биле кандидирани, реакциите на јавното обвинителство и на ДИК изостанаа. . Исто така, во Финалниот извештај на МОСТ, беше забележано несанкционирање на повредите на правилата за водење на изборната кампања поради тесното толкување на изборните одредби.

активно инволвирана во креирањето на изборната политика. Ова подразбира одговорност во предлагањето на евентуални промени во изборната регулатива, а со цел да промовира одредби кои обезбедуват заштита на интегритетот на изборниот процес. Нејзин активен придонес треба да има во стандардите за организирање и набљудување на изборите и воспоставување на процедурите и условите за организирање на изборниот процес. Во таа смисла, законски треба да се утврди обврска за ДИК да изготвува стратешки документи во кои на подолг рок ќе ги дефинира правците и приоритетите во креирањето на изборната политика. Иако Изборниот законик не ја предвидува ваквата можност, ДИК има изработено стратешки план[12] за периодот 2008- 2010 година, но сепак со една ваква законска обврска би се избегнале кампањските и стихијни промени, под диктат на партиските елити, кои најчесто се повод за промени во изборното законодавство, кај нас. Ваквата позиција на ДИК подразбира вклученост во изборните реформи како можност за активно следење и сигнализирање на актуелните проблеми, но и отворање на некои перспективи од подолгорочен интерес. Оттука, на функциите кои им се доделуват на овие тела треба да се гледа многу пошироко, односно да се засилува одговорноста кон заедницата во која тие функционираат. За таа цел се очекува да водат грижа за промоција на балансот меѓу половите во составот на овие тела, но и во политичкиот живот. Грижата за фер и демократски избори, обезбедување на еднаквост и рамноправност на натпреварувачите во изборите, како и достапност на изборните услуги, особено на маргинализираните лица, се клучните фактори во градењето на политичката култура на сопствените граѓани, што претставува една од основните функции на изборниот менаџмент денес - промоција на добри практики.

✓ Еден од проблемите, кој во континуитет е поврзан со изборите кај нас, е релевантноста на податоците во Избирачкиот список и неговото ажурирање. Неоправданото внесување на податоци, неможноста на одделни избирачи да се евидентираат во ИС, регистрирани избирачи на повеќе од едно избирачко место, проблематична методологија на регистрација на лицата кои живеат во странство, се дел од пројавените проблеми, кои, изминатиот период, ја доведуваа во прашање веродостојноста на овој битен документ за регуларноста на изборите. Секако, причините за ваквите слабости се бројни. Најчесто се наведуват: некоординираност меѓу институциите задолжени за евиденција (Министерство за правда, Министерство за внатрешни работи и Државниот завод за статистика); отсуство на електронска евиденција на податоците - мануелна обработка; непрецизна евиденција; пасивност на избирачите; нередовно ажурирање; немање политичка волја, односно интенција за изборна манипулација и сл. Токму овие проблеми ја актуелизираа потребата водењето на ИС да го превеме ДИК како независна институција, која може да ја афирмира довербата на јавноста во овој документ. Секако, една ваква законска обврска за ДИК претпоставува поголема екипираност на ова тело. За таа цел, со новите

12 Стратешки план на ДИК за периодот 2008- 2010 година, 18-ти октомври 2007 година

измени во Изборниот законик[13] се формира посебно координативно тело за спроведување на активностите за преземање на Избирачкиот список од Министерството за правда во Државната изборна комисија со членови од Министерството за правда, Државната изборна комисија и Државниот завод за статистика на предлог на Владата на Република Македонија. Воедно, се предвидува во координативното тело да се избере по еден член од редот на пратеничките групи во опозиција и по еден член од редот на пратеничките групи на власт застапени во Собранието на Република Македонија. Можеби, со оглед на измените во Законикот да гласаат и државјани на Република Македонија[14] на привремена работа или престој во странство, требаше во координативното тело да се предвиде да бидат вклучени и претставници на Министерството за надворешни работи. Ова особено заради логистиката што ова Министерство треба да ја обезбеди во преземањето на евиденцијата на избирачкото право надвор од границите на РМ Ова тело има задача да изготви Акционен план за трансфер на надлежноста за водење на ИС од Министрството за правда во ДИК и се очекува да даде одговор кои институции, и на кое ниво, би требало да се вклучат во процесот на регистрација за да се обезбедат релевантни податоци (дали вработените во подрачните единици на МП треба да бидат центри за регистрирање на избирачкото право и каква ќе биде координацијата со ДИК). Секако, потребно е објективно да се проценат перформансите на секоја од институциите. Ова прашање уште повеќе се усложнува со можноста изборите да се организираат и во изборни единици надвор од РМ. Поточно, останува дилемата како ДИК ќе го координира овој процес, како ќе се остварува соработката со ДКП и како ќе се структуира водењето на ИС. Посебно ова прашање го усложнува и фактот како да се регулира статусот на лицата кои не се во РМ, односно кои лица ќе се сметаат за лица со привремен престој, а кои за иселеници. Иако, во рамките на измените не е вклучена и можноста за активирање на дополнителни места за претставници на помалите заедници, во парламентот, сепак, оваа дебата не е затворена. Во таа смисла, останува прашањето како ќе се евидентираат избирачите на помалите заедници во колку во иднина се вгради вакво решение во Изборниот законик. Очигледно ДИК ќ е треба да дефинира методологија на регистрирање, односно дали ќе се води еден ИС или и дополнителини избирачки списоци (еден за лицата со привремен престој и друг за лицата кои ќе се определат да гласат за листите на кандидатите на заедниците). Станува збор за прашања кои се сериозни и кои бараат прецизно нормирање, бидејќи во спротивно ќе стимулираат нерегуларности[15]. Оттука, за да одговори ДИК успешно на вака конципираните надлежности, неопходно е да се зајакнат нејзините капацитети: нормативни, административни, човечки (стручна служба), материјално- финансиски, информативно- тех-

13 Види член 101 од Законот за измена и дополнување на Изборниот законик на РМ -2008г.

14 Исто, член 2

15 Види: Јовевска, А и Габер, Н (2008) Изборниот систем на Република Македонија – актуелни дилеми. Годишник на ИСППИ, Скопје

ничка опременост и сл. Всушност, сите овие елементи законодавецот мора да ги има во предвид кога ќе ја нормира оваа материја, како и динамиката со која ДИК ќе биде способен оптимално да одговори на таквите задолженија[16].

✓ Од овој аспект, е многу важно да биде специфицирана и операционализирана улогата и надлежностите на секоја од институциите вклучени во изборниот процес, како и да се предвидат соодветни контролни механизми за секоја од фазите на овој процес. Само на тој начин ДИК ќе може да биде ефикасна и одговорна во остварувањето на своите надлежности. Ова е важно, бидејќи во реализацијата на изборите вклучени се бројни изборни тела на различно ниво на организирање, па оттука и потребата што попрецизно да бидат утврдени нивните надлежности и релации. Поделбата на надлежностите и разграничувањето на одговорноста меѓу изборните тела овозможува нивна поголема ефикасност и поголем кредибилитет на изборниот процес[17]. Воедно, во овој аспект од особена важност е да се обезбеди функционално разграничување меѓу изборната администрација и другите институции кои, исто така, покриваат некои од аспектите поврзани со изборите[18].

Имено, прашањата како што се регистрирање и финансирање на политичките партии, активности поврзани со избирачкиот список, кампањата, одлучувањето по жалбите, одредување на границите на изборните единици, едукацијата за изборите, како и информирањето, често пати се во надлежност и на други институции (одделни министерства, агенции, судовите итн. ). Секако, можноста и други институции да споделуват дел од функциите има свои предности, но и недостатоци, затоа е и потребна внимателност во вреднувањето на овие решенија. Така, вклучувањето на одделни институции во некои од овие активности може да ги „заштитат" од партиски влијанија изборните тела, односно овозможуват поголема фокусираност на изборниот менаџмент на спроведувањето на изборите, поголема компетентност и техничка подготвеност на одредена институција поквалификувано да ја спроведе активноста, што овозможува взаемна контрола во имплерментирањето на активностите. Од друга страна можно е другите институции да го немаат кредибилитетот на независност како изборниот менаџмент во реализацијата на доделената функција, може да недостасува координација во остварувањето на овие комплексни задачи, или, пак, изборните активности може да го немаат статусот на приоритет за тие институции, што може да се рефлектира на нивната ефикасност. Исто така, тешкотиите во разграничувањето на финансиските трошоци врзани за изборите, може да ја попречат независноста на изборните органи под влијание на

16 Според Стратегијата на ДИК, очигледно ова тело работи со минимален капацитет, односно „од предвидените 34 работни места во Стручната служба на ДИК, во моментов службата има вработено само 9 лица. . . " Стратешки план на ДИК за периодот 2008- 2010 година.

17 Она што е од суштинско значење е правната регулатива да го дефинира односот меѓу централната изборна комисија и пониските изборни комисии, како и односот на комисиите и надлежните изборни органи. Uputstva za ekspertku analizu i ocjenu izborne regulative, Varsava, januar 2001 pp12-15 OSCE (OEBS) ODIHR

18 Види: Финален извештај: Предвремени парламентарни избори 2008, Мост, Граѓанска асоцијација, стр. 20

власта. Значи, станува збор за цел еден комплекс на прашања, кои мора да бидат синхронизирано решени за да го дадат оптималниот ефект во нивната комуникација и работа.

✓ Иако интенција е што побрзо изборните тела да се ослободат од присуството или влијанието на партиите, сепак тоа не е лесна задача. Имено, иако се промовира заложбата за државна администрација која е ослободена од партиско влијание, сепак во реалноста се регистрираат обратни процеси. Партиската подобност најчесто е критериум во вреднувањето и селектирањето на кадрите. Во услови кога довербата во државната, па и во јавната администрација, е доведена во прашање, навистина е проблематично да се говори за создавање на услови за независна изборна администрација. Можеби, во ова е и причината што некои актери изразуваа резервираност кон решенија кои го исклучуват инволвирањето на политичките партии во овие тела. Инаку, во овој контекст секако има простор за размисла околу опортуноста на можноста од листата на кандидати предлогот за претседател на ДИК да го дава опозицијата, а за замеников партијата на власт.

✓ Како резултат на искуствата од изборите 2006 година се констатира дека е потребна подетална анализа за бројот на лицата вработени во државаната и јавната администрација во секоја општина, [19], како и да се подобри програмата за избор на членови на ОИК и ИО од аспект на обезбедување на полова и етничка репрезентативност[20]. Исто така, како проблем, од овој аспект, се истакнува и фактот што со изборот на членови во изборната администрација се мобилизира и голем број од вработените во државната и јавната администрација[21]. Посебно, овој тренд се интензивира согласно со член 193 од Изборниот законик. Оттука, се сугерира намалување на бројот на членовите на ИО од пет членови и пет заменици на три членови и три заменици. Сепак, за една ваква одлука важно е да се почитуваат препораките на изборните органи кои се и директни учесници во процесот, односно на ДИК, за да се направи процена на реалниот капацитет нужен за ефикасност на овие тела.

Во овој контекст особено е важно да се спомене дека иако предвремените парламентарни избори беа исполнети со бројни нерегулартности и насилство сепак генерално работата на ДИК беше оценета позитивно- „колегијално и непристрасно". [22] Аргументацијата за релативно позитивните оцени за работата на овие тела може да се лоцира во обидот на законодавецот да ги ослободи од партиското влијание овие органи со инволвирањето на вработените од државната, јавната и општинската (и градската) администрација во составот на

19 „Да се подготви стратегија за начинот на нивно номинирање во Избирачките одбори, како би се намалиле трошоците за нивен транспорт и би се подобрила нивната ефикасност". Извештај, Парламентарни избори 2006. Мост, септември 2006, стр. 7-8

20 Особено овој проблем се регистрира со селекцијата по случаен избор, што не може само по себе да обезбеди репрезентативност на ови две категории. .

21 Во вкупно 2976 избирачки одбори вклучени се 14 880 членови и уште толку нивни заменици, и тоа, од редот на државната и јавната администрација на соодветната општина.

22 Office for Democratic Institutions and Human Rights: Early Parliamentary Elections- 1 june 2008. OSCE/ ODIHR Election Observation Mission, Warsaw, 20 August 2008, pp5

овие тела, што ги амортизира тензиите кои го следеа изборниот процес. Но, и покрај ваквото искуство, со последните измени на изборната регулатива се напушта ваквиот концепт на изборен менаџмент. Имено, во составот на ИО, покрај тројцата членови и нивните заменици, кои се од редот на државната, јавната и општинската администрација, повторно партиите на власт и опозицијата имаат можност да предложат по еден свој претставник како член[23]. Посебно изненади решението за распуштање на актуелната ДИК и промовирање на нови критериуми за избор на нејзините членови, со што се потенцира партиското влијание и присуство во ова тело[24]. Иако, според Изборниот законик, мандатот на ДИК завршуваше во 2011, со измените, се предвидува избор на нова комисија во рок од 30 дена од стапувањето во сила на овој закон. Очигледно, во момент кога ДИК треба да преземе низа сложени задачи (водењето на Избирачкиот список, спроведување локални и претседателски избори) за кои се неопходно искуство и капацитет за да може ефикасно да се изменаџираат, се промовираа избрзани и непромислени решенија[25] кои може да ги доведат во прашање базичните принципи во работата на изборната администрација.

✓ Поради фактот што дел од забелешките кои беа упатени за работата на изборните тела[26] (пред се на ИО) се однесуваа на нивната недоволна едуцираност и обука, упатно е ДИК во својата програма за едукација да предвиде организирање на перманентни стандардизирани обуки со вработените од јавната и државната администрација. Ова подразбира да се води политика на регрутирање кадри кои би добиле соодветни лиценци и, само од нив, по случаен избор, кога е потребно, да се селектираат претседателите на општинските изборни комисии, како и на избирачките одбори. На овој начин би се обезбедиле компетентни лица, а и би се рационализирало времето за подготвување на изборните активности. Ова особено, поради тоа што програмата за случаен избор во одредени случаи регистрира проблеми поради нестручноста на овие лица. Во таа смисла посебно внимание треба да се посвети на компетентноста на лицата кои се ангажираат во спроведувањето на изборите. Од респектот кон нивниот авторитет зависи и кредибилитетот на целиот изборен процес и исход. Со цел законито и ефикасно постапување по приговорите, неопходна е навремена едукација на членовите на изборните органи (односно на Општин-

23 Закон за измени и дополнувања на Изборниот законик, член 17

24 Според измените, наместо опозицијата од предлог листата на политичките партии да го предлага само претседателот, а партиите на власта неговиот заменик, сега од кандидатите на предлогот на листата политичките партии во опозиција предлагаат претседател и двајца членови на Државната изборна комисија, а партиите на власт предлагаат заменик претседател и тројца членови на Државната изборна комисија. " Види Член 13 од Законот за измена и дополнување на Изборниот законик.

25 На пример, одредбата дека „Претседателот и членовите на Државната изборна комисија се избираат во рок од 60 дена од денот на одржувањето на конститутивната седница на Собранието на Република Македонија за време од четири години. " Прашање е, колку ваквото решение е опортуно и колку ќе влијае мотивирачки на членовите со оглед на надлежностите што ги има ова тело во спроведувањето на изборите. (Член 12 од Законот за дополнување и измена на Изборниот законик.

26 Види: МОСТ- Граѓанска асоцијација, Финален извештај: Предвремени парламентарни избори 2008. стр. 21- 22 и OSCE/ODIHR Election Observation Mission, Final Report: Early Parliamentary Elections, 1 June 2008 Former Yugoslav Republic of Macedonia. pp. 7

ските комисии) во чија надлежност спаѓа постапувањето по приговори. Ова се однесува и на Управниот суд, кој, според новите законски решенија, исто така, има надлежности во делот на заштитата на избирачкото право.

✓ Со новите измени, особено во делот на заштитата на избирачкото право, улогата на ДИК се зголемува, што упатува на потребата што побрзо да ги зајакне своте капацитети, пред се кадровски, за да може ефикасно да одговори на вака димензионираните обврски. Поточно, согласно со овие решенија, ДИК за сите видиви избори се јавува како единствена инстанца која одлучува по приговорите. Со оглед на фактот што нема промени во законските рокови во кои ДИК одлучува по приговорите, може да се очекува блокада на нејзиното функционирање, што дополнително ќе придонесе за зголемување на тензиите во реализацијата на изборниот процес. Ова ќе биде „слабата" точка на следните избори и ќе треба да и се посвети посебно внимание[27].

✓ Потребни се допрецизирања на одредбите кои се однесуват на можноста ДИК да покрене иницијатива за дисциплинска постапка, односно да поведува прекршочна постапка, како и да поднесува кривична пријава до надлежен орган - при постоење на основи на сомнение дека е сторена повреда на одредбите на овој закон.

Очигледно, барањето да се воспостави мрежа на независна, професионална и непристрасна изборна администрација не е лесна задача која може да се реши со механичко пресликување на одреден модел во наши услови. Затоа во анализата на оваа проблематика не може да се валоризираат изборните решенија надвор од вкупниот контекст во кој треба да функционираат. Посебно фактот што изборниот циклус не е еднодимензионален процес кој се сведува само на чинот на гласање, туку е повеќефазен и вклучува повеќе актери, е причина во евалуацијата на изборниот менаџмент да се води сметка за сите наведени аспекти. Во таа смисла, ДИК ја има и одговорноста навреме да ги идентификува евентуалните ризици кои го доведуват во прашање интегритетот на ова тело. Посебно во услови на нарушена доверба во изборниот процес, улогата и одговорноста на изборните органи е клучна во обезбедувањето на легитимитетот на избраните. Затоа, посебно внимание треба да се посвети на наведените дилеми и во нивната валоризација треба да бидат репер изборните стандарди, кои се, промовирани во меѓународната регулатива. Притоа, внимателно треба да се димензионираат изборните реформи со цел да не се загрози интегритетот на изборната администрација, а со тоа, и кредибилитетот на изборниот процес. За ова упатно е да водат сметка креаторите на политиката, односно партиите на власт, кои промовираат политики и реформи кои, за жал, многу често не се втемелени на реално издржани процени за актуелниот момент и објективниот потенцијал и капацитет на институциите кои треба да ги спроведат така дизајнираните реформи.

27 Види: Закон за измени и дополнувања на Изборниот законик, член 67.

## *БИБЛИОГРАФИЈА*


1. Birch, Sarah, 'Perceptions of Electoral Fairness and Voter Turnout', Paper prepared for delivery at the 2005 Annual Meeting of the American Political Science Association, September 1-4, 2005, pp. 2-14
2. Diamond, Larry *'Developing Democracy: To w a rd Consolidation'*, 1999, pp65
3. Goodwin-Gill, Guy S. , *Codes of Conduct for Elections*, Geneva: Inter-Parliamentary Union, 1998
4. Јовевска, А. (2008) Државна изборна комисија во „Перспективи на домашната правна рамка за спроведување на изборите, погледната од аголот на меѓународните изборни стандарди и добри практики„. ОБСЕ, Скопје
5. Јовевска, А и Габер, Н (2008) Изборниот систем на Република Македонија – актуелни дилеми. Годишник на ИСППИ, Скопје
6. Каракамишева, Т. „Меѓународни и европски изборни стандарди со посебен осврт на Кодексот на Венецијанската комисија за добра практика во изборните прашања". Правен Ресурсен Центар, *w w w . p r a v o . o r g. mk*
7. Wall, Allan, Ellis Andrew… (2006), *Electoral Management Design*: *The international IDEA Handbook*. International Institute for Democracy and Electoral Assistance
8. ACE Encyclopedia, Electoral Manegement, http://aceproject. org/ace-en/topics/em
9. International IDEA's "International Electoral Standards: Guidelines for reviewing the legal framework of elections" (http://www. idea. int/publications/electoral_guidelines. pdf)
10. The OSCE's "Existing Commitments for Democratic Elections in OSCE Participating States" (http://www. osce. org/odihr/?page=publications/div=topics/topic=election)
11. Универзалната декларација за човекови права (http://www. unhchr. ch/udhr/index. htm)
12. International Covenant on Civil and Political Rights and related treaties (http://www. unhchr. ch/html/intlinst. htm)
13. Copenhagen Declaration on Social Development (http://www. un. org/esa/socdev/wssd/agreements)
14. Извештај на Хелсиншкиот комитет за човекови права на РМ за предвремените избори 2008г.
15. Early Parliamentary Elections, 1 June 2008 OSCE/ODIHR Election Observation Mission Final Report, pp. 27
16. Uputstva za ekspertku analizu i ocjenu izborne regulative, OSCE (OEBS) ODIHR, Varsava, januar 2001
17. Извештај: Парламентарни избори 2006. Мост- Граѓанска асоцијација, септември, 2006
18. Финален извештај: Предвремени парламентарни избори, 2008, МОСТ- Граѓанска асоцијација
19. Стратешки план на ДИК за периодот 2008- 2010 година, 18-ти октомври 2007 година

Политички науки
Political Sciences

UDK/UDC 316.423.2/3.(497.7:4)
Научен текст / Scientific Paper

*Д-р. Лидија Христова*

# ЕВРОПЕИЗАЦИЈАТА КАКО ФАКТОР ЗА ДЕМОКРАТСКИ РАЗВОЈ НА ТРАНЗИЦИСКИТЕ ДЕМОКРАТИИ

АПСТРАКТ

Ако во почетокот на транзицијата политолозите се занимаваа со претпоставките кои го попречуваат/забавуваат одот кон демократија на некогашните комунистички држави, идентификувајќи ги како значајни фактори: историскиот развој политичката култура, социоекономското опкружување, во последно време нивното внимание е особено насочено кон еден друг аспект – европеизацијата/вестернизацијата, како клучен фактор кој го забрзува процесот на демократизација на овие држави. Овој top-down пристап е можеби понов во политичката анализа, но резултатите од примената на методот на условувањето се повеќе од очигледни. Се разбира, авторите различ-

***Lidija Hristova, Ph. D.***

# EUROPEANIZATION AS A FACTOR IN THE DEMOCRATIC DEVELOPMENT OF NEW DEMOCRACIES

ABSTRACT

If at the beginning of the transition period, politicologists were more concerned with the assumptions which might hinder the endeavor towards democracy of the once communistic countries by identifying as major factors their historical development, political culture and socio-economic environment, lately their attention has been focused on a different aspect – the Europeanization/westernization as a key factor which is speeding up the democratization process in these countries. This top-down approach is maybe just a recent one in the political analysis of today but the results of the application of the conditioning method are more than obvious. Understandably, authors interpret the *carrot* and *stick* methods differently:

но го толкуваат методот на *морков и стап:* gravidity model, leverage, европеизација итн, но никој не ја негира неговата ефикасност.
Освен презентирањето на моделите на анализа кои се денес актуелни во литературата, ќе се направи обид за анализа на случајот на Р. Македонија, со намера да се види во која мера тие се применливи на *македонската транзициска приказна.*

**Клучни зборови:** европеизација, демократизација, нови демократии

gravidity model, leverage, Europeanization etc. but nobody tries to deny their efficiency.
In addition to giving a presentation of the current analysis models which can be found in literature today, we'll also try and give an analysis in the case of Macedonia in order to see to what extent these can be applied to the *Macedonian transition story.*

**Key words:** europeanization, democratization, new democrats

lidija@isppi. ukim. edu. mk

Се покажа дека најпосле дочеканата транзиција кон демократија и пазарна економија на постсоцијалистичките земји не е ниту толку лесен ниту толку краткотраен процес и дека силниот ентузијазам за живот во слободно и богато општетсво не може да се оствари само со пресликување на инситуционалните аранжмани од развиениот Запад. Новите транзициски демократии се судрија со многубројни, некогаш нерешливи проблеми, кои битно го забавија нивниот демократски развој, меѓу кои, секако, најдрастични беа крвавите меѓуетнички судири на просторите на бившиот СССР, и, помалку неочекувано, на тлото на поранешна Југославија, земја која според многу елементи беше најблиску до либералните демократии. Тоа ќе придонесе во литературата да се внесат нови критериуми и нови класификации на демократиите (транзициски демократии, квазидемократии, псевдодемократии, слаби демократии . . . . ), со цел да се истакнат значајните демократски дефицити на земјите кои имаа аспирации кон привилегираниот и посакуван клуб на западни демократии. Цената што ја платија народите на овие земји беше висока и болна (наглото осиромашување на населението, крвавите војни, во најголем случај со етнички предзнак, високото ниво на корупција итн).

Но, со оглед на сложеноста на целокупниот зафат, денес, 18 години по падот на берлинскиот ѕид, најголем дел од нив поседуваат политичка стабилност и бележат задоволителен економски раст, при што дури 12 посткомунистички држави станаа членки на Европската унија, задоволувајќи ги високите стандарди на оваа политичка асоцијација. Погледнато од историска перспе-

ктива, би рекле еден релативно краток период, иако можеби од гледна точка на обичниот граѓанин и неговиот животен век тоа транзитирање траеше предолго. Додека во првата деценија на транзицијата теоретичарите беа фокусирани во посочување на варијаблите кои го забавуваа демократскиот напредок (историски традиции, социоекономски карактерестики, политичка култура), следејки ја логиката на bottom-up анализата, во вториот тие се фокусираа на варијаблите кои го забрзуваа тој развој[1]. Тука секако спаѓа влијанието/притисокот што Европската унија го вршеше врз нив и што денес се оценува како значаен фактор во процесот на нивното *брзо демократско созревање.* Внесувањето во политолошката литература на еден нов термин - европеизација, кој ја презеде врз себе улогата на значајна експланаторна варијабла, значеше истовремено и менување на перспективата на анализата. Придвижувањето кон top-down анализата се покажа како неопходен пристап за објаснување на настанатите промени во општетсвените и политичките процеси на земјите кои имаа(т) аспирации да станат дел од европското семејство.

Прашањето е, како Европската интеграција и европеизацијата генерално ги засегаат јавните политики, политичкиот живот и политичкиот поредок на поделните држави. Многубројни автори се обиделе да дадат одговор на ова прашање, посочувајки различни фактори на влијане во овие процеси, олеснувачки или отежнувачки околности кои го диктираат темпото и правецот на промените на национално ниво.

## 1. ШТО Е ЕВРОПЕИЗАЦИЈА?

Под европеизација се подразбира “појавата и развојот на различни структури на владеење на Европско ниво, што значи политички, законски и општествени институции поврзани со решавањето на политички проблеми, со што се формализираат интеракциите помеѓу актерите, како и политичките мрежи специјализирани за создавање правила на владеење (Cowles, Caporaso ѝRisse, 2001). Други реферираат на процесот како европеификација или комунитаризација каде европеизацијата е независна варијабла што влијае на домашните процеси, политики и институции.

Од друга страна, европеизацијата опишува еден нараснат процес кој го преориентира правецот и обликот на политиката до степен во кој политичката и економската динамика на ЕК станува дел од од организациската логика на националната политика и политичкото одлучување.

[1] Проблемите на демократската транзиција претставуваа голем предизвик за многу автори и истражувачи кои се занимаваа со чинителите и условите на нејзиниот (не)успех (Чепмен, Шапиро, Фримен, Морлино). Во политиколошката литература како највлијателни, сепак, се издвоија Стапан и Линц со компаративната студија за демократската транзиција и консолидација на земјите во три региони во светот.

Фокусирајки се на промените во земјите кои и пристапуваат на ЕУ а произлегуваат од претходните недемократски режими, M. Emerson и G. Noutcheva (2004) европеизацијата ја операционализираат на следниот начин ". . . политичко-економската и општетсвената трансформација што ја подразбира европската интеграција, а која се остварува низ три вида на механизми, кои дејствуваат синергетски: -легални обврски во политичките и економските домени кои произлегуваат од барањата за пристап до ЕУи/или до Советот на Европа; објективни промени во економските структури и во интересите на индивидуите како резултат од интеграцијата во Европа; субјективни промени во верувањата, очекувањата и идентитетот на индивидуата , која изразува политичка волја да ги усвои европските норми за бизнис, политика и граѓанско општетсво".

На европеизацијата и се дава и поспецифично значење, при што таа се поврзува со разрешувањето на конфликтите во нејзината периферија; таа се сфаќа и како еден широк модел на многустепено демократско владеење, при што проблемите на комплексните етнички федерации (Белгија, Шпанија, В. Британија), како и на мултиетничките општетсва на Балканот, сврзани со само- идентификацијата, наоѓаат далеку поповолни услови за разрешување. Европеизацијата, некои автори ја изедначуваат со вестернизацијата. Комплементарните политички акции на ЕУ и САД, засновани на заеднички вредносен систем и интереси (на Балканот, на пример) придонесуваат европеизацијата и вестернизацијата да се сфаќаат како единствен процес.

Овие и многубројни други дефиниции и поимовно теоретски определувања на *европеизацијата* укажуваат дека таа *суштински* се поврзува со *демократијата/демократизацијата во нејзината либерално демократска варијанта*. И притоа, можно е акцентот да се стави на европската политичка заедница во настанаување и на проценувањето на динамиката и резултатите од тие процеси, шти не упатува на дебатите помеѓу неофункционалистите, интерговернематалистите и поборниците на тн. multi-level governance; и второ, можно е анализата да се фокусира на влијанието што европските интеграциски процеси го имаат врз промените на национално/домашно ниво. Овој втор пристап, во кој правецот и длабочината на промените, како и нивната динамика на национално ниво претставуваат зависна варијабла е во фокусот на нашиот интерес во ова анализа. Следејки ја логиката на top-down анализата идентификуваме две ситуации. Во рамките на самата ЕУ евроепизацијата преставува еден инетрактивен процес во кој земјите членки во исто време се и играчи кои го иницираат процесот, но и актери кои имаат можност и понатаму да влијаат на неговото обликување. На европската периферија ова динамика е различна, бидејки земјите кои се засегнати со европеизацијата (земји аспиранти) немаат институционални можности да учествуваат во одлучувањето што мошне ди-

ректно ги засега и нив. Во последниот случај, европеизацијата се однесува на еден аспект на надворешната политика на ЕУ.

Теоретската подлога за објаснувањето на механизмите на европеизацијата авторите ја бараат во *рационалниот инситуционализам*- преку политиките на условување (conditionality) и во *социолошкиот инситуционализам*- преку дифузија на нормите/вредностите и социјалното учење. Рационалниот инситуционализам ги третира актерите како свесни, рационални и целно ориентирани субјекти кои сакаат да ги максимализираат своите придобивки преку процената на трошоците и бенефитите од преземените акции. Од оваа перспектива европеизацијата се сфаќа како политичка структурална можност која на одредени актери им дава додатни ресурси за да остварат влијание, додека од друга страна поставува и ограничувања за други. Во основа се работи за редистрибуција на ресурси која се постигнува преку механизмите на условувања/притисоци. Социолошкиот институционализам реферира на идејата за прифатливост на промените, што значи дека актерите се раководени од колективно споделено разбирање за потребата од промени, што влијаат на (ре) дефинирање на нивните приоритети и цели. Тука го допираме проблемот на политичката култура и политичката социјализација, преку што актерите учат како да ги интернализираат новите вредности/норми и правила, со цел да станат дел од меѓународното општетсво. Првите се случуваат на пократок рок, додека за вторите е потребен далеку подолг период, но тие не се исклучуваат меѓу себе. Напротив, тие се случуваат симултано, или пак карактеризираат различни фази на процесот на прилагодување.

## 2. ЗОШТО СЕ СЛУЧУВААТ ПРОМЕНИТЕ?

Потпирајќи се на рационалниот и социолошкиот инситуционализам многубројни автори се обидуваат да понудат свои видувања (некои ги нарекуваат и модели) за специфичните околности и/или фактори кои го детерминираат процесот на влијание на европеизацијата врз поеделните држави. Основниот предизвик е да се одговори на прашањето: зошто правецот, обемот, длабочината на промените како и нивната динамика, се разликуваат во многу случаи.

### 2.1. Несовпаѓањето и олеснувачките фактори -основни услови за промени.

Сорeд Tanja A. Borzel и Thomas Risse (2000), постојат два услова за да се очекуваат домашни промени како одговор на евроепизацијата. Првиот, мора да постои некој **степен на некомпатибилност/несовпаѓање** помеѓу процесите, политиките и институциите на европско и на национално ниво. Степенот на тоа несовпагање ги создава адаптациски притисоци (колку е поголемо не-

совпаѓањето толку се поголеми притисоците), што претставуваат неопходен, но не и доволен услов за настанување на промените. Вториот услов е постоење на некои **олеснителни фактори**-било да се тоа актери, институции, структури кои ке одговорат на адаптациските притисоци .

Олеснувачките фактори се поврзуваат со *оспособеноста на домашните актери* да ги искористат структурните можности што ги дава европеизацијата. Доколку станува збор за домашна промена како процес на редистрибуција на ресурсите, способноста да се надминат мултиплицираните вето точки во домашната инситуционална структура, како и постоењето на формалин инситуции се идентификуваат како олеснителни околности што актерите можат да ги искористат во своја полза. Како примери за првиот случај се посочуваат германската реформска политичка струја, која беше способна да ја потисне домашната опозиција во однос на либерализацијата во областа на приватизацијата и дерегулацијата, додека италијанските синдикати и секторски асоцијации успешно го блокираа секој обид за реформа. Како примери за олеснувањата што формалните инситуции им ги нудат на актерите се посочуваат директните релации што регионите ги воспоставуваат со европските центри на одлучување, овозможувајки им далеку поефикасно влијание врз домашните централни власти во прифаќањето на поволни (за нив) политики. Но, многу региони ги немаат потребните ресурси (човечки, материјални, експертиза) за да бидат постојано присутни на европско ниво и да ги користат новите (потенцијални) можности[2]. Слична е ситуацијата и со организациите за женски права[3].

Што се однесува до домашната промена како процес на социјализација и учење, примерите укажуваат дека во случаите на консензуална или кооперативно ориентирана култура полесно се надминуваат многубројните вето точки во сиситемот. Овозможувајки да се споделат адаптациските трошоци, таквата култура го поддржува процесот на прилагодување, додека конфронтирачката и плуралистичка култура ги инхибира домашните промени[4].

Три различни степени на домашни промени. Во зависнот од длабочината на промените што ги предизивикува европеизацијата, Borzel и Risse сме-

[2] Додека Баварија и Каталуња, на пример, се доволно силни да воспостават регуларни односи со ЕУ институциите, на Естемадура или Бремен им недостасува акциски капацитет за тоа. Затоа многу региони ги канализираат своите инетреси во Европскиот политички процес со посредство на своите централни влади (Jeffery, 2000 кај Borzel and Risse 2000).

[3] Во Велика Британија јавните агенции и други комплементарни инситуции им помагаат на организациите за женски права да ги користат ЕУ директивите во понатамошната борба за женските права, додека во отсуство на такви формални институции француските женски организации не беа спсособни да ги надминат домашните отпори за имплементацијата на ЕУ директивите (Caporaso and Jupille 2001 kaj Cowles, Caporaso & Risse, 2001)

[4] Консензуалната корпоративистичка култура во Холандија и Германија ја олесни либерализацијата на секторот за транспорт, нудејќи компензација за потенцијалните губитници од домашните промени (Heritier 2001), Од друга страна, конфронтирашката и плуралистичка култура, ги инхибира домашните промени, како во случајот со Шпанските региони, како одговор на ЕУ документите. (Borzel, 2001).

таат дека е можно да се идентификуваат три различни степени на промени, односно три различни процеси: 1**. Апсорбција**: Земјата е способна да ги инкорпорира Европските политики или идеи, без значајно/субстантивно модифицирање на постоечките процеси, политики и институции. Степенот на промени е низок. 2. **Акомодација**: Земјата се акомодира на европските притисоци со прилагодување на постоечките процеси, политики и институции без да ги измени битните карактеристики како и колективното разбирање кое е поврзано со нив. Тоа се постигнува со вметнување на новите политики и институции во веќе постоечките, без промена на последните. Степенот на промена е умерен. 3. **Трансформација:** Земјите ги заменуваат политиките, процесите и институциите со нови, кои се суштински различни од постојните или ги модифицира постојните до мера во која нивните основни белези, како и колективните сфаќ ања за нив, се фундаментално изменети. Степенот на промените е висок[5].

### 2.2. Промените како резултат на гравитацискиот модел

Основната теза на Emerson и Noutcheva (2004) е дека брзата и длабока демократизација се објаснува во голема мера со можноста и извесноста за интегрирање и укотвување во најголемиот светски центар на демократијата-ЕУ. Онаму каде што не постои таква гравитациска сила, демократијата ќе остане универзална тенденција, но нејзината динамика ќе биде многу забавена, а неизвесностите и опасностите од реверзибилни процеси ќе бидат поголеми. Тенденциите на другите држави да конвергираат во демократскиот модел на центарот, констатираат Emerson и Noutcheva, зависат од квалитетот и привлечноста (атрактивноста) на таа демократија, од нејзината географска и културно-историска близина како и од нејзината отвореност кон периферијата. Авторите ја поткрепуваат својата теза со рангирањето на демократиите според критериумите на познатата светска агенција Freedom House.

<u>Рангирање на демократиите на европската периферија</u>. Анализата на податоците на Freedom House ни овозможува драгоцени сознанија за еволуцијата на демократските процеси во светот. Оценувајќи го степенот на демократизација според посебни критериуми, оваа агенција ги групира земјите во 5 категории: консолидирани демократии, полу-консолидирани демократии, транзициски влади или хибриден тип, полуконсолидирани авторитарни режими, консолидирани авторитарни режими. Преку анализата на податоците во временскиот период од 7 години (1997-2003), авторите доаѓаат до две глобални сознанија. Прво, постои позитивна корелација помеѓу повисоко рангираните земји и нивната блискост до европските интеграциски структури. Земјите кои во анализираниот период го промениле своето место во ранг листата - во позитивна или негативна насока- во исто време се приближиле или оддалечиле

[5] Иако авторите зборуваат пред се за земјите членки на ЕУ, сметаме дека нивните размислувања се интересни и можат да бидат применети и на државите аспиранти.

од центарот на демократијата, што во основа само ја поттврдува првата констатција. Авторите одат во детална анализа на пооделните случаи во сите пет категории, посочувајки притоа дека атрактивноста на гравитоциониот центар на демократијата, како и комбинацијата на механизмите на условување ги тера пооделните земји да ги прифатат условувањата за да стигнат до посакуваната цел.

Од друга страна, отсуството на таквата интегративна димензија значи дека гравитациониот модел не може да функционира како, на пример, во случајот на САД и Латинска Америка. Широките структурни разлики меѓу ЕУ и САД, како два центра на демократијата, доведоа до различна култура или филозофија на демократизацијата во однос на остатокот од светот, сметаат авторите. ЕУ беше во состојба да употреби екстремно наметливи политички условувања за да ја обезбеди демократската практика, но само во својата гравитациона орбита, во која интегративната перспектива го легитимизира условувањето (Emerson, Noutcheva).

***Зошто гравитацискиот модел не функционира во однос на Русија?***

Во литературата е широко прифатена тезата дека во руската полудемократија се видливи тенденциите кон авторитарниот президенцијализам, што пред се се врзува за Путиновото владеење. Од друга страна, испитувањата на јавното мислење констатно покажуваат дека Путин и неговиот начин на практицирање на демократијата уживаат мошне широка поддршка кај народот. [6] Овие податоци сугерираат дека европеизацијата во случајот на Русија не игра улога на гравитациски модел и тоа ниту на ниво на политички елити ниту на ниво на јавност/граѓанство.

Многубројни се обидите да се објасни феноменот на Руската постсоцијалистичка ера. Објаснувањата одат на линија на тоа дека Русите од добата на царизмот до комунистичкиот период се навикнати на мошне силни политички лидери, а дека во поскомунистичкиот период граѓаните се судрија со опасноста од хаотична демократија, слаба држава, дезориетирано и неспособно политичко лидерство (Јелцин), што постепено лизгаше кон политичка дезинтеграција и економска сиромаштија. Ако постсоветскиот граѓанин ја доживеа западната демократија како тотална морална, економска и политичка деградација, зошто таа би претставувала посакувана дестинација, се прашуваат аналитичарите. Обидите на ЕУ да изврши притисок врз руските власти поради непочитувањето на човековите права (особено поврзани со Чеченија, Гагаузите), владеење на правото, независноста на медиумите- завршија неуспешно. Руски-

[6] Интересно е притоа дека следните политичари на ранг листата се нереформираните комунисти Каританов и Зјуганов и ултра-националистот Жириновски, иако за волја на вистината процентот на оние кои им изразуваат доверба кај сите тројца е под 10%.

те политички елити со индигнација ги одбија притисоците, коментирајќи дека доколку оценките се прават од гледна точка на Западната демократија, тогаш, значи дека постојат и други модели на демократија - Источна, Јужна итн. . . Значи, тие ја одбиваат идејата за универзализација на либералната демократија, како единствена референтна рамка за евалуација на демократските процеси во актуелните демократски поредоци. Можеби најилустративен пример за руската само-перцепција vis-a vis европската интеграција е изјавата на поранешниот министер за надворешни работи на Русија, Иван Иванов: “ Нашата земја нема никаква потреба да се интегрира во ЕУ. Тоа би значело губење на нејзините уникатни евроазиски специфики, губење на улогата на центар за реинтеграција на ЦИС, на независноста на нејзината економска и одбранбена позиција . . . Најпосле, големите сили (а многу е рано за да престанеме себе си така да се нарекуваме), не се вклучуваат во инетгративни унии/заедници- тие самите креираат такви унии околу себе си” (кај Emerson i Noutcheva).

Ваквата позиција на Русија го поставуваат во една сосема друга перспектива потенцијалот на европскиот гравитациски модел или политичките условувања, но и на останатите механизми, како значајни сегменти на она што го нарекуваме европеизација.

Сегашните политички режими на Украина, Молдова, Грузија и Ерменија се доста флуидни во однос на движењето кон демократски реформи[7]. Цврстите врски помеѓу политичките и бизнис елитите, засновани врз длабока корупција, создадоа силни центри на отпор кон економските и политичките реформи. Но овде не се работи за истиот тип на отпор и незаинтересираност кон демократијата како во случајот на Русија. Додека овие земји ја посакуваат европската перспектива во една подалечна иднина, во Рускиот случај се работи за разлика во идентитетите во однос на Западна Европа. Би можело да се претпостави дека, во колку Русија продолжи да ги продлабочува разликите со Западна Европа, зајакнувајќи ги недемократските тенденции (а тоа ќе се случи бидејќи не ќе може да се справи со проблемите, особено оние поврзани со Чеченија и воопшто почитувањето на човековите права), во толку нејзините соседи ке бидат повеке свртени кон евроопеизацијата, констатираат голем број од анлитичарите.

### 2.3. Широките бенефити како причина за промените

Поаѓајќи од тезата дека европеизацијата е уникатен пример во историјата, бидејќи никогаш порано суверените држави доброволно не се сложиле да одговорат на толку широки барања и потоа да се подложат на толку

[7] Авторите сметаат дека нивното членство во Советот на Европа, како и прифаќањето на Европската конвенција за фундаментални слободи И човекови права, како И јурисдикцијата на Европскиот суд за човекови права во Стразбург, се исто така значајни сидра за развој на демократијата, иако досега резултатите од нивната примена во овие земји се скромни.

строги процедури за верификација за да влезат во една меѓународна инситуција, Вахудова одговорот на овој феномен го бара во две причини: *значењето на бенефициите и магнитудата на барањата.* Колку се поголеми бенефициите толку е поголема потенцијалната политичка волја на земјите апликанти да одговорат на барањата. Очекуваните бенефиции се пред се од економска и безбедносна природа: отворање на заедничкиот пазар, зголемување на безбедноста и со тоа редуцирање на неизвесноста за сопствениот општетсвен развој. Понекаде тоа се рационализираше и како можност да се избега од контролата на Москва и да се вратат повторно на европските корени.

Во бенефитите на европеизацијата се вбројува и можноста за регулирање на односите со моќните соседи: побогатите и силни држави да дејствуваат поефикасно на колективна основа, а помалите и сиромашните да добијат пристап во клубот на просперитетните, во кој постојат правила кои се применуваат на сите. Откако стануваат дел од клубот на привилегираните тоа им овозможува да ги искажат своите интереси, преференции и да превенираат или да ја ублажат доминацијата на посилните (Grieco, 1995, Keohane 1993, кај Vachudova 2002)[8]. Ако притоа се појде од фактот што три четвртини од барањата на ЕУ се конзистетни со реформите неопходни за изградба на стабилна либерална демократија и функционална пазарна економија, произлегува дека бенефитот е двоен, [9] ќе констатира Вахудова.

Условувањата ги инспирираат реформате во судството, администрацијата, каде политичката инерција може да ги блокира реформате, а интегративните процеси ги охрабруваат домашните актери кои го подржуваат членството во ЕУ и ја намалува моќта на анти-западните актери во општетсвото. НАТО се појавува како значаен гарант за безбедноста во Европа и членството во НАТО се поврзува со она во ЕУ.

***Екстензивни барања***

Релациите што се воспоставуваат помеѓу земјите аспиранти и ЕУ ја изразуваат изразената *асиметрична моќ* меѓу дватта субјекта. Пристапувањето претпоставува мошне екстензивни/масовни барања, за кои не се преговара (non negotiable), тие униформно се препорачуваат и се бара нивна стриктна примена: сите кандидати се субјект на исти барања и се проценувани/оценувани врз еден, повеке или помалку, меритократски принцип, смета Вахудова.

По својата содржина, барањата изразуваат еден широк консензус во корист на либералната демократија, пазарниот капитализам (воспоставување на функционална економија која ке биде во состојба да ги издржи компети-

[8] Од друга страна исклучените имаат трошоци, што се чинат сериозни: намален проток на пари и директни странски инвестиции, заштитини контингенти, затворен пазар за земјоделски производи.

[9] Повеќето економски реформи кои ги бара ЕУ се препорачани и од Светската банка од Меѓународниот монетарен фонд.

тивните притисоци) и мироЉубивото разрешување на споровите[10]. За одбележување е дека на ЕУ и е дадено правото да го проценува квалитетот на демократијата, третманот на малцинските права, како и надворешната политика на земјите аспиранти, иако земјите членки во некои од тие подрачја го немаат регулирано и хармонизирано своето сопствено однесување. [11] Оттука и прашањето за двојните стандарди.

Најочигледниот пример на одржување на *двојните стандарди е* во заштитата на малцинските права: додека ЕУ инситуциите немаат улога во проценувањето на нивната заштита во 15-те земји членки, таа ги евалуира достигањата кај кандидатите- состојба што е само донекаде подобрена со Договорот од Амстердам во која се земјите се повикуваат (чл. 13) да се борат против дискриминација врз расна и етничка основа. Сите барања треба да бидат прифатени и исполнети во моментот на пристапувањето, а во т. н. screening процес Комисијата проценува во која мера легислативата и стандардите се прифатени. Со напредување на реформите поглавјата се затвораат и преговорите продолжуваат/напредуваат. Кандидатите доброволно се подвргнуваат на овој процес-тие не се присилуваат .

***Од што зависи одговорот на барањата?***

Според Вахудова, одговорот на домашните елити ја потврдува хипотезата на либералната теорија дека суштината и на надворешната и на домашната политика е обликувана од **релацијата држава-општетство**. Владејачките елити се разликуваат значително во зависност од тоа како ги интерпретираат и преточуваат преференциите на општеството за ЕУ членство во домашната и надворешната политика. Клучната експланаторна варијабла за позиционирањето на елитите е постоењето на силна антикомунистичка елита, што определува дали државите ќе го прифатат либералниот или националистички модел на промени.

Во либералниот модел, некогашните дисиденти ја земаат државата во свои раце и го поставуваат политичкиот дискурс, спроведувајќи релативно успешни пазарни реформи и маргинализирајќи ги екстремните националисти и комунисти. Во националистички модел, националистите (кои вообичаено се некогашните нереформирани комунисти) ги добиваат изборите и владеат со страв од економски реформи и недоверба кон малцинствата. Нивното владе-

[10] Документи на Комисијата кои се однесуваат на пред-пристапниот процес. http://europa. eu. int/comm/enlargement/. Преточени во т. н. Копенхашки критериуми (јуни 1993): стабилност на институциите кои ја гарантираат демократијата, владеење на правото, човекови права и заштита на малцинските права.

[11] “Многу години Копенхашките критериуми немаа легална основа во спогодбите на ЕУ. Тоа се подобри на некој начин во 1997 со Амстердамскиот Договор, во која со член 6 се бара членовите да прифатат некои демократски стандарди, а член 7 пропишува исклучување од гласањето во Советот на оние кои тоа не го применуваат, ќе констатира Вахудова.

ење е одбележано и со мошне силна корупција (On comparing transition, King 2000). Овие тези, Вахудова ги илустрира со неколку примери. Во Полска, Унгарија и Чехословачка елитите кои дојдоа на власт во 1989-90 го црпеа својот легитимитет од поддршката на вредностите на либералната демократија, па така западниот модел беше толку силно интернализиран што ја играше улогата на вистински домашен фактор на европеизацијата (Moravcsik 1997 и Keohane and Milner 1996, кај Вахудова). Во Бугарија и во Романија состојбите беа поинакви. Отсуството на јака антикомунистичка елита креираше политички вакуум во 1989, што им овозможи на нереформираните комунисти и на националистичките опортунисти во Словачка да победат користејки го етничкиот национализма и стравот од економски реформи. И покрај прозападна реторика, тие промовираа нетолеранција, саботирање на реформите, етнички национализма и економска корупција, со што ја поткопаа демократијата.

***Пасивниот и активниот лост на моќта на ЕУ***

Според Вахудова во процесот на европеизацијата е можно да се разликуваат две фази, во кои механизмите на влијане на ЕУ се различни. Во првиот период - 1989-94, политичките промени зависат пред се од домашните фактори (особено од постоењето на антикомунистичката елита), а влијанието на меѓународниот фактор е слабо. ЕУ спроведуваше пасивно влијание, дејствувајќ и пред се со силата на својата атрактивност. Државите со либерален политички модел се покажаа далеку посензитивни кон разбирањето на суштината на либералната демократија па така генералните очекувања на ЕУ во многу области се совпаднаа со политичката агенда на либералните влади. Националистичките држави останаа само на реториката.

Во вториот период 1995-1999, меѓународниот фактор игра далеку поактивна улога во обликувањето на демократизацијата. Механизмите на влијание беа различни. Прво, преку дипломатски канали се притискаа владите да изменат некои политики особено оние за малцинствата. Второ, ЕУ отворено го искажуваше своето одобрување и неодобрување во однос на политиките, поврзувајки ги оцените со подобноста на државата за членство во ЕУ. Во националистичките модели, освен во случаите кога се очекуваа непосредни и кокретни бенефиции (заем од ММФ, или СБ), притисоците имаа зачудувачки мали ефекти или пак позитивните одговори беа од манипулативен карактер. Трето, ЕУ влијаеше подиректно на резултатите од изборите, преку промена на префернциите на електоратот. Поткопувајки ги изборните стратегии на националистите, укажувајки на трошоците/загубите за државата и нудејки алтернативни политики-брзо членство во ЕУ, ЕУ го подржуваше граѓанското општетсво и опозициските партии[12].

[12] Во литературата се наведуваат бројни примери. Опозициите од Словакија, Романија и Бугарија добија јасни сигнали од ЕУ и НАТО и со конкретна поддршка- со западни пари и совети за да се

## 3. ЕВРОПЕИЗАЦИЈАТА И РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Македонската транзициска приказна не спаѓа меѓу најуспешните. Денес, 18 години од прогласувањето на независноста, државата се судира со сериозни дефицити во својот демократски развој, а добиениот кандидатски статус (2004) трае предолго, па некои дури зборуваат и за стагнирање во демократска смисла. Погледнато од перспективата на моделите на европеизација, значи ли тоа дека гравитациската моќ на ЕУ не беше доволно атрактивна, односно дека во Македонија преовладуваше националистичкиот политички модел (како резултат на непостоење на силна антикомунистичка опозиција), кој не се покажа доволно сензитивен на европските притисоци и условувања. Прашањето бара подолга елаборација, но со оглед на расположивиот простор ке се задржиме на неколку основни тези.

Гравитацискиот модел функционираше мошне силно во однос на РМ, не само поради големиот (би рекле нереален) ентузијазам во однос на очекувањата од демократизацијата, туку и поради ранливоста на македонската демократија. Три фактори особено влијаеја на таа состојба: создавањето на сопствена држава во едно релативно непријателско опкружување, мултиетничкиот карактер на државата, кризата во економскиот развој, чија најслаба точка беше долготрајната невработеност од околу 32-35% во целиот транзициски период. Дејството на трите фактори се поддржуваше меѓусебно, зајакнувајки го негативното влијание врз демократскиот развој. Во такви околности на РМ и беше нужна европеизацијата, што беше широко распространето мислење и на ниво на политичките елити и на ниво на јавноста/граѓаните[13].

Што се однесува до тезата дека на демократијата треба да и претходи револуција, што реферира на постоење на антикомунистичка елита, во македонскиот случај таквата елита отсуствуваше. За разлика од други средини, во Македонија никогаш не постоеше силно дисидентско движење-опозиција на комунизмот, која после 1989 година би можела да ја преземе власта и да внесе нов, свеж дух, односно да биде нова движечка сила и во вредносна и во политичка смисла. «Револуцијата» во Република Македонија ја изведоа старо-новите сили.

Идејно политичката профилација на македонските политички партии, како најзначајни лостови на демократизацијата, беше тешко препознатлива, барем во најголемиот дел од транзициониот период. Најзначајната поделба во македонското општествено ткиво се случи вдолж етничките линии и парти-

позиционираат себеси како кредибилни алтернативи, и притоа не се гледаше дали се тие од десна, лева или умерена провинијенција.

[13] Во целиот транзициски период во РМ релеватните политички партии беа за евроатланските интеграции, а испитувањата на јавното мислење констатно покажуваа мошне високо ниво на подршка на таквите политики-над 90%!

скиот систем се структуираше следејки ја таквата поделба. Останатите линии на поделба не ја следеа логиката на еден класичен политички спектар[14]. Национализмите, корупцијата, кршење на човековите права, непочитување на принципот на владеење на правото, помалку или повеќе беа обележје на сите политички гарнитури.

Оттука би можеле да се сложиме со тезата дека македонските политички елити во недоволна мера ги промовираа приоритетите на општетсвото во однос на европеизацијата, поаѓајки пред се од своите тесно партиски и лични интереси.

Но ова би била песимистичката варијата на македонската транзициска приказна. Оптимистите би рекле дека, со оглед на објективните околности и проблеми (историско-културен контекст, социоекономскиот развој, екстерните шокови, георгафската положба во однос на ЕУ, мултиетничкото општетсво) со кои се судри Република Македонија во својот демократски развој, таа успеа да направи значајни чекори, а пред се: макроекономската стабилност, економските реформи, борба против корупцијата, реформи во одбраната, високо ниво на почитување на малцинските права- (Малеска М. Христова Л. , 2007). Во голема мера тие беа резултат на ситемот на условувањата/притисоците од страна на ЕУ И НАТО. Основен проблем со кој сега се судира државата во своите европски интеграции е спорот со Грција за името, кој според ниеден критериум не спаѓа во условите за прием во ЕУ и НАТО. Но, со оглед на консензуалниот начин на одлучување во овие организации, тој се наметна како мошне сериозна пречка за нејзините евроатлански аспирации.

Од гледна точка на нашата анализа оваа ситуација отвора повеке прашања/проблеми. На национално ниво тоа се следните: домашните елити секогаш можат да добијат силно покритие за својата немоќ да се справат со демократските дефицити, со што се замаглува нивната реална одговорност; предолгото чекање (поврзано со овој проблем) предизвикува негативни последици врз македонското политичко ткиво:испитувањата на јавното мислење за прв пат покажуваат голема поделеност меѓу македонската и албанската популација во однос на евроинтеграциите, стратешка точка во однос на која македоското поделено општетсво покажуваше висок степен на кохезивност. Секој кој ја познава актуелната ситуација на Балканот ке рече дека опасностите за регионална нестабилност се наголемуваат.

Во јавноста се поставува и прашањето, дали Македонија не се нашла на погрешно место и во погрешно време кога станува збор за приклучувањето кон ЕУ, бидејки Европа се судира со сериозни проблеми сврзани за нејзиниот

[14] Внатре во етничките блокови владееше релативно конфузна состојба во однос на идејно политичката профилација, па мошне тешко би можеле да разликуваме либерален наспроти националистички блок-реформски и антиреформски сили, во онаа смисла во која тоа го сугерираат понудените модели за европеизација

идентитет (дали и до кога ќе се проширува со нови членови, што тоа ќе значи за нејзиниот идентитет и за нејзината функционалност како политичка заедница. Потоа дали со прифаќање на грчките условувања Европа не влегува во една спирала на Балканизација (имајки предвид дека се на повидок други билатерални условувања (Словенија спрема Хрватска, можеби утре Хрватска во однос на Србија . . . )

Дали ова не значи понатамошно релативизирање на меритократскиот принцип во условувањата и компромитирање на гравитациониот модел на европеизацијата? Се разбира прашањата од овој тип претставуваат голем предизвик за македонските политички елити, но мислам и за ЕУ.

### *БИБЛИОГРАФИЈА*


1. Cowles M. G. , Caporaso J. , Risse T. (Eds) *Transforming Europe. Europeanization and Domestic Change.* Cornell University Press: Itaka NY, 2001
2. European Commission. *Progress Reports on the Former Yugolsav Republic of Macedonia 2004-2009* http://ec. europa. eu/enlargement/candidate-countries/the_former_yugoslav_republic_of_macedonia/key_documents_en. htm
3. Schopflin G. *The new Russia: a model state*. created 27. 02. 2008
4. Hristova L. La democratie post-comuniste: identite politique dans *Transition et «re»construction des societies.* LSCI-IRESCO, CNRS 2001 http://eiop. or. at/eiop/texte/2000 pristapeno 29. 11 2008
5. Krastev I. , *Russia Vs Europe: the sovereignty wars*. created 5. 09. 2007
6. Linc H. , Stepan A. , *Demokratska tranzicija i konsolidacija: Juzna Evropa, Juzna Amerika i postkomunisticka Evropa.* Filip Vishnic: Beograd, 1998
7. Emerson M. , Noutcheva G. , *Europeanisation as a Gravity Model of Democratisation"* conference of the Center for Democracy, Development and the Rule of Law, Stanford University, 4-5 October 2004
8. Vachudova M. A. , *The leverage of European Union on Reform in Postcomunist Europe*. ECPR Joint Session Workshops, Turin, 22-27 March 2002
9. Vachudova M. , A. , The leverage of International Institutions on Democratizing States: Eastern Europe and the European Union, Robert Schuman center for Advanced Studies, European University Insitute, Working Papers, RSC No. 2001/33
10. Morlino L. , Anchors and democratic change, *Comparative political studies.* Vol. 38 N. 7, 2005 pp. 747-770
11. Borzel T. and Risse T. *When Europe Hits Home: Europeianization and Domestic Change*. EIOP, 29. 11. 2000
12. UNDP: BLUE RIBBON KOMISSION, 2006

13. www. freedomhouse. org/media/pressrel/05552404b. htm

14. Малеска М. , Христова Л. , Ананиев Ј. , *Споделување на власта-нов модел во мултикултурните општини во Македонија, второ издание*. МЦМС, АДИ, ИАН КОЛИНС: Скопје 2006

15. Мирчев Д. Христова Л: Македонското политичко општетсво” во *Модерната политикологија*. Универзитет ФОН И Култура: Скопје, 2008

Политички науки, Меѓународни односи
Political Sciences, International Relations

UDK/UDC 616.485.6:321.7(497.7)"2001"
Научен текст / Scientific Paper

*М-р Анета Цекиќ*

# ПОВОЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОХРИДСКИОТ РАМКОВЕН ДОГОВОР ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

АПСТРАКТ

Компаративната студија на Фернанд де Варенес за спроведувањето на мировните договори во триесетина постконфликтни општества ширум светот покажала дека мировните договори на кои се обврзале страните во конфликтот се соочуваат со многубројни предизвици. Варенес укажува дека повеќе фактори поврзани со карактеристиките и текот на конфликтот, големината на отстапките на кои се обврзала мнозинската страна во конфликтот, актерите, меѓународното влијание итн. можат да имаат влијание врз доследното спроведување на обврските кои ги презеле страните во конфликтот. Кои од нив можат да се препозна-

*Aneta Cekik, M. Sci*

# FAVORABLE PRECONDITIONS FOR THE IMPLEMENTATION OF THE OHRID FRAMEWORK AGREEMENT IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA

ABSTRACT

Fernard De Varennes's study for implementing peace agreements in about thirty post conflict countries around the world has shown that these peace agreement, the opposing parties signed to adhere to, face various challenges. Varennes points out the fact that several factors regarding the characteristics and the dynamics of the conflict, the concessions of the majority party in the conflict, the participants, the international influence etc. may have an effect on both of the conflicting parties to fully meet their obligations. Which of these factors can be recognized in the case of Republic of Macedonia, bearing in mind the course of events in the conflict of 2001,

ат во случајот со во Република Македонија, имајќи го предвид текот на конфликтот во 2001, преговорите и постконфликтниот период? Овој текст настојува да покаже дека релативно краткото траење на конфликтот, малиот интензитет на конфликтот, вклучувањето на сите релевантни политички претставници на двете страни во преговорите и силниот меѓународен притисок за време и по конфликтот беа поволни фактори за релативно задоволителното спроведување на Охридскиот рамковен договор во Република Македонија.

**Клучни зборови:** спроведување на мировни договори, етнички конфликт во Република Македонија

the negotiations and the post conflict period? This text intends to show that the relatively short duration of the conflict, its low intensity, the involvement of all relevant political representatives from both sides of the conflict in the negotiations and the heavy international pressure during and after the conflict were favorable factors for the relatively satisfying implementation of the Ohrid Framework Agreement in the Republic of Macedonia.

**Key words:** implementation of peace agreements, ethnic conflict in the Republic of Macedonia

anetac@isppi. ukim. edu. mk

## ВОВЕД

Етничките конфликти, кои обележаа значаен дел од светската историја по Втората светска војна, се се уште една од главните причини за нестабилноста на повеќе региони во светот и за загуби на човечки животи и материјални добра. Овие конфликти траат долго, често зафаќаат или се прелеваат во цели региони, а нивното разрешување се покажало како особено тешка задача. Откако еднаш ќе се постигне мировен договор, претстојниот постконфликтен период се соочува со бројни предизвици- противничките елити се соочуваат со улогата на партнери во владејачката коалиција, а граѓаните, кои до неодамна биле сведоци на меѓусебни непријателства, треба да продолжат да живеат мирно едни со/до други. Не ретко овие тешкотии носат нови периоди на несигурност, враќање наназад или обновување на насилствата.

Според компаративната студија на Фернанд де Варенес за спроведувањето на мировните договори во триесетина случаи на етнички конфликт, мировните договори се спроведуваат со различен успех. Кога со договорот

се регулира само заштита на човекови или малцински права, истите се имплементираат со поголем успех, додека, доколку со договорот се гарантираат права на автономија или самоопределување, нивното спроведување е потешко. [1] Најголемата пречка при спроведувањето на мировните договори е отпорот на државните власти да ги спроведат договорите на кои се обврзале, заклучува де Варенес. Ова тврдење се однесува на спроведувањето на мировните договори во различни времиња во Етиопија, Индија, Индонезија, Ирак, Израел, Мароко, Мјанмар, Филипини, Родезија, Јужна Африка, Шпанија, Судан и Обединетото Кралство (Северна Ирска). Во овие случаи на етнички конфликт, мировните договори успеале само да го намалат интензитетот на насилството, односно имаат краткорочен ефект. За долгорочно спроведување на договорите и смирување на конфликтот, според Варенес, недостасува доверба и цврста обврзаност на страните. Понатамошен чекор на студијата на де Варенес е утврдувањето на ограничувачките фактори кои го отежнуваат спроведувањето на договорите. Како такви, де Варенес ги наведува следниве:

- перцепцијата дека нелегалното насилство ќе биде наградено;
- обврска да преговара со и да им прави отстапки на оние коишто може да се наречат „терористи»;
- некомпетентност и неефикасност при справување со побуната;
- губење на политичката и во некои случаи на правната контрола врз дел од државата;
- обвинувања дека преговарачите ја поделиле државата или дека не можеле да го заштитат нејзиниот суверенитет;
- опасноста преговарачите да бидат наречени „предавници на нацијата»;
- страв дека владата поради тоа ќе ги изгуби следните избори;
- избор на нова влада одредена да управува со бунтовниците поефикасно и
- вклучувањето на трета страна, која може да се прикаже како непотребна и неинформирана интервенција[2]

Откако ќе бидат разгледани основните карактеристики и директните причини за конфликтот во Р. Македонија, ќе се премине на анализа на оние фактори кои ги посочува Варенес како важни за спроведувањето на еднаш потпишаните мировни договори, а кои се релевантни за конфликтот во Р. Македонија.

[1] de Varennes F. , Recurrent Challenges to the Implementation of Intpastate Peace Agreements: The Resistance of State Authorities, *New Balkan Politics,* vol. 8 2003, pp. 87-105 www. newbalkanpolitics. org. mk
[2] Исто, стр. 102

# КАРАКТЕРИСТИКИ И ТЕКОТ НА ВООРУЖЕНИОТ КОНФЛИКТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Конфликтот во Република Македонија, кој траеше околу седум месеци (февруари-август 2001), се вбројува во групата на конфликти со мал интензитет. Според податоците со кои се располага, вкупниот број на жртви на двете страни изнесуваше околу 200, а повеќето десетици илјади внатрешно раселени лица и бегалци се вратија во нивните домови набрзо по завршувањето на конфликтот или уште за време на самиот конфликт. Ова сепак не се однесува на околу 500 раселени Македонци чие враќање во одделни региони (на пр. селото Арачиново) не се случи. Тие, осум години по конфликтот, во лоши услови живеат во државни објекти од различен карактер.

Краткото траење на конфликот и избегнувањето на поголем број жртви го одделува конфликтот во Република Македонија од останатите конфликти на просторите на поранешната СФРЈ, или од доготрајните конфликти во Северна Ирска, Израелско-Палестинскиот конфликт и др. Ова е важен предуслов за спроведувањето на мировните договори и градење на функционален модел на мултиетничка демократија. Долгото траење на конфликтот, историјата на насилство од поголеми размери, големиот број жртви, прогонувања, пљачкосувања, силувања итн. е најголемата пречка за постигнување на некаков мировен договор и уште поголема за можен иден заеднички соживот и за меѓусебното помирување помеѓу етничките групи во конфликтот.

Иако во деценијата по добивањето самостојност постоеја некои од предусловите, кои авторите од областа на етничките конфликти ги издвојуваат како значајни за избувнување на етнички конфликт, а претставниците на албанското малцинство на различни начини укажуваа дека не се задоволни од положбата на Албанците во Република Македонија, активностите на вооружените групи долж македонско-косовската граница со кои започна конфликтот во 2001 беше изненадување за многумина во Република Македонија. При крајот на месец февруари 2001, кога домашните и странските медиуми известуваа за движења на лица во униформи во пограничните села и напади од косовска страна, македонските политичари беа затекнати од развојот на ситуацијата за која не можеа да најдат одговор. Во меѓувреме доаѓаа осуди од странските државници за растечкото насилство кое го предизвикуваат екстремистите, а КФОР презеде здружена акција со македонската полиција за разбивање на 200-800 вооружени Албанци кои дејствуваа во пограничните области.[3]

[3] На 06. 03. 2001 СНН извести дека македонските безбедносни сили заедно со НАТО силите на Косово се обидуваат да ја запечатат областа од која албанските герилци ги напаѓаат македонските безбедносни сили, *(Macedonia border tense,* CNN, March 6, 2001), а во извештајот на СНН од 07. 03. 2001 се вели дека станува збор за околу 200 до 800 албански бунтовници кои ја користат безбедносната зона долж внатрешната граница меѓу Косово и Југославија за изведување напади во Македонија (*NATO considers Macedonia fears,* CNN March 7, 2001)

Во лоцирањето на директните причини за избувнувањето на конфликтот, неколку години по конфликтот се укажува дека домашните политичари не го согледале новиот баланс на моќта по поразот на Србија и Црна Гора од страна на НАТО во кампањата на Косово во 1999 год. (Maleska 2005), а македонските безбедносни служби потфрлиле во извршувањето на задачите и непресретнувањето на опасноста (Митевски 2008). Поголема група македонски и странски автори укажуваат на настани поврзани со балансот на силите и регионалната стабилност на Балканот -договорот за обележување на северната македонска граница кој Македонија и СР Југославија го потпишаа непосредно пред избувнувањето на конфликтот во февруари, влегувањето на српската армија и полиција во безбедносната зона на Косово по претходно постигнатиот договор помеѓу НАТО и СР Југославија и распуштањето на Осободителната војска на Прешево, Медвеѓе и Бујановац (Zuconi 2002, Ragaru 2008, Габер 2007 и др. ). Обележувањето на границата без согласност од албанските политички фактори, како и затворањето на традиционалните природни врски на Albancite кои живеат во овој регион, овие автори ги наведуваат како неприфатливи потези за Албанците кои тукушто се здобија со некакво политичко влијание во регионот. Албанските автори, пак, инсистираат во истакнувањето на домашните предуслови на конфликтот и на домашното потекло на Ослободителната народна армија (ОНА) која ги водеше вооружените дејства против македонската полиција и армија (Острени 2007, Азири (во ФЕС 2008), Сулејмани 2008 и др. ).

Иако побројни се доказите дека конфликтот беше предизвикан од косовска територија, се чини дека пресудна беше поддршката на вооружените дејства на ОНА меѓу албанското население во Република Македонија, а и меѓу легитимните претставници на Албанците во Собранието и Владата. Додека во најраниот период на конфликтот поддршката на тогаш најголемите партии на Албанците во Македонија, ПДП и ДПА на воооружените групи беше воздржана, [4] по првата поголема офанзива на македонската армија изведена 18-22 Март 2001, албанските политичари во Македонија ја променија реториката и сé почесто изјавуваа дека иако не користат исти средства, целите на ОНА и целите на политичките партии на Албанците во Македонија се исти (А. Џафери во интервју за ИВПР 06. 04. 2001). Потпишувањето на Призренската деклара-

[4] Широко цитирана е изјавата на Арбен Џафери, тогашниот претседател на Демократската партија на Албанците, кој на самиот почеток на вооружениот конфликт, избувнувањето на конфликтот го нарече “внатрешно-албански идеолошки конфликт за тоа кој ќе ги претставува интересите на Албанците во Македонија“ (Кај Костова Ј. , *Незавршен мир,* Бата Пресс, Скопје, 2003, стр. 31) . Партијата на Џафери тогаш беше дел од владејачката коалиција која го водеше при крај решавањето на прашањето за високо образование на мајчин јазик за Албанците преку отворањето на приватен универзитет во Тетово. Некои автори посочуваат дека во Владата бил подготвуван и нов закон за локална самоуправа -Сулејмани Р. , *Јавноста во Р. Македонија и односите со Европската унија и НАТО- со посебен осврт на процесот на децентрализација,* докторска дисертација, ИСППИ, Скопје, 2007, стр. 143

ција на 22-ри мај 2001 (договор за партнерство помеѓу политичките претставници на Албанците во Македонија и ОНА, постигнат со посредство на еден од дипломатите на ОБСЕ со американско потекло- Роберт Фровик) цврсто ја дефинираше заедничката агенда на албанските партии и воените водачи, и беше пресвртната точка во понатамошниот тек на конфликтот.

Десетина дена пред потпишувањето на Призренската спогодба беше формирана Владата за национално единство, во која влегоа најголемите партии на Македонците и Албанците- СДСМ, ВМРО-ДПМНЕ, ПДП и ДПА. Вака составената влада, со постојани интервенции и силен притисок од меѓународната заедница, се одржа скоро до крајот на конфликтот, а претставниците на овие партии, паралелно со одвивањето на воените дејства, со меѓународно медијаторство, ги водеа преговорите кои доведоа до Охридскиот мировен договор. Договорот беше потпишан на 13 Август 2001, по што ОНА беше разоружана со посредство на НАТО и распуштена при крајот на септември.

## ВЛАДАТА НА НАЦИОНАЛНО ЕДИНСТВО, ПОСТКОНФЛИКТНИТЕ КОАЛИЦИИ И ОХРИДСКИОТ РАМКОВЕН ДОГОВОР

Еден од позначајните поволни предуслови за спроведување на обврските преземени од страните потписнички на мировниот договор во случајот на конфликт во Република Македонија, е поделбата на одговорноста помеѓу најзначајните политички претставници од двата етнички блока во текот на конфликтот. Вклучувањето на најзначајните политички партии во Владата на национално единство и во преговорите, во случајот на Република Македонија отстрани некои од факторите за кои де Варенес утврди дека се неповолни за успешното спроведување на мировните договори: можноста, преговарачите, доколку претставуваат една политичка опција во рамките на етничкиот сегмент, да бидат означени како „предавници на нацијата» и опасноста истите да се обвинат дека ја поделиле државата или дека не можеле да го заштитат нејзиниот суверенитет.

Имено, за време на конфликтот постоеше поделба во рамките на македонскиот сегмент по прашањата за начинот на разрешување на конфликтот (воено или по пат на преговори), како и несогласувања откако се избра патот за разговори со албанските претставници и за време на работата на Владата на национално единство. Овие спротивставени гледишта се разбирливи, имајќ и го предвид фактот дека македонското мнозинство беше принудено да прави отстапки. Преку уставни интервенции во политичкиот систем требаше да ја подобри положбата на албанското малцинство- поголема децентрализација на власта и да одговори на повеќе барања на Албанците што беа одложувани и околу кои избиваа повремени етнички немири во декадата по осамостојувањето (високо образование на албански јазик и поголема употреба на албан-

скиот јазик на централно и на локално ниво, поголема застапеност во јавната администрација, но и барања поврзани со карактерот на државата дефиниран во преамбулата на Уставот). Потврди во ставовите околу начините за разрешување на конфликтот и за време на преговорите беа претставниците на ВМРО-ДПМНЕ, кои поотворено се залагаа за употреба на воени средства за разрешување на конфликтот (П. Петровски 2006, М. Митевски 2008) и често ги обвинуваа за пристрасност посредниците во преговорите- претставниците на меѓународната заедница (изјави на премиерот Љ. Георгиевски и министерот за внатрешни работи Љубе Бошковски). Несогласувањата помеѓу СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ се препознаваа и во работата на двата министерски ресори кои најнепосредно беа вклучени во конфликтот, Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи, со кои раководеа нивните кадри. Премиерот Љ. Георгиевски беше споменуван и во контекст на сосема други сценарија за завршување на конфликот, имено, предлогот за размена на територии помеѓу Албанија и Македонија за кој јавноста беше известена дека го изнеле истакнати членови на МАНУ. Што се однесува до улогата на претседателот, кој има значајни овластувања во сферата на одбраната, според повеќ ето меѓународни и домашни аналитичари, Претседателот на државата Борис Трајковски во текот на конфликтот одигра улога на медијатор. Тој, иако доагаше од партијата која ја фаворизираше воената опција за разрешување на конфликтот, беше посредник помеѓу најголемите партии на Македонците и континуирано соработуваше со претставниците на меѓународната заедница во текот на конфликтот и при застоите во преговорите.

По потпишувањето на мировниот договор, потписниците на мнозинската страна требаше да се соочат со граѓаните кај кои преовладуваа перцепциите дека насилството на ОНА се наградува[5], а и дека меѓународната заедница зазела страна, за што говорат протестите што за време на преговорите се одржуваа пред амбасадите на САД, В. Британија и Германија. Тоа што на мировниот акт стојат потписите на претседателите на двете најголеми македонски партии придонесе за овие непопуларни мерки да не бидат обвинувани само претставниците на СДСМ, иако некои од потписниците на различни начини подоцна се оградуваа од договорот или го „прогласуваа за мртов». Денес ниту еден позначаен политички субјект не го доведува во прашање Охридскиот договор, напротив, тој сé повеќе е прифатен и од оние кои беа негови противници за време и по конфликтот.

Парламентарните избори од 2002 година беа уште еден предизвик, имајќи го предвид фактот дека во нив учествуваше и новата политичка партија на Албанците која произлезе од воената формација ОНА и се нарече Демократска унија за интеграција (ДУИ). Во случајот на Република Македонија

[5] Ова се однесува и на медиумите, на голем дел од интелектуалната елита и на македонската дијаспора, за кои потпишувањето на Охридскиот договор значеше чин на губење на националната гордост.

вклучувањето на довчерашните вооружени противници на режимот во централните а подоцна и во локалните институции на власт се случи веднаш по конфликтот, иако за време на изборната кампања СДСМ одрекуваше дека ќе коалицира со ДУИ. Коалицијата на ДУИ и СДСМ која беше на власт од 2002-2006 ги презеде најважните чекори за спроведување на Охридскиот договор-го започна остварувањето на принципот на соодветна и правична застапеност, го започна спроведувањето на Законот за локална самоуправа и го донесе Законот за територијална организација на локалната самоуправа, што беше многу непопуларна мерка. Коалицијата се одржуваше со помош на надворешниот притисок[6] и беше далеку од функционална и ефикасна, коалиција која ќ е обезбеди подобрување на економската состојба или намалување на невработеноста. Според Л. Христова, одговорноста на владините функционери беше попрво пред партискиот водач, отколку пред премиерот, а владата понекогаш беше екстремно нетранспарентна (Hristova 2005). Сепак, во мандатот на оваа Влада беа спроведени почетните и најзначајни чекори во спроведувањето на договорот и поради тоа, според многу аналитичари, земјата во 2005 го доби статусот земја кандидат за членство во Европската унија.

По парламентарните избори во 2006 година, Охридскиот договор се соочи со уште еден тест. Во Владата која ја формира победничката ВМРО-ДПМНЕ не беше вклучена ДУИ, која беше победничка во албанскиот блок. Незадоволството кај ДУИ кулминираше со бојкот на работата на Собранието, по што во ноември 2006 год. претставниците на ДУИ излегоа од Парламентот, помеѓу другото и поради неспроведувањето на Охридскиот договор. Ова беше и една од причините за распишување на предвремените парламентарни избори во 2008 година (интервју со партиски функционер на ДУИ). По изборите беше направен чекор и беше формирана коалицијата ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ, чие работење ќе биде од особена важност за идниот развој на демократијата во Република Македонија.

Во рамките на албанскиот сегмент повеќе може да стане збор за судир помеѓу различните опции по завршувањето на конфликтот отколку во текот на конфликтот (кога со Призренскиот договор политичките претставници на Албанците во Македонија и ОНА ја утврдија заедничката платформа). Појавувањето на ДУИ на политичката сцена значеше смена од власта на ДПА, која значајно заостанува во изборните резултати во постконфликтниот период (ДУИ е победник во рамките на албанскиот блок на двата циклуса парламентарни избори и на едни локални изброри). Што се однесува до политич-

[6] Во интервју за потребите на магистерската теза *Предизвиците*. . . . (А. Цекиќ), член на извршниот одбор на СДСМ искажа мислење дека без постојаниот притисок и условувањата од меѓународната заедница, СДСМ оставена сама на себе немало да го спроведува договорот на начин како што го спроведуваше, „бидејќи таквите непопуларни мерки влијаат на рејтингот, а партиите оставени сами на себе мислат само на себе".

ките барања на овие партии кои се однесуваат на положбата на Албанците по 2001, тие не се разликуваат драстично и се однесуваат на поголема употреба на албанскиот јазик, решавање на социјалниот статус на поранешните борци на ОНА и доследно спроведување на принципот на соодветна и правична застапеност во јавната администрација. [7] ДУИ уште настојува да се разгледува прашањето за примена на правилото за двојно мнозинство при изборот на Владата, што значително би го придвижило политичкиот систем кон поголема консоцијација.

## УЛОГАТА НА МЕЃУНАРОДНАТА ЗАЕДНИЦА ВО РАЗРЕШУВАЊЕТО НА КОНФЛИКТОТ И ПОСТКОНФЛИКТНИОТ ПЕРИОД ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Присуството на трета страна во конфликтот, чија улога и познавање на истиот може да ја оспоруваат припадниците на етничките групи е еден од факторите за кои де Варенес смета дека неповолно можат да влијаат на спроведувањето на договорите. Ваквото тврдење го поткрепуваат искуствата на некои од долготрајните конфликти, пред се во Африка (Уганда, Руанда), Блискиот исток и Азија, кога светските сили или соседните држави често интервенираа поради некаков интерес (или не интервенираа бидејќи немале интерес од интервенцијата) или пак само ги одмеруваа своите сили во склоп на биполарниот натпревар за време на Студената војна.

Интервенциите на САД, ЕУ и НАТО на Балканот се разликуваат од горенаведените примери на меѓународна интервенција во смисла на тоа дека не беа унилатерални и иако се обвинувани за пристрасност, сепак, се чини дека повеќе беа мотивирани од принципите на стабилност и заштита на човековите права (Maleska 2005, Bieber 2003). За разлика од претходните практики на интервенција во внатрешните конфликти во различни региони во светот кои ги предводеа западните сили, географската блискост на Балканот до овие земји придонесе за, иако на почетокот несигурно, поголемо ангажирање на САД и Европските држави за време на конфликтите, но и силно присуство во некои од постконфликтните општества на Балканот кое трае и денес. Ова се однесува и на конфликтот од 2001, кога по одреден период на воздржување од директна интервенција, меѓународната заедница се вклучи во разрешувањето на конфликтот и имаше пресудна улога и во постконфликтниот период.

Во почетниот период на конфликтот (февруари-март) меѓународната заедница ја поддржуваше македонската влада во зачувувањето на државни-

[7] Илустративни се одредбите на т. н Мајски и Мартовски договори кои ДУИ и ДПА, одделно, ги договорија (потпишаа) со ВМРО-ДПМНЕ во 2008, кога ДУИ го напушти Парламентот, а ДПА владината коалиција, како резултат на незадоволството од политиката на ВМРО-ДПМНЕ во однос на етничките прашања.

от суверенитет - изјавите на високите државници одеа во правец на осуда на дејствата на албанските екстремисти и поддршка на унитарниот карактер на Македонија. Во Советот за безбедност на ООН едногласно беше усвоена и резолуција 1371 од 21. 03. 2001, со која „силно се осудува насилството на екстремистите, вклучувајќи ги и терористичките активности на територијата на Република Македонија и на Јужна Србија». Македонската влада, од своја страна, не изнајде стратегија и не презеде порешителни мерки во справувањето со немирите во овој период.

По изведувањето на првата офанзивна акција на македонските безбедносни сили (18-22 Март), првичен поодлучен притисок со дипломатски средства беше направен околу започнувањето на разговори помеѓу легитимните претставници на Македонците и Албанците за барањата на Албанците. На почетокот на април, во организација на претседателот Борис Трајковски, се сретнаа претставниците на најголемите политички партии на Македонците и на Албанците- СДСМ, ПДП, ДПА и ВМРО-ДПМНЕ. На почетокот на овие разговори, албанските политички претставници сметаа дека мнозинството не е сериозно и дека не е подготвено за преговори (А. Џафери за СНН, 05. 04. 2001), а ПДП бараше прецизно дефинирана агенда и меѓународно посредство во разговорите (изјава на функционер на ПДП за СНН, 02. 04. 2001). По овие првични обиди и изјави на незадоволство, изложени на постојаниот притисок на западните дипломати, партиите беа повторно вратени на преговарачка маса. Еден од поголемите поттици за македонското мнозинство да се согласи на посериозни преговори, кои требаше да доведат и до формирање на Влада на национално единство беше потпишувањето на договорот за Стабилизација и асоцијација со Европската унија (на 09. 04. 2001 во Брисел). Втора поголема интервенција во односите помеѓу страните во конфликтот беше направена по објавувањето на веста за потпишувањето на Призренската декларација, набргу по формирањето на Владата на национално единство. Сојузувањето со воените противници во услови кога Албанците имаа свои претставници во централните институции на власт, Македонците го сметаа за кршење на највисокиот принцип на меѓународната заедница- дека со терористи не се преговара (В. Бучковски).

Во претходно изнесените примери на ангажирање на меѓународната заедница притисокот се состоеше од комбинација на финансиска помош и отворање на перспективите за членство во ЕУ и НАТО. [8] Директна интервенција на меѓународната заедница со случи при крајот на месец јуни, кога силите на КФОР беа вклучени во извлекувањето на околу 400 припадници на ОНА од селото Арачиново. Припадниците на ОНА, 12 дена порано влегоа во ова село

[8] Zucconi M. , The "External Factor: the Macedonian state's security deficit and the international community" in Balalovska K. , Silj A. , Zucconi M. , *Minority politics in Southeast Europe: Crisis in Macedonia* The Ethnobarometer Working Paper Series, 2002, 86-108

кое лежи на магистралниот пат кој ги поврзува Грција и Косово, заканувајќ и се дека на мета имаат стратешки објекти во Скопје и единствената рафинерија во земјата. По победата на македонските сили, на општ револт на македонската јавност, беше издејствуван договор силите на КФОР да ги извлечат борците на ОНА во автобуси и да ги префрлат на територијата на Косово. Сепак, тие беа истоварени на македонска територија, во кумановскиот регион од каде и дојдоа во Арачиново. Ова беше кулминација на конфликтот, по што ангажираноста на меѓународната заедница беше на највисоко ниво- откако со воени сили го изведоа повлекувањето на ОНА од Арачиново беа именувани официјални посредници во преговорите и започна процесот на пишување на мировниот договор.

Во текот на јули и август, и во услови на воени дејства, во кои бројот на жртвите беше најголем, се водеа тешки преговори со постојани застои. Особено тешки беа преговорите околу употребата на албанскиот јазик и Преамбулата на Уставот, кои без интервенциите лично од Високиот претставник за надворешна и безбедносна политика на Европската унија, Хавиер Солана и Генералниот секретар на НАТО Џорџ Робертсон, малку е веројатно дека ќ е се постигнеа. Овие прашања беа повторно на дневен ред и при расправата за уставните амандмани во Собранието, при што претседателот Трајковски побара помош и од претседателот на САД. [9] Усвојувањето на уставните измени беше условувано со одржување на донаторска конференција и директна финансиска и воена помош за Македонија од ЕУ и САД.

Постконфликтниот период најпрво опфаќаше етапно разоружување на ОНА, со динамика условувана од динамиката на усвојување на уставните измени во Собранието. Албанската ОНА, но и македонските власти, го сметаа за неопходно (ОНА го наведе како услов за разоружување) и формално го побараа присуството и посредничката улога на НАТО во овие процеси. Организирањето на парламентарните избори во 2002 година, враќањето на бегалците, раселените лица и полицијата од претходно напуштените места се изврши исто така со посредство на НАТО, ЕУ и ОБСЕ, чии мисии во Република Македонија опфаќаа широк на спектар активности. Спроведувањето на договорот пак беше важен услов за напредување на Република Македонија во исполнувањето на критериумите за приближување кон ЕУ во фазата на стабилизација и асоцијација, по што во 2005 и беше доделен кандидатскиот статус.

Осум години по конфликтот најголемите политички партии во Република Македонија се единствени во оцената за позитивната улога на меѓународната заедница во конфликтот во Република Македонија, [10] а Охридскиот

---

[9] Исто

[10] Интервјуа со високи партиски функционери на ДУИ, СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ за потребите на магистерскиот труд *Предизвиците при спроведувањето на Охридскиот рамковен договор во Република Македонија,* ИСППИ, Скопје, 2008.

договор е прифатен од сите позначајни политички субјекти во државата. Тој исто така ја има константната поддршка од албанското население, а поддршката од македонското население, иако на почетокот мала се искачи до околу 50%. Според периодичните анкети на UNDP, граѓаните меѓуетничките односи ги оценуваат како добри.

## ЗАКЛУЧОК

Покрај краткото траење на конфликтот и избегнувањето на поголем број жртви, во случајот на конфликт во Република Македонија, како поволни се покажаа две околности: поделбата на одговорноста за разрешувањето на конфликтот помеѓу сите релевантни политички партии во Република Македонија и одлучното ангажирање на меѓународната заедница (ЕУ, САД и НАТО) за време на конфликтот и во постконфликтниот период. Овие фактори се издвојуваат како најзначајни за релативно успешното спроведување на мировниот акт во постконфликтниот период и избегнувањето на опасноста од повторна употреба на сила. Додека поделбата на одговорност помеѓу партиите на мнозинството кое ги правеше отстапките ги отстрани можните обвинувања за „предавство», без одлучното ангажирање на меѓународната заедница тешко е да се поверува дека најголемите партии на Македонците и на Албанците оставени сами на себе ќе успееја да дојдат до договор со кој по мирен пат ќе се одговори на барањата на Албанците во Република Македонија.

**Користена литература**

1. Balalovska K. , Silj A. , Zucconi M. , *Minority politics in Southeast Europe: Crisis in Macedonia* The Ethnobarometer Working Paper Series, 2002
2. Bieber F. , Institutionalizing Ethnicity in Former Yugoslavia: Domestic vs. Internationally Driven Processes of Institutional (Re-) Desigh, *The Global Review of Ethnopolitics,* Vol. 2 no. 2, January 2003, pp. 3-16
3. Brunnbauer U. , The Implementation of the Ohrid Agreement: Ethnic Macedonian Resentment, *Journal of Ethnopolitics and Minority Issues in Europe,* Issue 1, 2002
4. de Varennes F. , Recurrent Challenges to the Implementation of Intrastate Peace Agreements: The Resistance of State Authorities, *New Balkan Politics,* vol. 8 2003, pp. 87-105
5. Gurr T. R. , Harf B. , *Ethnic conflict in world politics,* Boulder, San Francisko and Oxford: Westview Press 1994
6. Hristova L. , Democratic Consolidation of Divided Societies: The Macedonian Case, *New Balkan Politics* Issue 9, 2005, www. newbalkanpolitics. org. mk
7. Maleska, M. What kind of political system did Macedonia det after the Ohrid Peace Agreement?. *New Balkan Politics* Issue 9, 2005 www. newbalkanpolitics. org. mk
8. Oberschall, A. *Conflict and Peace Building in Divided Societies.* London and New York: Rutledge, 2007
9. Ragaru N. , *Macedonia: between Ohrid and Brusells,* CERI/CNRS, 2008
10. Sisk T. , *Power Sharing and International Mediation in Ethnic Conflicts* Washington DC: United States Institute for Peace йCarnegie Commission on Preventinh Deadly Conflict, 1996
11. Wolff, S. *Ethnic conflict. A global perspective.* New York: Oxford University Press, 2006
12. Габер, В. *Колатерална штета- Меѓународната заедница и кризата во Република Македонија во 2001годин.* Скопје: Матица Македонска, 2007
13. Костова Ј. , *Незавршен мир,* Скопје: Бата Пресс 2003
14. Митевски, М. *2001-Војна со две лица ,* Скопје: Култура, 2008
15. Острени, Г. *Критичко согледување на делото „Војната во Македонија во 2001»од генерал Митре Арсовски, проф. д-р Стојан Кузев и генерал проф. д-р Ристо Дамјановски,* Скопје: Г'зим Острени, 2006
16. Петровски, П. *Сведоштва,* Битола: Печатница Киро Дандаро, 2006
17. Сулејмани, Р. *Јавноста во Р. Македонија и односите со Европската унија и НАТО- со посебен осврт на процесот на децентрализација,* докторска дисертација*,* ИСППИ, Скопје, 2007
18. ФЕС, *Поделба на власта и спроведување на Охридскиот рамковен договор,* Скопје: Фондација Фидрих Еберт, 2008
19. Цекиќ, А. , *Предизвиците при спроведувањето на Охридскиот рамковен договор во Р. Македонија,* магистерска теза, ИСППИ, Скопје, 2008

Политикологија
Politicology

UDK/UDC 32.019.5:321.64(100)
Научен текст / Scientific Paper

*М-р Дијана Стојановиќ Ѓорѓевиќ*

# ВЛИЈАНИЕТО НА ПРОПАГАНДАТА ВО ТОТАЛИТАРНИТЕ СИСТЕМИ

АПСТРАКТ

За да постои рамнотежа во политичкиот систем потребно е разбирање меѓу владејачите и владеаните, што истовремено е гарант за прифаќањето на режимот од страна на владеаните и можност на владејачите без проблеми да ги спроведат одлуките кои ги донеле. Ова меѓусебно разбирање се постигнува преку политичката комуникација, која што се појавува со самата појава на политиката.
Овој труд ќе ја обработува историски најстарата форма на комуникација во политичката област - пропагандата, при што посебно ќе се осврне на тоталитарната пропаганда, како и на нејзиното влијание во тоталитарните системи. Ќе бидат опфатени и потеклото на пропагандата, нејзината споредба со идеологијата

*Dijana Stojanovic-Gorgevik, M. Sci.*

# THE INFLUENCE OF PROPAGANDA IN TOTALITARIAN SYSTEMS

ABSTRACT

In order to achieve balance in a political system there needs to be an understanding between the rulers and the ruled which at the same time would guarantee that the ruled accept the regime and the rulers without any problems would enforce the decisions they've reached. This mutual understanding can be achieved through political communication which as a rule accompanies politics.
This article aims at examining the oldest of communication forms in history and in politics which is the propaganda and will take a special look behind the totalitarian propaganda as well as its impact on the totalitarian systems. It also includes the origin of propaganda, its correlation to ideology and political marketing and

и политичкиот маркетинг, а преку прикажување на нејзините основни задачи, цели, техники, функции, ќ е се покаже нејзиното влијание врз поединците во општеството, како и нејзината примена и начин на употреба во тоталитарните општества.

**Клучни зборови:** пропаганда, тоталитарен систем, тоталитарна пропаганда, ефикасна пропаганда, политички маркетинг.

by illustrating its primary tasks, goals, techniques and functions we'll demonstrate its influence on the society's individual as well as its application and use in totalitarian societies.

**Key words:** propaganda, totalitarian system, totalitarian propaganda, efficient propaganda, political marketing

stojanovic@isppi. ukim. edu. mk

## 1. ПРОПАГАНДА

Од формирањето на првите државни организации, па сè до денес, управувачите користат техники за влијание врз свеста не само на елитите и на масите, туку и поединците, со цел да издејствуваат поддржување и продолжување на своето управување. За таа цел потребна е контрола врз информациите, затоа што „пропагандата претставува ширење на информации кои настојуваат да влијаат врз мислењата и навиките на голем број на луѓе". [1] Таа е чиста спротивност на вистинската информација и наместо објективно да информира, пропагандата презентира селектирани факти до аудиториумот за којшто е наменета и освен што кај него буди одредени емоции, го 'заразува' со сопствената вистинитост и го поттикнува на одредена, за пропагандистите посакувана, акција. "Тежнеењето да се влијае на ставовите и однесувањето на луѓето е битна определба на пропагандата како дејност, иако во современата пропаганда тоа грижливо се прикрива". [2]

Уште од старите времиња, па до денешните модерни форми на пропаганда централно место зазема **ефикасноста**, односно, како полесно со одредени техники да се постигне посакуваниот ефект, изнудувајќи и предизвикувајќи конкретни дејства. И според најефикасниот пропагандист Гебелс „ние не зборуваме за да кажеме нешто, туку за да постигнеме одреден ефект". [3]

Потеклото на пропагандата може да се идентификува во одредени постапки уште во антиката. "Реторичките школи во атинска Грција биле во из-

[1] http://en. wikipedia. org/wiki/Propaganda (19. 02. 2009 год)
[2] Славујевиќ З, *"Библијска концепција пропаганде"*, Београд, НИП "Радничка штампа", 1993, стр. 34
[3] Канев Д, *"Политички менаџмент",* Скопје, Фондација "Фридрих Еберт", 2002, стр. 172

весна смисла пропагандни семинари, зашто ги тренирале своите следбеници во сите вештини на вербалната персуазија, а секогаш кога е неопходно да се убедуваат големи групи луѓе се јавува потреба од подготвена расправа и селективност на фактите”. [4] Секогаш кога јавното мислење им е важно на владејачите за да ја докажат својата моќ кај граѓаните и да ја оправдаат власта што им е дадена, постои тенденција да се појави некој облик на пропаганда. Во Римското царство биле користени разни пропагандни методи како: “подбуцнување на собрани луѓе, дискусии на улиците или во јавните згради, натписи на ѕидовите, букви и формули врежани на фасадите на храмовите или палатите, ритуали и церемонии, процесии во кои се носеле амблеми, знамиња, цвеќиња, симболи од сите видови”. [5]

Со откривањето на печатењето се унапредила улогата на пропагандата, бидејќи “полесно го запаметуваме она што го гледаме, отколку она што го слушаме”[6], а “како институционализирана дејност пропагандата настанува во 17. век со конституирањето на ‘Конгрегација за ширење на верата’ кон Ватикан”. [7] Таа сè повеќе се продлабочува кога пропагандистите откриваат дека за да биде ефикасна пропагандата мора да биде непрекината, од тогаш режимите започнуваат да произведуваат перманентна пропаганда. Со појавата на звукот и филмот, пропагандата напреднува до нови нивоа, затоа што “луѓето поинтензивно се идентификуваат со подвижни слики отколку со печатени зборови”. [8]

Обидите да се контролираат доживувањата на луѓето, да се насочуваат нивните ориентации или да се поттикнуваат одредени акции се гледаат во “комуниколошките процедури, постапки и средства со кои се активираат некои психички механизми и се произведуваат одредени психолошки дејства со емотивна содржина”[9] чијашто крајна цел е што полесна асимилација на поединецот.

## 2. ЗАДАЧИ, ТЕХНИКИ И АЛАТКИ НА ПРОПАГАНДАТА

Основни задачи на пропагандата се: “изолирање на идеолошкиот противник, тотално опфаќање и панорамско оптоварување на аудиториумот со пропагандно влијание, обезбедување престиж на пропагандата и нејзините создавачи, привлекување и задржување на вниманието, стратегија и тактика за обезбедување на оптималната варијанта на нејзиното прифаќање”. [10]

[4] О’Шонеси Н, *“Феноменот на политичкиот маркетинг”,* Скопје, Степ, 1994, стр. 21
[5] Ибид, стр. 21-22
[6] Ибид, стр. 22
[7] Канев Д, *“Политички менаџмент”,* Скопје, Фондација “Фридрих Еберт”, 2002, стр. 171-172
[8] О’Шонеси Н, *“Феноменот на политичкиот маркетинг”,* Скопје, Степ, 1994, стр. 25
[9] Славујевиќ З, *“Библијска концепција пропаганде”*, Београд, НИП “Радничка штампа”, 1993, стр. 67
[10] Канев Д, *“Политички менаџмент”,* Скопје, Фондација “Фридрих Еберт”, 2002, стр. 172-173

Секоја пропаганда, за да биде што поефективна го блокира секој обид за надворешно влијание и ја митологизира човечката свест. Нејзината цел не е да открие и презентира одредена вистина, туку да ги убеди луѓето, за што користи ветувања, закани, се повикува на одредени вредности, вреднувања, верба.

Своето влијание пропагандата го врши преку одредени разработени техники, „кои претставуваат методи и приоди кои се употребуваат за ширење на идеи за постигнување на далечни цели – за политички, комерцијални, религиозни или општествени причини”[11]. Тие се употребуваат за да манипулираат со емоциите на аудиториумот, за да ги убедат да веруваат во нешто или некого, за да го дадат својот глас на одреден начин односно за одредена личност.

Најпознати техники коишто ги употребуваат пропагандистите се:

**1. Јазични.** Во пропагандата најпогодно е да се користат и менуваат зборовите, како и да се создаваат нови и тоа преку т. н. “метод за промена на реалноста”[12], со чија помош одредено општество подобро може да се контролира. Тука спаѓаат специфичното користење на глаголите и нивните времиња, користењето метафори, епитети, компарации и слично.

**2. Комплетно нудење на второстепена информација** - со цел да се оттргне вниманието од суштинските процеси во општеството и да се зголеми увереноста на гледачите и слушателите.

**3. Манипулација со бројки -** за пораката што се испраќа да изгледа повистинита, поточна и поконкретна.

**4. Намерно избегнување на користење на одредени поими -** што преставува обид за постепено намалување на знаењето на аудиториумот преку исклучување од употреба на одредени поими.

**5. Нервози предизвикани од возбудување поради страв -** кога со користење на техники како што се предрасуди, заплашување, шокирање, пропагандистите сакаат да предизвикаат чувство на дестабилизирана ситуација што поединецот ќе го направи поподложен на некоја друга техника.

**6. Будење на групни инстикти -** при што чувствата се користат за да ја натераат групата да дејствува како толпа, а стравот, пристрасноста, заедничките идеали на групата го присилуваат поединецот слепо да ја следи.

**7. Градација на ефектите -** со цел да се доведе човекот од незнаење до знаење за дејството преку совладување на етапите “информација, знаење, разбирање, убедување”[13], при што потребно е најпрво да се привлече вниманието на луѓето, да се разбуди нивниот интерес, да се предизвика желба, за на крај да се испровоцира саканото дејство.

[11] http://academic. cuesta. edu/acasupp/as/404. htm (24. 02. 2009 год)
[12] Канев Д, *“Политички менаџмент”,* Скопје, Фондација “Фридрих Еберт”, 2002, стр. 173
[13] Ибид, стр. 174

Ако пропагандата ја разгледуваме како организирана активност на ширење на одредена доктрина со цел нејзино прифаќање од страна на поединци или групи, тогаш централно место зазема нејзината "мобилизаторска функција"[14] чијашто цел е "подготовка на луѓето за одреден ангажман и насочување на нивното практично однесување". [15] Исто така, потребно е означување на целни групи кон кои ќе се насочува пропагандното дејство, при што се користат сите расположливи средства за убедување на луѓето - како аргументации, стереотипи, симболи. За поавтентично и поголемо влијание на пропагандата потребно е "отсуство на критичка дистанца т. е. потполна идентификација на создавачите и прпогандистите со нивните содржини". [16]

Пропогандистите, како најсоодветни алатки за ширење на пропагандата ги користат сугестијата и стимулацијата, настојувајќи да ги наметнат сопствените тврдења на аудиториумот без критички осврт кон нив. „Идејата за употреба на сугестијата или стимулацијата како пропаганден инструмент произлегува од потребата на пропагнадистите да ја натераат јавноста да го прифати понуденото дури и кога не постои логичко објаснување за тоа прифаќање"[17]. Пропагандистите настојуваат да ја избегнат критичката реакција на аудиториумот, и токму поради тоа сугестијата е еден од неговите најважни алатки што ги користи најчесто преку широки и позитивни изјави дадени на лесен и разбирлив јазик.

Доколку пропагандистите сакаат да употребат посуптилен начин на пропагнада, тие користат разни навестувања, инсинуации и индиректни изјави, а една од попознатите алатки на пропагандистите е позната како 'желбите на аудиториумот', и неа психолозите ја објаснуваат со самото тоа што секое ветување за исполнување на некоја наша желба не тера да верувме во вистинитоста и исправноста на начинот на исполнување на истата. „Така, некои личности може да поддржат некои економски постапки, единствено затоа што веруваат дека тие ќе им донесат приход кога ќе остарат"[18].

Добрите пропагандисти ја употребуваат и алатката позната како 'создавање на заштитени идеи' преку која ги засолнуваат главните зборови во слоганите, паролите или другите сибмолички форми, но тие самите си го пробиваат патот до мозоците на луѓето и избиваат на површината кога луѓето ќе се најдат пред својот избор. „Понекогаш слоганите ја обземаат имагинацијата на луѓето во минатото и нивната зараза продолжува и понатаму во иднината"[19].

---

[14] Славујевиќ З, *"Библијска концепција пропаганде"*, Београд, НИП "Радничка штампа", 1993стр. 97
[15] Ибид, стр. 97
[16] Ибид, стр. 97
[17] http://www. historians. org/projects/giroundtable/Propaganda/Propaganda5. htm (24. 02. 2009 год)
[18] Ибид
[19] Ибид

Освен од слоганите, пропагандата има голема корист и од ефективната употреба на симболите како конкретна репрезентација на одредена идеја, акција или слично. „Симбол може да биде збор, ознака, објект, песна, знаме, слика, фотографија, статуа или пак некоја колективна или групна репрезентација – било што што испраќа заеднички мисли до масата луѓе”[20]. Симболот е како цемент кој држи заедно една социјална група и свесни за тоа, пропагандистите, ги употребуваат симболите за развој и на наклонетите и на ненаклонетите ставови на групата.

## 3. ИДЕОЛОГИЈА И ПРОПАГАНДА

„Идеологиите се модели на симболички исполнети верувања и изрази што го преставуваат, интепретираат и оценуваат светот на начин одреден да обликува, мобилизира, насочува, организира и оправдува дадени начини или текови на нација и да анатемизира други”[21], и како такви се формулирани од Дестут де Траси уште во 1796 година. Сите идеологии нудат идилична слика за одредено општество, како и најлесниот начин и средставата преку кои тоа може да се постигне. Значи, освен што даваат свој став за постоечкиот општестван поредок, нудат и сопствен модел за идеалното општество, со цел овозможување на што поголема моќ кај владејачите, пропагатори на таа идеологија. „Идеологијата е помалку или повеќе кохерентен збир на идеи, што создава основа за преземање на организирана политичка акција, која може да биде насочена кон зачувување, модифицирање или промена на постојниот политички поредок”. [22]

Активната страна на идеологијата подразбира дејствување врз реалноста поради остварување на определени цели на идеолошката елита, додека пасивната страна ја претставува идеологијата како одраз на општествената стварност во светот на идеите и нивната систематизација во самата идеологија. Егзистенцијата и реализацијата на идеологијата се условени од овие две компоненти; активната компонента во форма на индоктринација и пасивната компонента во форма на модел, одраз на определена посакувана појава во општествено-политичка смисла.

Постои поврзаност помеѓу идеологијата и пропагандата којашто можеме да ја дефинираме и како “средство, спонтано или организирано, за ширење надвор од групата или засилување на идеологијата внатре во групата”. [23] Таа претставува своевидно условување на човековиот ум со определена идеологија и негово потчинување пред неа. Пропагандата врши идеолошки мар-

[20] Ибид

[21] Милер Д. *„Блеквелова енциклопедија на политичката мисла“,* Скопје, МИ-АН, 2002, стр. 142

[22] Мирчев Д и Христова Л, *„Модерната политологија – Темелите на проучувањето на политичкиот живот“*, Скопје, Универзитет ФОН и Култура, 2008, стр. 169

[23] Канев Добрин, “Политички менаџмент”, Фондација “Фридрих Еберт”, Скопје, 2002, стр. 172

кетинг и пласман на идеологијата во реалниот свет, со цел придобивање на душата на толпата со создавање на илузија во реалноста. Илузијата со пропагандата прераснува во матица, која обединува интерес на толпата и истата ја навлекува во интерес на идеологијата.

Освен ваквата поврзаност, постојат извесни паралели и меѓу пропагандата и конвенционалниот политички маркетинг, како што се: "обата жанра содржат малку информации, користат специјални пропагатори и можат да го премостат посредството на постојните медиуми за директно да допрат и да ги мотивираат субјектите кон кои целат". [24] За разлика од политичкиот маркетинг, пропагандата постои во општества со поавторитарен режим каде што не постои комерцијален пристап кон политиката.

## 4. ПРОПАГАНДАТА И ТОТАЛИТРНИТЕ СИСТЕМИ

Кај одредени теоретичари постои мислење дека тоталитаризмот е феномен на 20тиот, век и како продукт на специфични социо-политички односи и околности денес е веќе надмината форма на владеење. Сепак, се поставува прашањето: дали навистина не постојат повеќе општества кои имаат капацитет за тотална контрола на своите поданици или пак тоа денес се прави премногу суптилно и незабележано?!? Дали брзиот развој на технологијата и масовните комуникации им овозможуваат на властите непречено да ја превземат контролата над сите аспекти од животот на поедниците?

„Наједноставната дефиниција на тоталитаризмот е дека станува збор за систем на владеење, воден од една идеологија, која претпоставува командување со сите аспекти на јавната дејност (политички, економски и социјални), како и употребата на сите расположливи средства, вклучувајќи пропаганда и терор"[25].

За да може едно општество да се квалификува како тоталитарно потребно е исполнување на следните услови:

- постоење на тоталитарна идеологија, која јавно се утврдува како една и еднинствена вистина, при што не трпи опозиција;
- постоење на еднинствена партија која е масовна и водена од еден лидер, најчесто диктатор;
- постоење на тајна полиција заради засилена полицика контрола заснована на неоправдан терор со кој се заплашуваат граѓаните;
- постоење на монополска контрола врз медиумите и средствата за масовна комуникација;
- постоење на партиска контрола врз вооружените сили;

[24] О'Шонеси Н, *"Феноменот на политичкиот маркетинг",* Скопје, Степ, 1994, стр. 28
[25] Ванковска Б, *„Политички систем",* Скопје, Бомат графикс, 2007, стр. 171

- постоење на централизирана бирократска контрола над економијата, односно водење на централно планирана економија.

Во тоталитарните држави целото општество е длабоко политизирано. Не постои приватна сфера, ниту пак граѓаните имаат приватен живот, нивните политички ставови мора да се во согласност со постоечката и владејачката идеологија, бидејќи таа не трпи спротивни мислења на нејзините вистинити и самата опозиција едноставно е недозволена.

Тоталитарните водачи најчето доаѓаат на власт преку здобиен легитимитет и согласнот од мнозинството, поради нудење на одредени промени кои во дадениот момент граѓаните ги гледаат како едниствен спас од непосакуваните нешта што се случуваат во општеството - било тоа да се природни катастрофи, големи економски или политички катастрофи, потребата од развој на самото општество и слично. Тоталитарните системи „главно се сведуваат на сеопшта контрола и моќ на: еден водач, една партија, еден народ (држава)” [26].

Перманентна, упорна и постојана пропаганда најчесто се врши во тоталитарните општества, каде што тоталитарните лидери им кажуваат на луѓето што е најдобро за нив. Гласачите не се единствените целни групи во ваквите општества; постојаната кампања ги опфаќа сите сегменти од животот на секој човек, затоа што пропагандистите ја сфаќаат нејзината моќ, како и “способноста на современите комуникации да го одржат таквиот феномен”[27].

Во тоталитарните држави се преплетуваат пропагандата и угнетувањето, затоа што “теророт без пропаганда би изгубил многу од својот психолошки ефект, додека пропагандата без терор не удира доволно силно”[28]. Кога тоталитаристичкиот режим ќе издејствува апсолутна контрола врз животот на секој поединец, доаѓа до замена на пропагандата со индоктринација, при што насилството не се користи толку за да ги заплаши луѓето, туку за власта да може константно да ја реализира својата доктрина. Инструмнетот на индоктринација содржи три елементи кои овозможуваат реализиција на идеологијата: тврдење, повторување и зараза. „Тврдењето ја добива својата вистинска вредност само доколку упорно се повторува и, по можност, доколку се повторува со исти зборови”[29]. Тоа имплицира ситуација на мултимедијална пресија врз толпата, најчесто со прости зборови, неаргументирани мисли, а поради силното верување на аудиториумот во вистинитоста на она што се говори, зборовите сами добиваат сугестивна моќ. Повторувањето обезбедува присутност на тврдењето во умот на толпата, која по истекот на определен

[26] Мирчев Д и Христова Л, *„Модерната политологија – Темелите на проучувањето на политичкиот живот“*, Скопје, Универзитет ФОН и Култура, 2008, стр. 141

[27] О’Шонеси Н, *“Феноменот на политичкиот маркетинг”,* Скопје, Степ, 1994, стр. 28

[28] Арент Х, *“Изворите на тоталитаризмот”,* Скопје, Култура, 1990, стр. 65

[29] Ле Бон Г, *„Психологија на толпа“*, Скопје, Култура, 1997, стр 119

временски период преку сугестија започнува да се инфицира. Заразата се појавува најпрво како рефлекс на идеологизираноста на толпата и таа е „толку силна што на поединците не само што им наметнува одредени мислења, туку и одредени начини на чувствување”[30].

Постои разлика меѓу идеолошката доктрина која се спроведува врз симпатизерите на тоталитарното движење на кои веќе не им е потребна пропаганда и вистинската пропаганда која, пред сè, е наменета за надворешниот свет т. е. “за симпатизерите кои сè уште не се подготвени да ги прифатат вистинските цели на движењето и над нив сè уште со сигурност не може да се доминира”[31].

Тоталитарната пропаганда употребува индиректни, прикриени и заканувачки навестувања против секој кој не размислува во согласност со тоталитарната идеологија. Таа ја издигнува идеолошката научност и способноста за научно предвидување, карактеристична за тоталитарниот лидер, до највисоко ниво, при што се обидува да ја промени човековата природа.

Тоталитарната пропаганда, поради демагогијата врз која се засновува, не е сериозно сфаќана, затоа нејзиниот успех “не се должи толку на демагогичноста колку на сознанието дека интересот како колективна сила може да биде почувствуван само таму каде што стабилни општествени тела ги обезбедуваат неопходните ремени за трансмисија меѓу индивидуалецот и групата”[32].

Тоталитарните движења се потпираат на фанатизмот на сопствените членови, кој се манифестира како подготвеност на масата да се жртвува за потребите на движењето. Ова можеме најдобро да го воочиме преку постапките на нацистите, кои докажале дека “цел народ може да се поведе во војна со слоганот - или инаку ќе тргнеме надолу”. [33]

Тоталитарниот водач се карактеризира со бескрајна непогрешливост, па дури и во случај да згреши тој таа грешка не смее да ја признае, па затоа се грижи единствено за тоа што поавтентично да ги оствари своите претскажувања. За таа цел, тоталитарните диктатори своите политички намери започнале јавно да ги обелоденуваат во форма на претскажување, за сопствените акции да ги оправдаат со претскажувањето кое во случајот станува “ретроспективно алиби: не се случи ништо друго освен она што беше претскажано”[34]. Со тоа, всушност, се открива крајната цел на тоталитарната идеологија - “да се завладее со светот, бидејќи само во свет кој е комплетно под негова контрола, тоталитарниот владетел може да ги оствари сите свои лаги и да ги спроведе во дело сите свои претскажувања”[35].

[30] Ибид, стр. 123
[31] Арент Х, *“Изворите на тоталитаризмот”,* Скопје, Култура, 1990, стр. 68
[32] Ибид, стр. 77
[33] Ибид
[34] Ибид, стр. 79
[35] Ибид, стр. 81

Пропагандистите сметаат дека фактите зависат единствено од човекот кој може да ги измисли, па затоа екстремно ги презираат. При изборот на темите со кои сакаат да го манипулираат населението најмногу внимание обрнуваат на мистериозноста, чиешто потекло и не е така важно, па се повикуваат на желбата за тајност, конспиративните теории за одредени групи, прастари суеверни верувања. Ова покажува дека една од карактеристиките на масите е недовербата во сопственото искуство, “тие немаат доверба во своите очи и уши, туку само во својата имагинација, која може да биде заробена од што било”[36]. Масите се убедени единствено во доследноста на системот од кој тие претпоставуваат дека се дел, а за таа убеденост да трае, потребно е подолго повторување на измислените факти.

Силата на тоталитарната пропаганда е во нејзината способност сосема да ги исклучи масите од реалниот свет, нудејќи им единствено теми за кои не смее јавно да се дискутира. Од нив таа “го изведува елементот на вистинитост и реалното искуство кое им е потребно да го премостат амбисот меѓу реалноста и нереалноста”[37]. Лагата е поврзана со секој аспект на политичкиот и општествениот живот на поединците, а најдобро поминува онаму каде што власта е опкружена со тајност. Тогаш за масите таа добива “репутација на надмоќен реализам, затоа што ги допира оние реални услови чие постоење се крие”. [38]

Тоталитарната пропаганда не се обидува толку да ги убедува луѓето, колку што сака да се наметне преку организирање и насочување на дејноста на поединецот во општеството. Нејзината вистинска цел е “акумулирање на сила без поседување на средства за насилство”. [39] Предностите на пропагандата се во силата на организацијата на тоталитарното движење. Во миговите кога силата на таа организација ќе започне да исчезнува, на виделина излегува најголемата слабост на тоталитарната пропаганда која се огледува во недовербата која во тие моменти се јавува кај нивните членови и симпатизери кои до тој момент биле подготвени да ги жртвуваат своите животи за тоталитарната идеологија.

---

[36] Ибид, стр. 83
[37] Ибид, стр. 86
[38] Ибид
[39] Ибид, стр. 99

## ЛИТЕРАТУРА:


1. Арент Хана, "Изворите на тоталитаризмот", Култура, Скопје, 1990;
2.Ванковска Билјана, „Политички систем", Скопје, Бомат графикс, 2007;
3. Канев Добрин, "Политички менаџмент", Фондација "Фридрих Еберт", Скопје, 2002;
4. Ле Бон Гистав, „Психологија на толпа", Скопје, Култура, 1997;
5. Милер Давид. „Блеквелова енциклопедија на политичката мисла", Скопје, МИ-АН, 2002;
6. Мирчев Димитар и Христова Лидија, „Модерната политологија – Темелите на проучувањето на политичкиот живот", Скопје, Универзитет ФОН и Култура, 2008;
7. Славујевиќ Ѓ. Зоран, "Библијска концепција пропаганде", НИП "Радничка штампа", Београд, 1993;
8. О' Шонеси Николас, "Феноменот на политичкиот маркетинг", Степ, Скопје, 1994;
9. http://en. wikipedia. org/wiki/Propaganda (19. 02. 2009 год)
10. http://academic. cuesta. edu/acasupp/as/404. htm (24. 02. 2009 год)
11. http://www. historians. org/projects/giroundtable/Propaganda/Propaganda5. htm (24. 02. 2009 год)

Политичка историја
Political History

UDK/UDC 327(47:497.7)"1875/1913"
Научен текст / Scientific Paper

*Проф. д-р Владо Поповски*

# СУДИРОТ МЕЃУ МАКЕДОНСКИОТ И РУСКИОТ ФАКТОР ПО ПРАШАЊЕТО ЗА ФОРМИРАЊЕ МАКЕДОНСКА ДРЖАВА ОД БЕРЛИНСКИОТ КОНГРЕС ДО БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ

АПСТРАКТ

Овој труд дава осврт на македонското прашање за време на Источната криза (од 1875) па сѐ до Балканските војни (1912-1913).
Главната теза е дека во овој временски период Македонците биле крајно истрајни во спроведувањето на идејата за создавање на своја сопствена држава, а што не било поддржано од страна на големите европски сили, пред сѐ, Русија. Во текот на овој период, Македонците се кренале на три востанија (Разлов-

*Vlado Popovski, Ph. D.*

# THE CONFLICT BETWEEN MACEDONIAN AND RUSSIAN FACTOR REGARDING THE QUESTION FOR ESTABLISHMENT OF MACEDONIAN STATE FROM THE CONGRESS OF BERLIN TO THE BALKAN WARS

ABSTRACT

This article is dedicated to the Macedonian question during the period of the Eastern Crisis (of 1875) up to the Balkan wars (1912–1913).
The main point is that Macedonia, at that period of time, had a continual persistence by the Macedonians to establish their own state, which was not supported by the great European powers, before all, Russia. In the course of that period of time, the Macedonians rose up three rebellions (Razlovtsi, Kresna and Ilinden) and

ци, Кресна и Илинден) и формирале најразлични институции (Македонскиот востаниски комитет 1878-1879; Македонската лига, Националното собрание на Македонија, Привремената влада на Македонија, сите во 1880; Македонската револуционерна организација (ТМОРО 1893-1905; ВМРО 1905–1907; МОРО 1908; ВМРО 1908–1912) и други институции, но, не добиле меѓународна поддршка, како што било случај со соседните држави на Балканот, кои преку меѓународна и дипломатска интервенција со здобиле со можност за формирање на своја сопствена држава.

Во случајот на Македонија, авторот, преку референци и архивски документи, ја следи релацијата на рускиот фактор во однос на Македонија, од нејзините главни варијации па се до поделбата на Македонија за време на 1913 година, и дезорганизацијата на македонското движење потпомогнато од овој фактор.

formed numerous institutions (Macedonian uprising committee 1878–1879; Macedonian League, National Assembly of Macedonia, Temporary Government of Macedonia, all of 1880; Macedonian Revolutionary Organization (TMORO 1893–1905; VMRO 1905–1907; MORO 1908; VMRO 1908–1912) and other institutions, but they did not get any international support, like the neighboring Balkan states which had opportunities, through international and diplomatic intervention, to establish their own states.

Regarding Macedonia, the author, through references and archives documents follows the relation of the Russian factor towards Macedonia in its main variations up to the partition of Macedonia during 1913 and the desorganization of the Macedonian movement by the aid of this factor.

## 1. ВОВЕД ВО ПОЗИЦИИТЕ

Односот на македонскиот и рускиот фактор кон создавањето македонска држава од Берлинскиот конгрес (1878 год. ) до Балканските војни (1912-1913 год. ) бил дијаметрално спротивен.

Македонскиот фактор од Источната криза па натаму стремел и се жртвувал за формирање македонска држава, а почетокот на борбата за таква држава се совпаѓа со Разловечкото и Кресненското востание[1]. Од тогаш државотворноста во македонскиот ослободителен процес е општа појава и општа карактеристика. Таа констатација се однесува за Источната криза, за

[1] К. П. Стоянов, Тридесет години назад – исторически записки по Първото македонско възстание през 1876 год. , Кюстендил 1903; Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, Скопје 1981, Т. I, стр. 242, 245–261.

Илинден и НОБ, па и за денешната генерација и ситуацијата по распаѓането на бившата СФРЈ. Во сите тие циклуси на повекегенерациски жртвувања и стремежи не постоеле колебања и алтернативи во однос на целта да се создаде македонска држава. Затоа и може да се каже, со широка аргументациска база[2], дека македонското ослободително движење не било, ниту иредентистичко во однос на која и да е соседна држава, ниту другоименско, туку државотворно и македонско.

Спротивно на тие стремежи на македонскиот фактор, рускиот фактор планирал и настојувал Македонија и нејзиниот народ да ги вклучи во туѓо (едно) или во повеке туѓи национални и државни движења и завладувања[3]. Кога станува збор за рускиот фактор, тие настојувања се javile уште од крајот на XVIII век и траеле сé до распокинувањето на единственото македонско тело и до поделбата на Македонија меѓу Србија, Бугарија и Грција во 1913-тата година.

Политиката на Царска Русија, во преломните 1912-1913 години била израз на поширока договорна политика на големите европски сили, но нејзиниот однос кон македонското прашање - од Источната криза до Балканските војни, остави најдлабоки траги предопределувајки ја судбината на Македонија и на македонскиот народ[4].

## 2. МАКЕДОНСКИОТ И РУСКИОТ ФАКТОР И ПРАШАЊЕТО ЗА МАКЕДОНСКА ДРЖАВА ДО ИЛИНДЕНСКИОТ ПЕРИОД

До Илинденскиот период (до 1903 год. ), македонскиот фактор политички се пројавил во шеесеттите години, во борбите на Србија за ослободување на српските градови од турското присуство, кога се создаде политичка и четничка база за идните настани во текот на Источната криза. Тогаш падна договор за идно општо балканско востание против Турците со девизата – „Балканот на балканските народи» – во што Македонците влегоа со широка конспиративна мрежа и со голем број чети, кои го надминаа рубиконот на бунтарството, трансформирајки се во револуционерни чети, како тие на Ињо Малешевски, на Стефо Николов, на попот Буфски, на Стојан Карастоилов и на многу други. Тогаш Димитар Поп-Георгиев Беровски се договорил со Миќ

2 Правилата-Уставот на Македонскиот востанички комитет од 1878; Протоколното решение на Националното собрание на Македонија и Манифестот на Привремената влада на Македонија од 1880 односно од 1881 година; Крушевскиот манифест; Одлуките на АСНОМ – во: Документи за борбата. . . Т. I, стр. 245–261, 265–269, 397–399; Т. II, стр. 590–602.

3 Владо Поповски, Русија, Балканот и Македонија – Македонското прашање во документите на Коминтерната, Скопје 1999, Т. I, Кн. 1, стр. XXVII–CIV.

4 Документи за борбата. . . Т. I, стр. 230–231, 241; Македонија во меѓународните договори, Архив на Македонија, Скопје 1994, стр. 137–143.

о Љубибратиќ, кога ќе се дигне босанско-херцеговско востание да се дигне и македонско востание[5]; тогаш Стојан Везенков отишол во мисија кај албанските бегови за заедничка борба против Турците за слобода на Македонија и на Албанија[6]. Таа поопшта балканска конспирација беше во договор со српскиот председател на владата Илија Гарашанин, кој имаше идеја за пиемонтска улога на Србија и за одделни (српски) големодржавни претензии над балканските земји под турска власт.

Меѓутоа од таа балканска конспирација, помагана од руска страна, не произлезе ништо поради тоа што кнез Михајло Обреновиќ им свртe грб на руската политика и на балканските револуционерни субјекти, поврзувајќи се со Австро-Унгарија која му ветила ослободување на градовите од турските гарнизони и управа над Босна. За тоа кнезот Михајло Обреновиќ плати со главата во атентатот извршен 1868 година[7]. Во тие околности во Македонија се развија бројни конспиративни револуционерни кружоци и комитети по градовите и селата, како општо движење за обнова на Охридската архиепископија со цел здобивање статус на македон-милет[8]. Кога и од тоа не испадна ништо, поради политиката на турската власт и интервенциите од руска страна, таа прва генерација македонски револуционери, како што ке напише самиот Димитар Беровски, реши прашањето да го бара во Македонија со востание[9].

Со Разловечкото и со Кресненското востание македонскиот фактор во продолжение на две години експлицитно ја постави македонската државно-творна програма и според името и според симболите и според политичките цели и државно-правните акти на тие востанија. Во тој период тој фактор ослободи делови од Македонија, воведе своја востаничка власт во нив и донесе државно-правни акти за уредување на востаничката територија и на цела Македонија, во перспектива на нејзиното целосно ослободување[10]. Со тоа, внатрешниот македонски фактор jasno го истакна смерот на македонската борба, издвојувајќи ги интересите на Македонија и проектирајќи ја неа како посебна политичка единица на Балканот, со што се спротистави на рускиот (а

5 Васа Чубриловић, Босански устанак, Београд 1931, стр. 38.

6 Александар Матковски, Отпорот во Македонија, Скопје 1983, Кн. 4, стр. 807–810.

7 Види; Историја српског народа, Београд 1994, кн. V-1, стр. 301.

8 Петко Рачов Славејков, Писма до Егзархот Јосиф во врска со народно-црковното движење во Македонија – Векове, 1989, бр. 1; Ристо Поп Лазаров, Ослободителните вооружени борби на македонскиот народ во период 1850–1878, Скопје 1978, стр. 247–253; Блаже Ристовски, Унијатството во Македонија – Разгледи, 1960, бр. 9 и 10.

9 Дневникот на Димитар Поп Георгиев-Беровски во книгата на неговиот внук Димитар Беровски: Димитър Поп Георгиев Беровски. Живот и дело. София 1986, стр. 202–205.

10 Иван Катарџиев, Кресненското востание – Борба до победа, Скопје 1983, Кн. 4, стр. 35–53; Манол Пандевски, Кресненското востание во Македонија – Кресненското востание во Македонија 1878-1879, МАНУ, Скопје 1982, стр. 27–59; Славко Димевски, Иван Катарџиев, Стеван Габер и др. Правилата-Уставот на македонскиот востанички комитет во Кресненското востание, ИСППИ, Скопје 1980, стр. 39–63, 137–147, 202–232; Славко Димевски и др. Македонската лига и уставот за државно уредување на Македонија 1880, Мисла, Скопје 1985 (посебно делот II – Документи, стр. 237–267).

преку него и на европскиот фактор) кој имаше други (свои) интереси и цели со Македонија.

Рускиот фактор, преку политиката кон Балканот, во тој склоп и кон Македонија, од Источната криза до Балканските војни не ги земаше предвид ниту македонските интереси, ниту македонските субјекти и нивните стремежи. Сé до Кресненското востание Русија не ја констатира ориентацијата на Македонците кон создавање своја држава. За време на Кресненското востание и по него, иако ја констатира токму таквата ориентација, Русија воопшто не го испочитува македонскиот интерес за создавање македонска држава.

Русија, во својата балканска политика, најпрво, Македонија ја вклопуваше во нејзиниот проект за Голема Грција[11], потоа, до 1870 година, во проектот на Голема Србија – од Дунав до Места[12] – а по 1870 година во Голема (Санстефанска) Бугарија[13]. На крајот, разочарана од неблагодарноста на владите на тие државички и соочена со противењето од другите европски сили; соочена со нереалноста на тие проекти, Русија зазема радикално подруг курс – курс кон делење на Македонија во корист на балканските држави (на Србија, Бугарија и Грција) под контрола на својата политика и во склад со своите државни интереси.

Во таа смисла, до појавата на Македонската Револуционерна Организација Русија презема неколку драматични и крути чекори со кои оневозможи било какви изгледи за успех на македонскиот фактор за негово црковно, политичко и државно обособување.

*Прво*, решително го притисна Султанот да не дозволи каква и да е процедура и перспектива на Македонците за црковна еманципација од Патријаршијата и Егзархијата, за обнова на Охридската архиепископијата, или за Унија со Ватикан во настаните од 1872-1874 година[14].

*Второ*, Русија му се закани на македонскиот фактор во врска со Кресненското востание, кое европските дипломати, погрешно, го сметаа за руска провокација во однос на Берлинскиот договор. Под притисок на самиот император, руската окупациска војска во Бугарија подготви војничко задушување на востанието кое не се случи само поради изричното одбивање од страна на турската армија[15]. Потоа следеше сесрдна помош на Турција од страна на Русија (и на Европа) за поништување на Македонското востание од 1878-1879 година и за пацификација на Македонија според нормите на Берлинскиот договор и мерката на турската власт.

[11] Век Екатерины II, Россия и Балканы, Москва 1998.

[12] История XIX века под редакцией професооров Лависса и Рамбо, Москва 1938, Т. 3; Записки графа Н. П. Игнатьева, Исторический вестник, январь 1914, CXXXV–CXXXVI.

[13] Владимир Дедијер, Интересне сфере, Београд 1980.

[14] Славко Димевски, Историја на Македонската православна црква, Скопје 1989, стр. 398–413.

[15] Француски документи за историјата на македонскиот народ, Архив на Македонија, Скопје 1969, стр. 45, 89.

*Трето*, во 1886 година, врз база на предлогот на Нелидов и со одобрение од страна на императорот, Русија започна да го разработува планот за постигнување сојуз на балканските држави во чија основа ке стои делбата на Македонија, на Стара Србија и на Санџакот Нови Пазар[16]. Од тогаш па натаму, Русија воспостави контрола над политичките процеси на Балканот и специјално над тие во Македонија.

Посебно, по појавата на Македонската Револуционерна Организација Русија стана мошне сензибилна кон македонските настани знаејки, без пардон, да го спречи несаканиот развој на ситуацијата во Македонија или, во интерес на својата политика, да внесе нови моменти во таа ситуација кои, спонтано, воопшто не би се развиле. Таков е, на пример, случајот со поставувањето на Фирмилијан за српски владика во Скопје, со што Русија создаде официјална можност за регистрирање на српски милет во Македонија и за српска претензија кон делови на Македонија[17].

Со тие мерки Русија го зацврсти курсот кон исполнување на планот за делба на Македонија, преку согласност на балканските држави и контрола на таа делба од нејзина страна, како облик на решавање на балканското прашање[18].

Се разбира, тој курс беше потребно да се обезбеди од непредвидени и несакани настани и процеси. Таков, не толку непредвиден, колку несакан процес беше развојот на македонското ослободително движење во ликот на Македонската Револуционерна Организација (ТМОРО, ВМОРО, ВМРО).

Тоа движење, израснато врз тешката положба на македонското население и врз опасноста Македонија да биде распарчена и поделена од балканските држави, ја крена девизата за политичка автономија на Македонија (за македонска држава), која ќе ја поништи смислата за војна меѓу балканските народи и ке го избегне упропастувањето на Македонија и на нејзиниот народ[19].

[16] На маргините на опширната записка на Нелидов во која тој го дал споменатиот предлог, императорот Александар III напишал „Совершенно одобряю" – Н. С. Киняпина, Балканы и проливы во внешней политике России в конце XIX века (1878-1898), Москва 1994, стр. 78–80.

[17] АВПРИ. Ф. 151. Оп. 482. Д. 2629. Л. 262–263. Пак таму. Д. 3603. Л. 91–93. Славко Димевски, Историја на Македонската православна црква, Скопје 1989, стр. 598.

[18] Види го писмото на П. Капнист од 11/23 март 1897 год. заедно со неговите аналитички белешки и ставови до министерот за надворешни работи Николај Муравјов, како подготовка на министерот пред разговорите со Голуховски (министер за надворешни работи на Австро-Унгарија) и препораките за содржина на договорот што требало да го потпишат Русија и Австро-Унгарија во 1897 година со кој беше предопределена иднината на Македонија (Архив внешней политики Российской империи (АВПРИ). „Секретный архив". Оп. 467. Д. 156/161) – Симон Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, „Просвета", Куманово 1995, Т. 1, стр. 201–221.

[19] Чл. 1 од Устав на ТМОРО донесен на Солунскиот конгрес 1896 год. Документи за борбата. . . Т. 1, стр. 331 („Тајната македонско-одринска револуционерна организација има за цел да ги сплоти во едно цело сите незадоволни елементи во Македонија и Одринско, без разлика на народност, за извојување преку револуција полна политичка автономија за тие две области"). Види ги и членовите 1 и 2 од Уставот на ВМОРО донесен на Општиот конгрес во 1905 година, пак таму, стр. 487 (чл. 1 истоветен со чл. 1 од Уставот од 1896 година; чл. 2: „Организацијата им се спротивставува на стремежите за делба

Македонската Револуционерна Организација која се афирмира како општ и суверен претставник на македонското население за создавање посебна македонска држава, со самото тоа, за рускиот фактор стана опасен противник и омразен субјект. Од тука па натаму руската официјална политика ќе стане мошне груба во односот кон македонскиот фактор, а овој ќе ги доживее своите најдраматични моменти и периоди, масовно пожртвувајќи се и, конечно, губејќи ја битката за своите цели и за интересите на Македонија и нејзиниот народ.

## 3. МАКЕДОНСКИОТ И РУСКИОТ ФАКТОР И ПРАШАЊЕТО ЗА МАКЕДОНСКА ДРЖАВА ВО ИЛИНДЕНСКИОТ И ПОИЛИНДЕНСКИОТ ПЕРИОД

Првиот судир меѓу македонскиот и рускиот фактор по Берлинскиот договор се случи во 1896 г. по акциите во Македонија што ги направија врховистите (Македонскиот врховен комитет) и по аферите кои покажаа дека цела провинција е покриена со мрежа на тајни комитети, кои го подготвуваат населението за револуција и за добивање политичка автономија на Македонија[20]. Иако Русија будно ја следеше состојбата во Македонија, таа сепак беше изненадена од акциите на македонските комитети. При такви околности, таа побрза да ги усогласи работите во својата дипломатија, строго дисциплинирајќи ја во врска со својата политика кон Балканот и кон Македонија.

Како реакција на акциите на македонските комитети, Министерот за надворешни работи, грофот Муравјов, им издаде наредба на своите дипломатски претставници во Бугарија и Србија, да престанат со каква и да е соработка со тие комитети и својата работа да ја насочат единствено со турската влада и со владите на балканските земји[21].

Соодветно на својата политика за делба на Македонија меѓу балканските држави, преку нивен сојуз, и во унисон со европските сили, но под своја контрола, Русија во 1896 година ги обнови дипломатските односи со Бугарија[22] и почна да ја подготвува за преговори и согласност со другите балкански држави. Веке следната 1897 година, под влијание на Русија, Србија и Бугарија седнаа да го договорат заемниот однос кон своите интереси во Отоманската империја. Спогодбата[23] што тогаш ја склучија беше резултат на нивното сознание дека Русија ќе застане зад нивните усогласени интереси за проширување. Бугарија и Србија, во респективната спогодба од февруари 1897 година, по

и завладување на тие области од која и да е држава“).

[20] Историја на македонскиот народ, ИНИ, Скопје 2003, Т. 3, стр. 174–178.

[21] Симон Дракул, Македонија меѓу автономијата. . . , Т. 1, стр. 259–260.

[22] Н. С. Киняпина, Балканы. . . , стр. 118–121.

[23] Македонија во меѓународните договори, Архив на Македонија, Скопје 1994, стр. 137-138.

прв пат дифинираа взаемен (бугарски и српски) интерес во Отоманската држава. Тие се согласија заеднички да дејствуват, со ветување, дека еднострано нема да преземаат ништо и дека ниту политичка, ниту воена акција (ако е еднострана) нема да предизвика никаква промена на status quo-то на Балканот. Притоа, двете држави се обврзаа, сé до разграничувањето на своите зони во Отоманската држава, да не си пречат (како што дотогаш си правеа) туку да си помагаат во заемните национални, школски и црковни прашања на просторот на Отоманската држава.

Два месеца по Бугарско-српската спогодба, во мај 1897 година, Русија побрза дотогашниот нејзин план и постигнатата бугарско-српска согласност да се здобијат со меѓународен легитимитет. Во таа смисла Русија, во мај, склучи тајна спогодба со Австро-Унгарија со која прецизно се утврдува дека на Балканот ќе се создаде уште само албанска држава, а другите делови, меѓу кои и Македонија, ќе бидат поделени на балканските држави[24].

Таа политика кон Македонија (делба во полза на трите балкански држави без да се наруши нивната заемна рамнотежа и во време кога за тоа ќе биде подготвена Русија) ја стави последната во улога да внимава на сè она што се случува на теренот. Во таа смисла, Русија брзо се осведочи дека внатре во Македонија дејствува друга комплетна мрежа и структура на револуционерни комитети кои не се под влијание ниту на комитетите во Бугарија ниту на владата и кнезот на таа држава[25]. Таа внатрешна македонска револуционерна организација самата дефинирана како Тајна Македоно-Одринска Револуционерна Организација (ТМОРО) стана трн во очите на рускиот фактор во однос на неговата балканска политика, чија срж се состоеше во конечното разделување на Македонија меѓу соседните балкански држави[26]. Нервозата и омразата кон внатрешната македонска организација многу брзо доби крајни форми. Така, веќе следната 1898 год. , по повод критските настани и вмешувањето на големите сили во критското прашање, а во врска со возбудата во Македонија по истиот повод, и по повод на претпоставеното можно востание во Македонија, министерот за надворешни работи на Русија, грофот Муравјов, многу јасно и тврдо ја дефинирал руската намера кон македонските револуционери и кон нивната вистинска (внатрешна) организација. Тој, во доверливо писмо до рускиот дипломатски претставник во Софија, Бахметев, од 3 декември 1898, ќе напише: „. . . Доколку, сепак – на македонските водечки дејци им успее да кренат востание во Македонија – тогаш од страна на Русија тоа движење нека не се надева ниту на сочувство ниту на помош. Напротив – Императорското правителство ќе биде присилено да им предостави полна слобода на репре-

[24] Пак таму, стр. 137–143.

[25] В. : Спространов Е. Дневник. Софија 1994, стр. 205.

[26] Таа политика од рускиот висок дипломатски ешалон најупорно ја протежираше грофот Капнист. Се разбира неа ја сподели и самиот император – АВПРИ. „Секретный архив“. Оп. 467. Д. 156/161.

сивните дејствија на турските власти, во правец на поништување во самиот зародиш на револуционерните замисли на Македонците, и во примерното казнување на главните основоположници на востанието»[27].

Бидејки, сепак, во 1898 година и во наредните четири години не се крена востание во Македонија, Русија, по споменатите спогодби меѓу Србија и Бугарија и меѓу неа и Австро-Унгарија, се насочи кон востановување легална база за српските интереси и претензии во Македонија; за да може да ја заснова и да ја операционализира политиката на делба на Македонија меѓу трите балкански држави, во тој склоп во полза и на Србија. Русија тоа го правеше преку притисок врз Султанот да го постави Фирмилијан како српски митрополит во Скопје и преку обид да ги редефинира границите на Македонија со приклучување на Стара Србија и Нови Пазар кон Скопскиот санџак, образложувајки дека тоа се темелело врз историски права и аргументи[28].

Таквата руска политика внесе многу ожесточеност во односите, како со македонската револуционерна организација, така и со бугарската влада која беше навикната Македонија да ја гледа како простор кон кој има исклучиво право во споредба со Србија[29]. Меѓутоа, Русија остана тврдокорна по тоа прашање. Рускиот дипломатски претставник во Софија, Бахметев, по налог на својот министер грофот Ламздорф, им укажа на Бугарите дека решението на Русија сврзано со Фирмилијан е неотповикливо и конечно[30]. Во 1902 година и самиот министер за надворешни работи, грофот Ламздорф, при неговата посета на Белград и Софија, а по драматичните настани и сомненија меѓу двете држави по повод Горноџумајското востание, тврдо застана зад „концептот Фирмилијан», со што, имплиците, им кажа на двете страни дека Македонија ќ е биде делена; не дадена на која и да е од нив, но во секој случај, нема да биде помогната да се здобие со автономија.

[27] Види го тајното писмо на грофот Муравјов до Бахметев во Софија од 3 декември 1898 год. – Симон Дракул, Македонија меѓу автономијата. . . , Т. 1, стр. 259–261. Подоцна, за време Илинденското востание Русија ги предоставила и поттикнала токму таквите овластувања на турските власти кои предизвикале големи погроми сред македонското население – Македония и Одринско (1893-1903). Мемоар на Вътрешната организация, 1904, s. l.

[28] АВПРИ. Ф. 151. Оп. 482. Д. 2629. Л. 198–201.
Во истиот документ (Л. 201), рускиот претставник во Белград, Чариков, укажувајки дека со именувањето на Фирмилијан во Скопје веке се создадени Срби во Македонија, констатира и еден парадокс, а имено дека во Стара Србија нема ниту еден Србин, туку дека има само Бугари и Грци затоа што Султанот таму не поставил српски митрополит, туку поставил само бугарски и грчки митрополити. Во Македонија Султанот ја официјализирал српската националност во август 1903 год. – АВПРИ. Ф. 151. Оп. 482. Д. 1011. Л. 335.

[29] „Прашањето за признание на Фирмилијан за Скопски митрополит не може да се гледа издвоено. Тоа се наоѓа во нераскинлива врска со прашањето за идната судбина на значителен дел на Македонија, и таа околност служи и како објаснение за толкавата острастеност (жолчност) со која се однесуваат Србите и Бугарите во таа ожесточена борба околу скопската владичка катедра“, – пишува Зиновјев во својата тајна телеграма до МНР на Русија од 13/26 април 1901 год. – АВПРИ. Ф. 151. Оп. 482. Д. 3603. Л. 91–93.

[30] Секретная телеграмма Его Сиятельства Графа Ламздорфа Д. С. С. Бахметеву в Софию, С. -Петербург, 16 мая 1902 г. – АВПРИ. Ф. 151. Оп. 482. Д. 2629. Л. 262–263.

Во таа смисла и за таа намера Македонската Револуционерна Организација, покрај за Русија, се покажа како главен противник и за балканските држави. Поради тоа односот кон неа полека се усогласуваше. Со време, трите балкански држави проработеа на растројување и уништување на Македонската Револуционерна Организација преку многу форми (преку нејзино проникнување со свои структури, преку предавства и убиства, преку соработка со турските власти, преку корумпирање и привлекување на нејзини членови и војводи за своите каузи во Македонија, преку војување со неа, преку четничење и пропаганда во Македонија).

Зад сите тие постапки на балканските држави, архивите покажуват, очигледно стоела и самата Русија. Таа беше насочена, на една страна, да ги привлече балканските држави на соработка со планот и процедурите што ги имаа замислено таа и Австро-Унгарија, а, на друга страна, да ги неутрализира ефектите на македонското национално движење, вклучително и да го елиминира македонскиот фактор, пред се Внатрешната Македонска Револуционерна Организација, од политичките процеси во решавањето на македонското прашање[31].

Привлекувањето на балканските државички кон нивна согласност за меѓусебна поделба на Македонија и за врховна арбитража на Русија, не одеше така лесно. Тие, начелно, се согласуваа за делба на Отоманскиот европски простор. Меѓутоа, конкретно, сите се судираа во врска со Македонија. Сите три држави (Бугарија, Србија и Грција) беа мошне многу оптоварени со своите противпоставени интереси во Македонија. Во неа, на теренот, тие водеа жестока борба за меѓусебно истиснување. Нивните црковни, школски, политички и четнички пропаганди беа реални непријатели, така што процесот на нивното приближување одеше бавно и деликатно. Најсилните пропаганди, бугарската и грчката, не им дозволија на двете држави да се договорат сѐ до летото 1912 година иако имаше, на двапати, обиди тоа да се направи и пред 1900-та година. Табу темата „делба на Македонија» ги соблазнуваше и двете; секоја од нив сметаше или на целиот колач, или на поголемиот дел од него.

Српската пропаганда, како најслаба, беше причина Србија уште од почетокот да биде склона на преговори со Бугарија. Но и меѓу нив, сѐ до 1904 година, не беше можна позначајана спогодба, бидејки Бугарија не прифаќаше преговори за делба на Македонија, кои пак Србија ги сакаше. Меѓутоа, поради неколку крупни нови моменти кои битно ја смениja состојбата, тие се сретнаа во 1904 година и, под сенката на Русија постигнаа суштинска спогодба за Македонија[32]. По поразот на Илинденското востание и во контекст на Мирцтешките реформи, запознаени со планот и моделитетите на Русија за делба на

[31] АВПРИ. Ф. 151. Оп. 482. Д. 2629. Л. 216–217, 198–201; Д. 1014. Л. 17; Д. 1008. Л. 33, 146; Д. 1011. Л. 144; Д. 1008. Л. 84–85; Д. 1013. Л. 485, 486, 487.

[32] Македонија во меѓународните договори. . . , стр. 151.

Македонија, Србија и Бугарија, со нивниот таен договор од март 1904 година, се спогодија да го помогнат Мирцштецкиот реформски курс бидејќи тој во неговата главна поента (точка 3) имаше за цел да ги определи зоните на интереси и идните делови што ќе им припаднат на секоја од нив. Притоа, се договорија, наспроти планот на Русија, со тие реформи да се опфати и Одринскиот вилает заради бугарските интереси. Србија и Бугарија го прифатија рускиот план времено да го поддржат status quo-то на турските граници додека да се стекнат и други услови за поделба, при што се обврзаа правото на поделба на Македонија да го резервираат за себе и да го заштитат со заеднички воени сили и акции. Признавајќи ја руската арбитража, Србија и Бугарија, по примерот на Русија, официјално ја деноминираа Македонија со името „трите вилаети»[33], со нивно поединечно споменување, со што се вклучија во руската кампања да се неутрализира и оспори македонскиот именски атрибут и македонскиот политички карактер на ослободителното движење во Македонија раководено од Внатрешната Македонска Револуционерна Организација[34].

Со Српско-Бугарскиот таен договор од 30 март 1904 година руската политика на Балканот, конечно, постигна успех и се насочи кон нејзина конкретизација, која ке се круниса со Договорот за пријателство и сојуз меѓу Бугарија и Србија од 29 февруари/13 март 1912 година познат како Балкански сојуз, кон кој ќе се приклучат уште Грција и Црна Гора.

Зад тој дипломатски успех на Русија, покрај другото, стоеја следните многу крупни промени на ситуацијата: 1) елиминацијата на проавстриската династија и влада во Србија со државниот удар во 1903 година и доведувањето на власт на проруската династија и влада[35]; 2) поразот на Илинденското востание и зададениот тежок, растројувачки, удар врз Револуционерната организација, со што се создадоа услови за, речиси, непречен пораст на туѓите четнички пропаганди; 3) зајакнувањето и наметнувањето на српската четничка пропаганда, која на теренот се стекна со контрола над компактни делови и со конкуретска моќ во однос на бугарското четничко движење и влијание во Македонија.

Од тогаш (1904) па натаму, борбата против македонскиот фактор, (против Внатрешната Македонска Револуционерна Организација), беше дело на здружен интерес и ангажман на балканските држави и на ангажманот и благословот на Русија. Има податок дека од 1904 година до 1907 година биле убиени 2700 кадри на Револуционерната Организација, дел преку четничките акции на балканските држави, дел од страна на турската власт, било преку

[33] Пак таму.

[34] Истата 1904 год. Бугарија склучи договор и со Турција со кој се обврза да ги спречи македонските комитети да работат против неа, да оневозможи било каква субверзивна активност на македонските револуционери. Во договорот Македонија е деноминирана согласно со планот на Ламздорф и Капнист. 1902-та, по Џумајското востание. Бугарија почна да ги апси македонските револуционери за што Фердинанд доби благодарност од рускиот император – АВПРИ. Ф. 151. Оп. 482. Д. 2629. Л. 25–26.

[35] Слободан Јовановиќ, Влада Александра Обреновиќа, Београд 1931, репринт 1990, стр. 291–377.

соработка со институциите на балканските држави во Македонија, било во самостојни акции.

Во тој склоп, заради спроведување на својата балканска политика, Русија ја следеше динамиката на состојбите во Македонија и промените во силата и влијанието на македонскиот фактор (на Револуционерната организација). По првото покрупно соочување со нејзините акции и со нејзиниот растеж по 1896 година, Русија одново се судри со таа организација во 1902 и 1903 години. Во тој нов судир со македонскиот фактор, Русија не само што не се поколеба во однос на македонското движење и македонските интереси, туку, спротивно, ја допрецизира својата пресметка со, речиси, сите линии на можен развој на македонското прашање како посебно балканско прашање.

Имено: осведочена и затечена од решеноста и од способноста на Организацијата да преземе востанички акции и изнервирана од упорствувањето на македонскиот фактор да оди по својот пат, Русија без било каков такт, директно се закани на Револуционерната организација, дека ќе биде ликвидирана и внатре во Македонија и надвор во Бугарија. Jurij Бехметев, рускиот дипломатски претставник во Софија, по Џумајското востание во 1902, истата година во декември месец, побара од Сарафов повлекување и покорување на македонските комитети пред руската политика[36].

Сознавајки, дека работите се движат кон блиско и (по)општо востание во Македонија, планирано за пролетта 1903 година и, констатирајки дека силата и настојчивоста на Внатрешната Македонска Револуционерна Организација ги надминала сите очекувања, Русија многу сериозно се сврте кон дефинирање на дипломатскиот ангажман и на мерките потребни за заштита на рускиот план за решавање на балканското и македонското прашање.

Во таа смисла, преку повеќе дипломатски инструкции самиот министер за надворешни работи, грофот Ламздорф, и повисоките дипломатски глави изготвија цела програма за истиснување на македонскиот фактор од процесите кои ја докоснуваа судбината на Македонија.

Целата 1902 година беше проблематична за одржување на status quo-то на Турската империја, кое нешто во таа и во наредните години беше цел на Русија и Австро-Унгарија, а преку нив и на сите европски сили. Посебно настаните во северо-западна Македонија поврзани со албанските бунтувања и барања и Џумајското востание поврзано со барањата на македонските комитети, ги возбудија духовите на повисокиот дел на руската дипломатија. Преку министерот за надворешни работи, грофот Ламздорф, и највисоките по ранг во цивилната листа Капнист, Зиновјев и Нелидов, специјалисти за балканското прашање, и со дипломатските претставници во Белград и Софија Чариков и Бахметев, Русија ја постави платформата и шемата за постапување на своја-

36 Крсте Битоски, Континуитетот на македонските национално-ослободителни борби во XIX и почеток на XX век, Скопје 1998, стр. 311.

та дипломатија по македонското прашање. Во тој правец, грофот Ламздорф, на 28 октомври 1902 година се обратил, до грофот Капнист[37], амбасадор во Виена, со став дека Русија е подготвена „врз база на начелата на договорот од 1897 година да размени мислења за натамошните чекори во врска со македонските работи». Врз база на тие начела (да се создаде уште само Албанија од Скадар до Janina, а другите делови на Османската држава, вклучително и Македонија, да бидат поделени на околните балкански држави) грофот Капнист на 17/30 ноември 1902 година, испратил тајна депеша под бр. 71 за подобрување на работите во Македонија. Рускиот дипломатски претставник во Белград, Чариков[38] додал неколку појаснениja и заедно ја промовирале платформата за односот на руската дипломатија кон македонското прашање на крајот на 1902 и во наредната 1903 година.

Во тајната телеграма од крајот на 1902 година се наложувало[39]:

1. Точно да се определат границите на провинцијата Македонија – при што, се укажува дека, во неа не можат да се вклучат ниту вилаетите блиски до морските теснини, ниту Албанија;

2. Да не се наруши тогашната нејзина поделба на вилаети и да не се образува од вилаетите во Македонија единствена провинција Македонија, бидејки таа под такво име не се среќава(ла) во договорите[40];

3. Да не се допушти името (терминот) Македонија, туку да се употребува името „трите вилаети», со набројување (Солунски, Битолски, Скопски);

4. Избегнувајки го терминот Македонија, да се напушти и терминот Генерал-Губернатор кој, често, во врска со идните планирани реформи, се споменувал од некои држави (на пример од Англија) и наместо тој термин да се употребува терминот Генерален инспектор.

5. Да не се инсистира на создавање на Централен совет за трите вилаети, бидејки преку тој поим и таа институција се асоцира на формирање политичка единица што не била во план;

6. Да се направела реформа и во имињата на милетите, со вклучување на срб-милет, со кое име веке од 1900 година Поликарп од Велешката епархија ги снабдувал нуфузите. (Поликарп делувал заедно со Фирмилијан на тој план. Вториот бил началник на срб-милет-тот во Македонија);

7. Официјален jazik во вилаетите, покрај турскиот да бил и тој на православната националност која претежувала во односниот вилает – според системот на милети.

Дека таа програма била дел од главната платформа на руската дипломатија која функционирала и во наредните години, зборуваат и следните

[37] АВПРИ. Ф. 151. Оп. 482. Д. 2629. Л. 21–23.
[38] Пак таму. Л. 198–201.
[39] Пак таму.
[40] Пак таму. Л. 198.

документи. Грофот Ламздорф, на 7 февруари 1903 година, му испратил тајна телеграма на кнезот Урусов во Париз[41] со која му наложил да го запознае министерот за надворешни работи на Франција Делкасе, дека со Голуховски (министер за надворешни работи на Австро-Унгарија) се спогодиле, веќе, да не се употребува терминот Македонија, кој асоцирал на политичка единица, туку наместо Македонија да се употребува терминот „трите турски вилаети», а наместо терминот Македонци да се употребува терминот „христијанско население на трите турски вилаети», бидејки Македонците, според Ламздорф, не суштествувале како одделна националност[42].

По инструкциите за деноминација на Македонија и на Македонците и за попречување на процесите за обособување на Македонија и на македонскиот национален процес, кој повеќе од јасно, засилено се одвивал на самиот почеток на XX век, руската дипломатија извршила силен притисок врз султанот, тој, со свој акт, да ја легализира односната деноминација. Султанот, од своја страна, наоѓајќи и сопствени (империјални) интереси во односниот руски план, издал заповед (проследен до вилаетските власти во Македонија на 7 април 1903 година) со која категорично им се забранувало во претставките и соопштенијата поврзани со работата на царските вилаети на Румелија (во која спаѓала и Македонија) да се употребува терминот (називот) Македонија, којшто се споменувал како локално име[43]. Со тој султански акт, кој вилаетските власти го добиле за два дена, всушност, по прв пат бил затворен кругот на деноминација на Македонија и на Македонците во историскиот процес на нивното национално обособување.

По усогласувањето на политиките на трите европски сили и на самата Турција во однос на Македонија и на Македонците, руската дипломатија го дефинирала својот став и кон Внатрешната Македонска Револуционерна Организација. Во таа насока, на 18 juni/1 juli 1903 година, при сознание за скорешно подигнување на македонско востание, а по солунските и други атентати низ Македонија, влијателниот Капнист во своето писмо до Министерството за надворешни работи на Русија ги предложил следните драстични мерки[44]:

1. Излезот од маѓепсаниот круг се состои во конечно растројство и уништување, во трите вилаети, на Револуционерната Организација;

2. Посебно, како најопасно е да се споменува членот 23 од Берлинскиот договор. Тоа би ја растроило Империјата и би дал основа Револуцио-

---

[41] Пак таму. Д. 1008. Л. 84–85.

[42] Пак таму.

[43] „Со Високата наредба на Неговото величество султанот се известува: Отсега па натаму, во претставките и соопштенијата поврзани со работите на царските вилаети на Румелија, категорично се забранува терминот (називот) *Македонија*, којшто се споменува како локално име" – Стојановски Александар, Македонија под турската власт, Скопје 2006, стр. 317–318.

[44] Пак таму. Д. 1013. Л. 485–487.

нерната Организација да смета дека се прави отстапка во правец на нејзините барања и желби.

По тие предлози, Капнист ги соопштува и следните деликатни оцени:

1. Таквиот разгром (каков што предлагал) до тој момент бил правен, но само делумно, па проценува дека револуционерното движење ќе издржело уште 2 до 3 месеци; и

2. Дека и покрај горното, немало сомнение оти упорноста и силата на Револуционерната Организација ги надминале сите очекувања[45].

Изнесените документи зборуваат дека Русија, задржувајки го курсот од договорот со Австро-Унгарија од 1897 година за делење на Македонија во полза на трите балкански држави, не покажала попустливост кон македонското ослободително движење[46] и не се повела, ниту по веке афирмираните македонски интереси и субјекти, ниту по мислењата и сугестиите на дел од своите дипломати од средното ниво кои не биле запознаени со ставовите на највисоките врвови, вклучително и со позицијата на Императорот, а кои предлагале автономија за Македонија.

Тој ист курс, консеквентно и реско, Русија го задржала и во драматичните 1911, 1912 и 1913 години. Големите потреси кои започнале со востанијата во Албанија и бунтувањата на Албанците во северо-западниот дел на Македонија не ја оставиле рамнодушна ниту Македонската Револуционерна Организација која стапила во соработка со албанското движење (средбата на Ивани беј со претставниците на Македонската организација во Скопје во juni 1911 година)[47]. Таа со свое циркуларно писмо се обратила до конзулите на 18/31 октомври 1911 година и побарала автономија на Македонија под непосреден европски мониторинг[48].

Тие настани ги поттикнаа балканските држави (посебно Србија и Бугарија) да ги интезивираат разговорите и да се спогодат за идната акција и идните придобивки од војната[49]. Русија, но веќе и европските сили, побрзаа да го спроведат планот договорен во Руско-Австро-Унгарската спогодба од 1897 година.

Русија беше посебно вознемирена бидејки на теренот одново можеше да бидат дезавуирани нејзините планови со појавата на албанското ослободително движење и со повторната пројава на Македонската Револуционерна Организација; згора на тоа и со изгледи за нивна соработка. Таа, во тие околности, силно ги притисна Србија и Бугарија, кои конечно во март 1912 година,

[45] Пак таму. Д. 2629. Л. 34–36, 189–190 (посебно Л. 190); Д. 1008. Л. 33; Д. 564. Л. 30; Д. 1475. Л. 324; Д. 2633. Л. 1.

[46] Russian diplomats on the future of European possessions of the Ottoman Empire// Oxford Slavonic papers, 1993, Vol. XXVI.

[47] АВПРИ. Ф. 151. Оп. 482. Д. 2697. Л. 43, 53.

[48] Пак таму. ЛЛ. 43, 53, 143, ; Д. 3594. Л. 19–20.

[49] В. П. Потемкин, Историја дипломатије (1872–1919), Београд 1949, стр. 189–206.

со голема руска оркестрација, го склучија познатиот Договор за пријателство и сојуз[50].

Во виорот на балканските војни, Русија се држеше доследно и непопустливо во однос на планот за поделба на Македонија и за неутрализирање на македонскиот и на кој било друг нереспективен локален фактор, каков што, во тие околности, беше и албанскиот. Во таа смисла, високите врвови на руската политика отсечно се спротивставија на многуте алтернативни предлози и анализи на поголемиот дел од своите дипломати на теренот кои, поради одвраќање на војната или поради свое разбирање на македонското прашање, предлагале автономија на Македонија[51]. На тие дипломати, меѓу кои и угледниот Извољски (кој во декември 1912 година предложил автономија на Македонија како алтернатива на дележот што се случувал на Лондонската амбасадорска конференција), самиот император им одбрусил со синтагмата: „Недопустимая вещь» („Недозволлива работа»)[52].

## 4. НАМЕСТО ЗАКЛУЧОК: ЗОШТО РУСИЈА (И ЕВРОПА) ЈА ЗАФАТИЈА ТАА ПОЗИЦИЈА ПО МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ?

*Русија*: Одејки бескомпромисно по зацртаниот правец, таа, всушност, ги следела своите државни интереси. Поучена од претходното искуство со Србија (1868-69) и со Бугарија (1883-86) конечно респектираше неколку главни интерси и факти. *Прво*, тргнуваше од фактот дека Македонија е проникната од интересите и претензиите и од институциите и пропагандите на трите балкански држави со видливи последици, така што нивниот воен ангажман за реализација на тие интереси и аспирации никој не можел да го одврати. Русија притоа (при дележот на Македонија) имала интерес, пресвртот на состојбата на Балканот да не се случи според произволот на малите балкански државички и не поинаку, освен според нејзин претходен план. *Второ*, обособување на посебна македонска држава не било можно без подолго воено присуство на европските сили во неа заради одбрана и зајакнување на таа држава[53]. И при такви околности, постоеле проблеми во врска со нејзината одржливост. *Трето*, интересот на Русија пријателски да се поврзе со трите балкански држави, бил поважен бидејки тие многу пошироко (регионално) го обезбедувале нејзиното влијание, со кое Русија можела да се надева дека ќе успее да ја наметне својата контрола над морските теснини – што бил нејзин главен интерес.

[50] Македонија во меѓународните договори. . . , стр. 162-169.

[51] АВПРИ. Ф. 151. Оп. 482. Д. 3760. Л. 5; Д. 3714. Л. 573–574.

[52] Пак таму. Д. 3698. Л. 325.

[53] Во врска со написите во европскиот печат дека заради реализација на Мирцтешките реформи во Македонија ќе влезат австро-унгарски сили, официјална Србија децидно и даде до знаење на Русија дека тоа за неа ќе биде casus belli, со што таа ги покажа намерите кон Македонија.

Поинаку изразено, Русија, со поделбата на Македонија на трите балкански држави, сметала дека конечно ке се отстрани секоја можност за освојување на Балканот од страна на Австрија и на Италија. Дополнително, на таков начин, би се задоволиле трите балкански држави со што би се обезбедил мир и стабилен поредок на Балканот за достатно долго време. Доколку Русија успеела до го контролира тој дележ (што била нејзина главна грижа), тогаш, таа сметала на таква рамнотежа на силите на балканските држави, која би ги парализирала нивните способности да ги загрозат натамошните планови на Русија за контрола над теснините[54]. Затоа Русија имала намера прашањето за теснините да го покрене и да го наметне дури по контролираниот дележ на Македонија и на другите делови на Балканот меѓу Србија, Бугарија и Грција[55].

*Другите европски големи сили*, барем до 1908-1909 год. , поделбата на Македонија не ја земале како сериозна варијанта. Тоа посебно се однесува на Англија. Меѓутоа, подоцна, кога европскиот воен судир станал извесен, таа идеја им станала блиска[56]. Во таа насока, се сметало дека трите балкански држави можат да приврзат 500 илјади војници на противничкиот блок, што било респективен мотив да ја подржат руската политика за создавање сојуз на балканските држави и да ги помогнат нејзините напори во усогласувањето на српско-бугарските позиции околу делбата на Македонија.

[54] И со таква аргументација, Капнист го протежираше дележот на Македонија на трите балкански држави – АВПРИ. „Секретный архив". Оп. 467. Д. 156/161 (приложения 14а и 14б).

[55] АВПРИ. „Секретный архив". Оп. 467. Д. 156/161; Russian diplomats. . .

[56] Има теза дека поделбата на Македонија станала реална кога веке и Англија се приклучила кон Антантата и се определила за воена разврска на компетицијата со Германија. Тезата се дополнува со тоа што се смета дека Антантата била таа која го планирала и посакувала европскиот судир, а поделбата на турските европски територии (а во прв ред на Македонија) требало да послужат за провоцирање на агресија од страна на Австро-Унгарија и преку неа и на Германија. Види: Hans-Lothar Steppan. Der mazedonische Knoten. Die Identitat der Mazedonier dargestellt am Beispiel des Balkanbundes 1878-1914. Frankfurt 2004. Истото дело во истата 2004 год. нешто дополнето е издадено и на македонски јазик.

Правни и политички науки
Juridical and political sciences

UDK/UDC 342.849.3(100)
344.849.3(497.7)
Научен текст / Scientific Paper

*Д-р Јован Ананиев и*
*Олга Ѓуркова*

# ФИНАНСИСКА И МАТЕРИЈАЛНА ПОДДРШКА НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ ПРЕД И ЗА ВРЕМЕ НА ИЗБОРНАТА КАМПАЊА И МОДЕЛИТЕ НА ТРАНСПАРЕНТНОСТ

## (светско и македонско искуство)

АПСТРАКТ

Во масовните демократски општества, изборната кампања ја има клучната улога во процесот на убедување на гласачите. Политичките партии, имајќи го предвид ова, се трудат да обезбедат што поголем број на финансиски и материјални средства за помасовна и поефикасна изборна кампања. Тоа е периодот кога одредени економски и медиумски центри на моќ ги поддржуваат политичките партии, обврзувајќи ги, на тој начин, кога ќе дојдат на власт, да реализираат дел од нивните интереси.

*Jovan Ananiev, Ph. D. &*
*Olga Gurkova*

# FINANCIAL AND MATERIAL SUPPORT FOR THE POLITICAL PARTIES BEFORE AND DURING AN ELECTION CAMPAIGN AND TRANSPARENCY MODELS

## (world and macedonian experience)

ABSTRACT

In all mass democracy societies, the election campaign has the key role in trying to persuade voters. Having this in mind, political parties try to acquire as many financial and material resources as possible so that they could run a bigger and more efficient campaign. This is the period when certain economic or media power centers show their support for the political parties thereby committing them to, when they come to power, serve some of their interests. Failing to be transparent and limiting the financing

Нетранспарентноста и нелимитираноста во процесот на финансирање на изборните кампањи создава простор некои политички партии или кандидати да се стават во преференцијална позиција во однос на други. Од друга страна, пак, постои неможност јавноста да биде запознаена со тоа, кои се главните финансиери, што значи, чии интереси претежно би реализирала соодветната партија или кандидат. Постојат разработени механизми за контролирање на финансиската и материјалната поддршка, придружени со легислативни процедури и институционални капацитети со одредени позитивности и слабости, како во Република Македонија така и во останатите земји, и истите се разработени во трудот.

**Клучни зборови**: изборна кампања, финансиска и материјална поддршка на изборната кампања, изборно законодавство, транспарентност.

process in the election campaigns, leaves room for certain political parties or candidates to be preferred more in the election campaign over others. On the other hand, the public is not familiarized with who the major financiers are and with that, whose interests that particular party or candidate would eventually serve. There are already tried and tested financial and material support control mechanisms along with corresponding legislative procedures and institutional capacities with certain advantages and disadvantages in Macedonia as well as in other countries in the world and all of those are the subject of this article.

**Key Words:** election campaign, financial and material support for the election campaign, election legislation, transparency

jovan. ananiev@ugd. edu. mk
olga. gurkova@ugd. edu. mk

## 1. ИЗБОРНИТЕ КАМПАЊИ- ОБИЧНО ПРЕТСТАВУВАЊЕ ИЛИ СКАПА ИНДУСТРИЈА?

Првите обиди за организирано водење на изборна кампања се среќаваат во 1933 година во САД, кога сопрузите Клем, Унтерхај и Бакстер ја формираат првата специјализирана агенција за водење на изборна кампања, која, меѓу останатото, била ангажирана и за прибирање на финансиски средства за кампањата. [1] Изборната кампања претставува точно определен (и обично

[1] Scammell. Margaret (1997) *The Model Professionals Political Marketing US- Style and the Prospects of Americanization,* Paper presented at the Academy of Marketing Conference. Manchester Metropolitan University (July). 54 pp

еднократен) период пред спроведување на изборите, кој е предвиден со соодветни правни норми (содржани во законски и подзаконски акти), а во кој, регистрираните политички субјекти, партии, организации, движења или коалиции), како и независните кандидати, преку пропаганда за придобивање на гласови, претендираат да ја освојат власта. Во практиката, може да се издвојат три етапи во изборната кампања: најрана етапа, која започнува приближно една година пред законски определениот период за изборна кампања; подготвителна етапа, која започнува околу еден месец пред законски определениот период за изборна кампања и активна етапа, која се поклопува со официјалната, односно со законски определениот период за изборна кампања[2]. Имајќ и предвид дека законски определениот период е релативно краток за водење на кампања; (на пример, во Република Македонија 20 денови), со одредени кампањски активности се започнува и порано. Затоа, македонскиот законодавец, притаено го призна постоењето на втората т. н подготвителна етапа за изборна кампања и донесе повеќе законски решенија кои забрануваат одредени активности од моментот на донесувањето на Одлука за распишување на изборите[3].

Моделот на водење на изборната кампања, средствата за комуницирање и интересот за кампањите, од година во година сé повеќе се менувале. Во период кога имаме огромни, по население и територија, држави, најразлични форми на комуникација и постепено опаѓање на интересот на граѓаните за политичките активности, сé повеќе се наметнува потребата од перманентни иновации и употреба на скапи техники на политичко претставување, затоа што на политичкиот пазар секој глас е драгоцен и мора, за да се добие, да се атакува на секој глас. Рекламните продукции, откупувањето минути во електронските медиуми и квадратни сантиметри во печатените медиуми, рекламните производи, печатењето, бините за митинзи, откупот на сали за јавни настапи, транспортот, плаќањето на скапи политички и маркетинг консултанти и сл. повлекува огромна сума на средства.

Цените на изборните кампањи, рапидно пораснаа а тоа ги натера партиите да го прошират опсегот на извори на приходи- а со тоа, се отворија на голема врата, можностите за политички влијанија на одредени корпорации, поединци, медиуми и други центри за моќ, но и можноста за огромна корупција. Донирајќи им различни суми, посочените донатори за возврат бараат добивање или останување на функции, промена на регулативата во нивна корист, послаба контрола од страна на државата врз работењето на нивните компа-

[2] Видете повеќе во Gould, Philip (1998*), Why Labour Won*, Chapter 1 in Lvor Crewe, Brian Cosschalk and John Bartle (eds) Political Communications: Why Labour Won the General Election of 1997, Frank Cass. 30- 45 pp

[3] Пример во Законот за спречување на корупцијата објавен во Службен весник на РМ бр. 83/04 од 24. 11 2004

нии, влијание врз носењето на одредени надворешно-политички одлуки и сл. Со други зборови, изборните кампањи се претворија во период кога важи основното правило во политиката „интерес за интерес", па дури дојде време кога партиите повеќе не бараат средства туку донаторите сами им нудат, обезбедувајќи си политичка наклонетост а позната е дури и т. н политичка лицитација - кој најмногу дал.

Државите, колку што е можно, да воспостават поголема контрола врз овој сплет на интереси, воспоставуваат горни граници на средства кои можат да ги донираат физички и правни лица, кои правни лица можат да донираат средства, како да се води контрола на донираните средства и како да се анкционираат прекршителите. Ова има за цел, да ја неутрализира врската политика=центри на моќ, да ја заштити државата од евентуални злоупотреби на јавни овластвања и да обезбеди приближно рамноправни услови за претставување на сите политички партии, односно кандидатите. .

## 2. АМЕРИКАНСКИОТ МОДЕЛ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗБОРНИТЕ КАМПАЊИ

Во Соединетите Американски Држави, изборите, пред се за претседател, низ годините станувaа се поскапи, за денес, кампањите да станат една од најскапите индустрии. На пример, кампањата на Линколн во 1860 година чинела 100 000 долари, околу сто години подоцна, Кенеди троши околу 9, 7 милиони долари, а веќе последните претседателски избори во 2008 година да чинат над една милијарда и 673 милиони долари! Подолу, во табелата *(табела I)*[4] е даден приказ на вкупните трошоци за претседателските избори во САД во 2008 година, трошоците кои ги имале Демократската партија и Републиканската партија и секој нивен кандидат одделно. До презимето на кандидатот, со „Д" е одбележан кандидатот на Демократската партија, а со „Р" е одбележан кандидатот на Републиканската партија. Од приложената табела, може да се констатира дека станува збор за евидентирање на средствата не само на двајцата кандидати кои одат на општите избори, и дека станува збор за исклучително скапа кампања, што претставува мотив повеќе федералните власти да работат на поразвиен систем на контрола.

Оттогаш до сега, се менуваат различните средства на политичко претставување но, истовремено, се менуваат и потребите на гласачите во однос на софистицираноста на кампањата, имајќи предвид дека американските граѓани на изборните кампањи честопати гледаат како на забавни шоуа. Ова повлеку-

[4] *Извор на табелата – Федерална изборна комисија на САД* http://www. fec. gov/DisclosureSearch/mapApp.do?cand_id=P80003338&searchType=&searchSQLType=&searchKeyword=%20 последно отворање- февруари 2009 година

**Табела 1**

| **Кандидати** | Износ претставен во милион долари |
|---|---|
| **Сите кандидати** | **1673. 3** |
| Демократи | 1072. 5 |
| Obama (Д) | 744. 9 |
| Републиканци | 600. 8 |
| McCain (Р) | 346. 6 |
| Clinton (Д) | 223. 9 |
| Romney (Р) | 105. 2 |
| Giuliani (Р) | 59. 0 |
| Edwards (Д) | 48. 2 |
| Paul (Р) | 34. 5 |
| Thompson, F (Р) | 23. 4 |
| Richardson (Д) | 22. 4 |
| Huckabee (Р) | 16. 1 |
| Dodd (Д) | 15. 1 |
| Biden (Д) | 11. 9 |
| Tancredo (Р) | 6. 3 |
| Kucinich (Д) | 5. 5 |
| Brownback (Р) | 4. 2 |
| Hunter (Р) | 2. 9 |
| Thompson, T (Р) | 1. 2 |
| Cox (Р) | 1. 1 |
| Gravel (Д) | 0. 6 |
| Gilmore (Р) | 0. 4 |

ва и потреба од сé поголеми финансиски средства, но и потреба за поефикасна државна контрола врз истите. Затоа, со Закон од 70-тите години на минатиот век, е пропишан начинот на определување на горната граница на средства кои се издвојуваат за претседателските избори. Со овој Закон се формира и Федералната изборна комисија, за чијашто функција, нејзиниот актуелен портпарол Боб Бирсек ќе изјави: „Ако сакате да се кандидирате за претседател на Соединетите Држави, ќе мора да се соочите со низа законски одредби, вклучу-

вајќи ги и оние кои ја ограничуваат висината на собрани пари и начинот како можете да и користите и трошите во кампања"[5] Со новиот Закон за федерална изборна кампања, донесен во април 2008 година, се забрануваат нерегулираните парични донации на националните политички партии (познати уште и како soft money- меќи пари)[6] Следствено на приходите, ограничени се и трошоците на кандидатите, за да не дојде до голема финансиска разлика меѓу нив и за да се намали можноста од корупција. Федералната администрација дава дотација на кандидатите од јавните фондови, Определувајќи се за финансирање на кампањата од јавни фондови, кандидатот не може да собира средства од приватни фондови или да потроши повеќе од 50 000 долари од сопствени средства. Мекејн се одлучи на ваков начин на финансирање на изборната кампања, и во периодот септември-октомври доби 84, 1 милиони долари. Обама се определи за собирање на средства од приватни фондови, и само во септември имаше инкасирано 151 милиони долари. Уште пред 100 години, на корпорациите и на синдикатите им било забрането да даваат дотации, но тие можат да формираат т. н Политички акционен комитет[7], и, од менаџерите, сопствениците, вработените и од членовите на синдикатите да собираат индивидуални донации. Дури и престижниот Универзитет од Харвард, формирајќи еден ваков политички акционен комитет, собра околу 700 000 долари за Обама.

Комплицираниот модел на финансирање е придружен со силен модел на контрола на влез и излез на финансиски средства и донации и се смета дека финансирањето на американските кампањи е најтранспарентно во светот. Изборните штабови на кандидатите, одборите и т. н политички акциони комитети се обврзани да даваат извештаи за собраните средства, комплетна идентификација на донаторот кој ќе даде повеќе од 200 долари, како и детален извештај за трошоците. Сите овие извештаи можат да се видат и на веб страницата на Федералната изборна комисија[8]. Структурата на можни извори на средства и лимитите кои ги има објавено Федералната изборна комисија на САД за 2009=10 година можете да ги видите во табела број 1.

[5] www. voanews. com отворена страница во февруари 2009 година

[6] Повеќе видете во Federal Election Campaign Law (April, 2008) Compiled by the Federal Election Commission

[7] Политичкиот акционен комитет (во американската терминологија, познат под кратенката PAC), како термин упатува на два вида на политички комитети, регистрирани од страна на Федералниот изборен комитет и тоа, separate segregated funds (SSFs) и nonconnected committees. Првиот модел го објаснивме во текстот а вториот, како што упатува самиот поим, не е врзан со никоја одредена организација или групација и може да собира средства од сите граѓани.

[8] Видете подетално на http://www. fec. gov/DisclosureSearch/MapAppRefreshCandList. do

## 3. ЕВРОПСКИТЕ ТЕНДЕНЦИИ ЗА ВОЕДНАЧЕНО РЕГУЛИРАЊЕ НА ФИНАНСИРАЊЕТО НА ИЗБОРНИТЕ КАМПАЊИ

На европско ниво, во тек е перманентна расправа за начинот на финансирањето на политичките партии и за моделите на негова контрола. Првата иницијатива е преземена уште на 3-тата Конференција на телото за борба против корупција, одржана под водство на Советот на Европа во Мадрид во 1998 година. Целите на Конференцијата беа:

- подготовка на општи стандарди за финансирање на политичките партии;
- развој на меѓународна правна соработка;
- подготовка на протокол на казненоправната конвенција за спречување на корупцијата и
- отстранување на пречките што постојат поради законите кои ја штитат банкарската тајност во одредени финансиски заштитени средини (financial havens).

Конференцијата, во своите заклучоци, формулира четиринаесет мерки со кои, преку националното законодавство, ќе се воспостави правно регулирано финансирање на политичките партии и кампањи[9]. Јакнењето на иницијативата за градење на заеднички стандарди продолжи и понатаму и во 2001 година, Парламентарното собрание на Советот на Европа, донесе Препорака (1516) која се однесува токму на финансирањето и финансиската контрола на политичките партии и изборните кампањи. Имено, во втората точка од Препораката 1516, се наведува дека кон овој проблем треба да се пристапи како на проблем од итно значење за да се спречи губењето на интересот на граѓаните за политички живот во нивните сопствени држави. Во Препораката стои:

„Државите би требало да постават ограничување со максимално дозволени трошоци во текот на предизборната кампања, подразбирајќи дека при недостаток на горен праг на трошоци нема граница на зголемувањето на трошоците, што претставува поттик за партиите да ја интензивираат потрагата по извори на средства. “[10]

Во Препораката се предвидува „Сојузот на држави за борба против корупцијата- GRECO” да ја надгледува нејзината примена и да нуди структурирани правила. кои државите-членки треба да ги имаат предвид и да ги вклопат во своите домашни законодавства. Во овие правила, кои се однесуваат на изборната кампања, се истакнува дека државите треба да бараат водење на посебна евиденција на сите трошоци на политичките партии, кандидатите и ли-

[9] Пошироко за овие точки, видете во Trading in influence and illegal financing of political parties, Third European Conference of Specialised Services in the Fight against Corruption, Madrid, 28-30 October 1998, Council of Europe, 1998, 115-116:

[10] Recommendation 1516, Council of Europe, Section B

стата на кандидати. Се препорачува, транспарентност да се спроведува преку водење на сметководство, вклучувајќи и комплетна евиденција со спецификација на сите донации[11] што ги добила партијата со конкретизирање на обликот и вредноста на донацијата која ја добила партијата, но „во случај на донација над одредена вредност, донаторите би требало да бидат заведени во евиденција"[12]со нивното име и податоци за нив. Заради поголема транспарентност, се препорачува објавување, но, истовремено, претставување на сметката, односно евиденцијата, пред определено независно тело. И токму преку едно вакво независно тело, се препорачува, државата да обезбеди независно надгледување на финансирањето на политичките партии и изборната кампања.

## 4. МАКЕДОНСКИОТ МОДЕЛ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗБОРНА КАМПАЊА И КОНТРОЛАТА НАД НЕГО

Со цел, обезбедување на приближна рамноправност во претставувањето пред гласачите, намалување на можноста за влијание на државните органи и одредени други центри на моќ врз политичките партии како и намалување на можноста одредена политичка партија да се претвори во „сопственост" на една или на неколку силни корпорации или поединци, во Република Македонија е определено кој не може да се јави како финасиер на изборна кампања[13] и колкав е лимитот на средствата кој може да се донира, македонското законодавство ги предвидува следниве извори на средства:

- членарината на политичката партија;
- физички лица во висина од 5. 000 евра во денарска противвредност;
- правни лица во висина од 20. 000 евра во денарска противвредност;
- средства од буџетите на Република Македонија, општините и градот Скопје, во висина од 15 денари по добиен глас.

[11] Во член 2 од Препораката 1516 се дава дефиниција на поимот донација која гласи: „*донација* претставува секој доброволен чин кој политичката партија ја става во стопанска или некоја друга предност"

[12] Article 12. b. Recommendation 1516, Council of Europe

[13] Изборен законик објавен во Службен весник на РМ бр. 40 од 31. 03 2006 година, член 83 став 1 (со вметнати измени, содржани во Законот за измени и дополнување на Изборниот законик, објавен во Службен весник на РМ бр. 136 од 30. 10 2008 година Изборната кампања не смее да се финансира од:

- средства од Буџетот на Република Македонија, освен средствата определени во членот 86 став (2) на овој законик;
- средства од буџетите на општините и градот Скопје, освен средствата определени во членот 86 став (2) на овој законик;
- средства од јавни претпријатија и јавни установи;
- средства од здружение на граѓани, верски заедници, религиозни групи и фондации;
- средства од странски влади, меѓународни институции, органи и организации на странски држави и други странски лица; и
- средства од претпријатија со мешовит капитал каде што е доминантен странскиот капитал;
- средства од неидентификувани извори.

Структурата и износот на приходите и расходите за изборната кампања на парламентарните избори, можете да ја видете во Табела 2.

**Табела 2**
**Приходи на коалициите на ВМРО-ДПМНЕ, на ДУИ, СДСМ и ДПА на изборната кампања на парламентарните избори во 2008 година, според извештаите доставени до Државната изборна комисија (изразена во денари)**[14]

| Политичка партија / коалиција | Донации од физички лица | Донации од правни лица | Вкупни приходи | Разлика меѓу приходи и расходи |
|---|---|---|---|---|
| ВМРО-ДПМНЕ | 42.203.489 | 12.500.000 | 54.453.489 | -24.091.609 |
| ДУИ | 5.795.100 | 200.000 | 5.995.100 | -2.881.630 |

| Политичка партија / коалиција | Заем од правни лица | Донации | Камата | Вкупни приходи | Разлика меѓу приходи и расходи |
|---|---|---|---|---|---|
| СДСМ | 1.460.000 | 24.222.450 | 64 | 25.682.514 | -10.863.023 |

| Политичка партија / коалиција | Донации | Средства од редовна жиро -сметка на партијата | Вкупни приходи | Разлика меѓу приходи и расходи |
|---|---|---|---|---|
| ДПА | 1.850.000 | 3.061.916 | 4.911.916 | 0 |

Изборната кампања може да се финансира во вид на пари, стоки и услуги, но во рамките на пропишаниот лимит, прикажан погоре во парична вредност.

Заради поголема отчетност во однос на донациите[15] и трошоците врзани за изборната кампања, со новите законски измени се предвидува организаторот на изборната кампања за време на изборната кампања да води регистар на донации со следниве податоци:

- името, односно називот на секој донатор поединечно;
- видот и вредноста на донацијата; и
- датумот на добивање на донацијата.

[14] Извор на табела – Тренеска – Дескоска, Рената (2008) Перспективите на домашната правна рамка за спроведување на изборите, погледната од аголот на меѓународните изборни стандарди и добри практики – *водич кон прецизно сигурно и конзистентно изборно законодавство, насочено кон зајакнување на интегритетот на изборниот процес во целина,* ОБСЕ Скопје

[15] - давањето бесплатни услуги на организаторот на изборната кампања;
- давањето услуги на организаторот на изборната кампања за кои плаќа трето лице; и
- продажба на стоки или давање на услуги на организаторот на изборната кампања по цени пониски од пазарните

Регистарот на донации се води на образец пропишан со правилник што го донесува министерот за финансии, во кој се утврдуваат формата, содржината и начинот на водењето на регистарот на донации. Во контекст на ова, потребно е да се нагласи важноста на следниве неколку моменти: прво, овој образец е новина и е корисен поради унифицираност на прегледот на средствата; второ, значаен е затоа што претставува воедно и образец за финансискиот извештај кој го подготвува организаторот по завршувањето на кампањата и трето, потребно е овој образец (во склад со американските искуства, пред се) да содржи што е можно поголема специфицираност на видот на донацијата, со можност и подетално да биде квантифицирана. Но секаде. најголемиот проблем со прикривањето на добиените средства се однесува токму на донациите кои се состојат во стоки и услуги. Во Република Македонија, организаторот на изборната кампања може да потроши најмногу до 180 денари по запишан избирач во изборната единица, односно општината за која има поднесено листа на кандидати, односно листа на кандидат. Некои пресметки покажуваат дека политичките партии, реално потрошиле многу повеќе средства од законски пропишаниот лимит. Доколку не се изврши плаќање преку средствата кои се на жиро сметката и доколку не се впише донираната стока или услуга (воопшто или со нејзината реална цена на чинење), во регистарот на донации, просторот за нетранспарентност е многу голем.

За да може да се има поголема контрола во приливот и трошењето на финансиските средства, организаторот на изборната кампања задолжително отвора жиро - сметка со назнака "за изборна кампања", во рок од 48 часа по потврдувањето на листата на кандидати и во тој рок од 48 часа, доказот за отворена жиро-сметка се доставува до надлежната изборна комисија. Но овде се наметнува една дилема. Во Изборниот законик стои: „сите трошоци за кампањата исклучиво ќе се покријат од средствата на жиро-сметката за изборната кампања"[16]. Во најновите измени на Изборниот законик стои: „ изборната кампања може да се финансира од донации од физички и правни лица во вид на пари, стоки и услуги"[17]. Во една ваква ситуација, ако трошоците се покриваат <u>исклучиво</u> од средства на жиро сметка, каде е можноста одредени трошоци да се покриваат во вид на донирани стоки или услуги? Потребно е законодавецот да прецизира дека донирање во вид на парични средства и трошење во вид на парични средства, може да се реализираат исклучиво преку жиро сметката наменета за изборната кампања.

Во склад со Препораката 1516 на Советот на Европа, покрај другото, македонскиот законодавец предвидува, организаторот на изборната кампања,

[16] Член 71 став 5

[17] Измена содржана во член 43 од Законот за измени и дополнување на Изборниот законик, објавен во Службен весник на РМ бр. 136 од 30. 10 2008 година, со кој се додава нов став (3) на членот 83 од Изборен законик објавен во Службен весник на РМ бр. 40 од 31. 03 2006 година

по нејзиното завршување, да подготви финансиски извештај. [18] Државниот завод за ревизија, доколку утврди неправилности во финансискиот извештај на организаторот на изборната кампања, ќе ги извести надлежните органи заради поведување на соодветна постапка.

Во склад со новите измени и дополнувања на изборниот законик, организаторот на изборната кампања може да потроши најмногу до 180 денари по гласач. Значи, во единствениот избирачки список на РМ за 2009 година се евидентирани 1.792.082[19] гласачи и следствено на тоа може да се потрошат 5.252.557 евра[20].

Знаејќи дека медиумите ја имаат најголемата моќ за пласирање за политичка пропаганда во предизборниот период и тие не се имуни на проблемите кои се наметнуваат со финансирањето на изборните кампањи. Во претходните изборни циклуси, немаше јасна слика, колку политичките партии или кандидатите потрошиле за рекламирање во медиумите, бидејќи ако се направи пресметка, ќе се констатира дека прикажаната сума на потрошени пари за медиумско претставување, воопшто не одговара на сумата што се добива со множење на вкупниот број на минути платено политичко претставување, или на просторот во весниците со пазарната цена на откупување на определено време во електронските медиуми или, пак, откупување на простор во печатените медиуми. Поради ова, со новите законски измени[21], радиодифузерите и печатените медиуми во Република Македонија се должни во рок од пет дена од денот на распишувањето на изборите, во согласност со Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборната кампања, да утврдат ценовник за рекламирање на изборните програми и на кандидатите[22]. На ваков начин, ќе се добие поизедначен пристап до медиумите и поголема транспарентност во однос на потрошените средства за изборната кампања. Во насока на поголема рамноправност при медиумското претставување одат и законските измени кои се состојат во определување на поголема прецизност во однос на ограничување на емитувањата на платеното политичко претставување[23]. Законодавецот пропишува „радиодифузерите и печатените медиуми попустите во цените што ги даваат за политичко рекламирање на

[18] Извештајот се доставува до Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија, Државната комисија за спречување на корупцијата и на Собранието на Република Македонија, а за локалните избори и до Советот на општината и Советот на градот Скопје.

[19] http://www. sec. mk:90/do_11-00/pretsedatel%201035. pdf , последен пат отворена на 23. 03. 2009 година

[20] Според среден курс на НБРМ од 23. 03. 2009 година 1 евро = 61. 4129 денари

[21] Со Законот за измени и дополнување на Изборниот законик, објавен во Службен весник на РМ бр. 136 од 30. 10 2008 година,

[22] Печатените медиуми се должни ценовникот да го достават до Државната изборна комисија и Државниот завод за ревизија, на радиодифузерите и до Советот за радиодифузија

[23] Попрецизно видете во Законот за измени и дополнување на Изборниот законик, објавен во Службен весник на РМ бр. 136 од 30. 10 2008 година, член 42 став 3 и став 9

учесниците во изборната кампања се сметаат за донација изразена во парична вредност". Овде се наметнуваат следниве дилеми:

1. Дали ценовникот кој треба да го достават радиодифузерите и печатените медиуми треба да ја отсликува само пазарната вредност или со него може да се претставаат цените со одреден попуст, знаејќи дека станува збор за откупување на поголем простор од страна на партиите?
2. Зошто донациите од правните лица може да изнесуваат до 20 000 евра, но од ова правило, покрај уште две други ситуации[24], се исклучок медиумите?

Одговорот на првото прашање би било, дека Може да се констатира, доколку медиумите даваат рамноправен попуст на сите учесници во изборите, немаме давање на ексклузивност и не може да се третира како донација. Но, истовремено тоа може да се третира и како донација насочена кон сите учесници во кампањата, што претставува ситуација од која тешко можат да се извлечат констатации за фаворизирање на одредени учесници од еден или друг медиум и постоење нé на неутралност на медиумите туку на поливалентност, односно, врзаност кон сите партии (многу поразлично од неутралност). Одговорот на второто, горепоставено прашање би бил дека, доколку попустот не е ограничен на висина до 20 000 евра, како кај сите правни лица, тогаш можеме да очекуваме поставување на одредени учесници во кампањата во потполно фаворизирачка позиција. Но, останува обврската на медиумите да поднесат извештај[25] за рекламниот простор искористен од секој од организаторите на изборната кампања и средствата кои се платени или се побаруваат по таа основа.

И во казненото законодавство се воведени извесни измени, со што се зголемува обемот на кривичните дела и санкциите кои се однесуваат на нив: „Организатор на изборната кампања кој со непријавување на изворот на финансии на изборната кампања, со спречување на надзорот над трошењето на планираните средства, со неподнесување на финансиски извештај за потрошените средства, со пречекорување на законските ограничувања на средствата дозволени за изборна кампања, со користење на недозволени средства за изборната кампања, со исплати спротивни на кампањата за финансирање на кампањата или на друг начин го злоупотреби своето со закон определено овластување како организатор на кампањата, ќе се казни со затвор од најмалку пет години. "[26]

[24] Исто, Член 83- а став 1 алинеа 3 „продажба на стоки или давање на услуги на организаторот на изборната кампања по цени пониски од пазарните".
Член 83- а став 3 „Разликата меѓу пазарната вредност и платената вредност се смета за донација"

[25] Извештајот се поднесува до Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија и до Државната комисија за спречување на корупцијата, најдоцна 15 дена по завршувањето на изборната кампања.

[26] Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик објавен во Службен весник на РМ бр. 73 од 14. 06 2006 година, член 14, кој го содржи член 165=а

Но, токму финансирањето на политичките партии и изборните кампањи, може да биде честа основа и за корупција[27] ; затоа се препорачува тоа да биде јавно и затоа со Законот за спречување на корупцијата се забранува за оваа намена да се користат буџетски средства. На кандидатите на политичките партии кои се на власт (на општинско или на државно ниво), за да не ги злоупотребат буџетските средства во функција на зголемување на сопствениот рејтинг, во текот на изборната кампања, им се забранува изградба со средства од буџетот или од јавни фондови. Исто така, од денот на распишувањето на изборите до нивното завршување, „не може да се врши никаква вонредна исплата на плати, пензии, социјална помош или други исплати од буџетски средства или средства од јавните фондови, ниту да се отуѓува државен капитал. “[28]Државната комисија за спречување на корупцијата, може да покрене мерки, доколку постојат сомневања за одредени злоупотреби во однос на претходноспоменатите случаи. Доколку Државната комисија утврди дека сомневањата се основани, за тоа ќе ги извести надлежните органи и ќе побара од нив да преземат активности во рамките на нивните надлежности. Но вакво прашање за злоупотреба, може да покренат и 20 пратеници во Собранието, по што се формира анкетна комисија.

## ЗАКЛУЧОК

Република Македонија, од моментот на воведувањето на повеќепартискиот систем до денес, од еден до друг изборен циклус, значително го подобрува изборното законодавство, вклучувајќи ги овде и одредбите кои се однесуваат на финансирањето на изборните кампањи и на транспарентноста на работењето на политичките партии во пресрет и во текот на изборите. Но, за да се обезбеди што поголема рамноправност во текот на политичкото претставување, би требало да се направат извесни промени на законодавството кои се однесуваат на:

- определување на унифицирани димензии за плакати;
- определување на мораториум за започнување на изградба или пуштање во употреба на патишта и објекти, финансирани со државни средства или со средства од локалната самоуправа;
- попустот кој го дава еден медиум на организаторот на изборната кампања, за платено политичко претставување, потребно е да не го надминува лимитот од 20 000 евра, бидејќи тоа би се третирало како

[27] Под *корупција* се подразбира „искористување на функцијата, јавното овластување, службената должност и положба за остварување на каква и да било корист за себе или за друг“- Закон за спречување на корупцијата објавен во Службен весник на РМ бр. 83/04 од 24. 11 2004

[28] Исто, член 11 став 3

донација, а едно правно лице може да даде финансиски средства во посочениот лимит, согласно со Изборниот законик.

**Табела 3**

Contribution Limits 2009-10/ Лимит на дотации за 2009-10

| | **На секој кандидат или кандидатски комитет по избори** | **На националниот партиски комитет по календарска година** | **На државниот, окружниот и локалниот партиски комитет по календарска година** | **На секој друг политички комитет по календарска година** | **Посебни лимити** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Индивидуалец може да даде** | $2, 400 | $30, 400 | $10, 000 (со комбиниран лимит) | $5, 000 | $115, 500- вкупен двогодишен лимит<br>• $45, 600 на сите кандидати<br>• $69, 900 на сите PACs и партии |
| **Национален партиски комитет може да даде** | $5, 000 | Без лимит | Без лимит | $5, 000 | $42, 600* на сенаторските кандидати по кампања |
| **Државниот, окружниот и локалниот партиски комитет може да даде** | $5, 000 (со мбиниран лимит) | Без лимит | Без лимит | $5, 000 | Без лимит |
| **PAC[29] (multicandidate)[30] може да даде** | $5, 000 | $15, 000 | $5, 000 (со коминиран лимит) | $5, 000 | Без лимит |
| **PAC може да даде** | $2, 400 | $30, 400 | $10, 000 (со комбиниран лимит) | $5, 000 | Без лимит |
| **Авторизираниот кампањски комитет може да даде** | $2, 000 | Без лимит | Без лимит | $5, 000 | Без лимит |

## Користена литература


1. Scammell. M *The Model Professionals Political Marketing US- Style and the Prospects of Americanization,* Paper presented at the Academy of Marketing Conference. Manchester Metropolitan University. (1997) 54 pp
2. Gould, P*, Why Labour Won*, Chapter 1 in Lvor Crewe, Brian Cosschalk and John Bartle (eds) Political Communications: Why Labour Won the General Election of 1997, Frank Cass. (1998) 30- 45 pp
3. Greenstein. R. *Incestuous Institutions: Political Parties and the Media's Coverage of the 1999 Scottish Elections*, Paper presented at the EPOP (Elections, Public Opinion and Parties) Conference, University College Northampton (17-19 September) (1999) 19-24 pp
4. Kim, HeeMin and Richard C. Fording. . "Government Partisanship in Western Democracies, 1945-1998. " *European Journal of Political Research* (2002) 20-29 pp
5. http://www. fec. gov/DisclosureSearch/mapApp. do?cand_id=P80003338ќsearchType=ќsearchSQLType=ќsearchKeyword=%20 Федерална изборна комисија на САД последно отворање- февруари 2009 година
6. www. voanews. com „Глас на Америка' последно отворање- февруари 2009 година
7. Изборен законик објавен во Службен весник на РМ бр. 40 од 31. 03 2006 година
8. Закон за измени и дополнување на Изборниот законик, објавен во Службен весник на РМ бр. 136 од 30. 10 2008 година
9. Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик објавен во Службен весник на РМ бр. 73 од 14. 06 2006 година
10. Законот за спречување на корупцијата објавен во Службен весник на РМ бр. 83/04 од 24. 11 2004
11. Recommendation 1516, Council of Europe
12. Trading in influence and illegal financing of political parties, Third European Conference of Specialised Services in the Fight against Corruption, Madrid, 28-30 October 1998, Council of Europe, 1998
13. Federal Election Campaign Law (April, 2008) Compiled by the Federal Election Commission U. S
14. Тренеска – Дескоска, Рената (2008) Перспективи на домашна правна рамка за спроведување на изборите, погледната од аголот на меѓународните изборни стандарди и добри практики – *водич кон прецизно сигурно и конзистентно изборно законодавство, насочено кон зајакнување на интегритетот на изборниот процес во целина,* ОБСЕ Скопје
15. http://www. sec. mk:90/do_11-00/pretsedatel%201035. pdf , последен пат отворена на 23. 03. 2009 година
16. http://www. nbrm. gov. mk , последен пат отворена 23. 03. 2009 година


[29] PAC- Политички акционен комитет (претходно објаснет)

[30] *Multicandidate*- означува дека тоа е политички комитет со повеќе од 50 поддржувачи, регистрирани 6 месеци однапред и можат да поддржат 5 или повеќе кандидати за федералните функции

Европска унија, Политика на идентитет на европската надворешна политика
European Union,
European foreign policy identity

UDK/UDC 341.24(4-672EU)
Научен текст / Scientific Paper

*М-р Горан Илиќ*

# ИМПЛИКАЦИИТЕ НА ЛИСАБОНСКИОТ ДОГОВОР ВРЗ НАДВОРЕШНО - ПОЛИТИЧКИОТ ИДЕНТИТЕТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

АПСТРАКТ

Во предметниот труд, станува збора за импликациите, кои врз основа на своите институционално – политички стипулации ги продуцира Лисабонскиот (Реформскиот) договор, како круцијален договор склучен од страна на државите – членки на Европската унија. А покрај соодветната институционално – политичка архитектура на истиот, станува збор и за концептуализациите кои како теоретска рамка, ги определуваат основните параметри на европскиот надворешно – политички идентитет. Во таа насока, се презентираат значењето и карактеристиките на договорот, интеграциските етапи на ЕУ,

*Goran Ilik, M. Sci*

# IMPLICATIONS OF THE TREATY OF LISBON TO THE FOREIGN POLICY IDENTITY OF THE EUROPEAN UNION

ABSTRACT

This article aims at demonstrating the implications that based on their institutional and political stipulations are produced by the Treaty of Lisbon (Reform Treaty) as a crucial agreement signed by the countries – members of the European Union. Aside from its institutionally political architecture we'll discuss the conceptualizations which as a theoretical framework determine the basic parameters of the European foreign policy identity. That said, we'll present the meaning and characteristics of this agreement, the EU integration stages as well as the nature of the identity which is implied in the agreement itself.

како и природата на идентитетот, која се воплотува преку имплицитноста на овој договор.

**Клучни зборови:** Лисабонски договор / институционално – политички определби, надворешно – политички идентитет на ЕУ, природа на идентитет, теоретски концептуализации.

**Key words:** Treaty of Lisbon / institutionally political decisions, EU foreign policy identity, nature of identity, theoretical conceptualizations

Ilic_rm@yahoo. com

## НАДВОРЕШНО – ПОЛИТИЧКИ ИДЕНТИТЕТ

Идентитетот воопшто, како поим, подразбира постоење на засебност, одделност или диференцираност на еден политички субјект, во однос на друг или други, истородни или разнородни политички субјекти. Идентитетот, а со тоа и надворешно - политичкиот идентитет, тргнува од диференцијацијата на она што значи, "Јас" наспроти "Ти" односно "Ние" наспроти "Тие". Според тоа, по пат на екстраполација, изворната суштина на овој комплексен и динамичен поим, се аплицира и врз надворешно – политичкиот идентитет на Европската унија како таква. Во тој контекст, Хајнрих Шнајдер ги дефинира фундаменталните елементи на европскиот надворешно – политички идентитет, кои подразбираат:

- делимитација [и демаркација], на она што значи "наша ствар" во однос на стварите на другите [и другите како такви] (. . . ) и
- способност да се дејствува и да се преземе одговорност преку легитимирање и институционализирање, а во контекст на *polity – building* концептот, односно изградбата на [zasebna] политичка заедница [ili унија]. [1]

Во однос на тоа, може да се констатира дека, идентитетот не претставува нешто статично, фиксно или еднаш засекогаш дадено, туку тој претставува динамичен процес на (себе)осознавање, диференцирање и конституирање на препознатлива слика на една политичка заедница, а со тоа и еманирање на таа слика, впечаток, во средината што ја опкружува таа политичка заедница. Политичкиот идентитет е континуиран процес на созревање, градење и вте-

<?> Thomas Jansen, *Reflections on European Identity,* European Commission, 1999, стр. 34

мелување на основни параметри за (себе)идентификација на една политичка заедница, во егзистенцијалната средина.

Што се однесува, пак, до ЕУ и се' поголемата "густина" на мултилатерални односи и континуираната комуникација и нејзина адаптација кон нив, таа во рамките на својата заедничка надворешна и безбедносна политика, преку соодветната институционално – политичка рамка, настојува да продуцира висок степен на **солидарност и кохезивност**, како имплицитни (пред)услови во процесот за втемелување на нејзиниот надворешно – политички идентитет. Во интерес на тоа, британскиот политичар Малком Рифкинд, ќе додаде дека: консултациите и соработката сега се одвиваат инстиктивно (. . . ) ваквиот тек на надворешната политика на Унијата би можел да се толкува како почеток на еден процес на учење, преку кој сите вклучени субјекти во Унијата, понатаму ќе се перцепираат себеси како "НИЕ". [2]

Во прилог на тоа, Малком Рифкинд потенцира дека: "Европа се уште нема изградено своја единствена кохерентна визија за светот благодарение на длабоко всадените инстинкти на националната надворешна политика, се уште присутни кај државите - членки". [3] Аналогно на тоа, искрената намера која константно треба да провејува и егзистира, во корист на ефектуирањето на заедничката надворешна и безбедносна политика на Унијата, подразбира "давање" на што поголем придонес од страна на државите – членки, во понатамошната изградба на нејзиниот надворешно – политички идентитет и обезбедувањето на соодветен функционален капацитет, во поглед на нејзиното надворешно – политичко дејствување.

**- Значењето на надворешно – политичкиот идентитет за ЕУ.** Неговото значење произлегува токму од актуелните случувања на центрифугалната европска интеграција, интензивната и тензична глобализација, униполаризмот на САД, ноторниот предизвик на мултиполаризмот, односно случувања за кои "ЕУ ќе мора [да се подготви] да застане на свои нозе, доколку сака да продолжи да чекори понатаму". [4]

Втемелувањето на нејзиниот надворешно – политички идентитет, значи битно редефинирање и концептуализирање на нејзината "надворешна слика", односно битна реконцептуализација на европската препознатливост, засебност и единственост во водењето на надворешната политика и нејзиното присуство на светската политичка сцена.

---

[2] Lisbeth Aggestam, *Role Conceptions and the Politics of Identity in Foreign Policy,* Department of Political Science, University of Stockholm. http://www. arena. uio. no/publications/ wp99_8. htm

[3] Ibid.

[4] Global power Europe, *Supporting a strong and active European Union*, http://www. globalpowereurope. eu/ [2008]

Сето тоа подразбира: дефинирање на унијата како политичка унија со свој оригинален надворешно – политички идентитет, опозитен на надворешно – политичкиот идентитет и интереси на останатите глобални играчи, пред се на САД. [5]

Во контекст на тоа, битно е да се нагласи дека, дефинирањето на надворешно – политичкиот идентитет на Унијата, истовремено не значи и негативно опонирање кон веќе етаблираните големи сили и единствената светска супер – сила, САД. Концептуализирањето на "опозитен" надворешно – политички идентитет, во контекст на конкретната анализа, подразбира изнаоѓање на соодветни институционално - политички механизми од страна на Унијата, со цел свое автономно, засебно и независно, а истовремено неконфликтно и конструктивно дефинирање и втемелување на својот надворешно – политички идентитет.

Втемелувањето на еден политички идентитет / надворешно - политички идентитет, не претставува *ipso facto* противење или конфронтирање со друг, веќе етаблиран политички субјект. Констатацијата донесена исклучиво врз основа на "конфликтното" стојалиште за формирање на идентитети, само би ја потврдило Шмитовата "теорија на конфликтност", која во рамките на својот философски дискурс, тргнува од тоа дека: "Омразата кон другите е неопходна за создавање на солидарност во хомогеното ЈАС". [6] Што се однесува до Унијата и нејзината специфична генеалошка природа, оваа теорија се чини како несоодветна. Затоа што, изградбата на политичкиот идентитет / надворешно - политичкиот идентитет на Унијата, уште од самиот нејзин почеток, се продуцира и развива во едни други и поинакви услови. Услови во кои соработката, почитувањето и интеграцијата, претставуваат *sine qua non* за нејзино функционирање и комуникација со меѓународната средина.

Во тој контекст, Унијата преку втемелувањето на својот надворешно – политички идентитет, дотолку повеќе ќе стекне способност и капацитет да го поведе светот во новиот мултикооперативен светски поредок или поредок во кој постоењето на "општото зло" (прашањето на глобалниот тероризам, глобалното затоплување и сл. ) ги "принудува" државите и останатите политички субјекти да дејствуваат синхронизирано, хармонично и колку што е можно повеќе - единствено.

5 Проф. Д-р Славејко Сасајковски, *"ЕУ и САД како играчи на големата шаховска табла на Збигњев Бжежински"*, мај 2007 година.

6 Andrew Norris, *Carl Schmitt on friends, enemies and the political,* http://es. geocities. com/sucellus23/telos40. htm [2008]

## ОПШТО ЗА ЛИСАБОНСКИОТ ДОГОВОР

Лисабонскиот договор е склучен на 13 декември 2007 година, во главниот град на Португалија, Лисабон. Со склучувањето на овој т. н. "Реформски договор" се прави значаен, фундаментален исчекор напред во поглед на политичкото интегрирање на ЕУ и втемелувањето на нејзиниот надворешно – политички идентитет. Неговото значење, произлегува токму од институционално – политичката определба на државите – членки, за санација и консолидација на демократскиот дефицит и кризата на идентитетот на Унијата, во која таа се затекна по "падот" на европскиот устав. Таквата ситуација отвори многу прашања, во однос на тоа како понатаму ќе се развива Унијата и дали таа ќе биде способна да "се конституира како функционална политичка / надворешно – политичка унија". [7]

Во таа насока, со договорот се предвидува:

- интегрирање на европските надворешно – политички капацитети;
- воведување на институцијата "Претседател на Европскиот Совет";
- воведување на институцијата "Висок претставник на Унијата за надворешни работи и безбедносна политика", како и "Европска служба за надворешни акции";
- флексибилен безбедносно – одбранбен систем и
- конституирање на единствен правен субјективитет на ЕУ.

Со интегрирањето на надворешно – политичките капацитети на ЕУ и фузирањето на нејзините три столба, се врши рационализација на институциите во поглед на обезбедувањето на ефикасен и симплифициран механизам, погоден за ефектуирање на **кохерентна надворешна политика**.

Во рамките на тоа, со воведувањето на институцијата "Претседател на Европскиот Совет", конечно се институционализира **фиксен инокосен орган** на ЕУ, со мандат од две и пол години и репрезентативни овластувања во водењето на европската надворешна политика.

Покрај оваа институција, се воведува и институцијата "Висок претставник на Унијата за надворешни работи и безбедносна политика" (понатаму во текстот: *Висок претставник*). Во согласност со договорот, Високиот претставник ќе биде задолжен за организирање и координирање на работата на Унијата, во поглед на заедничката надворешна и безбедносна политика и претставувањето на Унијата во меѓународните односи. Оваа институција настанува со кумулација на претходните институции: "Европски комесар за надворешни односи и соседска политика" и "Висок претставник за надворешна и безбедносна политика на ЕУ". Целта на оваа кумулација и рационализација е

[7] Проф. Д-р Славејко Сасајковски, *"ЕУ и САД како играчи на големата шаховска табла на Збигњев Бжежински"*, мај 2007 година.

исполнувањето на институционално – политичките (пред)услови за формирање на ефективно "министерство за надворешни работи" и **единствено претставување** на Унијата во меѓународните односи.

Во таа насока, со договорот се институционализира и т. н. "Европска служба за надворешни акции" (ЕСНА), како тело кое ќе треба да обезбеди систематско, синхронизирано и **конзистентно** функционирање на Унијата, во поглед на надворешната политика и преземањето на надворешно – политичките активности.

Покрај тоа, конечно се врши "заокружување" и на правниот субјективитет на Унијата, со што се прави чекор напред за нејзино трансформирање во **единствен меѓународно – правен субјект**, со свои специфики и автономен надворешно – политички идентитет. Станува збор за својство, кое ќе придонесе Унијата да се појавува како единствена страна при склучувањето на меѓународни договори со трети земји, а со тоа и колективно да стапува или истапува од членство во други меѓународни организации, структури и пактови, како единствен субјект.

Со легитимирањето на правниот субјективитет на Унијата, паралелно се врши и "елевација" на трите столба предвидени со Мастришкиот договор, од меѓудржавно (договорно), на супра - национално (европско) ниво, [8] со исклучок на ЕВРОАТОМ, кој и понатаму останува да биде независен и засебен ентитет во рамките на Унијата.

Покрај тоа, договорот врши институционализација и проширување на надлежностите на Унијата во областа на безбедноста и одбраната. Тоа се прави преку институционализација на т. н. "Европска одбранбена агенција" (ЕОА), со цел развивање на воено – техничката индустрија на Унијата. Преку формирањето на оваа Агенција, Унијата ќе започне да инвестира во својот т. н. *hard power* сегмент (воен капацитет), кој ќе треба да и обезбеди ефективно водење на надворешната политика и справувањето со глобалните предизвици, особено со одговорноста на мултилатералниот мултиполаризам.

[8] Се смета дека и покрај навидум "супра – национализирањето" на надворешно – политичките капацитети на Унијата, тоа не претставува функционален исчекор напред, поради постојната и непроменета "кочница", олицетворена во системот за едногласно донесување на одлуки од областа на надворешната политика на Унијата. Супра – национализирањето, во контекст на Лисабонскиот договор, треба да се сфати во смисла на нивелирање на трите столба предвидени со мастришкиот договор, и нивно "подигнување" на едно супра – национално рамниште. Преку постоењето на системот за едногласно одлучување, оваа сфера на ЕУ и понатаму останува да биде "заложник на националните превирања" на државите – членки и интерговернментализмот.

## ИМПЛИКАЦИИТЕ НА ЛИСАБОНСКИОТ ДОГОВОР ВРЗ НАДВОРЕШНО – ПОЛИТИЧКИОТ ИДЕНТИТЕТ НА ЕУ

Тргнувајќи од есенцијата на договорот, истиот не само што го продолжува нереализираното дело на «пропаднатиот» европски устав на еден специфичен, истовремено комплексен начин, туку и реализира неколку квалитативни измени, преку кои се прави извесно релативизирање и «децентрализирање» на супра – националниот концепт во понатамошната политичка изградба на Унијата. Поради таквата негова природа, често пати за истиот се вели дека претставува своевиден носител на "латентниот" конституционализам, како чекор кон создавање на европски федерализам без федерација, или како што би рекол Збигњев Бржежински: "во најдобар случај, evropskata политичка унија, би прераснала во нешто помалку од Соединети Европски Држави и нешто повеќе од Европска унија како корпорација". [9]

Во рамките на тоа, Лисабонскиот договор зазема едно специфично, круцијално и истовремено иницијално место на интеграциската каскада. Што се однесува, пак, до неговата институционално - политичка архитектура, како комплексен, компромисорен и алтернативен "потомок" на "пропаднатиот" европски устав, тој отворено започнува да атерира во однос на прашањето за создавање на федерална Европа, сфатено во класична смисла на зборот. Според тоа, со **Лисабонскиот договор не се конституира, туку само се имплицира на надворешно – политичкиот идентитет, преку пропишувањето на соодветните институционално – политички перформанси.**

Најмногу, аспектот на "деконституционализација", доаѓа до израз преку номиналното редефинирање на елементарните поими со кои манипулира самиот договор. Така, на пример, се врши преименување на институцијата "Претседател на ЕУ" во "Претседател на Европскиот Совет на ЕУ", "Министер за надворешни работи на ЕУ" во "Висок претставник на Унијата за надворешни работи и безбедносна политика", потоа "европските закони", "европските директиви" и сл. се преиначуваат во "пред-уставната" терминологија односно "европски регулативи" итн. Покрај тоа, се врши и потврдување на уставните определби, кои директно асоцираа на "федерација", а преку кои се даваат извесни гаранции на државите – членки, дека Унијата нема да прерасне во политичка унија од федерален тип и на таков начин да ги "загрози" или узурпира нивните национални интереси, суверенитет и идентитети.

Покрај тоа, она што е карактеристично за овој договор, како институционално – политички импликации врз европскиот надворешно – политички идентитет, всушност се клучните фигури и институции предвидени со него. Според тоа, Лисабонскиот договор ги предвидува следните клучни фигури:

[9] Zbigniew Brzezinski, *The Geostrategic Triad - Living with China, Europe and Russia,* CSIS Significant Issues Series, December 2001, стр. 21

"Претседател на ЕС", "Висок претставник на Унијата за НРБП", како и стипулирањето на определбите за формирање на одбранбен механизам со специфична (флексибилна) природа.

Преку инсталирањето на горенаведените институции, како појавни форми и манифестации на европската "единственост", поточно кажано, европската репрезентативност и обидот за исполнување на максимата: "Европа да говори со еден глас и една уста во меѓународните односи", се прават специфични модулации карактеристични за овој договор. Во рамките на тоа, оваа максима се релативизира преку "дуалниот концепт" за надворешно – политичката репрезентативност на Унијата, затоа што и Претседателот на ЕС и Високиот претставник на ЕУ, имаат пропишана обврска и одговорност за претставување на Унијата во меѓународните односи, или онака како што претходно напоменав, дека со ефектуирањето на Лисабонскиот договор, Унијата ќ е добие најмалку "два телефонски броја", и тоа "бројот" на Претседателот на ЕС и "бројот" на Високиот претставник на Унијата. Преку ваквата определба, во рамките на Унијата се формализира "дијархијата" во надворешно – политичкото функционирање, односно бицефалното репрезентирање на Унијата во меѓународните односи (види: слика 1).




**Слика 1.**

Паралелно со тоа, се интензивира и улогата на Високиот претставник во поглед на афирмирањето и промовирањето на основните вредности на Унијата, како внатре во неа, помеѓу самите држави – членки, така и надвор од неа, во односите со другите меѓународни субјекти. Во исто време се засилува и неговата улога како арбитер, но и медијатор, во процесот за донесување на одлуки од предметната сфера. Во рамките на тоа, тој ќе биде должен, а истовремено и одговорен, да ја "забрзува" постапката околу хармонизирањето и синхронизирањето на политичките ставови на државите – членки од една страна, а од друга страна да ја овозможи на таков начин неопходната кохерентност и кохезивност во севкупното политичко функционирање на Унијата и нејзиното функционирање и репрезентирање во меѓународните односи. Високиот претставник, согласно со определбите на договорот, ја добива "најтешката" улога во организирањето и координирањето на државите – членки, со цел истите да ги (раз)убеди, единствено да застанат во името на европската визија, а со тоа заеднички да овозможат прогресивна изградба на надворешно – политичкиот идентитет на Унијата. Врз основа на таквата мултидимензионална улога на оваа клучна фигура, се настојува да се обезбеди поголема "доза" на репрезентативност на Унијата од досегашната, а истовремено и внатрешна функционалност, продуцирана преку дејствувањето, способностите и персуазивната моќ на Високиот претставник.

Според тоа, Високиот претставник се појавува како *supremo*, во поглед на она што значи организирање и координирање на политичките ставови на државите – членки, а исто така и ефектуирање на заедничките позиции на Унијата во светски рамки.

Покрај тоа, со овој договор се прави извесен чекор напред и во поглед на инсталирањето на т. н. *hard power* сегмент на ЕУ, односно се врши инсталирање и дефинирање на нејзината безбедносно – одбранбена рамка, која во иднина ќе треба да продуцира создавање на европска "армија" од специфичен тип, непротивречна на системот и стандардите на НАТО пактот и САД, според принципот на "*3D's*". [10]

Создавањето на една таква "армија", ќе треба да започне преку ефектуирањето на флексибилниот систем на Перманетната структурна соработка (ПСС) и иницирањето на т. н. *rapid reaction forces*, односно силите за брза интервенција на Унијата. Тие сили, ќе дејствуваат надвор од територијата на Унијата и внатре во неа под определни околности, а кои произлегуваат од по-

[10] Овој принцип, за прв пат го афирмира Медлин Олбрајт, која во една прилика ќе каже: "понатамошниот развој на европската одбранбена компонента, мора да почива врз принципот на "недуплирање, неодвојување и недискриминација" односно "no Duplication, no Decoupling & no Discrimination", во однос на постоечките воени капацитети, стандарди и перформанси на НАТО пактот и САД. Ваквиот принцип, во иднина ќе прерасне во нераскинлив дел од европскиот дизајн за конструирање и ефектуирање на засебен безбедносно – одбранбен систем, како hard power димензија на европскиот надворешно – политички идентитет.

требата за справување со евентуална воена агресија врз некоја од нејзините држави – членки од надвор, како и борбата против тероризмот, спречувањето на потенцијалните конфликти и справувањето со природни и други хуманитарни катастрофи.

Наспроти тоа, преку ефектуирањето на договорот, Унијата ќе започне да го трасира својот понатамошен пат кон пронаоѓање на нови и прогресивни институционално – политички и контрактуелни инструменти, во насока на нејзино специфично политичко профилирање и тенденција за создавање на специфична европска политичка унија, односно *politea sui generis*. Со оглед на тоа, концептуализацијата на таквата специфична *politea*, чии контури на глобално – политички “актер” ги имплицира Лисабонскиот договор, ќе биде разгледана подолу во текстот.

**- Концептуализации.** Аналогно на тоа, есенцијалното значење на овој договор, всушност претставува неговиот капацитет за примарно (имплицитно) исполнување на основните параметри на надворешно – политичкиот идентитет. Во рамките на тоа, како генерални и неопходни (пред)услови, Бретертон и Воглер во делото: “Европската унија како глобален актер”, ги наведуваат:

- посветеноста кон заедничките [evropski] вредности;
- домашната легитимација [се мисли на европската легитимациска база] на системот за донесување на одлуки и приоритети кои се однесуваат на надворешната политика;
- способноста за идентификување на приоритети и формулирање на политики, а засновани врз конзистентноста и кохерентноста, каде:
  - **кохерентноста**, индицира на степенот на совпаѓање помеѓу надворешната политика на државите – членки и онаа на Унијата, а додека пак
  - **конзистентноста**, се однесува на степенот на внатрешна координација на политиките во рамките на ЕУ, и
- способноста и капацитетот, за употреба на политичките инструменти, како што е дипломатијата / преговорите и способноста за ползување на економски и воени средства.

Тргнувајќи од тоа, со овој договор најпрво се пропишува вредносната рамка, кон која се обврзуваат државите – членки на Унијата и преку која ја детерминираат својата спремност во поглед на нејзина афирмација и надвор од нејзината територија. Потоа, преку самиот факт на постоење на овој договор и неговиот институционално – политички капацитет, се констатира постоење на соодветна легитимациска база на Унијата, за примарно втемелување на нејзиниот надворешно – политички идентитет. Додека, пак, од аспект на кохерентноста, кохезивноста и механизмите за нивна реализација, договорот афирмира и еден “нов тип” на политичка соработка, наспроти традиционал-

ната волунтаристичка соработка иницирана со “Извештајот од Луксембург” и легитимирана со “Единствениот европски акт”.

Станува збор за “инсталирање” на една не’ - волунтаристичка, арбитрерна политичка соработка, “оркестрирана” од страна на Претседателот на ЕС и особено од страна на Високиот претставник на Унијата.

Покрај тоа, истите автори наведуваат и некои други елементи, како посебни (пред)услови за фундирање на еден надворешно – политички идентитет. Во таа насока, како такви се наведуваат:

- признавање, сфатено како прифаќање [на ентитетот, Унијата] и интеракција на ентитетот со другите;
- авторитет, кој се однесува на правно фундираните компетенции за дејствување;
- автономија, како институционално – политичка дистинктивност во однос на друг ентитет;
- кохезија, или “степен до кој ентитетот е способен внатрешно да формулира и артикулира конзистентни политички преференци”[11], како и
- **политичка волја,** односно преференција на државите – членки, за реално политичко обединување на Унијата и нејзино трансформирање во политичка унија.

Тргнувајќи од оваа енумерација, првата наведена компонента или предуслов односно “признавањето”, подразбира дека ентитетот како таков, е “регистриран” во меѓународните односи и со тоа му се дозволува на истиот да партиципира во нив. Во таа насока, Роберт Џексон смета дека често пати оваа компонента (“негативен суверенитет”) сама по себе е “доволен услов за меѓународно дејствување”. [12] Додека, пак, во светло на Унијата, Јупиј и Капорасо го потенцираат значењето на *de facto* наспроти *de jure* (како претходното) признавањето, кое резултира од реалните интеракции на Унијата со трети држави. Аналогно на тоа, Унијата како таква, во своето досегашно постоење и функционирање, присуствувала и присуствува на разни меѓународни средби, поседува дипломатски врски со многу држави, прифатена е како преговарачки партнер во билатералните и мултилатералните меѓународни односи, и според тоа, може со сигурност да се констатира полното исполнување на конкретната компонента, а со тоа и признавањето на ЕУ од страна на глобално – политичката заедница како *de facto* чин.

Наспроти тоа, како следна компонента се наведува и постоењето на соодветен легален, правно фундиран капацитет за надворешно – политичко дејствување. Според тоа, Унијата како таква, поседува својевиден “правен суб-

[11] Katja Keisala, *EU as an international actor: Strenghtes of the European civilian power*, University of Tampere, 2004, стр. 82

[12] Ibid.

јективитет”, кој произлегува од нејзините држави – членки, како конститутивни единици. Додека, пак, првиот столб, конституиран со Мастришкиот договор, односно столбот кој се однесува на “Европските Заедници”, поседува целосен правен субјективитет, на една меѓународна организација. За разлика од него, вториот столб или столбот на ЗНБП, се до склучувањето на европскиот устав, односно Лисабонскиот договор, се наоѓа надвор од таквата правно фундирана структура.

Но без разлика на тоа, основите на функционирање на ЗНБП како таква, се утврдени уште со Мастришкиот и Амстердамскиот договор. Додека пак, преку ефектуирањето на Лисабонскиот договор, конечно ќе се направи “елевација” на трите столба на едно супра – национално рамниште, а истовремено Унијата ќе се стекне и со свој единствен и монолитен правен субјективитет.

Наредна компонента на надворешно – политичкиот идентитет, во согласност со горенаведената енумерација, е прашањето на автономијата. Станува збор, за како што кажав претходно, институционалната дистинктивност и независност на Унијата во однос на другите глобално – политички субјекти. Во основа, со Лисабонскиот договор значително се придонесува за реализацијата на оваа компонента, но истовремено, нејзиното реално аплицирање дотолку повеќе се комплицира преку се уште присутниот интерговерментализам, како систем кој во значителна мера ќе го оневозможи функционалното етаблирање на европскиот надворешно – политички идентитет. Од друга страна, со цел истиот да биде неутрализиран или рационализиран, согласно со надлежностите пропишани за Високиот претставник, тој ќе биде должен максимално да ги ефектуира своите персонални способности, со цел да ги (раз) убеди државите – членки да дејствуваат во интерес на вредностите, задачите и целите на Унијата, наспроти нивните национални, егоистични интереси. Врз основа на тоа, се настојува да се минимизира или редуцира “тежината” на постоечкиот интерговернментализам, преку имплементација на еден негов нов тип, односно **рационален / рафиниран интерговернментализам.** Идеата за негово имплементирање, во голема мера резултира од досегашната негативна практика на Унијата, кога станува збор за одлучување по повод виталните прашања од нејзин интерес, кои предизвикуваат дисхармонија и дисконтинуитет во политиката на кохерентност и кохезивност.

Што се однесува пак до прашањето за кохерентноста и кохезијата во надворешно – политичкото дејствување на Унијата, се појавува исто така како исклучително проблематично. Велам проблематично, бидејќи повторно постоење на интерговернментализмот и во оваа насока, се појавува како круцијално. Истото тоа, негативно се рефлектира и врз генерирањето на позитивна политичка волја кај државите – членки, за политичко обединување на Унијата.

**- Природа на идентитетот.** Кога станува збор за природата на надворешно - политичкиот идентитет на ЕУ, најпрво, се алудира на неговата безбедносно - одбранбена димензија, која се третира како дискутабилна категорија, поради досегашната профилираност на Унијата како цивилна / невоена сила.

Но наспроти тоа, Унијата врз основа на перформансите стипулирани преку институционално – политичката архитектура на Лисабонскиот договор, се уште ќе продолжи да егзистира како цивилна, нормативна сила, која преку моќта на своите институции ќе учествува во креирањето и моделирањето на глобалниот, односно мултиполарниот светски поредок, затоа што, цивилната моќ на Унијата не произлегува од средствата со кои таа располага, туку е детерминирана од целите, чие исполнување се предвидува.

Врз основа на тоа, преку проширувањето на Петербуршките определби[13] со договорот, Унијата ќе стекне легитимитет и иницијален капацитет, да дејствува при определени ситуации, како на пример: разоружување, хуманитарни акции, превенција на конфликти и сл. , односно станува збор за "воени" или воено – хуманитарни активности од низок ранг.

Во таа смисла, јакнењето на безбедносно – одбранбената димензија на Унијата, ќе значи само експандирање и реорганизирање на нејзините капацитети, таа и понатаму да дејствува не само како цивилна, туку и како етичка и аксиолошка моќ на светската политичка сцена.

Она што особено доаѓа до израз во Договорот, тоа е конечното делимитирање на "ликот и гласот" на Унијата. Според тоа, со стапувањето на сила на овој договор, ако не во функционална, барем во репрезентативна смисла ќе се заокружи "другоста", односно идентитетот на Унијата во однос на другите глобално – политички актери.

Според тоа, преку формулирањето на еден таков, **иницијално интервентен, нео – кооперативен надворешно – политички идентитет**, Унијата ќе се "оспособи" себеси за иницијално справување со глобалните предизвици, особено со предизвикот на мултиполарниот светски поредок.

---

[13] За подетално, види: Радован Вукадиновиќ и Лидија Чехулиќ, *Политика на европските интеграции*, Топикал - Загреб, 2005, стр. 237

Со Петербуршката декларација беше дефинирана можноста за учество на ЗЕУ во хуманитарни и други операции за спасување, операции за зачувување на мирот (*peacekeeping*), употреба на воени сили во управувањето со кризи (*crisis management*) и сл.

Преку оваа декларација, таа доби можност за воено ангажирање во мноштво на мировни операции, а во името на Европската унија. Со тоа, Унијата сакаше да му покаже на САД дека, во новиот светски поредок, таа сака да преземе дел од одговорноста на безбедносен план и дека е способна соодветно да ја следи трансформацијата од т. н. *hard security* во т. н. *soft security*, а со тоа и да одговори на предизвиците на новиот светски поредок.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на претходно презентираното, со сигурност може да се констатира дека, Лисабонскиот договор претставува оптимистичка манифестација на заложбата за понатамошно политичко унифицирање на Унијата и нејзино етаблирање како релевантен субјект на светската политичка сцена

Аналогно на тоа, а во согласност со институционално – политичката архитектура на Договорот, повеќе од очигледно е дека Унијата нема да се трансформира во супер – држава, но ниту пак во супер – сила "способна" реално – политички да им "опонира" на постоечките големи сили или пак на единствената супер – сила, САД. Во таа насока, Унијата се детерминира како конструктивен, пријателски и партнерски играч, со иницијаторска профилација и тенденција за свое понатамошно надворешно – политичко еволуирање. Според тоа, надворешно – политичкиот идентитет на Унијата, стипулиран / инициран преку овој договор, во најдобар случај ќе ја демаркира нејзината егзистенција на светската политичка сцена, во една репрезентативна, но не и во функционална смисла на зборот. Инсталирањето на "двата телефонски броја", ќе има функција репрезентативно да го обезбеди нејзиното присуство во меѓународните односи и примарно да ја заокружи нејзината "другост", во однос на другите политички субјекти.

Според тоа, имплицитноста на Лисабонскиот договор врз надворешно – политичкиот идентитет на Унијата е повеќе од значајна, во услови на френетична неизвесност за нејзиниот понатамошен развој. Со ефектуирањето на овој договор, пак, Унијата ќе се стекне со една напредна платформа, која ќе биде добра основа за нејзиното понатамошно развивање во сериозен и релевантен актер на светската политичка сцена, со свој препознатлив надворешно – политички идентитет.

## БИБЛИОГРАФИЈА


- Andrew Norris, *Carl Schmitt on friends, enemies and the political,* http://es. geocities. com/sucellus23/telos40. htm [2008]
- Charles Grant with Katinka Barysch, *Can Europe and China shape a new world order*, The Centre for European Reform, 2008.
- Global power Europe, *Supporting a strong and active European Union*, http://www. globalpowereurope. eu/ [2008]
- Lisbeth Aggestam, *Role Conceptions and the Politics of Identity in Foreign Policy,* Department of Political Science, University of Stockholm. http://www. arena. uio. no/publications/wp99_8. htm
- Славејко Сасајковски, *"ЕУ и САД како играчи на големата шаховска табла на Збигњев Бжежински"*, (Зборник на трудови: "Република Македонија на патот кон НАТО и ЕУ – состојби и перспективи"), ФОН (Скопје), 2007 година.
- House of Commons Foreign Affairs Committee, *Foreign Policy Aspects of the Lisbon Treaty*, Third Report of Session 2007–08, Published on 20 January 2008 by authority of the House of Commons-London. http://www. publications. parliament. uk/pa/cm200708/cmselect/cmfaff/120/120. pdf
- Thomas Jansen, *Reflections on European Identity,* European Commission, 1999.
- Katja Keisala, *EU as an international actor: Strenghtes of the European civilian power*, University of Tampere, 2004.
- Zbigniew Brzezinski, *The Geostrategic Triad - Living with China, Europe and Russia,* CSIS Significant Issues Series, December 2001.


### Документи:


- *Treaty of Lisbon*, http://www. euinfo. ie/uploads/file/Consolidated_LISBON_TREATY_3. pdf
- *Draft Treaty establishing a Constitution for Europe* (13 June and 10 July 2003), http://www. ena. lu?lang=2йdoc=15914
- *Declaration on European identity*, (Copenhagen report 1973), www. ena. lu/declaration_european_identity_copenhagen_14_december_1973-020002278. html

| Политички науки<br>Political sciences | UDK/UDC 316.334.3:373.3.016<br>Научен текст / Scientific Paper |
| --- | --- |

*М-р Бојана Попадиновска*

# СТАВОВИТЕ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ ЗА ВОВЕДУВАЊЕТО НА РЕЛИГИСКО ОБРАЗОВАНИЕ

## АПСТРАКТ

Религиското образование (преку предметот Веронаука) во Република Македонија за прв пат е воведено во учебната 2002 година. Поради одредени недостатоци, Уставниот суд во 2003-тата донесе одлука за негово укинување. Во 2006-тата беше донесена одлука за повторно воведување на Веронауката како изборно/задолжителен предмет, со алтернатива Запознавање со религиите. Врз основа на оваа одлука, од учебната 2008/09 година во образовниот систем, во петто одделение, како изборно-задолжителни предмети се воведоа Веронаука и Запознавање со религиите. На ваквите промени во образовниот систем им претходеше донесување на измените на Зако-

*Bojana Popadinovska, M. Sci*

# VIEWS OF POLITICAL PARTIES ON INTRODUCING THE SUBJECT OF RELIGIOUS EDUCATION

## ABSTRACT

Religious Education (through the subject of Scripture) was introduced for the first time in R. Macedonia in the school year of 2002. Due to it its shortcomings, this law was abolished by the Constitutional Court in 2003. There was another decision made to reintroduce Scripture as an optional/compulsory subject or as an alternative the subject of Introduction of Religions. Based on this decision from the school year of 2008/9 in the fifth grade of the education system Scripture and Introduction of Religions were introduced as optional/compulsory subjects. Prior to these changes in the education system the law on Primary Education had also been amended.

Through a Parliament session regar-

нот за основно образование.
Ставовите на политичките партии по ова прашање може да се проследат преку собраниската расправа по овој закон, но заради негова целосна анализа беа спроведени и интервјуа со претставници на неколку политички партии.

**Клучни зборови**: Веронаука, Запознавање со религиите, конфесионален модел, неконфесионален модел, политички партии

ding this law we can observe the views of the different political parties in relation to this issue, however for further analysis we have conducted interviews with representatives from several political parties.

**Key words:** Scripture, Introduction of Religions, confessional model, unconfessional model, political parties

bojana@isppi. ukim. edu. mk

Веронауката веќе е присутна како задолжителен или како изборен предмет во голем број училишни системи во Европа. Искуството говори дека во системите коишто не предвидуваат посебен предмет Веронаука, религијата се разгледува како дел од другите задолжителни предмети, како што се социологија, филозофија, историја. Така, било како задолжителен, изборен, конфесионален или неконфесионален модел, или како тематски дел од друг предмет, пренесувањето на религиските пораки и вредности е присутно во сите образовни системи.

Кога се зборува за Веронаука или religisko образование, најчесто споменувани се двата основни модела на ваквиот тип на образование - “конфесионален модел” и “неконфесионален модел”.

Во земјите во кои предметот religisko образование е од конфесионален карактер, било да се остварува во рамките на задолжителен предмет или низ други активности, конципиран е така да овозможува стекнување одредени вредности кои се во согласност со религиските вредности на официјалната или доминантната религија.

Во Република Македонија, во 2002-та учебна година, Веронауката беше воведена како факултативен предмет во трето оделение. Според тогаш замислената содржина на предметот, учениците од различни конфесии за овој час се делеа, односно, православните слушаа една а муслиманите друга веронаука.

По само една година, вака замислениот предмет, со одлука на Уставниот суд беше укинат, бидејќи покрај тоа што не беше функционален, го повреду-

ваше Уставот и во тој период важечкиот Закон за основно образование во кој децидно стоеше дека «Во основното училиште се забранува политичко и верско организирање и дејствување. Во основното училиште не се дозволува организирање на верско образование» (член 13). Вака концепираниот предмет беше оценет како верско дејствување во рамките на државните институции.

По промената на власта во 2006, партијата носител на власта ВМРО-ДПМНЕ, навести повторно воведување на веронауката. Ваков потег беше очекуван бидејќи беше и ветен пред изборите. [1]

Според сегашните состојби, Владата, односно Министерството за образование ќе понуди два изборни предмета кои ги бираат учениците од петтото одделение - Веронаука и Запознавање со религиите. По предметот Веронаука повторно е предвидено поделба на учениците според конфесии. Покрај промените на Законот за основно образование (со цел воведувањето да биде законито), новина во овој модел е предвидувањето на алтернативна замена на Веронауката.

Во однос на ова прашање, политичките партии развиваат сопствени гледишта и практика кон религијата. По прашањето за религијата, партиите развиле сопствена традиција според која се препознатливи. Во зависност од тоа дали некоја партија е на власт или не е, од нејзините програмски ставови за религијата нужно произлегуваат и многу други определувања и сфаќања за религијата.

Во поранешните социјалистички општества доминантна беше парадигмата на комунистичките партии за религијата, која се темелеше на марксистичкиот поглед на светот.

Постојат партии кои религиозниот поглед, односно некои негови елементи ги вградуваат и прифаќаат во програмските документи, но има и такви кои се на стојалишта – од делумно прифаќање до целосно отфрлање.

Според професорот Тимовски, ВМРО-ДПМНЕ во своите програмски документи поопстојно се занимава со местото и улогата на МПЦ. Имено, оваа партија во изборната програма од 1990 година се залага и посебно го афирмира гледиштето за целосна независност на Црквата. Таа се издига на ниво на репрезент и се вели дека „Македонската православна црква ја претставува македонската нација и држава. ВМРО-ДПМНЕ на црквата ќе гледа како на изворно важна национална институција која ќе ја помага». Овој пристап може да се сфати и како повторно приближување на една политичка партија кон Македонската православна црква.[2]

Во продолжение, проф. Тимовски наведува дека по вторите парламентарни избори настанува пресврт во политичките партии, еден дел од партии-

[1] Програма на ВМРО-ДПМНЕ за преродба 2006-2010, преродба во 100 чекори, стр 76

[2] Владо Тимовски (2005): Образованието и религијата, соочување со веронауката, Книгоиздателство Феникс стр. 78

те, посебно оние со национален нагласок, поголемо внимание му посветуваат на прашањето за веронаука. Во програмскиот документ на X-тиот конгрес на ВМРО-ДПМНЕ, поконкретно во Резолуцијата, се укажува на нејзините духовни корени и се истакнува враќањето кон религиозните корени и афирмација на духовно-христијанските вредности. Во таа смисла партијата смета дека веронауката треба да добие третман на наставен предмет во задолжителното образование. [3]

Залагањата на Партијата во основното образование да се воведе Веронаука може да се види и според поместувањата во Законот за основно образование, односно според промената на конкретниот член 13 од споменатиот закон. Оваа партија во два наврата досега се обидува овој предмет да го стави во рамките на законот, а со тоа и во рамките на задолжителното основно образовние.

Во продолжение на текстот ќе следат ставовите на политичките партии. За прикажување на целосната слика по ова прашање, направени се интервјуа со претставници на некои политичките партии. Ставовите на партиите кои не се опфатени со интервјуата ќе бидат пренесени преку прикажување на нивните дискусии на собраниските седници по повод Измените и дополнувањата на Законот за основно образование . [4]

## СТАВОВИТЕ НА ПАРТИЈАТА ВМРО-ДПМНЕ

Според изнесеното во интервјуто направено со претставник на партијата ВМРО-ДПМНЕ[5], размислите на оваа партија за воведување на Религиско образование во системот на формалното образование започнале од осамостојувањето на Република Македонија. Според соговорникот, идејата за воведување на овие предмети произлегува од позитивните искуства на европсите држави. Што се однесува до направените истражувања во нашата држава, според соговорникот, се покажува дека македонското население е религиозно, па од таму се наметнува размислата за воведување на овие предмети, а со тоа и овозможување на граѓаните да си го остварат едно од универзалните човекови права, правото образование-што подразбира задоволување на специфичните потреби за негово остварување.

Според Партијата, се има предвид и местото на православната црква во градењето на нашиот културен систем, особено во изградбата на македонската нација. Ставот е дека, таквата улога на религијата во одржувањето и

[3] исто стр. 88

[4] Ставовите на партијата ДУИ нема да бидат претставени, бидејќи во периодот кога измените на овој закон беа во собраниска процедува претставниците на оваа партија не присуствуваа

[5] Интервјуто е водено со проф. д-р Марија Ташева, ВМРО-ДПМНЕ

негувањето на културниот идентитет не треба да се изгуби, туку да се зајакне со некој предмет преку кој учениците ќе се приближат до религијата на нивните родители.

Според ВМРО-ДПМНЕ, од самиот почеток на зреење на идејата за ваков предмет никогаш не се размислувало тој да биде задолжителен, туку како изборен предмет за кој за учениците до десет години изборот ќе го направат родителите.

„Од анализите на религиското образование ширум светот произлегува дека таму каде што постои, претставува континуиран процес (предучилишно, основно и средно образование). Кај нас никогаш не се размислувало во таа насока. Размислите оделе во правец на воведување на вероучение – но само како запознавање на децата со моралните вредности на православната религија. «[6]

Според Партијата, она што кај нас ќе се воведе не претставува „вероучение», бидејќи вероучението подразбира континуиран процес. Учениците, без разлика дали ќе го изберат предметот Веронаука или Запознавање со религиите, всушност, ќе можат да се стекнат со елементерно познавање од религијата.

Според оваа партија, првиот обид за воведување на Веронауката може да се толкува како пилот проект.

На прашањето, дали може да се каже дека тоа претставува резултат на предизборна кампања, од партијата сметаат дека воведувањето може да биде дел од програмата на една или на повеќе политички партии, меѓутоа не може да се толкува како дел на остварување на предизборна програма затоа што партијата со години се заложува за воведување на верско образование. Тоа е нејзина стратешка цел.

Според Партијата, односно нејзиниот претставник, ваквиот Закон може да претставува проблем само во делот на предметот Запознавање со религиите, бидејќи како што е предвидено овој предмет треба да го изведуваат дипломирани социолози и филозофи, кои во своето образование не го изучувале овој предмет од потребниот аспект.

Предност кај Веронауката, според Партијата, може да се види во изборот на родителите, со што ги насочуваат нивните деца кон сопствената религија. Таквото воведување е многу значајно, бидејки на тој начин би се избегнало пристапувањето кон други култови кои имаат лоши цели. Партијата не гледа негативни последици од воведувањето на овој предмет.

На прашањето „Постои ли простор да се размислува дека ваквиот предмет повеќе ќе ги оддалечи учениците?» (тука се мисли на моментот на двоење за часот по Веронаука), одговорот е дека нема да доведе до оддалечу-

[6] исто

вање на учениците, бидејќи во реформираното образование учениците уште од прво одделение имаат изборни предмети, со што за нив е многу нормално дел од предметите да ги слушаат со едни, а друг дел со други ученици.

Според ВМРО-ДПМНЕ, проблем по измените на Законот за основно образование со кои се воведува Веронаука и Запознавање со религиите може да претставува само делот на обезбедување на наставници по предметот Запознавање со религиите.

Според оваа партија, најсоодветен модел на религиско образование за нашето општество претставува решението воведено со измените на Законот за основно образование.

Според пратеникот на оваа партија, Александар Спасеновски, најдобар модел е предвидениот, односно предметот организиран како задолжително-изборен, кој во најголема мера ја отсликува реалноста во Република Македонија. Според пратеникот, со оваа формулација се задоволуваат правата на децата во чии семејства е востановена верската практика, но истовремено не им се наложува на останатите деца во чии семејства доминира атеистичката концепција. [7]

## СТАВОВИТЕ НА ПАРТИЈАТА СДСМ

Спротивно на ставовите на владејачката партија, најголемата опозициска партија СДСМ во однос на прашањата за Религиското образование ги истакна следните ставови[8]. Според оваа партија, на одлуката што ја донела Владата за воведување на ова образование не и претходеле истражувања, туку волонтаристичка анализа од оние што го донеле законот. Одлуката е донесена без претходно истражување на волјата на граѓаните и без претходно истражување на ефектите.

Одлуката за воведување на неконфесионалниот модел, според оваа партија, е начин преку кој ќе се легализира присуството на образованието за религијата во училиштата , а притоа тоа да не биде во судир со Уставот. „Очекувано, ваквиот предлог наиде на прифаќање и од невладините организации и од меѓународната заедница со оглед на тоа што на Р. Македонија и е потребно повеќе образование за меѓусебно запознавање на припадниците на различните религии.«[9]

На прашањето „Дали е посоодветно доколку на овој процес му претходеше пилот проект?», претставникот на оваа партија го изнесе мислењето дека би било добро доколку на целиот процес му претходи истражување, но

[7] www. sobranie. com. mk; стенограмски белешки од 36-та седница седмо продолжение, стр. 13
[8] интервјуто е водено со проф. д-р Ѓорѓи Спасов, член на партијата СДСМ
[9] Извадок од интервјуто со претставникот на СДСМ

дека тоа секогаш зависи од оној кој го води проектот. „Ако целта е да добиете релевантни податоци - дали тоа е потребно или не е потребно, тогаш ќе се спроведе истражување, меѓутоа, ако целта е воведување тоа ќе се воведе без разлика на резултатите»[10].

Според СДСМ, одлуката за воведување на религиското образование претставува резултат на остварување на предизборната програма на ВМРО-ДПМНЕ.

Во однос на Законот за основно образование, партијата го изнесе мислењето дека нема ништо против предметот Запознавање со религиите, меѓутоа притоа ја истакна и опасноста од злоупотреба на религиското образование. Резултатите од овој проект, според Партијата, многу зависат од тоа како ќе се спроведе проектот. Притоа, тука фокусот на вниманието го насочува кон способноста за образовање на образовачите.

Ставот на Партијата е, дека нема да има никакви негативни последици доколку овој процес соодветно се спроведе, сé до оној момент кога учениците ќе се запознаваат со својата и со религиите на другите; што тие значат, какви празници слават, што значат одредени обреди итн; со тоа ќе се надмине недовербата и стравот кој произлегува од непознавањето на едни со други, меѓутоа, доколку ваквото верско образование биде во функција на зајакнување на верата и продлабочување на расколите помеѓу едните и другите верски заедници, тогаш тоа може да нанесе неповратна штета на образованието.

Овој процес, според СДСМ, нема да продуцира нов проблем доколку се спроведе во согласност со неговата намера. За тоа соодветно да се спроведе треба, покрај владините институции, во процесот на евалуацијата да учествуваат и деловите од граѓанскиот сектор.

Според претставникот, СДСМ се залага за секуларна држава, за одвојување на државата од религијата, за слобода на вероисповедта, за слободно дејствување на верските заедници.

Најсоодветен предмет за воведување според структурата на нашето општество, според СДСМ, претставува предметот Социологија на религиите или предложениот Запознавање со религиите, меѓутоа, наведуваат тие, и доколку се воведат само овие предмети, потребна е соодветна едукација на кадрите, како и постојана евалуација.

Што се однесува до собраниската дискусија, според пратеничката Славица Грковска, воведувањето на вакви изборни предмети ќе направи сериозен проблем, поради тоа што ќе направи поделба меѓу учениците. Целта на овој проект, според пратеничката, не оди во прилог на моделите коишто ќе овозможат образованието да биде интегрирачки фактор, туку претставува модел којшто овозможува дезинтегрирање на учениците во основното образование.[11]

[10] исто

[11] www. sobranie. com. mk; стенограмски белешки од 36-та седница петто продолжение, стр. 15

## СТАВОВИТЕ НА ПАРТИЈАТА ДПА

Оваа партија, како проблем во општеството го гледа одалечувањето на луѓето од Бога[12]. Исто така наведуваат дека, главно, концептот на религијата е за мир, и дека религијата е главниот промотор на моралноста во општеството. Претставникот на Партијата истакна дека, ако сакаме да имаме деца кои ќ е бидат морални и ќе ги одбегнуваат општествените аномалии, тогаш ни треба религијата и во образованието и во општеството.

Во врска со прашањето „Дали може да се каже дека одлуката е резултат на остварување на предизборната програма?», од оваа Партија сметаат дека, ако луѓето прават добри работи не претставува проблем дали тоа е предизборна програма или не, најважјно е сржта на работата да биде добра.

Според ДПА, веронауката треба да ја предаваат теолози со педагошка формација, затоа што не треба да се пренесува само општествената димензија на религијата.

Како позитивна страна на предметот Веронаука се наведува учењето на религијата, со што ќе се задоволи и внатрешната потреба, а со тоа учениците ќе станат и поспокојни во учењето. Преку овој предмет ќе се разбуди хуманизмот кај учениците и моралната димензија.

Како негативна страна на овој процес, претставникот од оваа партија ја наведува спремноста за држење на ваквата настава, односно спремноста на наставниците за ваков тип на настава.

Според партискиот претставник, воведувањето на веронауката нема да ги оддалечи учениците кои заедно нема да го слушаат овој предмет, затоа што, според него, човекот сега се наоѓа во фаза каде што разликите не се причина за луѓето да се одвојуваат еден од друг.

Како најсоодветен модел за нашето општество, претставникот од оваа партија го наведе предметот Веронаука кој, според него, би требало да биде присутен во текот на целото школување на децата. Потребата ја гледа во воведување барем на еден духовен предмет, покрај сите веќе присутни световни прдмети.

Како најсоодветни предавачи за овој предмет претставникот ги наведува теолозите. Исто така беше наведено дека преку овој предмет би требало да се запознаат и другите религии. Преку овој предмет треба да се навлезе во емоциите на религијата.

[12] интервјуто е водено со проф. д-р Метин Изети

## СТАВОВИТЕ НА ДРУГИТЕ ПОЛИТИчКИ ПАРТИИ ПРЕТСТАВЕНИ ВО СОБРАНИЕТО НА РМ

Според Јован Лазарев (заменик на министерот за образование и наука во периодот на донесување на Законот за основно образование, припадник на Социјалистичката партија), со законот се дава можност за избор на предмет кој ученикот треба да го слуша. Основна цел, наведува тој, е да се изградат личности кои ќе имаат знаење и вештини со кои ќе се оспособат за активна партиципација во современото општество.

Во својата дискусија во Собранието на Република Македонија, тој исто така изнесе, дека на оваа одлука и претходел процес на истражување. Од контекстот на дискусијата може да се извлече заклучок дека причината за ваквата одлука се девијантните појави меѓу младите луѓе кои алармираат дека нешто суштински треба да се преземе во однос на изместеноста на моралните и етички вредности. [13]

Пратеникот од Либералната партија Ристана Лалчевска, во собраниската дискусија се заложи, за воведување на задолжителен предмет Историја на религиите. Преку овој предмет детето ќе добие познавање на сите етички и морални вредности. Според пратеничката, концептот на овој предмет, кој е неконфесионален модел, е многу поприфатлив и од аспект на составот на државата, бидејќи во нашата држава живеат припадници на повеќе религии и би било сосема исправно тие да ги изучуваат различните религии за да можат меѓусебно да се почитуваат.

Според пратеничката Лилјана Поповска (претседател на ДОМ), влезот на верското образование директно во училиштата би можело да значи несогласеност со Уставот во кој државата е дефинирана како секуларна. Од друга страна, пак, пратеничката Поповска наведува дека тоа би можело да внесе раздор и дополнителна делба помеѓу децата од различна вероисповед. Таа исто така наведува дека, изучувањето на историјата и филозофијата на религиите ќе придонесе за духовна надградба и здобивање со поширока култура на граѓаните, како и за меѓусебно поблиско запознавање и почитување на претставниците на различните религии, што ќе води кон поголема кохезија на македонското општество. [14]

Свој став во однос на ова прашање изнесе и пратеничката од Либерално-демократската партија Роза Топузовска – Каревсака. Според неа, воведувањето на веронауката во голема мера ќе го наруши односот помеѓу државата и одредени верски заедници, притоа наведувајќи дека тоа не оди во насока на градење на добри односи помеѓу самите верски заедници и останатите религи-

[13] www. sobranie. com. mk; стенограмски белешки од 36-та седница петто продолжение, стр. 4
[14] www. sobranie. com. mk; стенограмски белешки од 36-та седница осмо продолжение, стр. 1

озни групи. Таа, исто така, наведува дека непознавањето на различностите и особеностите на другите води кон непочитување.

Според пратеничката, добро би било учениците кои учат во училиштата каде што има припадници на различни конфесии, на часовите да останат заедно и заедно да го слушаат предметот Запознавање со религиите, запознавајќи ги сите морални вредности коишто ги нудат сите религии. Таа, во продолжение, наведува дека не е добро едните да одат и да ги слушаат предавањата на православните теолози, а другите на теолозите од исламската вероисповед. Исто така, таа истакнува дека моралната димензија е кај сите религии иста и дека е добро да се познаваат сите религии, односно да се извлече она што не учи да се изградиме како позитивни личности. [15]

## ЗАКЛУЧОК

Од приложеното може накратко да се заклучи дека оправданост од воведување на конфесионален облик на Веронаука гледаат партиите ВМРО-ДПМНЕ, ДПА и СП. За разлика од нив, другите партии оправданост и корисност гледаат само во воведувањето на неконфесионалниот модел.

За споменување е дека постои консензус од сите партии за воведување на неконфесионалниот модел, односно на предметот Запознавање со религиите.

Според изнесеното во интервјуто направено со претставникот од ВМРО-ДПМНЕ, јасно може да се види наклонетоста на оваа партија кон црквата, односно кон значењето на црквата во градењето на културниот систем на македонската држава.

Според погоре искажаните ставови во интервјуата направени со претставниците на политичките партии, како и според изнесените ставови на расправата по измената на Законот за основно образование, може да се заклучи дека, секоја партија има посебен став во однос на ова прашање, и дека партиите може да се поделат во две групи: оние што се поддржувачи на конфесионалниот модел, и оние кои се само за воведување на неконфесионален модел во основното образование.

Во првата група на партии спаѓаат владејачките ВМРО-ДПМНЕ, ДПА и Социјалистичката партија. Тие се за воведување на конфесионалниот модел преку предметот Веронаука. Како позитивен аргумент го истакнуваат изборот на родителите, со што ќе можат да ги насочат своите деца кон сопствената религија. Споменатите партии не гледаат проблем во моментот на

15 www. sobranie. com. mk; стенограмски белешки од 36-та седница седмо продолжение, стр. 23

поделба на учениците за слушање на оваа настава и, исто така, овој предмет не го гледаат како дезинтегрирачки.

Во втората група на партии се оние кои се само за неконфесионален облик на религиско образование. Во оваа група спаѓаат СДСМ, ДОМ, ЛДП и Либералната партија. Овие партии, во конфесионалниот модел гледаат можност за дополнителен раздор и делба, а како позитивни страни на неконфесионалниот модел ги истакнуваат духовната надградба и здобивањето со по-широка култура, како и меѓусебно поблиско запознавање и почитување на припадниците на различните религии, што би водело до поголема кохезија во македонското општество.

Според изнесените ставови на партиите, може да се заклучи дека поголемиот дел од нив (со исклучок на ВМРО-ДПМНЕ, ДПА, СП) се за воведување само на неконфесионалниот модел, бидејќи само преку овој модел можат да го видат процесот на интеграција и запознавање со разликите, што би довело до поголема толеранција и почитување.

Според структурата на нашето општество, партиите од втората група сметаат дека оправдано е само воведувањето на неконфесионалниот модел, претставен преку предметот Запознавање на религиите, Историја на религиите или Компаративни религиски системи.

**Користена литература:**

Владо Тимовски (2005): Образованието и религијата, соочување со веронауката, Книгоиздателство Феникс

Програма на ВМРО-ДПМНЕ за преродба 2006-2010, преродба во 100 чекори

www. sobranie. com. mk; стенограмски белешки од 36-та седница (петто, шесто, седмо и осмо продолжение)

Реализирани интервјуа со:

проф. д-р Марија Ташева, ВМРО-ДПМНЕ

проф. д-р Ѓорѓи Спасов, СДСМ

проф. д-р Метин Изети, ДПА

Менаџмент, Менаџмент на човечки ресурси
Management, Human Resource Management

UDK/UDC 005.96(410)"20"
Научен текст / Scientific Paper

*Д-р. Мирјана Борота Поповска*

# МЕНАЏЕРСКИ КОМПЕТЕНЦИИ ЗА 21-ОТ ВЕК

АПСТРАКТ

Текстот е фокусиран на менаџерските компетенции и на пристапот во менаџментот на човечки ресурси базиран на компететенции. Направена е систематска анализа и идентификување на теоретските приоди, селекција на пристапите кои упатуваат на процесот базиран на компетенции и анализата на практиката каде што е применет менаџментот базиран на компетенции, како што е случајот со Велика Британија. Со анализа на природата на менаџерската работа и потребата за развој на менаџери се прави процена на истражувачките резултати, кои упатуваат на потребата од утврдување на менаџерските компетенции и градење развојни програми кои произлегуваат од истите. Резултатот што се наметнува е рамката на

***MIrjana Borota-Popovska, Ph. D***

# MANAGERIAL COMPETENCIES FOR THE 21$^{ST}$ CENTURY

ABSTRACT

This article puts emphasis on the managerial competencies and the competency-based management approach to human resources. It holds a systematic analysis, identifies the theoretical approaches, selects those that refer to the competency-based processes and analyzes the practice of applying competency-based management as is the case with Great Britain. By analyzing the nature of managerial work and the need for manager development and through the assessment of the research results one comes to the conclusion that managerial competencies ought to be clearly defined and corresponding development programs designed. The outcome is a competency framework that needs to be set on an organizational and professional level which is in fact in ac-

компетенции, која треба да се постави на организациско ниво и на ниво на професии, што е во согласност и со насоките на меѓунароната организација на трудот (ИЛО). Преку примерот на Европската унија се анализира релацијата меѓу клучните компетенции за доживотно учење, Европската рамка за квалификации (EQF) и Болоња - циклусите на образование. Од целосната анализа може да се прифати дека, развојот на менаџерскиот талент и издвојувањето на исклучителни лидери и ефективни менаџери зависи од рамката на компетенции, која ќе упати на тоа, кои компетенции ќе треба да се развиваат за да се осигураат високи остварувања.

**Клучни зборови:** менаџмент, менаџмент на човечки ресурси базиран врз компетенции, менаџери, развој на менаџери

cordance with the directions of the International Labor Organization (ILO). Following the example of the European Union, an analysis has been carried out of the relation between the key competencies for life-long learning, the European Qualification Framework (EQF) and the Bologna education cycles. From the overall analysis what can be concluded is that the development of managerial talent as well as the rise of outstanding leaders and effective managers depends upon the competency framework which can guide us to see which competencies need to be developed in order to attain great accomplishments.

**Key words:** management, competency based human resource management, managers, manager development

mborota@isppi. ukim. edu. mk

## ВОВЕД

Насловот на текстот е инспириран од работата на Boyatzis[1] на полето на компетенциите. Според него и неговите привrзаници, исклучителните лидери, ефективните менаџери, успешните луѓе на клучни позиции - поседуваат три кластери на компетенции кои ги издвојуваат и им обезбедуваат високи остварувања. Тоа се: искуството, знаењето и когнитивните компетенции. Значајно е да се нагласи тоа што истите сметаат дека овие компетенции можат да се развиваат кај возрасните луѓе. “Една од примарните цели за обука и образование на менаџерите е тие да се подготват да бидат вонредни менаџери, лидери и професионалци. За да разбереме што студентите треба да научат, треба

[1] Boyatzis “Competencies in the 21st century” Journal of Management Development, V 27, No1, 2008.

да се изгради модел на таленти и да се разбере кои се барањата на работното место за ефективни остварувања”. [2]

Тој настојува да докаже дека развојот на компетенциите за ефективни менаџери бара дизајн на образовни методи фокусирани на учењето. Учењето зазема централно место во 21-от век. Не случајно се присутни трендовите на многу влади кои обуката и развојот ги разгледуваат исклучително сериозно и внимателно. Постојат многу иницијативи за ВЕТ (Vocational Education and Training) легислатива, која ја зголемува вредноста на знаењето и вештините на оние кои бараат работа на пазарот на трудот, што ја зголемува ефикасноста на организацијата, а со тоа и економскиот раст, и воопшто - развојот на економијата. Веќе не се работи само за професионален развој и обука или стекнување на вештини за конкретната работа, туку за изградување на комплетно ново гледиште, пристап во однос на работата и квалитетот на животот.

## РАЗВОЈ НА МЕНАЏЕРИ

Развојот и образованието на менаџерите не треба да се потпира само на индивидуалниот интерес или интересот на организацијата. Добро едуцирани и обучени менаџери се од есенцијално значење за функционирањето на економијата на земјата и добросостојбата на општеството. Меѓу теоретичарите на менаџментот нашироко е прифатен концептот за развој на менаџери[3], и за истиот постојат повеќе дефиниции :

- Burgoyne[4] сугерира дека развојот на менаџерите е развој на менаџерската кариера во организациски контекст. ;
- Schroder[5] - зголемување на делокругот на остварувања и зајакнување на јаките страни на менаџерот за работата на групата;
- Krouwell , Goodwill[6] - развојот на менаџерите е гранка на менаџерското образование;
- Woodall and Winstanley[7] - развој на индивидуата на начин што е комплементарен со организацијата и нејзините цели, како и со индивидуалните развојни и кариерни цели;

---

[2] Journal of Management Development: “A 20-year view of trying to develop emotional, social and cognitive intelligence competencies in graduate management education“, Richard E. Boyatzis, Argun Saatcioglu

V 27, N1, 2008. Стр. 93

[3] Hirsh, W and Carter, A “New directions in Management Development” , Report 387, Institute of Employment Studies, Brighton, 2002.

[4] Burgoyne, J “Management development for the Individual and the organization, Personnel Management, June, 1988. Str. 40-44

[5] Schroder, H. “Managerial Competence: the Key to Excellence” Kendal Hunt, Dubuque, IA, 1989.

[6] Krouwell, B and Goodwill, S”Management Development Outdoors’ , Kogan Page, London, 1994.

[7] Woodall, J and Winstanley, D”Management Development Strategy and Practice, Blakwell, Oxford, 1998.

- Joy-Matthews, Megginson, Surtees[8] - активност која му овозможува на менаџерот да има јасна претстава за неговиот сопствен развој, кој вклучува дијагноза, процес и критична рефлексија. Активностите треба да бидат соодветни на развојот на кариерата на менаџерите и на работата во соодветната работна средина;
- Beckhard, [9] - функција која потекнува од длабоко разбирање на бизнис целите и организациските барања, со која ќе биде во можност да се а) предвидат потребите, вештините и профилите за повеќе позиции и нивоа; б) да се дизајнира и препорача програма за професионален, кариерен и личен развој, значајни за развојот на компетенциите; в) да се придвижат од концептот менаџмент кон концептот менаџирање.

Сите дефиниции упатуваат на тоа дека развојот на менаџерите е обид да се зголеми менаџерската ефективност и ефикасност низ планиран, формализиран и насочен процес.

## ПРИРОДАТА НА МЕНАЏЕРСКАТА РАБОТА

Интересот за развојот на менаџерите е произлезен од природата на нивната работа, која во основа е упатена на соочување со промени од секаков вид. Промените се често радикални, се случуваат брзо и бараат од организациите да ги следат и да им се прилагодуваат - за да останат конкурентни. За да бидат конкурентни организациите, вклучително и менаџерите, треба да се пофлексибилни, иновативни, да се насочат кон квалитетот, да се ориентираат кон конзументите и константно да ги унапредуваат остварувањата. Конкуренцијата бара воспоставување на нови односи меѓу организацијата, добавувачите и потрошувачите, како и трансформирање на менаџментот така што вработените треба да се инволвирани во унапредувањето на квалитетот како централен дел од нивната работа[10]. Организацијата се менува во организација која учи, а учењето се одвива низ насочен и планиран процес. Менаџментот има централна улога во насочувањето, обуката и развојот, како на вработените така и на самите себе. Овој развој не се случува во организациски вакуум, туку треба да биде корисен како за индивидуата, така и за организацијата и целото општество.

Природата на менаџерската работа вообичаено се определува низ основните функции на менаџментот: планирање, организирање, лидерство, контрола,

[8] Joy-Matthews, J and Megginson, D and Surtees, M" Human Resource Development"3rd Edition, Masterclass, 2003. Str 238.

[9] Beckhard цитирано кај Беардњелл, И и Холден, Л. "Human resource management" 3rd Ed. Prentice Hall, 2001

[10] Sheard, A. " Learning to Improve performance"People Management , November, 1992. Str 40-45

застапени во секој учебник од оваа област. Ваквото тесно определување, сè повеќе посочува на толкување на менаџерската работа како на отворен систем, кој сам по себе е општествено определен, добива значење и практика во рамките на итеракцијата и соодносите кои егзистираат меѓу индивидуите, организациите и нивното опкружување. [11]

Така менаџерите, покрај основните функции и улоги, ќе треба да бидат во позиција да[12];

- ја креираат организациската политика;
- да бидат агенти на промени;
- да се справуваат со етички проблеми и дилеми;
- да ја унапредуваат корпоративната општествена одговорност;
- да поддржуваат жени - менаџери, малцинства;
- да креираат стратегии за личен развој и опстанок , како и да се справат со стрес;
- да се прилагодат на барањата на новите психолошки договори.

Перцепцијата на комплексноста на менаџерската работа е од витално значење за да се разбере развојот на менаџерите.

Потребни се компетенции кои ќе го достигнат задоволството на потрошувачите[13]. Според Barrow и Loughlin[14] за организациите е значајно нивните вработени да имаат:

- високо ниво на образование, за да можат вработените да работат со високо ниво на технологија, да ја разберат нивната улога во организацијата и да носат одлуки соодветни на нивната работа;
- способност да научат нови вештини и да се прилагодат на променливите услови - со преземање одговорност за нивното сопствено учење, континуиран развој на вештини, учење на нови процеси;
- способност да работат во «рамни» организации со помалку нивоа на менаџмент - да работат без надзор, да можат да поставуваат цели, да го надгледуваат работниот процес и остварувањата, да ги корегираат грешките;
- способност да го менаџираат соодносот меѓу потрошувачите и одделите со употреба на интерперсонални вештини;
- способност да решаваат проблеми, да размислуваат креативно, за можностите и грешките и да дадат придонес со уникатни идеи.

---

[11] Withley, R" On Nature on Mangerial Tasks and skills; their distinguishing characteristic and organization" Journal of Management Science, Vol. 26. No3. 1989. Str 209-224

[12] Beardwell, I i Holden, L. "Human Resource Management" 3rd Ed. Prentice Hall, 2001. Str. 371

[13] Martin, S. "A future market for competencies"People Management, Vol1. No6. 1995. Str 20-24

[14] Barrow, M. J, i Loughlin, H. M "Towards a Learning Organization in Grand Metropolitan Foods Europe" vo Wills, G . Your Enterprise School of Management, Bradford:MCB University Presss, 1993. str. 195-208.

Додека во минатиот век овие барања беа упатени само на високи нивоа на менаџмент, во организациите на 21–от век, соочени со висока конкуренција, овие способности се бараат од сите вработени. Вработените треба да бидат флексибилни, да можат да се менуваат и да бидат подготвени да преземаат нови задачи или да менуваат работни места.

## РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ БАЗИРАНИ НА КОМПЕТЕНЦИИ

Овој модел на менаџмент на човечки ресурси базиран на компетенции се јавува во последните три декади на минатиот век .

Почетоците се со David McClelland[15] кој се сомнева во класичниот пристап на селекција за вработување - што главно се состои од тестирање на интелигенцијата, успехот од завршеното образование прикажан преку просекот на оценките и традиционално тестирање за работата - дека е во можност да предвиди за вака селектираните кандидати дека ќе имаат високи остварувања. David McClelland претпочита тестирање на компетенции.

Во 1982 година, Richard Boyatzis (САД) ја објави книгата "***The competent manager: a model for effective performance***"[16]. Boyatizs нагласува дека ефективните остварувања (перформанси) на менаџерите зависат од персоналните квалитети и овие персонални квалитети ги дефинира како компетенции. Или, работната компетенција е "базична карактеристика на личноста, која може да претставува и мотив, особина, вештина, аспект на личноста, социјална улога или акумулирано знаење, кое таа или тој го употребува, и кое е во причинско последична врска со достигањето на ефективни или подобри работни остварувања"[17]. Boyatzis е на ставот дека ефективните остварувања зависат од три фактори: барањата на работата (работното место), организациската средина и индивидуалните компетенции.

- Барањата на работата се согледуваат низ улогата на планирање, организирање, контрола, мотивирање и координирање.
- Барањата на индивидуате се согледуваат низ визијата, вредностите, филозофијата, знаењето, компетенциите или способностите, ставот кон кариерата, интересите;
- Организациската средина главно се определува низ студиите на организациската клима и култура, со определување на улогата/функцијата и карактеристиките на менаџментот во нејзиното оформување и одржување. Моделот на Boyatzis се обидува да ја интегрира

[15] McClelland, D. C, 1973. Identifying Competencies with Behavioral Event Interviews, Psychological Science, 9(5), 331-339
[16] Boyatzis R. , 1982. The competent manager: a model for effective performance, New York: NY, Wiley
[17] Isto. 21

организациската средина, функциите и персоналните компетенции како варијабли кои ја определуваат менаџерската работа **во сет од заеднички барања за менаџерските остварувања.**

**Слика 1: Моделот на Boyatzis за компетенциите и ефективните остварувања**




Сетот на компетенции, кој е претпоставка за вонредни менаџери, лидери, професионалци, вклучува:

1. компетенции на когнитивна интелигенција, како што е системското размислување;
2. компетенции на емоционалана интелигенција или интерперсонални способности, како што е, на пример, прилагодувањето;
3. компетенции на социјална интелигенција, или способност за градење на меѓучовечки релации, вмрежување.

Boyatzis ги нагласува заедничките или основните (core) менаџерски кластери кои се:

1. Цели и акции
2. Водство
3. Менаџмент на човечки ресурси
4. Управување на подредените
5. Фокусирање на другите
6. Специјализирано знаење

Boyatzis се обидува да изгради концепт на индивидуални компетенции кои ќе ги дефинираат карактеристиките на менаџерот и ќе му овозможат успешно да ја остварува работата. Покрај основните кластери на знаењето и компетенциите, оваа дефиниција ги вклучува димензиите на: вредностите, индивидуалните карактеристики, особините и мотивите. Мотивите и особините влијаат на тоа како личноста го гледа светот, особено перцепцијата на можностите и предизвиците од опкружувањето. Тие се значајни за однесувањето на индивидуите и нивниот одговор на опкружувањето. Ова е доменот на талентот (знаење, компетенции и мотиватори) што ќе ни помогне да разбереме што личноста може да прави/работи (знаење), како може тоа да го направи (компетенции), и, зошто личноста има потреба да го прави тоа (мотиви, вредности, диспозиции). Развојот на менаџери побарува додадена вредност во сите три наведени домени.

Вака широко поставената дефиниција поттикна уште многу автори да работат на дефинирање на компетенциите .

Mansfild[18] ги дефинира компетенциите како "базични карактеристики на личноста (вештини и особености) кои резултираат со ефективни и супериорни остварувања".

Rankin[19] ги опишува компетенциите како „дефиниции на вештините и однесувањето кое организацијата очекува нивните вработени да го практикуваат на работа и објаснува дека «компетенциите го претставуваат јазикот на остварувањата. Тие можат да ги артикулираат очекуваните резултати од индивидуалните вложувања и начинот на кој овие активности ќе бидат остварени. Бидејки секој во организацијата може да научи да го зборува овој јазик, компетенциите обезбедуваат заеднички, универзално разбирливи средства за опишување на очекуваните остварувања во различни контексти».

Armstrong[20] нагласува, дека моделот базиран на компетенции се темели на бихејворијалните и техничките компетенции и дека примената на овој модел треба да се разгледува низ пет поглавја: рамка на компетенции, причини за употреба на компетенции, употреба на компетенции, упатства за изградување на рамка на компетенции, клуч за успех при употреба на компетенции.

Како заклучок може да се наведе дека, компетенциите се квалитети или каракеристики на личноста кои се во релација со ефективни или супериорни остварувања. Компетенциите можат да бидат опишани како комбинација на знаења, вештини и ставови. Компетенциите им помагаат на индивидуите (и нивните менаџери) да имаат увид во тоа како се остварува нивната работа.

---

[18] Mansfield R. S, "Building Copmetency Models, Human resource Management. 1996, 35. 718

[19] Miller, L. , Rankin, N. and Neathy, F. (2001) ***Competency frameworks in UK organisations: key issues in employers' use of competencies*** London: Chartered Institute of Personnel and Development

[20] Armstrong M, A Handbook of Human Resource Management Practice, KOGAN Page , London 10th edition, 2006, . стр. 160

Рамката на компетенции, пак, претставува збир на компетенции кои се основни за ефективни остварувања. Изградувањето на компетенциите треба да им помогне на индивидуите континуирано да ги унапредуваат нивните остварувања и да работат поефективно.

Авторите како Miller, Rankin, Neathy, [21] сугерираат дека има две основни причини зошто организациите треба да ги употребат рамките за компетенции:

1. ќе ги унапредат индивидуалните остварувања, доколку рамката на компетенции се употреби за обука, оценување, и други функции за менаџментот на човечки ресурси;
2. ќе обезбеди артикулирање на организациските вредности и цели, кои можат да бидат инкорпорирани во процесот на менаџмент на човечки ресурси, а потоа да бидат прифатени од индивидуите и тимовите во организацијата.

Не треба да се занемари и дефиницијата на која упатува ИЛО[22], каде што терминот компетенција го покрива знаењето, вештините и знам-како, кои се аплицираат и упразнуваат во специфичен работен контекст.

## ПРОЦЕСОТ БАЗИРАН НА КОМПЕТЕНЦИИ

Според ИЛО[23] пристапот, системот базиран на компетеници, за да се примени, мора да помине неколку чекори:

1. Идентификување на компетенциите. Тоа се оние компетенции кои овозможуваат некоја работа да се оствари задоволително. Вообичаено се идентификуваат врз база на реалните барања на работата. Ова подразбира и партиципација на вработените. Вообичаено се нарекува функционална анализа за изградување на "курикулум" со методот DACUM (Developing a Curriculum), SCID (Systematic Curriculum and Instructional Development) AMOD (A model"), варијаната на DACUM чија карактеристика е да создаде цврста релација меѓу компетенциите и подкомпетенциите, кои се дефинирани во DACUM мапата, процесот на учење и процената на учењето. Како и бихејворијална методологија за идентификување на компетенциите.
2. Стандардизирање на компетенции. Откако компетенциите се идентификувани, корисно е да се направи консултација меѓу работодавачите, работниците и едукативните институции, за да може компетенцијата да стане стандард. Стандардот е валиден показател/референца за работодавачите,

[21] Miller, L. , Rankin, N. and Neathy, F. (2001) ***Competency frameworks in UK organisations: key issues in employers' use of competencies*** London: Chartered Institute of Personnel and Development

[22] *ILO, Recommendation 195 concerning human resources development and training http://www. ilo. org/ public/english*

[23] Исто . ИЛО

работниците и едукативните институции. Ваквиот формализиран стандард се аплицира во организациите, секторите, државата.

3. Обука базирана на компетенции. Откако компетенциите се идентификувани и стандардизирани, се очекува дизајнот на курикулумот за обука да биде ефективен. Тоа значи дека, кога обуката настојува да изгради компетенции кои јасно коренспондираат со стандарди, ќе биде поефективна и ќе има посилно влијание, отколку обуката која не коренспондира со барањата на организацијата и секторот во кој таа работи. Клучните компетенции не се изградуваат само низ предавањата и материјалите за обука, туку се очекува тие да бидат изградени низ предизвиците што ќе ги овозможи процесот на обука. Се очекува, овие предизвици да иницираат активно инволвирање на учесниците, кое ќе доведе до изградување на ставови насочени кон иницијативност, решавање на проблеми, апстрактно размислување, интерпретирање и антиципација.
4. Сертифицирање на компетенциите. Употребата на сертификати претпоставува дека пред тоа постои процена на компетенциите. Вообичаено, тоа не е диплома која ги покажува завршените студии. Сертификатот е доказ за верифицирана компетенција, и обично базирана е на добро дефинирани стандарди. Ваквиот пристап овозможува транспарентност на стандардизираниот систем на сертифицирање, бидејки им дава до знаење на работниците што се очекува од нив, работодавачите да бидат свесни за компетенциите кои се бараат од организацијата; а институциите за обука да ги вметнат во сопствените курикулуми. Сертификатот е гаранција за квалитет за тоа што работникот е способен да направи и дека има компетенции тоа да го направи.

## СЛУЧАЈОТ ВЕЛИКА БРИТАНИЈА

Концептот за компетенции е прифатен во Велика Британија како фундаментален дел од процесот на изградување стандарди за National and Scottish Vocational qualification (NVQ/SNVQs)[24].

Во Велика Британија, во раните деведесетти години од минатиот век METO (Management and Enterprise Training Organisation) поранешен MCI (Management Charter Initiative) имаа за цел да етаблираат “генерички сет на стандарди и квалификации”, базирани на “областа на активностите во кои за поголемиот дел од менаџерите ќе се очекува да работат компетентно”. Стандардите се од-

[24] Ovoj pristap pokraj Velika britanija go imaat prifateno: Avstralija, Nov Zeland, Malezija, Juzna Afrika, {vedska, Germanija, osobeno koga ja oporedeluvaat ramkata za nacionalniot sistem za obrazovanie i trening. Vo SAD ima postaveno National Skills Standards. Vo poveketo zemji od EU e vo tek izgratbata na nacionalni trening reformi bazirani vrz modelot na kompetencii. http://www. marcbowles. com/sample_ courses/frontline_v5/fma3/fma3c. htm

несуваат на оригиналните менаџерски улоги, но и на областите и условите во кои менаџерите можат да дејствуваат. Во 1997 година се донесени:

- менаџмент со активности;
- менаџмент со ресурси;
- менаџмент со информации;
- менаџмент со луѓе;
- менаџмент со енергија;
- менаџмент со квалитет;
- менаџмент со проекти.

Во секоја наведена област на активности или улоги се определуваат “сет на компетенции” изведени од функционалната анализа во контекст на менаџерската работа. На пример, за улогата “менаџмент со луѓе” еден “сет на компетенции” е да “придонесува во регрутирање и селекција на персоналот”. Откако се идентификувани “сетот на компетенции”, има поддивизија која се состои од “серија на елементи”, за која се определени “критериуми за остварувањата” и “определби за рангот”.

На пример ДФИД[25], има направено рамка за клучните менаџерски компетенции:

1. планирање и извршување на работата;
2. анализирање и употреба на информации;
3. донесување на одлуки;
4. работа со други;
5. комуницирање;
6. влијание;
7. свест за организацијата;
8. менаџмент на промени

Секоја од клучните компетенции ги има следниве компоненти:

- Компетенција или име, наслов на клучната компетенција, на пример, комуницирање.
- Дескриптор на компетенцијата - ја опишува клучната компетенција. На пример, комуницирање е начин на кој се пренесуваат идеи и информации на начин да бидат разбрани.
- Бихејворијални индикатори - примери кои укажуваат како индивидуата ја остварува компетенцијата. Овие индикатори се дизајнирани за да покажат како изгледа ефективното остварување. Пример за

[25] The Department for International Development (DFID) is the part of the UK Government that manages Britain’s aid to poor countries and works to get rid of extreme poverty. : http://www.dfid. gov. uk/aboutdfid/default. asp

комуникација е активно слушање, јасно и концизно зборување, познавање на терминологија итн.

Секоја компетенција има нивоа (степени). Нивоата овозможуваат да дознаеме што се побарува за одредена улога или ситуација. Има четири нивоа на компетенции и едно нулто, односно незадоволително:

- 0 - не покажува однесување кое се побарува за компетенцијата;
- 1 - покажува практично разбирање и ефективно однесување за компетенцијата;
- 2 - Покажува влијание за оваа компетенција и е во состојба да даде совет или упатство за другите;
- 3 - Покажува инспирација за оваа компетенција, преставувајки модел и влијае на другите и на опкружувањето;
- 4 - Покажува извонредност и иновација за оваа компетенција и преставува модел за другите.

Во моментот постојат национални стандарди за компетенции за супервизори, средни и високи менаџери што одговараат на 3, 4 и 5 ниво во National and Scottish Vocational qualification (NVQ/SNVQs). Ова се практични квалификации базирани на способноста да се изведе работата. Во релација со нив се дадени и академските степени кои одговараат. За сите занимања се определени 5 заеднички вештини: информатичка технологија, употреба на броеви, комуникативност, работа со други, учење како да се учи.

Националната рамка за квалификации е направена за да им помогне на тие што учат да можат да донесат одлуки за нивните потреби од обука. Целта е:

- да обезбеди влез, мотивација и достигања за образование и обука, и да ја зајакне меѓународната компететивност;
- да го промовира доживотното учење, со тоа што ќе им помогне на луѓето да го разберат сопствениот напредок;
- да оневозможи дуплирање на квалификациите , но и да обезбеди покриеност на сите потреби за обука;
- да обезбеди доверба од јавноста за интегритетот на националните степени. [26]

Во периодот на осумдесеттите и деведесеттите години на минатиот век професионалците во менаџментот на човечки ресурси правеа разлика помеѓу англискиот збор 'competencies' и 'competences'[27]. Зборот 'Competency' е дефиниран како однесување кое вработените треба да го имаат или треба да го достигнат, за да постигнат високо ниво на остварувања, додека 'competence' се од-

[26] http://www. uknrp. org. uk/Pages/UK_Voc_Quals/The_National_Qualifications_Framework. asp
[27] http://www. cipd. co. uk/subjects/perfmangmt/competnces/comptfrmwk. htm

несува на систем од минимум стандарди на работното место и се демонстрира низ остварувања и резултати. Во денешно време, употребата на овие термини е изедначена. Во Велика Британија[28] терминот ‘competence’ се употребува единствено кога станува збор за стандардите на занимањата (ocupational standards).

## ЕВРОПА

На ниво на Европската унија во тек се повеќе проекти чија основна цел е да изградат рамка за клучни компетенции и рамка за оценување на образованието, за одредени професии[29], за да можат да ги прилагодат на Европската рамка за квалификации.

Појдовна точка се основните компетенции за доживотно учење, од кои се изградуваат сите други [30]:

1. Комуникација на мајчин јазик
2. Комуникација на странски јазик
3. Математички компетенции и базични компетенции во науката и технологијата
4. Дигитални компетенции ИТ
5. Како да се учи
6. Социјални и граѓански компетенции
7. Чувство за иницијативност и претприемништво
8. Свест за култура и изразување

Секоја компетенција е дефинирана и се издвоени знаењата, вештините и ставовите што личноста може да ги поседува на одредено ниво. Секоја е еднакво важна, бидејки секоја од нив може да придонесе за успешен живот во општеството ориентирано кон знаење. Во сите наведени осум компетенции значајна улога играат степенот на: критичко мислење, креативност, иницијатива, решавање на проблеми, процена на ризици, донесување одлуки, менаџмент - кои можат да се аплицираат на компетенциите.

Од суштинско значење е да се направи релација со Европската рамка за квалификации. Европската рамка за квалификации, која е базирана врз резултатите од учењето, овозможува споредба на образованието и компетенциите на луѓето во Европа.

[28] Miller, L. , Rankin, N. and Neathy, F. (2001) ***Competency frameworks in UK organisations: key issues in employers’ use of competencies*** London: Chartered Institute of Personnel and Development.

[29] За ИТ, финансиски советници, доктори, професори во високо образование итн.

[30] **RECOMMENDATION OF THE EUROPEAN PARLIAMENT AND OF THE COUNCIL** (2006/962/EC) **18 December 2006 - key competences for lifelong learning**

Европската рамка за квалификации (EQF)[31] е усвоена од Европскиот Парламент и Совет на 23 април 2008. Оваа рамка има за цел да ги поттикне европските земји - членки да го прилагодат домашниот систем за квалификации со овој, кој е заеднички. Оваа рамка има предности како за индивидуите така и за работодавачите, што ќе им овозможи подобро да ги разберат и да ги споредат нивоата на квалификација од различните земји и различните системи на обука и едукација, како и да го поттикне доживотното учење. До 2010 година сите земји членки ќе треба да ги прилагодат националните системи за квалификација, а до 2012 година да имаат соодветна референца која ќе биде во рамките на соодветното EQF ниво.

Основата на EQF е во осум референтни нивоа. Овие нивоа опишуваат, за тие што ги поседуваат односно го завршиле процесот на учење, што **знаат (know),** што **разбираат (understand) и што се способни на направат (able to do/ competence)**. Или, со друго име, **резултат од учењето (learning outcomes). Овие резултати од учењето се дефинирани во три категории[32]:**

**Знаење -** она што се асимилирало низ процесот на учење, вклучително: факти, принципи, теории, и практики кои се во релација со полето на изучување. Може да биде теориско или фактографско.

**Вештини** - способност да се примени знаењето и да се практикува know-how, за извршување на работните задачии и за решавање на работните проблеми. Вештините се опишани како **когнитивни** (употреба на логика, интуиција и креативно размислување) и **практични** (мануелни движења, употреба на методи, материјали, алати и инструменти) .

**Компетенции -** докажани способности да се употреби знаењето, вештините, како и персоналните, социјалните или методолошките способности, во работна средина или при учење, или при професионален или личен развој. Се опишуваат како одговорност или автономија.

Базично ниво е Нивото 1, а напредно Нивото 8.

Нивото 5 коренспондира со средно образование, она од кое може да се продолжи со првиот циклус. Дескрипторите за првиот циклус во Рамката за квалификации за европската област на високо образование во рамките на Болоња процесот одговараат на резултатите на учењето од Нивото 6. Вториот циклус одговара на резултатите од учењето од Ниво 7. Третиот циклус одговара на резултатите од учењето на Ниво 8.

Со овој пристап се овозможува лесна споредба на националните квалификации. EQF може да се аплицира на сите видови на образование, обука

[31] European Commission, *The European Qualifications Framework for Lifelong Learning (EQF)* Luxembourg: Office for Official Publications of the European Communities, 2008

[32] Дефинициите на овие три категории се од документот: European Commission, *The European Qualifications Framework for Lifelong Learning (EQF)* Luxembourg: Office for Official Publications of the European Communities, 2008, стр 11

и квалификации, вклучително училиштно, академско, професионално или стручно. Овој систем на квалификации се разликува од класичниот кој ги мери инпутите, или, што предмети, должина на образование или кој вид институција посетувал ученикот и се насочува кон аутпутите, или, што ученикот знае, разбира и е способен да направи.

Се очекува, оваа рамка за квалификации да му овозможи полесна мобилност на работникот во рамките на ЕУ, но и да ги надмине проблемите со кои сега се соочува работодавачот. Така, ако денес некој од Франција сака да вработи некого од Шведска, ќе биде прилично тешко, бидејќи французот не го разбира шведскиот систем на квалификации. Откако Шведска и Франција ќе го усвојат EQF шведскиот работник ќе има референца на дипломата која ќ е го опишува EQF нивото.

Повеќето земји на ЕУ се во фаза на изработка на национален систем на квалификации кој е во релација со EQF. [33]

Во продолжение е даден пример на Европската рамка на компетенции за ИТ[34]. Целта на оваа рамка е да обезбеди водич за ИТ компетенции кои се во релација со Европската рамка за квалификации. Бидејќи Европската рамка за квалификации ги дефинира резултатите од учењето од аспект на тоа што студентот знае, разбира, и е во состојба да направи, во смисла на знаење, вештини, компетенции, рамката на компетенции преставува оперативен дескриптор. Оперативната дескрипција треба да помогне да бидат споредливи Европската рамка за квалификации и Рамката на компетенции. Во водичот се дадени дефиниции, примери и забелешки за основните елементи: компетенции, вештини, ставови, знаење и област на компетенции. Потоа се дадени областите на компетенциите и нивоата (пет), и на крај споредбата со Европската рамка за квалификации и Рамката на компетенции за ИТ.

## ЗАКЛУЧОК

Генерално е прифатено дека постои разлика меѓу високи и ниски остварувања кај менаџерите, и овие разлики се припишуваат на компетенциите. Компетенциите се особини со кои личноста се раѓа или може да ги развие, и ова се позиционира во областа развој на менаџери. Една од примарните цели на развојот на менаџери е да ги подготви да бидат вонредни менаџери, лидери и професионалци. За да се развие талентот на менаџерите потребно е да се изградат три категории: како да учат, што да прават со знаењето, и да научат зошто да го употребат знаењето. За да биде ефективен менаџер или професи-

[33] European Commission, *The European Qualifications Framework for Lifelong Learning (EQF)* Luxembourg: Office for Official Publications of the European Communities, 2008

[34] European e_Competence Framework, 4062_EueCompFWexpertGuidelines. pdf

онaлец, личноста треба да знае да го употреби знаењето и да направи работите да функционираат .

***Библиографија:***


Armstrong M, *A Handbook of Human Resource Management Practice*, KOGAN Page , London 10th edition, 2006.

Barrow, M. J, i Loughlin, H. M *"Towards a Learning Organization in Grand Metropolitan Foods Europe"*

Beardwell, I i Holden, L. *"Human Resource Management"* 3rd Ed. Prentice Hall, 2001.

Boyatzis *"Competencies in the 21st century" Journal of Management Development"*, V 27, No1, 2008.

Boyatzis R. , *The competent manager: a model for effective performance*, New York: NY, Wiley, 1982

Burgoyne, J. *Management development for the Individual and the organization*, Personnel Management, June, 1988.

European Commission, *The European Qualifications Framework for Lifelong Learning (EQF)*Luxembourg: Office for Official Publications of the European Communities, 2008.

Hirsh, W and Carter, *A "New directions in Management Development"* , Report 387, Institute of Employment Studies, Brighton, 2002

ILO, Recommendation 195 concerning human resources development and training http://www. ilo. org/public/english

Joy-Matthews, J and Megginson, D and Surtees, M, *Human Resource Development* 3rd Edition, Masterclass, 2003.

Journal of Management Development: "*A 20-year view of trying to develop emotional, social and cognitive intelligence competencies in graduate management education"*, Richard E.

Krouwell, B and Goodwill, S *Management Development Outdoors*, Kogan Page, London, 1994

Mansfield R. S, *Building Copmetency Models, Human resource Management*. 1996,

Martin, S. *"A future market for competencies"* People Management, Vol1. No6. 1995.

McClelland, D. C, 1973. *Identifying Competencies with Behavioral Event Interviews,* Psychological Science, 9(5), 331-339

Miller, L. , Rankin, N. and Neathy, F. (2001) ***Competency frameworks in UK organisations: key issues in employers' use of competencies*** London: Chartered Institute of Personnel and Development

RECOMMENDATION OF THE EUROPEAN PARLIAMENT AND OF THE COUNCIL (2006/962/EC) 18 December 2006 - key competences for lifelong learning

Schroder, H. *"Managerial Competence: the Key to Excellence"* Kendal Hunt, Dubuque, IA, 1989.

Sheard, A. *" Learning to Improve performance"* People Management , November, 1992.

Wills, G . *Your Enterprise School of Management*, Bradford: MCB University Presss, 1993

Withley, R. *"On Nature on Mangerial Tasks and skills; their distinguishing characteristic and organization"* Journal of Management Science, Vol. 26. No3. 1989. Str 209-224

Woodall, J and Winstanley, D *Management Development Strategy and Practice*, Blakwell, Oxford, 1998.

http://www. dfid. gov. uk/aboutdfid/default. asp

http://www. marcbowles. com/sample_courses/frontline_v5/fma3/fma3c. htm

http://www. uknrp. org. uk/Pages/UK_Voc_Quals/The_National_Qualifications_Framework. asp

http://www. cipd. co. uk/subjects/perfmangmt/competnces/comptfrmwk. htm

Менаџмент на човечки ресурси, Доживотно учење
Human Resource Management, Lifelong learning

UDK/UDC 005.96
Научен текст / Scientific Paper

*М-р Марија Топузовска*

# ФАКТОРИ НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ИЗБОРОТ НА ОДРЕДЕНА ФОРМА НА ДОЖИВОТНОТО УЧЕЊЕ

АПСТРАКТ

Главниот фокус во текстот е поставен врз детерминирањето на истражуваната појава во теоретски и општествени рамки, според европскиот концепт на доживотното учење во контекст на Лисабонската стратегија и споредбено со моменталната состојба во Република Македонија. Трудот претставува резултат од емпириско истражување, кое е спроведено од страна на авторот во 2008 година. Главен предмет на истражувањето е утврдување на факторите кои влијаат врз изборот на одредена форма на доживотното учење, со хипотетска претпоставка дека постојат повеќе фактори кои влијаат како мотиватори и/или бариери, како и дека индивидуалните социјални белези се значајни фактори кои влијаат за учество во процесот на дожи-

*Marija Topuzovska, M. Sci*

# FACTORS THAT INFLUENCE THE CHOICE OF A CERTAIN LIFELONG LEARNING FORM

ABSTRACT

Major emphasis is put on determining the researched occurrence theoretically and socially according to the European concept for lifelong learning as a part of the Lisbon strategy and compared to the current situation in R. Macedonia. This article is a result of an empirical research conducted by the author in 2008. The main subject of research is determining the factors that influence the choice of a certain form of lifelong learning assuming that there are several factors that act as motivators and/or barriers as well as the fact that the individual social distinctions are significant factors that can affect a person's participation in the lifelong learning process. Special attention is paid on the opinions of the respondents regarding the skills and abilities needed to co-

вотно учење. Посебно внимание во текстот се посветува на мислењето на испитаниците за вештините и способностите коишто се потребни за успешно справување со секојдневните работни задачи и динамичните промени во променливото општествено и бизнис опкружување. Текстот исто така ја разгледува улогата на организациите и нивното инвестирање во доживотното учење на своите вработени, како и имликациите за евентуалните разлики помеѓу вработените на менаџерска и неменаџерска позиција во оранизациската структура во однос на учеството во процесот на доживотно учење, односно можностите за професионален и кариерен развој.

**Клучни зборови:** доживотно учење, развој на човечки ресурси, формално/неформално образование, организација.

pe with everyday task responsibilities and the dynamic changes in the changing social and business environment. This article also takes into consideration the role of the organizations and their investment in the lifelong learning process for their employees as well as the implications from possible differences between the employees at a managerial and non-managerial position in the organizational hierarchy in relation to their participation in the lifelong learning process, i. e. possibilities for professional development.

**Key words:** lifelong learning, human resource development, formal/informal education, organization

marija_t@isppi. ukim. edu. mk

## ВОВЕД

Иако воопшто не станува збор за сосема нова идеја и практика, сепак доживотното учење во меѓународен контекст и во современ дискурс, за прв-пат се појавува во 1972 година, во извештаите на УНЕСКО, првенствено преку терминот *доживотно образование: „Го предлагаме доживотното образование како главен концепт за образовните политики во годините што претстојат, како за развиените земји, така и за земјите во развој.* [1]*”* Фокусот во извештајот е поставен врз правото и потребата на секоја индивидуа да и биде овозможено образование во текот на целиот живот, со цел социјален,

[1] Faure, E. et al. (1972) Learning to be. The world of education today and tomorrow. Paris: UNESCO. p. 134-135.

економски, политички и културен развој, како и самоисполнување, коешто ќ е доведе до индивидуален и колективен квалитет на животот. Оттогаш, концептот на доживотното учење се интерпретира и операционализира на безброј начини. Дури 24 години после извештајот на Фауре, терминот доживотно учење се преименува во *доживотно учење* или *учење во текот на животот,* по препораките од извештајот на УНЕСКО од 1996 година. [2] Разлика помеѓу термините, не постои само во семантиката, туку и во содржината. Поконкретно, доживотното учење во седумдесеттите години повеќе се поврзувало со развојот на индивидуата и општеството, со цел справување со рапидните социјални промени, додека пак, мошне подоминантното толкување на доживотното учење во деведесеттите години, се поврзува со преквалификувањето, доквалификувањето и обучувањето, со цел стекнување на нови вештини и спообности кои ќе им овозможат на индивидуите успешно да се справат со потребите на променливото работно опкружување. Фокусот на доживотното учење е повеќе насочен кон потребите на ученикот, отколку кон едукаторот и системите за образование, и тоа е една од главните причини за промена на терминот - од доживотно образование во доживотно учење.

Европскиот Совет во Лисабон, во март 2000 година постави стратегиска цел за Европа „до 2010 година да стане најконкурентна економска сила во светот, базирана врз динамиката на знаењето, способна за одржлив економски развој, со повеќе и подобри работни места и поголема социјална кохезија. “[3] Според Лисабонската стратегија, оваа цел може да се реализира преку образованието и обуката, односно преку доживотното учење, кое се дефинира како *„сите намерно преземени активности во животот поврзани со учењето, формално или неформално, со цел подобрување на знаењето, вештините и компетенциите, во личен, граѓански, социјален и деловен контекст”*[4]. Европската комисија, како најзначајни придобивки кои се очекувааат од доживотното учење, ги посочува: квалификуваната работна сила, вработувањето, професионалниот и кариерен развој, развојот на корпоративен дух и иницијативноста, активираноста на сите старосни структури, активното граѓанство, социјалната кохезија, квалитетот на животот и општествениот развој.

Во Република Македонија, дури во јануари 2008 година се донесе Законот за образование на возрасните[5], кој е креиран во согласност со европските стандарди.

Во 2008 година (од страна на аворот на текстот) е спроведено истражување врз целен примерок од 104 испитаници (табела 1), селектиран според критериумот – активни студенти на постдипломски студии, запишани во 2006

[2] Delors, J. (1996) Learning: The treasure within. UNESCO. p. 38.
[3] Commission Of The European Communities. (2000) *A memorandum of lifelong learning*. Brussels.
[4] Ibid.
[5] Службен весник на Република Македонија, бр. 7/08. (2008) *Закон за образование на возрасните*. Скопје.

и 2007 академска година, во рамките на Институтот за социолошки и политичко правни истражувања во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", а предмет на истражувањето беше утврдување на факторите кои влијаат врз изборот на одредена форма на доживотното учење, под хипотетска претпоставка дека постојат повеќе фактори кои влијаат како мотиватори и/или бариери, како и дека индивидуалните социјални белези имаат значајно влијание врз учеството во процесот на доживотно учење.

**Табела 1. Структура на примерокот според пол, возраст и позиција на работно место**

| Белег | ПОЛ | | |
|---|---|---|---|
| | Машки | Женски | Вкупно |
| | 27, 9 (29) | 72, 1 (75) | 100, 0 (104) |
| **Возраст** | | | |
| 22-34 | 69, 0 (20) | 69, 3 (52) | 69, 2 (72) |
| 35-44 | 17, 2 (5) | 18, 7 (14) | 18, 3 (19) |
| 45-54 | 13, (4) | 12, 0 (9) | 12, 5 (13) |
| **Позиција на работно место** | | | |
| Неменаџер | 31, 0 (9) | 38, 7 (29) | 36, 5 (38) |
| Менаџер | 44, 8(13) | 49, 3 (37) | 48, 0 (50) |
| Невработени | 24, 2(7) | 12, 0 (9) | 15, 5 (16) |
| **Вкупно** | 100, 0 (29) | 100, 0 (75) | 100, 0 (104) |

За емпириското истражување беа употребени примарни извори на податоци, при што беше употребен метод на анкетирање. Анкетирањето е спроведено во периодот од февруари до април 2008 година, при што како истражувачка техника е употребен писмен прашалник со Ликертова скала на ставови, кодирани со вредности од 1 до 5.

Податоците се анализирани на ниво на дескриптивна статистика, главно на униваријантно и биваријантно ниво. Првото ниво, е претставено/анализирано преку фреквенции, средни вредности и стандардна девијација. За второто ниво се користени вкрстени табели. Податоците се обработени со компјутерската програма Statistical Package for Social Science (SPSS).

## ЕМПИРИСКИ СОЗНАНИЈА ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

### 1. Мислење на испитаниците за доживотното учење

Доживотното учење како концепт им помага на луѓето успешно да се справат со социјалните промени и со променливото бизнис опкружување. Поконкретно, им помага на луѓето да ги подобрат перспективите во однос на работата, да управуваат самостојно со сопствениот живот, и да живеат исполнет и задоволен живот. Доживотното учење е особено значајно за вработувањето, за личниот развој, за квалитетот на животот, активното граѓанство и социјалната кохезија.

Доколку се поттикнува и практикува доживотното учење од страна на организациите, односно, доколку организациското учење е дел од организациската стратегија, се овозможува развој на човечките ресурси со кои располага организацијата, со што се зголемува ефикасноста на вработените, се зголемуваат организациските перформанси, се остварува конкуретна предност, се зголемуваат можностите за успешен опстанок на организацијата. *Организациското учење подразбира организација којашто го поттикнува и овозможува учењето на сите нивоа (индивидуално и колективно) и последователно континуирано се трансформира*[6]. Организацијата во која учењето е редовна практика, се карактеризира по тоа што:

- има организациска клима во која вработените се поттикнуваат и охрабруваат да учат и да го развиваат сопствениот потенцијал;
- ја прилагодува културата на учење кон сите стејкхолдери (заинтересирани страни);
- стратегијата за развој на човечките ресурси е централна за бизнис полисата;
- полесно постигнува организациски развој.

Може слободно да се каже дека од доживотното учење корист имаат сите: и поединците, и организациите и општеството во целост.

Според табела бр. 2 може да се забележи дека сите испитаници се изјасниле дека доживотното учење е значајно, со тоа што 81, 7% одговориле со *сосема се согласувам*, а 18, 3% со *се согласувам*.

[6] Beardwell, I. and Holden L. eds. (2001) *Human Resource Management. A contemporary approach.* Prentice Hall. p. 269-374

**Табела 2. Процентуална дистрибуција на одговори на прашањето:**
***Доживотното учење е значајно*.**

| Доживотното учење е значајно | Број | % |
|---|---|---|
| Се согласувам | 19 | 18.3 |
| Сосема се согласувам | 85 | 81.7 |
| Вкупно | 104 | 100 |

Резултатите соодветствуваат со податоците добиени од истражувањето на CEDEFOP, според кое дури девет од десет европјани сметаат дека доживотното учење е значајно, иако свеста варира од земја до земја[7].

Во табела 3, во однос на ставот на испитаниците заради што е значајно доживотното учење, се рангирани добиените податоци според средна вредност, која што варира од 5 до 4, и може да се забележи дека најголем дел од анкетираните се согласуваат дека доживотното учење е значајно, пред се, поради личниот развој - 4, 85, потоа поради активното граѓанство - 4, 26, вработувањето - 4, 22 и на крај, поради социјалната кохезија - 4, 14.

**Табела 3. Рангирани ставови според средна вредност во однос на прашањето:**
***За што е значајно доживотното учење?***

| Доживотното учење е значајно поради: | | Средна вредност | Стд. дев. |
|---|---|---|---|
| 1 | Личниот развој | 4, 85 | 0. 363 |
| 2 | Активното граѓанство | 4, 26 | 0. 710 |
| 3 | Вработувањето | 4, 22 | 0. 903 |
| 4 | Социјалната кохезија | 4, 14 | 0. 755 |

Личниот развој е една од потребите со примарен приоритет на индивидуално ниво. Човекот може себе си да се доживее реализирано и исполнето единствено ако се движи во насока којашто ќе му овозможи постојано да се развива, со цел успешно да се справува со секојдневните предизвици и ситуации, независно дали станува збор за прашања поврзани со приватниот или со работниот живот. Доживотното учење како полидимензионален концепт ја има токму таквата функција - да ги зајакне капацитетите на луѓето преку развој на знаењата, способностите и вештините коишто ќе го овозможат личниот развој и ќе ги зголемат можностите за активно учество во сите сфери.

[7] CEDEFOP Luxembourg: Office for Official Publications of the European Communities. (2003) *Lifelong learning: Citizen View.* p. 6-24.

Доживотното учење е особено значајно за вработувањето, посебно ако се земат предвид оние луѓе чии што вештини и способности, во денешно време се сметаат за застарени или неактуелни на пазарот на трудот. Може да се констатира дека одамна престана да важи правилото *учење за целиот живот;* напротив, во 21. век е неопходно *учење низ целиот живот*, со цел да се биде во тек со новите побарувања, континуирано да се обновуваат вештините и способностите, да се усовршуваат знаењата, па дури понекогаш е потребно и целосно преквалификување[8], за да може успешно да се одговори на новите, изменети работни задачи и работни профили.

Активното граѓанство, пак, подразбира дека членовите на една организација или воопшто, на едно општество, имаат одредена обврска и одговорност спрема општеството и опкружувањето во коешто дејствуваат. Доживотното учење, преку развојот на вештините и способностите кај луѓето, ги зголемува можностите за активно да се партиципира во граѓански контекст.

Преку активното граѓанство, се зголемува социјалната вклученост, односно се намалува степенот на социјална исклученост, а со сето тоа се зајакнува и социјалната кохезија.

## ПРОДОЛЖУВАЊЕ СО ФОРМАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО БИЛО КОЕ ДОБА ОД ЖИВОТОТ

На круцијалното прашање за концептот на доживотното учење - *да-ли може да се продолжи со формалното образование во било кое доба од животот* - испитаниците одговориле потврдно со 93, 3% (табела 4), со што се потврдува основната суштина на концептот.

**Табела 4. Процентуална дистрибуција на одговори во однос на ставот: Може да се продолжи со формалното образование во било кое доба од животот**

| Може да се продолжи со формалното образование во било кое доба од животот | Број | % |
|---|---|---|
| Се согласувам | 49 | 47. 1 |
| Сосема се согласувам | 48 | 46. 2 |
| Вкупно | 97 | 93. 3 |

[8] Illeris, K. (2006) *Lifelong learning and the low skilled*. International journal of lifelong education, vol. 25. No1, EBSCO: ISSN 0260-1370. p. 15-28

# ИМПЛИКАЦИИ ЗА ВЛИЈАНИЕТО НА СОЦИЈАЛНИТЕ БЕЛЕЗИ (ПОЛ, ВОЗРАСТ, ПОЗИЦИЈА НА РАБОТНО МЕСТО) ВРЗ ДОЖИВОТНОТО УЧЕЊЕ

Од аспект на индивидуалните социјални белези, не се бележат значајни разлики. Имено, во однос на првата хипотетската претпоставка - *Социјалните белези влијаат врз изборот на одредена форма на доживотното учење*, според табела 5 може да се констатира дека, во однос на процентуалната застапеност, не постои разлика помеѓу одговорите на испитаниците од машки и женски пол.

**Табела 5. Вкрстени податоци (пол) во однос на ставот:**
***Може да се продолжи со формалното образование во било кое доба од животот***

| Пол | Не се согласувам | Ниту се согласувам ниту не се согласувам | Се согласувам | Сосема се согласувам | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Машки** | 3, 4 %(1) | 6, 9% (2) | 44, 8% (13) | 44, 8 %(13) | 100, 0%(29) |
| **Женски** | 0, 0% | 5, 3 %(4) | 48, 0 %(36) | 46, 7 %(35) | 100, 0%(75) |
| **Вкупно** | 1, 0 %(1) | 5, 8 %(6) | 47, 1 %(49) | 46, 2% (48) | 100, 0%(104) |

Според табела 6, се забележува подоминантна застапеност на позитивни одговори кај испитаниците на возраст од 45 - 54 години *(сосема се согласувам* - 76, 9%), при што значаен е фактот дека во случајот постојат реални можности ставот спрема конкретното прашање да се формира според сопственото искуство.

**Табела 6. Вкрстени податоци (возраст) во однос на ставот:**
***Може да се продолжи со формалното образование во било кое доба од животот***

| Возраст | Не се согласувам | Ниту се согласувам ниту не се согласувам | Се согласувам | Сосема се согласувам | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **22-34** | 1, 4% (1) | 8, 3% (6) | 52, 8% (38) | 37, 5 %(27) | 100, 0 %(72) |
| **35-44** | 0, 0% | 0, 0% | 42, 1 %(8) | 57, 9 %(11) | 100, 0 %(19) |
| **45-54** | 0, 0% | 0, 0 % | 23, 1 %(3) | 76, 9 %(10) | 100, 0 %(13) |
| Вкупно | 1, 0 %(1) | 5, 8 %(6) | 47, 1 %(49) | 46, 2 %(48) | 100, 0 %(104) |

Според табела 7, резултатите добиени со вкрстување на податоците укажуваат дека позицијата на работно место не влијае значително врз мислењето на испитаниците за продолжување со формалното образование во било кое доба од животот.

**Табела 7. Вкрстени податоци (позиција на работно место) во однос на ставот*: Може да се продолжи со формалното образование во било кое доба од животот***

| **Позиција на работно место** | Не се согласувам | Ниту се согласувам ниту не се согласувам | Се согласувам | Сосема се согласувам | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Раководна** | 0, 0 (0) | 2, 6 (1) | 36, 8 (14) | 60, 5 (23) | 100. 0 (38) |
| **Нераководна** | 0, 0 (0) | 8, 0 (4) | 60, 0 (30) | 32, 0 (16) | 100. 0 (50) |
| **Вкупно** | 0, 0 (0) | 5, 7 (44) | 50, 0 (39) | 44, 3 (39) | 100, 0 (88) |

## ПОТРЕБНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ

Примарна цел на доживотното учење е развој на способностите и вештините на луѓето, потребни за приватниот и работниот живот.

На прашањето, *со кои способности и вештини е потребно да се здобијат граѓаните за успешно да се спроведе концептот на доживотно учење во Република Македонија*, добиените податоци беа анализирани и рангирани според средна вредност. Вештините и способностите за коишто анкетираните можеа да го дадат своето мислење, се делат на: *традиционални* (основна писменост на мајчин јазик, основни математички операции, општо знаење), *социјални* (изразување, соработка со луѓе, соработка со луѓе од друга земја/култура, учење како се учи, процена на ситуациите и решавање на проблеми, иницијативност, преговарање, управување со луѓе, организациски способности) и *инструментални* (познавање на странски јазици, користење на компјутер, користење на Интернет, користење на научни/технолошки инструменти/средства)[9].

Резултатите укажуваат дека најпотребни способности и вештини со кои треба да се стекнат граѓаните на Република Македонија се читањето и пишувањето - 4. 73, што е навистина неопходно ако се има предвид дека бројот на неписмени луѓе во земјата не е занемарлив - 63562 лица на возраст над 10 години[10], а како потребни способности се издвојуваат и способностите за

[9] Commission Of The European Communities. (2001) *Making a European area of lifelong learning a reality*. Brussels.

[10] Државен завод за статистика. Попис, 2002

користење на компјутер - 4, 62, користење на Интернет - 4, 61, познавање на странски јазик - 4, 57 и општо знаење - 4, 54.

**Табела 8. Рангирани одговори според средна вредност во однос на прашањето:**
***Со кои вештини и способности е потребно да се стекнат граѓаните на Република Македонија за успешно да се спроведе концептот на доживотно учење?***

| За успешно да се спроведе концептот на доживотно учење во Република Македонија, потребно е граѓаните да се здобијат со следните вештини и способности: | Средна вредност | Стд. дев. |
|---|---|---|
| Читање и пишување | 4, 73 | 0. 672 |
| Користење на компјутер | 4, 62 | 0. 545 |
| Користење на интернет | 4, 61 | 0. 491 |
| Познавање на странски јазик | 4, 57 | 0. 679 |
| Општо знаење | 4, 54 | 0. 653 |
| Изразување | 4, 37 | 0. 725 |
| Соработка со други луѓе | 4, 36 | 0. 608 |
| Учење како се учи | 4, 19 | 0. 860 |
| Процена на ситуации и решавање на проблеми | 4, 17 | 0. 717 |
| Преземање на иницијатива | 4, 07 | 0. 731 |
| Користење на научни/технолошки инструменти/ средства | 3, 97 | 0. 864 |
| Математички операции | 3, 83 | 1. 001 |
| Соработка со луѓе од друга земја/култура | 3, 78 | 0. 924 |
| Организациски способности | 3, 77 | 0. 906 |
| Управување со луѓе | 3, 26 | 0. 960 |

## УЧЕСТВО ВО НЕФОРМАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ

Неформалното образование ги подразбира сите организирани процеси на учење, насочени кон оспособување за работата, за различни социјални активности или, пак, за личен развој, коишто не се регулирани со законите за основно, средно и високо образование. Сепак, неопходно е да се напомене дека неформалното образование претставува структурирано учење кое се одвива според однапред утврдена програма.

Во било каква форма на неформално образование, во изминатите 12 месеци, учествувале вкупно 80, 8% од испитаниците, од кои само еднаш учес-

твувале - 15, 4%, а повеќе пати - 65, 4%, додека, пак, 19, 2% одговориле дека не учествувале, но би сакале.

## МОТИВИРАЧКИ ФАКТОРИ ЗА ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ

Мотивацијата претставува значаен аспект на учењето на возрасните. Таа е всушност движечката сила, причината што доведува до преземање на некаква акција. Според Malkom Knowles (1984) можат да се издвојат најмалку шест мотивирачки фактори:[11]

- социјални релации: стекнување на нови познанства и пријателства;
- надворешни очекувања: исполнување на нечии очекувања или препораки (најчесто од некого со формален авторитет);
- личен развој: постигнување на повисок статус на работното место, професионален и кариерен развој, превенција од конкурентите;
- излез/стимулација: ослободување од здодевноста, пополнување на слободното време, напуштање на монотонијата на секојдневните рутински активности во домот или на работното место, контраст наспроти исцрпувачката димензија на животот;
- когнитивни интереси: учење поради учењето само по себе, желба за знаење, задоволување на љубопитниот ум.

Со цел да се детерминираат главните мотивирачки фактори кои влијаеле врз испитаниците за продолжување со формалното образование - постдипломски студии, извршена е поделба на евентуалните мотиватори во категории, во однос на аспектот на којшто се однесуваат (табела 10).

Според табела 11, дури 94, 2% од испитаниците одговориле дека продолжиле со формалното образование по сопствена иницијатива, што укажува на слаба мотивираност од страна на работодавачите/ организациите.

[11] Knowles, S. Malcolm. (1984) *The Adult Learner: A neglected species*. Gulf Publishing, *cited in* Lieb, S. (1991) *Principles of adult learning*. VISION.

**Табела 10. Рангирани одговори според средна вредност во однос на прашањето - *Се одлучив за овој вид на формално образование поради:***

| **Се одлучив за овој вид на формално образование поради:** | **Средна вредност** | **Стд. Дев** |
|---|---|---|
| Желбата за стекнување на знаење и компетентност | 4,74 | 0,591 |
| Лична сатисфакција | 4,55 | 0,681 |
| Остварување на личните аспирации | 4,51 | 0,671 |
| Стекнување на знаење и компетентност потребни за извршување на работните задачи | 4,01 | 1,024 |
| Можностите за унапредување | 3,80 | 1,183 |
| Вработување/промена на работното место | 3,70 | 1,101 |
| Учество во едукативната дејност | 3,63 | 0,980 |
| Добивање на сертификат | 2,74 | 1,231 |
| Учество во невладиниот сектор | 2,40 | 1,092 |
| Задржување на работното место | 1,94 | 1,043 |
| Учество во политичкиот живот | 1,88 | 1,078 |

**Табела 11. Процентуална дистрибуција на одговори за прашањето: чија беше иницијативата за упис на постдипломски студии?**

| **Иницијативата за упис на постдипломските студии беше:** | **Број** | **%** |
|---|---|---|
| Моја | 98 | 94. 2 |
| Вкупно | 98 | 94. 2 |

## 7. БАРИЕРИ ЗА ДОЖИВОТНОТО УЧЕЊЕ

Возрасните имаат многубројни приватни и работни одговорности и обврски, коишто е неопходно да ги усогласат со потребите на учењето. Поради тоа, возрасните се соочуваат со одредени бариери кои ги спречуваат да партиципираат во процесот на доживотното учење. Најчесто како бариери се издвојуваат:[12] недостатокот на време; недостатокот на финансиски средства; немање на самодоверба; немање на интерес; неинформираност за можностите

[12] Craig, L. R. (1987) Training and Development Handbook. A guide to human resource development. McGraw-Hill Book Company.

за учење; немање на способност за организирање на времето; грижа за семејството; транспорт.

Со самиот факт дека доживотното учење, како концепт, се темели врз принципот *образование за сите*, може да се констатира дека е потребно најголемо внимание да се посвети на обезбедувањето на слободен и достапен пристап кон процесот на доживотно учење. Непходно е да се отстранат сите бариери кои би можеле на било каков начин да го отежнат, или пак, сосема да го оневозможат учењето. Доживотното учење треба да биде достапно за сите, во секое време и на секое место. Програмите кои претставуваат дел од доживотното учење треба да бидат во голема мера прилагодени кон потребите на заинтересираните за учество во процесот.

Според истражувањето, поголемиот дел од испитаниците, со вкупно 45, 2%, се согласуваат дека им е тешко да одвојат време за учење поради времето што го посветуваат на работата. За транспортот, според сознанијата од истражувањето, главно не може да се каже дека претставува бариера, иако до одреден степен го усложнува процесот на учење. Позитивен е фактот дека дури 84, 6% од испитаниците се изјасниле дека не чувствуваат отпор кон учењето. Во однос на инвестирањето на финансиски средства во формалното образование, резулатите покажуваат дека поголемиот дел од испитаниците ги плаќаат студиите од сопствен џеб (71, 2%), за дел од нив финансиски средства инвестираат членови на семејството (22, 1%), а со минимален процент учествуваат организациите (1. 9%), и државата (1. 9%). Претходно во текстот (табела 6) беше напоменато дека возраста, како бариера за учењето, се отрфрла.

## ИМПЛИКАЦИИ ЗА ЕВЕНТУАЛНИ РАЗЛИКИ ПОМЕЃУ МЕНАЏЕРИТЕ И НЕМЕНАЏЕРИТЕ ВО ОДНОС НА ДОЖИВОТНОТО УЧЕЊЕ

Иако доживотното учење е наменето за вработените од сите нивоа и позиции на работното место, сепак постои суштинска разлика помеѓу обуката и развојот на менаџерите и неменаџерите во организацијата. Па оттаму, истражувањето настојува да открие дали постојат евентуални разлики во однос на доживотното учење и раководната/нераководната позиција што ја имаат испитаниците.

Во однос на мислењето за значењето на доживотното учење, според табела 12, не се забележуваат значајни разлики помеѓу одговорите на менаџерите и неменаџерите.

**Табела 12. Процентуална дистрибуција на одговори на прашањето: *Доживотното учење е значајно***

| Позиција на работно место | Бр. на испитаници | | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | Се согласувам | Сосема се согласувам | |
| **Менаџер** | 3 | 35 | 38 |
| **Неменаџер** | 13 | 37 | 50 |
| **Вкупно** | 16 | 72 | 88 |

Во однос на учеството во било каков вид на неформално образование, се истакнува податокот дека дури 14 испитаници на неменаџерска позиција одговориле дека *не учествувале во било каков вид на неформално образование, но би сакале*, за разлика од испитаниците на менаџерска позиција, каде не се забележува ниту еден таков одговор. Од ова може да се констатира дека можностите на вработените коишто се на нераководна позиција за учество во програмите за неформално образование се значително помали, за разлика од можностите што ги имаат менаџерите. Тоа може да се должи на приоритетот на организациите за развој на менаџментот, на зголемената свест на менаџерите за нивните недостатоци во однос на потребните компетенции за извршување на работните задачи и моменталното ниво на способности и вештини со коишто располагаат, на пристапот кон неформалното образование кој е повеќе отворен кон менаџерите, или пак на неинформираноста на неменаџерите за можностите што ги имаат на располагање.

**Табела 13. Процентуална дистрибуција на одговори на прашањето: Дали сте учествувале во било каков вид на неформално образование во изминатите 12 месеци?**

| Позиција на работно место | Бр. на испитаници | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | Да, повеќе пати | Да, еднаш | Не, но би сакал/а | |
| **Менаџер** | 33 | 5 | / | 38 |
| **Неменаџер** | 27 | 9 | 14 | 50 |
| **Вкупно** | 60 | 14 | 14 | 88 |

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Според резултатите од спроведеното истражување, текстот посочува дека врз процесот на доживотното учење, или поконкретно врз изборот на одредена форма на доживотното учење, во случајот - формално образование на ниво на постдипломски студии, влијаат повеќе фактори, од кои како мотивирачки фактори најмногу се истакнуваат: желбата за стекнување на знаење и компетентност; личната сатисфакција; остварувањето на личните аспирации; и стекнувањето на знаење и компетентност потребни за извршување на работните задачи, додека како најзначајна бариера се истакнува недостатокот од време за учење. Секако, разочарувачки е фактот дека организациите учествуваат со незначителен процент (1,9%) во финансиското инвестирање во формалното доусовршување на своите вработени. Податоците упатуваат кон отфрлање на хипотетската претпоставка дека индивидуалните социјални белези влијаат врз процесот на доживотното учење. Позитивен е фактот дека вкупно сите испитаници се изјасниле позитивно во однос на тврдењето дека доживотното учење е значајно, и според нивното мислење, најмногу поради личниот развој, а дури потоа поради активното граѓанство, вработувањето и социјалната кохезија. Во однос на способностите и вештините со кои е неопходно да се стекнат граѓаните во Република Македонија, испитаниците ги издвојуваат како најпотребни способностите за: читање и пишување, користење на компјутер, користење на интернет, познавање на странски јазик, општо знаење, соработка со други луѓе, учење како се учи; процена на ситуациите; и решавање на проблеми и преземање на иницијатива. Според импликациите за евентуалните разлики помеѓу менаџерите и неменаџерите и доживотното учење, се истакнува податокот дека можностите за вработените кои се на нераководна позиција за учество во програмите за неформално образование се значително помали, за разлика од можностите коишто ги имаат оние кои се на раководна позиција во организацијата.

### *Користена литература:*


- Armstrong, M. (2005) *A handbook of Human Resource Management Practice*. London: Kogan Page.
- Beardwell, I. and Holden L. eds. (2001) *Human Resource Management. A contemporary approach.* Prentice Hall. p. 269-374
- Blanchard, P. N. and Thacker, W. J. (2004) *Effective training. Systems, Strategies, and Practices*. Pearson.
- CEDEFOP Luxembourg: Office for Official Publications of the European Communities. (2003) *Lifelong learning: Citizen View.* p. 6-24.
- Commission Of The European Communities. (2000) *A memorandum of lifelong learning*. Brussels.
- Commission Of The European Communities. (2002) *European report on quality indicators of LLL.* Brussels.
- Commission Of The European Communities. (2001) *Making a European area of lifelong learning a reality*. Brussels.
- Craig, L. R. (1987) Training and Development Handbook. A guide to human resource development. McGraw-Hill Book Company.
- Delors, J. (1996) Learning: The treasure within. UNESCO. p. 38.
- Државен завод за статистика. *Попис*, 2002
- Faure, E. et al. (1972) *Learning to be. The world of education today and tomorrow*. Paris: UNESCO. p. 134-135.
- Holford, J. (2006) *The role of lifelong learning in building citizenship: European Union approaches in the light of British and colonial experience*. International journal of lifelong education. Vol. 25. p. 321-332.
- Illeris, K. (2006) *Lifelong learning and the low skilled*. International journal of lifelong education, vol. 25. No1, EBSCO: ISSN 0260-1370. p. 15-28
- Истражување, 2008.
- Knowles, S. Malcolm. (1984) *The Adult Learner: A neglected species*. Gulf Publishing.
- Lieb, S. (1991) *Principles of adult learning*. VISION.
- NSI. Longlife learning in Europe. EUROSTAT. Statistics in focus 8/2005. (2004) Longlife learning 2003.
- Petkovic, N. et al. (2003) *Organizacija: Teorije, Dizajn, Ponasanje, Promene*. Beograd: Ekonomski fakultet.
- Службен весник на Република Македонија, бр. 7/08. (2008) *Закон за образование на возрасните*. Скопје.
- The Open Learning Agency. (1992) *Lifelong Learning and Human Resource Development.*

Јавна администрација
Public Administration

UDK/UDC 35:316. 4. 053:35
Научен текст / Scientific Paper

*М-р Дејан Витански*

# АДМИНИСТРАТИВНА БИРОКРАТИЈА

АПСТРАКТ

Присуството на бирократијата во современите општества се должи на развојот на комплексните политички и економски системи.

Во услови кога општествените предизвици стануваат посложени и побројни, а содржината на социјалниот, административниот, културниот и стопанскиот живот е сè побогата, се создава благопријатна клима за бирократизација.

Јакнењето на хиерархискиот принцип, крутиот формализам, дехуманизацијата, апсолутното владеење на начелото на авторитет, со исклучување на критичките погледи и ставови, се главните симптоми на преобразбата на управата во бирократска власт.

Во овој труд, преку презентирање на повеќе содржински богати, научно-релевантни и стручно-компетентни ставови, доаѓаме до неопходната

*Dejan Vitanski, M. Sci*

# ADMINISTRATIVE BUREAUCRACY

ABSTRACT

The existence of bureaucracy in contemporary societies is a result of the development of complex political and economic systems.

In a time when the social challenges are ever more complex and numerous and the social, administrative, cultural and economic life more diverse, there exists a favorable climate for bureaucratization.

The strengthening of the hierarchical principle, the strict formalism, dehumanization, the absolute authority while disregarding critical views and stances are the major symptoms of the transformation of the administration into bureaucratic authority.

By presenting several rich in content, scientifically relevant and professional views this article reveals the necessary material for defining the terms bureaucracy and bureaucratization.

The author has put emphasis on the

граѓа за посуштествено детерминирање на поимите бирократија и бирократизација.
Авторот акцентот го става врз негативните атрибути на овие сложени општествени феномени, кои како малигни клетки се метастазирани низ целиот државен и административен организам, загрозувајќи го ефикасното функционирање на нивните витални органи.
Со оглед на фактот што бирократијата е практично неуништива појава, заложбите треба да се фокусираат во насока на ефикасно активирање на целокупниот расположив општествен, политички и економски сет на инструменти, со цел минимизирање на негативните импликации од нејзиното деструктивно функционирање, а потхранување и стимулирање на творечко-инвентивната компонента, која претставува насушна потреба на администратицијата и катализатор на нејзиното квалитативно сервисно профилирање.

**Клучни зборови**: бирократија, администрација, службеници, клиенти

negative attributes of these complex social phenomena which as cancerous cells have metastasized throughout the entire state and administrative body putting in jeopardy the efficient functioning of their vital organs.
Having in mind the fact that bureaucracy is practically an unpreventable occurrence, we should aim towards efficiently activating the whole social, political and economic set of instruments whereby minimizing the negative implications from its destructive functioning while at the same time feeding and stimulating the creative and inventive component which is essential for the administration and a catalyst to its qualitative service profiling.

**Key words:** bureaucracy, administration, employees, clients

dvitanski@yahoo. com

## ВОВЕД

Првите никулци на бирократизација се јавуваат уште со изгрејсонцето на рудиментарните облици на државни организации.

Од најраните периоди на поделбата на трудот се наговестувала тенденцијата за издвојување на посебна група привилегирани и отуѓени од општеството луѓе или поединци, кои како носители на управувачки функции ја користеле власта за да се наслaдуваат од нејзините благодати.

Своето битие низ историјата, бирократијата како општествена појава го зацврстувала паралелно со порастот на управните организации, сложеноста на функциите на управување со општествените работи и воопшто со комплексноста на општествените структури, кои претставувале погодно тло за нејзино виреење.

Бирократијата претставува сложен општествен феномен, за кој не постои една и единствена општоприфатена дефиниција. На поимот бирократија му се вградуваат различни значења, својства и атрибути, кои дополнително го прават сложен и релативно непрецизен. Во секојдневната употреба терминот бирократија најчесто се користи во негативна, пежоративна конотација. Јавноста честопати ги перцепира бирократите како ригидни, бавни, индиферентни, крути, неекономични, неинвентивни, бездушни, препотентни, и има изострен критички став кон нивната работа и однесување.

Во многу земји бирократијата се користи како синоним на администрацијата, при што ставањето знак на равенство помеѓу овие два ентитета доведува до обезличување на административниот апарат како позитивен феномен и сервис ставен во функција на ефикасно задоволување на јавниот (на граѓаните) интерес.

Бирократијата и администрацијата не се идентични категории. И покрај фактот што административниот принцип на управување има примеси на бирократизам, за претворање на администрацијата во бирократија потребно е издвојување на управувачката елита од општеството, односно постоење на безконтролна власт. Со узурпирање на власта и нејзино спојување со управата, администрацијата се метаморфозира во бирократија.

Доколку администрацијата не е продуктивна, ефикасна, одговорна, односно граѓанско сервисно ориентирана, се претвора во бирократија. Кога, пак, државните службеници се ефективни, хумани и иновативни, може да зборуваме за администрација во вистинска, реална смисла на зборот.

Во овој труд ќе го обработиме феноменот на бирократијата, изнесувајќ и повеќе издржани теоретски ставови во насока на расветлување на сите негови компоненти, како и нудење на препораки за амортизирање на негативните импликации од неговото постоење во администрацијата и во останатите општествени структури.

## 1. ЕТИМОЛОШКО И ПОИМОВНО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА БИРОКРАТИЈАТА

Терминот бирократија е кованица од францускиот збор bureau, што означува волнена ткаенина која се ставала на канцелариските столови, и од грчкиот збор kratein, што значи да се владее. Првпат во оваа изворна форма

изразот бирократија го употребил физиократот Vincet de Gournay во 1745 година (Пусиќ, Е, *Наука о управи*, Школьска књига, Загреб, 1993, стр. 94). Значи, етимолошки, бирократијата означува канцелариско владеење, односно владеење на луѓе од канцеларии. Во буквална смисла, овој термин се изедначува со владеењто на администрацијата, на чиновништвото.

Меѓутоа, за да се навлезе во суштината на бирократијата, потребно е овој феномен да се анализира од повеќе аспекти, со што би се овозможило прецизно да се детерминира неговиот поим.

На поимот бирократија, во една широка смисла на зборот , му се даваат, главно, три значења. Прво, под тој поим се подразбира општествениот слој на професионалните управувачи кој настанува врз основа на функциите кои ги врши во државата и други слични организации; второ, систем на општествени и политички односи во кој доминира тој слој, неговото владеење во тој систем; и трето начинот на дејствувањето на бирократијата, што, обично се означува со терминот бирократизам (*Политичка енциклопедија*, Савремена администрација, Београд, 1975, стр. 82-83).

, , Во вистинската нејзина пројава бирократијата е, пред се, производ на поновиот општествен развој, на сложеноста на организацијата и управувањето во современото општество во кое, не само што се зголемуваат функциите на државата, туку се зголемува и бројот и видот на најразличните политички и други слични организации низ кои разните општествени групи учествуваат во јавниот живот и политиката. Оттука, може да се рече дека дури во современата епоха бирократијата станува , , тотален “ општествен феномен кој пробива низ сите пори на организираниот општествен живот. Всушност, создавањето и постоењето на бирократијата во модерното време е, пред се, резултат на создавањето и постоењето на големите централизирани системи на управување, при што државниот апарат и другите управувачки структури воспоставуваат самостојна егзистенција во постојана, институционализирана форма, издвојувајќи се, така, дури од самите владејачки слоеви во општеството. Во еден таков амбиент расте нејзината реална општествена моќ; таа ги завладува сите општествени дејности и процеси контролирајќи го нивното одвивање и претворајќи се, на определен начин, во нивен, , господар” (Георгиевски, П, Корубин, Ј, Миљовска, Д, Мирчев, Д, Милосавлевски, С, Петковска, А, Петроска, Б, Стојаноски, Н, Трајкоски, И, Чокревски, Т, *Социологија*, Студенски збор, Скопје, 1998, стр. 392-393).

Во прилог на попрецизно содржинско определување на бирократијата ќе изнесеме повеќе ставови и видувања на проминентни научни дејци, со цел да ги поставиме контурите на една релативно општоприфатена дефиниција.

Карл Маркс смета дека „бирократијата е најдалечен и најмагловит израз на човечка отуѓеност во практичните сфери на животот- што е после-

дица на отсуството на хуманизмот во општеството, таа е највисок степен на самозадоволство на државата и незадоволство на граѓаните. . . Општиот бирократски дух е тајна, мистерија, која во неа се одржува по пат на хиерархија. . . " (Маркс, К, *Критика Хегелова филозофија државног права*, Култура, Сараево, 1960, стр. 65). Според овој марксистички теоретичар, бирократијата во основа е државен формализам, државна волја, државна свест, државна моќ. Таа е врзана за државата со многубројни нишки. Тоа значи дека духот на бирократијата во суштина се поистоветува со формалниот дух на државата. Маркс ги смета за големи илузии тврдењата дека бирократијата ги отсликува и застапува општите интереси, зашто во стварноста тие јавни интереси се сведуваат на протежирање на сопствените интереси на бирократијата.

Фридрих Енгелс истакнува дека „ бирократијата ја сочинува владејачкиот врв (поединци и органи) кој создал свои сопствени органи, чиј врв е државната власт која раководејќи се од своите посебни интереси ги претвора тие органи, со текот на времето, од слуга на општеството во негови господари" (Фридрих Енгелс, *Увод у Марксов Грађански рат у Француској*, Култура, Београд, 1949, стр. 18).

Еден од најмаркантните претставници на модерното бирократско сфаќ ање е прочуениот германски социолог Макс Вебер, кој во голем дел од својот научен опус ја обработува бирократијата. Неговите сфаќања за бирократијата се во изразито позитивна смисла.

Бирократијата, според Вебер, е карактеристика на модерните општества. Но, во нејзиниот рудиментарен облик, неа ја детектира во поголем број општества во различни историски периоди. Така, елементи на бирократија тој лоцира во стариот Египет и империјална Кина, во Римската и во Византиската империја, како и во секоја општествена заедница каде што постоела голема поделба на трудот и комплексни задачи, какви што биле изградбата на системот за наводнување (регулацијата на Нил) и пирамидите во Египет, собирањето данок во Кина, војните на Римјаните, или државната администрација на Византијците (Ташева, М, *Социологија*, Филозофски факултет, Скопје, 2003, стр. 121).

Вебер бирократијата ја смета за најсовршен облик на управување со општествените работи и најефикасен метод на организирање на човечките дејности – „ потполно развиениот бирократски механизам спрема другите форми на организација се однесува исто како и машината спрема немашинските методи на производство" (Gerth и Mills, From M. Weber, *Essays in Sociology*, Routledge and Kegan Paul, 1946, стр. 208).

Своето внимание Вебер го фокусира врз формалната организација, која ја дефинира како социјален однос во кој приемот на надворешни лица е регулиран со ограничувачки или ексклузивни правила и каде што покорува-

њето на прописите на односната организација се гарантира со постапките на шефот и, обично, управниот апарат, кои се ориентирани кон остварување на овие прописи (Weber, M, *Theory of Social and Economic Organizations*, Glencoe, 1947, стр. 145-146).

Според Вебер, бирократијата е облик на општествена организација кој најмногу се има приближено до идеалот на целно-рационалното дејствување. Таа претставува општествена организација која ги усогласува дејностите на голем број поединци, упатени на остварување на одредена задача, која притоа е поставена на начелата на целната рационалност (Ташева, М, *Социологија*, Филозофски факултет, Скопје, 2003, стр. 119).

Вебер ги формулира следниве принципи, како столбови врз кои почива рационалната бирократска организација:

- надлежностите на поединни органи и службеници за извршување на службените должности се строго утвдени и разграничени со законите и со управните акти;
- дејностите на административните органи се хиерархиски подредени, така што повисоките органи го имаат правото да вршат контрола и надзор над пониските. Значи, постои јасна вертикална линија на команди во која секоја работна единица е потчинета на повисоката;
- постоење на формални правила и процедури кои треба да обезбедат стабилност, предвидливост , непристрасност и еднаков третман на сите при извршувањето на бирократските операции;
- бирократско водење на работење, кое се засновува на пишаните документи, односно евидентирање на целокупната административна дејност во писмени документи;
- стручно образование на службениците, што имплицира специјализирано стручно знаење и вештини за успешно извршување на должностите;
- селекција на кандидатите за вработување врз основа на нивните технички квалификации проверени по пат на испити;
- наградување изразено во паричен износ;
- градење кариера во службата, која треба да биде единствено и главно занимање на нејзиниот вршител;
- напредување во службата врз основа на сениоритет и резултати; и сл.

Очигледно е дека Вебер не се впуштил во подлабоко истражување и анализирање на суштината на бирократијата, туку вниманието го задржал само на нејзината формална страна, со што може да се каже дека целокупната негова теорија се сведува на формализам.

Во натамошното излагање ќе изнесеме уште неколку погледи и дефиниции на угледни теоретичари, со цел да го прошириме хоризонтот на познавање на бирократскиот феномен.

Д-р Еуген Пусиќ, под бирократија подразбира „разни патолошки промени во нормалните односи помеѓу политичките одлучувачки групи и извршните управни организации. Кај бирократската власт, управните организации претставуваат главни или исклучиви потпори на власта во општеството и над општеството" (Пусиќ, Е, *Наука о ūрави*, Školjska књига, Загреб, 1993, стр. 93). Според Пусиќ, бирократијата е начин на извршување на власта, при што смета дека секоја групација станува бирократска ако се оддалечи и ја изгуби врската со својата политичка подлога и владее со помош на управните организации (ibid, стр. 97).

Д-р Јован Ѓорѓевиќ, кој подолго време ги истражувал и обработувал историските и практичните аспекти на бирократијата, смета дека „бирократијата се јавува како извршен апарат на државниот механизам. . . Таа е основно политичко јадро на државата, а државата е основната сила на бирократијата" (Ѓорѓевиќ, Ј, *Оīлед о бирократији*, Београд, 1962, стр. 58). Бирократијата не е посебна општествена класа, туку неприродно наметнат слој, кој го деформира системот.

Според Радомир Лукиќ, бирократијата е општествен слој кој ги извршува управувачките општествени работи, односно, кој врши власт, има далеку поголеми приходи од обичните работници или службеници, и настојува да стане експлоататор (Лукиќ, Р, Основи *социолоīије*, Научна књига, Београд, 1976, стр. 332). Бирократијата е постојано во преградките на државата Но, според Лукиќ, бирократијата не се задоволува само со благодатите кои ги добива од владејачката гарнитура и со текот на времето почнува да и се спротивставува на структурата која во суштина и ја создала. Ширењето на управната власт и зголемувањето на управниот апарат се предуслови за интензивирање на процесот на бирократизација.

Д-р Најдан Пашиќ, бирократијата ја дефинира како „ општествен слој кој својата егзистенција не ја засновува ниту на непосредното производство на производи и услуги, ниту на сопственоста над средствата за производство, туку на власта, односно на функциите во државниот апарат. Бирократијата егзистира на отуѓеноста на политичките сили и на другите облици на општествени организации од самото општество и од непосредната општествена контрола" (Пашиќ, Н, *Савремена држава*, НИП Младост, Београд, 1976, стр. 138). Таа отуѓеност влијае на целосно политичко пасивизирање на граѓанството.

За да не одиме до недоглед во определувањата на поимот бирократија, ќе се обидеме со сублимирање на досега презентираните научни ставови да изградиме една општа и генерална дефиниција: Под бирократија се подразбира посебен општествен слој, кој во нормални општествени услови ја врши извшната функција во државата, под контрола на претставничкото тело, меѓутоа, кој во одредени околности може да се оттрне од таквата контрола и потполно

да се осамостои, при што станува вистински носител на власта. Ваквата положба на бирократијата во поедини државни системи се нотира како негативна општествена појава.

Покрај бирократијата, во науката и практиката често се користи и терминот бирократизам. Под бирократизам се подразбира безлично, хиерархиско, строго формалистичко, ригидно, бавно и неодговорно постапувања со предметите и странките (Ѓорѓевиќ, Ј, *Политички систем*, Научна књига, Београд, 1976, стр. 831).

Бирократизмот како манифестација на бирократскиот менталитет и начин на размислување и работење е најприсутен во рамките на административните органи и организации.

За бирократизмот најчесто се врзуваат следните особини и атрибути: кариеризам, апаратизам, изолационизам, инертност, бездушност, безличност, тајност и сл.

## 3. БИРОКРАТСКИ МААНИ

Некои научници проблемот на бирократијата го изложувале низ хумористичка призма и на тој начин ги апострофирале нејзините гротескни карактеристики. Најпознатиот меѓу нив, Паркинсон, го изнесува примерот со англиската управа, каде после втората светска војна бројот на службениците во воената морнарица постојано се зголемувал напоредно со постојаното намалување на бродската флота. Идентичен е и примерот со англиското Министерството за колонии, каде бројот на персоналот се зголемувал, и тоа во време на распаѓањето на Британското царство, односно после осамостојувањето на колониите. Врз основа на овие еклатантни примери тој констатирал дека државниот апарат се зголемува и тогаш кога неговите работни должности се намалуваат. Т. н Паркинсонов закон почива на две поставки: 1. службеникот сака да се зголеми бројот на негови потчинети, и тоа најмалку за двајца (за тие меѓусебно да се конфронтираат, а да не ја загрозуваат неговата позиција), и 2 . самите службеници еден на друг си создават работа (Пусиќ, Е, Наука о управи, Школьска књига, Загреб, 1993, стр. 95)

Со Паркинсоновиот „закон» се отсликуваат менталната матрица на административните бирократи, кои паразитираат на државни јасли, како и дисфункционалноста на патолошкото и непродуктивно зголемување на управните системи.

Сличен карикатурален приказ даваат и науниците Питер и Хал во нивното дело „Питеровиот принцип». Според нив „секој вработен се стреми да се искачи на хиерархиската скала сè до нејзиното ниво на некомпетентност», и „со текот на времето секое место ќе го заземе службеник што е некомпетен-

тен да ги исполни своите обврски» (цит. По Гризо, Н, Давитковски, Б, Наука за управата, Просвета, Куманово, 1994, стр. 98).

Бирократијата е предмет на перманентни дебати и критички опсервации.

Отсуството на креативен дух е Ахилова петица на бирократијата, која во недостик на инвентивен порив останува заробена во својата тесноградост, неможејќи да се адаптира на промените и успешно да одговори на новите јавни предизвици. Бирократите често пројавуваат анимозитет кон нововоспоставените стандарди и правила кои се воведуваат со единствена цел за подобро услужување на клиентите.

Бирократите сакаат повеќе да се гледаат себеси, како луѓе кои управуваат и наредуваат, отколку како луѓе кои ги снабдуваат граѓаните со сервисни услуги (Servic, Z, Gauging Success: *Perfomance Measurement in South Eastern Europe*, Budapest, 2004, стр. 11).

Општествената деструктивност на бирократијата се огледа не само во нејзината паразитска структура и во патолошкиот и неконтролиран пораст, туку и во нејзиниот конзервативен карактер. Таа се спротивставува на секоја новина и е поборник на постојната status qvo ситуација, што значи не е заинтересирана да го корегира сопственото функционирање, методи и стил на работа. Кога се спроведуваат реформски зафати со цел да дојде до некои квалитативни подобрувања, бирократијата го употребува целокупниот инструментариум со кој располага со цел да ги задуши промените уште на самиот почеток, во зародишот.

Бирократите може да го користат своето знаење и пристапот до релевантните општествени информации за одбрана и зацврстување на сопствените позиции, наместо за квалитетно извршување на службено поставените задачи.

Тие се склони кон филтрирање и филување на податоците што треба да стигнат до нивните претпоставени, заради избегнување на казните или пак за зголемување на наградите.

Монополот врз дејностите што ги извршуваат е една од причините за бирократската неефикасност. Во контекст на ова неопходни се, пред се онаму каде што се можни, моќни конкурентски алтернативни структури, кои ќе ја разнишаат досегашната удобна бирократска комфорност.

Една од императивните реформски цели е супституирањето на безличната, трома и прекомплицирана бирократска администрација, со мала, мобилна, поедноставна и поекономична администрација, која ќе ги извршува своите јавни задачи со подобро квалификуван и стабилен кадар. Бирократската отчетност и одговорност, што посебно се изразува во имањето на сенс за граѓаните, може практично да се операционализира ако постои соодветно перцепирање и разбирање за тоа кои се јавните потреби и барања (детектирање и

дефинирање на проблемите) на граѓаните и преточување на артикулираните интереси на клиентите во политичките цели и програми (политичка формулација и имплементација).

Потребни се заемни врски и отворени канали на комуникација меѓу административните службеници и јавноста, кои на граѓаните ќе им овозможат во политичкиот систем да ги вградат сопствените интереси, како и ефективни контролни механизми што ќе бидат гарант дека таквите интереси нема да се загубат во различните стадиуми и лавиринти на политичкиот и на административниот процес.

За успешно реформирање на административниот сектор и намалување на бирократската баласт, неопходно е да се преземат широк спектар на системски мерки:

1. Поедноставување и забрзување на процедурите, што пред се подразбира скратување на роковите во кои се одвиваат административните постапки, намалување на бројот на потребните документи, повисок степен на разбирливост на формуларите што ги пополнуваат граѓаните, а сето тоа во насока на ефикасно задоволување на есенцијалните граѓански права и потреби;

2. Подобрување на административниот јазик, што значи да се отстранат заплетканите фрази и извитоперени конструкции кои доминираат во бирократскиот израз, за да се олесни разбирливоста на стилот и јазикот на официјалните документи. Значи, потребни се опсежни кампањи за усвојување на едноставен јазик, со што ќе се подигне нивото на разбирање во комуникацијата помеѓу управата и клиентите;

3. Институционално етаблирање на правилото „ молчењето на администрацијата значи одобрување", со цел службениците да се притиснат да бидат поревносни во извршувањето на работните задачи, за да можат граѓаните и правните субјекти побрзо да ги остваруваат своите права и интереси;

4. Идентификација на вработените, за да се намали неодговорноста. Во овој правец, административните службеници кога општат и работат со клиенти треба да носат беџови на кои се видно истакнати нивните имиња и звања;

5. Развој на системот на одговорност, што значи напуштање на колективната и поголемо практикување на индивидуалната, конкретнатата одговорност, односно секој да одговара за своите постапки и поведенија;

6. Подобра пристапност на административните органи до граѓаните. Овде спаѓаат: лесно наоѓање на потребната служба, создавање услови за полесен физички пристап на инвалидизираните лица, флексибилно и продолжено работно време, добра и рамномерна регионална дистрибуција на службите и сл.

7. Поголема транспарентност и отчетност во работата, која ќе овозможи увид на граѓаните во административните активности, и нивна контрола;

8. Поголемо доближување на администрацијата до граѓаните, преку разни брошури, телевизиски спотови, подвижни информациски штандови и

организирање на отворени средби, каде граѓаните ќе се информираат за новововедените или изменети закони, процедури, прописи, или ќе добијат корисни и неопходни совети и потребна помош за успешно остварување на нивните права и обврски;

9. Радикално реорганизирање на државниот апарат, кое вклучува децентрализација, односно спуштање на одредени надлежности на локално ниво, препуштање на извршувањето на одредени јавни служби на приватниот сектор, со што државната управа би се свела само на оние дејности кои поради важноста и приоритетноста на поширокиот општествен интерес треба да останат под нејзина капа - како одбраната, судството, полицијата и сл.

## 4. СОВРЕМЕНИОТ ПРОФИЛ НА ДРЖАВЕН СЛУЖБЕНИК

Еден од клучните сегменти на реформскиот процес на административниот сектор треба да биде воспоставувањето на нови стандарди на работа, како и вредности и вештини кои треба да ги поседуваат државните службеници, за успешно да одговорат на општествените предизвици пред кои секојдневно се исправени, односно да претставуваат квалитетен сервис на граѓаните за ефикасно остварување на нивните права, обврски и интереси.

Современиот и модерен административен службеник треба да биде:

- продуктивен и ефикасен;
- емпатичен;
- толерантен;
- сигурен;
- одговорен;
- лојален (што не значи и сервилен);
- позитивно настроен спрема клиентите и нивните потреби и проблеми;
- неутрален во однос на политичките партии;
- инвентивен и снаодлив;
- конструктивно критички настроен;
- куртоазен, и
- флексибилен

Во истиов контекст, за подобрување на работните процеси на администрацијата и нивно издигнување на повисоко квалитативно рамниште неопходни се следниве технички вештини:

- стратегиско размислување;
- иницијативност и креативност;
- работење под притисок;
- способност за преземање на ризици;
- управување со ресурси и со луѓе;

- ефективно делегирање на задачи и на одговорности;
- определување на приоритети;
- способност да се работи со нова технологија (компјутерска и друга);
- комуникациски вештини, и
- познавање на јазици

(*Јавна политика во Средна и во Источна Европа: теории, методи, практики*, превод на македонски јазик, Фондација Институт отворено општество- Македонија, 2005, стр. 118-119).

Меѓутоа, за да имаме ваков профил на државен службеник, потребно е и повлекување на потези, кои ќе одат во насока на севкупно подобрување на службеничкиот материјален и социјален, односно општествен статус:

- идентификација на службеникот со работата, која овозможува за доволство од успешното остварување на организациските цели;
- солидна плата;
- можност за напредување во службата и градење на престижна кариера;
- добри работни услови;
- поволна и благопријатна организациска атмосфера, хармонија, колегијалност и кооперативност, и сл.

## 5. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Присуството на бирократијата во современите општества се должи на развојот на комплексните политички и економски системи.

Во услови кога општествените предизвици стануваат посложени и побројни, а содржината на социјалниот, административниот, културниот и стопанскиот живот е се побогата, се создава благопријатна клима за бирократизација.

Јакнењето на хиерархискиот принцип, крутиот формализам, дехуманизацијата, апсолутното владеење на начелото на авторитет, со исклучување на критичките погледи и ставови се главните симптоми на преобразбата на управата во бирократска власт.

Заложбите за целосно искоренување и уништување на бирократијата се нереални и утопистички. Бирократијата може да се оквалификува како едно „нужно зло", кое постоело и ќе постои во сите сфери на општественото живеење. Затоа, активностите треба да се насочат барем во правец на ограничување на нејзиниот обем, моќ и деструктивно дејствување, како и воспоставување на конзистентни и ефективни механизми за нејзина контрола и одговорност. Минимизирањето на бирократијата, стеснувањето на просторот за нејзино привилегирано, препотентно и општествено отуѓено маневрирање и

создавањето на творечки и одговорни државни службеници се работи кои ќе дадат силен импакт во профилирањето и развојот на модерниот административен сектор.

Сервисната поставеност, што подразбира ефикасно задоволување на јавниот интерес, во кој е инкорпориран и интересот на поединците, треба да биде основната водилка во работата на службениците, односно благосостојбата на граѓаните треба да биде нормативен правилник за административна работа. Согласно со ова, императив треба да биде денешната бирократија, која повеќе содржи негативни и пежоративни состојки, да се трансформира во претставничка бирократија, која во центарот на своето внимание ќе го постави клиентот.

## РЕЗИМЕ

Во овој труд, преку презентирање на повеќе содржински богати, научно- релевантни и стручно-компетентни ставови, доаѓаме до неопходната граѓа за посуштествено детерминирање на поимите бирократија и бирократизација.

Авторот м-р Дејан Витански, акцентот го става врз негативните атрибити на овие сложени општествени феномени, кои како малигни клетки се метазтазирани низ целиот државен и административен организам, загрозувајќ и го ефикасното функционирање на нивните витални органи.

Со оглед на фактот што бирократијата е практично неуништива појава, заложбите треба да се фокусираат во насока на ефикасно активирање на целокупниот расположив општествен, политички и економски сет на инструменти, со цел минимизирање на негативните импликации од нејзиното деструктивно функционирање, а потхранување и стимулирање на творечко-инвентивната компонента, која претставува насушна потреба на администратицијата и катализатор на нејзиното квалитативно сервисно профилирање.

### *БИБЛИОГРАФИЈА:*


- Пусиќ, Е, Наука о управи, Школьска књига, Загреб, 1993, стр. 93 - 97
- Маркс, К, Критика Хегелова филозофија државног права, Култура, Сараево, 1960, стр. 65
- Фридрих Енгелс, Увод у Марксов Граџански рат у Француској, Култура, Београд, 1949, стр. 18
- Gerth и Mills, From M. Weber, Essays in Sociology, Routledge and Kegan Paul, 1946, стр. 208
- Weber, M, Theory of Social and Economic Organizations, Glencoe, 1947, стр. 145-146
- Ѓорѓевиќ, Ј, Политички систем, Научна књига, Београд , 1980, стр. 831
- Ѓорѓевиќ, Ј, Оглед о бирократији, Београд, 1962, стр. 58
- Лукиќ, Р, Основи социологије, Научна књига, Београд, 1976, стр. 332
- Ташева, М, Социологија, Филозофски факултет, Скопје, 2003, стр. 119-121
- Георгиевски, П, Корубин, Ј, Миљовска, Д, Мирчев, Д, Милосавлевски, С, Петковска, А, Петроска, Б, Стојаноски, Н, Трајкоски, И, Чокревски, Т, Социологија, Студенски збор, Скопје, 1998, стр. 392-393
- Пашиќ, Н, Савремена држава, НИП Младост, Београд, 1976, стр. 138
- Јавна политика во Средна и во Источна Европа: теории, методи, практики, превод на македонски јазик, Фондација Институт отворено општество- Македонија, 2005, стр. 118-119
- Гризо, Н, Давитковски, Б, Наука за управата, Просвета , Куманово, 1994, стр. 98
- Servic, Z, Gauging Success: Perfomance Measurement in South Eastern Europe, Budapest, 2004, стр. 11
- Политичка енциклопедија, Савремена администрација, Београд, 1975, стр. 82-83

UDK/UDC 334.722
Научен текст / Scientific Paper

*Д-р Насер Раими*
*Лирије Раими*

# ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО КАКО ДЕЛОВНА ФИЛОЗОФИЈА И ПРЕДУСЛОВ ЗА БРЗ РАЗВОЈ НА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

АПСТРАКТ

Претприемништвото како докажана деловна филозофија во современата глобализирана економија, благодарение на своите иманентни карактеристики обезбедува динамичен економски раст. Многу познати и докажани автори и теоретичари од областа на претприемништвото, сметаат дека во современите глобални економски текови, базирани на информатичкото општество, како главни носители на успешни бизнис преструктурирања се деловните субјекти од секторот на мали и средни претпријатија, кои својата потенцијална развојна енергија и големата флексибилност на поставување кон

*Naser Raimi, Ph. D.*
*Lirije Raimi, BA*

# ENTREPRENEURSHIP AS A BUSINESS PHILOSOPHY AND AS A PREREQUISITE TO FAST DEVELOPMENT OF SMALL AND MEDIUM-SIZED ENTERPRISES

ABSTRACT

Thanks to its eminent characteristics and as a successful business philosophy in the contemporary globalized economy of today, entrepreneurship has seen a growing economic development. Many distinguished authors and theoreticians in the field of entrepreneurship feel that in the contemporary global economic developments, based on the IT society, as major holders of successful business restructurings are held the business entities from the sector of small and medium-sized enterprises who have based their potential development energy and their immense flexibility of adapting to the instable conditions

нестабилните услови на глобалниот пазар ги базираат на деловните знаења и умешности на нивните успешни претприемачи. Затоа, изработката на една, сеопфатна, стратегија во која јасно се дефинирани мерките и активностите од страна на надлежните институции за промоција на претприемништвото и зголемување на конкурентните способности на малите и средни претпријатија би било еден од приоритетите за создавање реални претпоставки за побрз економски развој на Република Македонија. Преземањето на соодветни мерки и активности од страна на упатените државни институции, во функција на подобрување на општата бизнис клима, се резултат на радикалните промени што се случија во политичката и економската сфера. Поддршката на развојот на претприемништвото и секторот на мали и средни претрпријатија, би се реализирала со конкретна финансиска поддршка од буџетските средства, при што, преку промоција на димензијата на претприемништвото и секторот за МСП, низ обезбедување на неопходната институционална инфраструктура, дефинирање на прифатлив финансиски и даночен систем, создавање на севкупен позитивен амбиент на бизнис опкружувањето, како и подигањето на нивото на иновативност и конкурентност, ќе допринесат за потикнување и развој на претприемнички дух и претприемничко однесување кај сопствениците на МСП, а со тоа и за побрз социо-економски развој на Р Македонија.

of the global market, on the business knowledge and skills of their successful entrepreneurs.

Hence, such a comprehensive strategy which clearly defines all the measures and activities that the authorized institutions ought to take in order to promote Entrepreneurship and improve the competitive abilities of the small and medium-sized enterprises, is considered to be one of the priorities for creating the right environment for a faster economic development of R. Macedonia. Introduction of the appropriate measures and activities by the authorized state institutions and in favor of a better business climate are a result of the radical changes that took place in the political and economic environment.

Lending support for the development of Entrepreneurship and the sector for small and medium-sized enterprises can be achieved by offering specific financial help out of the budget where through the promotion of entrepreneurship and the sector for small and medium-sized enterprises (SSME), providing the necessary institutional infrastructure, setting up an acceptable financial and tax system, creating a positive business atmosphere as well as raising the level of innovativeness and competitiveness, we help stimulate and develop the entrepreneurial spirit and behaviors of the SSME proprietors and with that speed up the socio-economic development of R. Macedonia.

n_raimi@hotmail. com

## ВОВЕД

Секторот на МСП (мали и средни претпријатија) одиграл значајна улога во севкупниот социо-економски развој во денешните високоразвиени земји, тргнувајќи од аспект на зголемување на присуството на огромниот број на деловни субјекти-учесници на пазарот, со постоење на разновидноста на понудата од производи и услуги, преку создавање на еден вистински пазарен амбиент во кој доаѓа до израз конкурентноста меѓу деловните субјекти и која конкуренција има позитивен одраз врз квалитетот на понудата, сè до огромните можности од самовработување и вработување на другите членови од потесното семејство.

Самата долгогодишна практика во сферата на пазарната економија ги промовирала вистинските атрибути и можности кои може да ги понуди еден либерално ориентиран пазар, благодарение на постоењето и институционалната поддршка и развојот на МСП, кои подоцна се покажале како вистински фактор на севкупниот, брз и стабилен економски развој во овие земји. Овие деловни субјекти, преку нивната пропулзивна улога во голема мера го дале својот придонес во создавањето на БДП (бруто домашен производ), големиот потенцијал со кој располагале од аспект на извозните можности на малите деловни субјекти кои овозможувале зголемени девизни и други ефекти за односните земји, перманентната зголемена потреба од апсорбирање на нова работна сила итн. Ако се направи анализа за процентната застапеност на МСП во однос на вкупниот број на присутни стопански субјекти на пазарот, во просек, ќе се констатира дека секторот на МСП е присутен со околу 98% на пазарот. Големиот процент од присуството на мали и средни претпријатија на пазарот речиси во сите развиени земји, ја имплицира нивната значајна позиција и значењето за вкупниот економски развој на една земја. Многу од денешните развиени земји, во една пократка или подолга ретроспектива, согледувајќи ги бизнис можностите на малите деловни субјекти, применувале разни форми на институционална поддршка која подразбира примена на разни форми на финансиска помош но, обезбедувајќи им истовремено и разни консалтинг услуги на почетокот од нивните бизниси. Во зависност од социо-економските специфики, Владите на земјите со успешни економии, разните форми на институционална поддршка ги сублимирале во конкретни стратегии на национално ниво за развој на МСП. Поаѓајќи од овие факти, и во Република Македонија во 2002 год. е конципирана и усвоена т. н. „Национална стратегија за развојот и поддршка на МСП" за периодот од 2002-2012 год. Но, се разбира дека постои и дефинирана четиригодишна програма за мерките и активностите кои се во функција на поддршката и развојот на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите бизниси. Постоењето на долгорочна стратегија, како и на разни програми, беа во функција на изградба на нова и јакнење на

постојната институционална инфраструктура, дефинирање и обезбедување на правното опкружување, со истовремено обезбедување на финансиски и нефинансиски услуги, стимулирање на економскиот развој и намалување на невработеноста, зголемување на ефикасноста на претпријатијата и конкурентноста на домашните производи. Што се однесува до „Правното опкружување" во Република Македонија, истата проблематика е апсолвирана на релативно задоволителен начин-преку измените и усвојувањето на голем број законски решенија, кои кореспондираа со сугестиите и директивите на ЕУ, при што е создадена мошне поволна бизнис клима, меѓу кои како поважни се сметаат: Законот за трговски друштва, Законот за едношалтерски систем, Законот за договорен залог, Законот за стечај, Законот за извршување, Законот за вршење на занаетчиска дејност, Законот за лизинг, Законот за стопански комори и др.

Од аспект на обезбедување на финансиски услуги, односно, овозможување пристап на МСП до финансиските извори, обезбедени се повеќе видови на такви услуги од страна на комерцијалните банки, кои го зголемија дијапазонот на кредитирање на МСП преку постоење на поповолни услови за пласманот на финансиските средства кон секторот на МСП, благодарение на подобрувањето на системот за залог, кој релативно го реши проблемот со хипотекарните побарувања. Како и во развиените пазарни економии, и во Македонија постојат многу институции кои се во функција за кредитирање на приватните бизнис иницијативи, покрај постоењето на двата приватни фонда, од страна на Македонска банка за поддршка на развојот основан е и т. н. Државен гарантен фонд, кои заедно со други комерцијални банки, придонесуваат во доволна мера за прифаќање и финансирање на разни претприемнички идеи. Но, сепак, вкупниот број на вистински активни претпријатија во националната економија на Македонија, нивното учество во создавањето на БДП, потенцијалот на апсорбирање на работната сила, извозните можности и др, во споредба со просекот на ЕУ, покажуваат дека развојот на Претприемништвото како и нивото на конкурентноста на МСП треба да се авансираат на едно повисоко ниво. Додека нефинансиската поддршка се обезбедува низ разни форми на обуки, семинари и советувања, кои се организирани од страна на АППРМ (Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија), а се реализирани преку регионални центри. Нефинансиската поддршка се обезбедува преку давање на услуги од областа на менаџментот, маркетингот и сметководството. Во рамките на програмата на мерки и активности за промоција на претприемништвото и зголемувањето на конкурентноста на малото стопанство, е основана споменатата АППРМ, во согласност со Европската повелба за мали претпријатија, која претставува една од најрелевантните институции на ниво на државата за имплементација и координација на домашната и меѓу-

народната поддршка на секторот на МСП. Треба да се спомне и фактот дека во рамките на Министерството за економија постои посебен сектор за претприемништво и конкурентност, кој има институционални обврски за потесна соработка со други приватни и јавни институции кои се во служба на потребите на МСП. Да кажеме дека, за натамошна успешна поддршка на развојот на МСП е основана т. н. „Опсерваторија" за мали и средни претпријатија (во 2004 год. ), која има обврска да ги собира и анализира добиените податоци за МСП, и секоја година, врз основа на добиените информации, подготвува годишен извештај за состојбата и развојот на секторот на МСП. Опсерваторијата како главен извор на информации ја користи базата на податоци од Централниот регистер на РМ, Државниот завод за статистика, Фондот за пензиско осигурување, Министерството за економија, Комерцијалните банки и др.

## 1. ОБРАЗОВАНИЕТО, ТЕХНОЛОГИЈАТА И ИНОВАТОРСТВОТО ВО ФУНКЦИЈА НА ЈАКНЕЊЕТО НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО И КОНКУРЕНТНОСТА НА МСП

Врз основа на досега кажаното за значењето на МСП за севкупната економија на една земја, неминовно се наметнува потребата од искористување и примена на најновите сознанија и придобивки базирани на учење и знаење, надградба на вештини и перманентно зголемување на степенот на образованието на менаџерите, претприемниците и на вработените, со единствена цел: што поуспешно следење на технолошките развојни трендови, како и поуспешно приспособување кон специфичните потреби на пазарот. Во РМ, во овие транзициски години, се уште не е јасно и соодветно профилиран формалниот образовен систем во основното, средното и високото образование, со цел подготвување и воспитување на младите генерации за претприемничко однесување, преку подигнување на нивната претприемничка култура и постојано јакнење на претприемничкиот дух - како потенцијални носители на бизнис активности. Целта е, преку идентификација и успешна примена на разни претприемнички програми од страна на надлежните институции, да се овозможи материјализирање на разни претприемнички идеи во конкретни форми на бизнис, со што ќе се обезбедат неограничени можности за вработување на младите луѓе. Оттаму и неопходноста од потребата за примена на разните претприемнички програми не само во сферата на формалното примарно и секундарно образование, туку и во високото образование, со воведување на редовни додипломски студии од областа на претприемништвото. Меѓу позначајните фактори на развојот во конкурентните економии базирани на знаење се дефинирани науката, технологијата и иноваторството. Овие фактори на конкурентност кај МСП во Македонија се маргинализирани, имајќи ја предвид малата вредност (изразена во децимали) која се издвојува од БДП за оваа

цел. Аналогно на ова, и иновациските капацитети на МСП се со ограничени можности. Се разбира, како резултат на слабата акумулативна способност на МСП, издвојувањата на средствата за нови технологии и за научноистражувачка работа се симболични. Од аспект на поврзаноста и соработката меѓу Универзитетите и стопанството, треба да кажеме дека не постои некое високо ниво на функционирање и меѓусебна соработка, а тој момент директно се одразува врз степенот на искористеноста на науката, технологијата и иноваторството како предуслови за зголемена конкурентност на МСП. Од аспект на обезбедување на финансиски средства или одредени законски регулативи за стимулирање на инвестирањето во нови технологии и иновации во Република Македонија не постојат соодветни решенија, како што не постојат такви решенија и во сферата на обезбедување на ризичен капитал, кој со своите димензии би влијаел врз иновационите активности кај претприемачите. Се разбира, преку постојано подобрување на правното опкружување ќе се овозможи поттикнување на иноваторските активности кај МСП (мали и средни претпријатија), преку конкретни промотивни активности ќе се влијае на подигнувањето на свеста кај младите претприемачи за сфаќањето на димензијата на науката, технологијата и иноваторството, со што ќе се подигне конкурентната моќ кај деловните субјекти. За да се постигнат посочените објективи треба да се преземат одредени мерки и инструменти од страна на надлежните институции како што се:

- поттикнување и мотивирање на приватниот бизнис сектор за зголемување на вредноста на вложените инвестициски средства во сферата на истражувањето и развојот, со што се отвараат можности за забрзан технолошки развој на деловниот субјект;
- основање на институции кои би биле ориентирани кон истражување и развој, со истовремена ориентација кон трансферот на нови технологии и иновации;
- од страна на надлежните државни институции треба да се овозможат услови за воведување на даночни олеснувања за МСП, со цел да се стимулира сегментот за инвестиција и развој;
- дефинирање и одредување на релевантни индикатори за следење на развојот во науката, технологијата и иновациите, кои ќе бидат во кореспонденција со практиката на земјите од ЕУ;
- популаризирање и подигање на свеста за важноста на Истражување и Развој на редовните состаноци, конференции, советувања, симпозиуми и др, во рамките на Бизнис заедницата;
- зголемување на бројот на фирмите корисници на средства за развој, кои државата ги одделува за оваа намена.

## 2. ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО КАКО ПРЕДУСЛОВ ЗА УСПЕШЕН РАЗВОЈ НА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА (МСП)

Во економската структура на Република Македонија беше присутен паралелен процес – додека по осамостојувањето речиси сите дотогашни економски гиганти пропаднаа, од друга страна, на основа на позитивните и либерални законски решенија се зголемуваше бројот на малите претпријатија кој во 2005 год. достигна 180. 000. Се разбира, последните години секторот на МСП, благодарение на постојната легислатива, како и на либерализираните услови на пазарот, почна успешно да се развива, така што бројот на активни претпријатија (МСП кои во текот на годината покажале одредени бизнис трансакции), постојано бил во подем и, во колку се направи споредба на нивниот број во 2002 год. (37. 000) со бројот на МСП во 2005 год. (44. 000) тогаш, во рамките на три до четири години нивниот број се зголемил за над 20%, или во просек за секоја година зголемување на над 2. 300 претпријатија. Се разбира, вкупниот број на МСП директно се одразува и врз создадената вредност на Бруто производството, во чие создавање секторот на МСП партиципира со над 70% од вкупната вредност во 2005 год, или со 54% во 2003 год. Оваа прогресија по однос на зголемување на бројот на МСП во апсолутен поглед, директно се одразува и на прашањето за зголемување на вработеноста, при што во 2002 год. од 110. 000 вработени во овој сектор, бројот на вработените во истиот сектор, во 2005 год, се зголемил на 145. 000 – или за 32%. Овие податоци се најсилните аргументи во правец на објаснувањето на димензијата и значењето на малите деловни субјекти за вкупниот економски развој на земјата и неопходноста од поддршка на овој сектор преку градење нова и јакнење на постојната институционална инфраструктура, подобрување на правното опкружување и обезбедување на финансиски и нефинансиски средства. Сите показатели за сегашниот број на претпријатијата, партиципацијата на МСП во вработувањето и во создавањето на БДП (Бруто домашен производ) во споредба со вредноста на просекот во земјите членки на ЕУ, индицираат дека развојот на претприемништвото како и нивото на конкурентност на МСП во Република Македонија треба да се одвива многу позабрзано. Затоа, некои од приоритетните цели на институциите на системот треба да се фокусираат на перманентното зголемување на бројот на МСП, со што се овозможува зголемување и на вработеноста, не само кај МСП туку воопшто се овозможува влијание и придонес на МСП во креирањето на БДП. Се разбира овие прииритетни цели се во согласност и со „Лисабонската агенда„ како и со „Европската повелба за МСП„. Јасно е дека и во сферата на законодавството, во функција на поддршката и развојот на МСП, се разрешени многу прашања меѓу кои е и прашањето за едношалтерскиот систем за регистрација на претпријатијата (01. 01. 2006), со кои значително се намали времетраењето за започнување на

бизнис, кој беше резултат на намалените тарифи за регистрација, времетраењето за регистрација, како и можностите за побрз и полесен пристап до точни и валидни информации за деловните субјекти. Паралелно со овие активности, законски се дефинираа и другите моменти, како што е воспоставување на трговски регистер во електронска форма. [1] Ова претставува можност за во иднина да започне примената на „електронски потпис и електронска регистрација на претпријатијата". Во суштина, едношалтерскиот систем за регистрација овозможи обединување на сите важни, од правен аспект, статутни податоци за отпочнувањето на работењето и остварувањето на правата на деловниот субјект како што се: Единствен матичен број на субјектот (ЕМБС), Единствен даночен број на субјектот (ЕДБС), Известување до Државниот Завод за Статистика, Царинската управа за деловни субјекти кои имаат регистрирано дејност во надворешен промет и др.

Исто така важен е моментот околу „трошоците за регистрација на претпријатијата" кои нзнесуваат околу 150 €, во зависност од видот на претпријатието[2].

Постоењето на едношалтерскиот систем е во функција на намалување на бројот на процедурите, времетраењето како и трошоците за започнување со работа. Претприемачот, по добивањето на решението од Централниот регистер, има можности за отпочнување со бизнисот. Еден од доста важните трошоци, во врска со основањето на претпријатието и отпочнување со бизнис, е и прашањето за висината на трошоците поврзани со регистрацијата на претпријатието и започнување со работа, кои изнесуваат околу 10% споредено со БНД (Бруто национален доход) по жител[3], како и прашањето за вредноста на основачкиот влог на претпријатието[4]. Врз основа на „Законот за трговски друштва" од 2004 год. основачкиот долг не може да биде помал од 5. 000 €, во денарска противвредност. Ако се спореди со БНД, тогаш основачкиот капитал ја надминува вредноста на БНД по жител во РМ. Во контекст на потребите на малиот бизнис, во Република Македонија не постои јасна систематска анализа за регулаторното влијание на МСП. Сепак, институциите надлежни по прашањето за развој на МСП прават напори за подобрување на целокупното бизнис опкружување. Се прават напори за квалитетно подобрување на регулативата која се однесува на бизнис активностите преку градење на институционални рамки во функција на развојот и имплементацијата на реформите во сферата на регулативата. За таа цел во рамките на Владата на РМ се основа одделение за следење на регулаторното влијание.

[1] Трговски регистер за правни лица – целосно преземање на судскиот регистер
[2] Доколку се работи за трговец – поединец тогаш трошоците се 65 €, за АД – 150 €, занаетчија – 75 €
[3] БНД – по жител за 2005 год. во РМ изнесуваше 2. 830 УСД
[4] Закон за Трговски Друштва, член 172 (Сл. Весник на РМ 28/04)

## 3. ПРОМОВИРАЊЕТО НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

Прашањето за невработеноста е едно од најсериозните во земјите кои навлегоа во процесот на транзицијата. Самиот процес на транзицијата беше еден неминовен социо-економски процес во земјите од Источна и Југоисточна Европа, и беше резултат на преминот на овие земји од претходно централно-планирана економија во пазарна економија. Транзициските промени подразбираат длабоки општествени, економски, културни, политички, образовни и други промени кои оставија свои консеквенции – особено од аспект на неможноста од приспособување на тогашните големи економски гиганти кон новосоздадените услови на пазарот и кои, во првите години од транзицијата, ги покажаа своите слаби бизнис перформанси во однос на флексибилноста кон новите пазарни услови. Голем број од овие стопански гиганти паднаа во ликвидација, по што следуваше отпуштање од работа на огромната армија на тогашни вработени кои, за жал, се здобија со статусот на невработени лица. Се поставува прашањето од аспект на нивната образовна структура, кој момент е доста важен особено од аспект на влијанието врз состојбите во секторот на МСП. Имено, иако спаѓаат во категоријата на невработени лица, сепак од аспект на потенцијалните можности претставуваат извор за нови вработувања во постојните и во новооснованите мали бизниси. Затоа невработеноста во РМ, анализирано од аспект на степенот на образованието на претприемачите и на другите менаџерски структури, како и на останатите вработени во МСП, ја експонира вистинската потенцијална димензија за брзиот развој на претприемачките бизниси. Се разбира ниските степени на образование на претприемачите не им дава доволни претприемнички знаења и умешности на сопствениците на бизниси да се носат со специфичните глобални барања кои безмилосно ги наметнува слободниот пазар. Со цел што поуспешно да се искористат сознанијата и придобивките од современиот бизнис кој се базира на претприемнички знаења и вештини, неминовно се наметнува потребата од перманентно образовање односно перманентно надградување на деловните вештини од страна на носителите на бизнис активности, потребно е да се следат современите технолошки и развојни трендови, со цел што поуспечно приспособување кон новонастанатите промени на пазарот. Заради успешно искористување на новите технологии како и можностите што произлегуваат од информатичката и комуникациската технологија, претприемачите се постојано соочени со предизвици кои ги наметнува современиот глобален бизнис, па оттаму и неопходноста од разни форми на институционална поддршка за постојаното подобрување на знаењето, деловните вештини и претприемничките квалитети кај носителите на разни бизнис иницијативи. Заради успешно промовирање на претприемништвото како деловна филозофија и предуслов за

брз развој на МСП потребно е истото да се промовира и во Формалниот образовен систем на РМ. Формалниот образовен систем во основното, средното и високото образование се уште не е адекватно ориентиран за подготовката на учениците за претприемништвото, како и за зголемување на претприемничката култура. Ова подразбира создавање на еден претприемнички амбиент на ниво на општеството, кој ќе влијае врз јакнењето на претприемничкиот дух и претприемничкото однесување на сопствениците како на постојните така и на новозапочнатите бизниси. Многу е значаен моментот на јакнењето на претприемничкиот дух, момент кој кореспондира со деловниот ризик и кој има за цел, кај носителите на бизнисот, да влева постојана верба во самите себеси, дека и во случај на пропаѓање на нивниот бизнис тие не треба да го сфатат тоа толку трагично; напротив, самиот тој момент на неуспех да се третира како „Моментален" што значи дека треба да се бараат нови можности кои на слободниот пазар ги има во безброј. Затоа, во последно време се профилира т. н. форма на доживотно учење која, за жал, кај нас не е многу развиена и применета и, се разбира, недостасува правната рамка. Кај нас, во однос на сфаќањето на поимот „Претприемништво" како и неограничените деловни можности кои произлегуваат од оваа деловна филозофија, постои висок степен на скептицизам, истото не е доволно афирмирано и популаризирано па дури понекогаш има и негативна конотација. За разлика од другите развиени економии, кај нас дури и државните институции прават скромни чекори во правец на промовирањето на вистинската димензија на претприемништвото. Сите овие моменти имаат влијание кај луѓето за да ја немаат таа „Самодоверба" во себеси, во однос на преземањето на критичниот чекор во правец на промовирањето како претприемник, при основањето на сопствениот бизнис, како можност за вработување. Затоа, надлежните институции треба поагресивно да дејствуваат за поттикнувањето на претприемничките идеи кај поединците при основањето на нивните сопствени бизниси, преку разни програми и проекти за подигањето на свеста за претприемништвото, преку апликација на системот за мотивирање и наградување на најуспешните претприемачи, со цел зајакнување на претприемничката култура и духот. Претприемништвото во формалниот образовен систем во РМ го има третманот на дополнителна активност или како изборен предмет но, се разбира, треба најсериозно да се преиспита ваквиот третман на овој социо-економски феномен и да го добие вистинскиот третман како редовен предмет и задолжителна научна дисциплина во високото образование[5]. Покрај формалниот образовен систем треба да се создадат и можности за претприемничко учење и обука и вон формалниот образовен систем – како составен дел на системот за „доживотно учење„. Заради реализација на овие цели, од страна на надлежните државни институции

[5] Министерство за образование и наука – МОН (www. mon. gov. mk)

треба да се дефинира и воспостави соодветна правна рамка која би ги опфаќала следниве мерки - инструменти:

- задолжително воведување на предметот „Претприемништво" во формалниот образовен систем и подигање на свеста кај учениците од средното и високото образование;
- промовирањето на претприемништвото во сферата на „неформалното образование" како составен дел на доживотното или перманентното образование;
- воведување на студиски програми по претприемништво за додипломски студии, како и други форми на претприемничко учење.

Од овој аспект да го спомнеме и постоењето на т. н. „Форум за МСП", кој претставува успешна форма на партнерска соработка меѓу Министерството за економија и Асоцијациите на МСП. Од аспект, пак, на јакнењето на дијалогот меѓу разните заинтересирани страни (Надлежни државни институции и Бизнис заедницата) е основан т. н. „Национален Совет за претприемништво и конкурентност", кој активно учествува во креирањето на развојните документи на МСП и во изготвувањето на редовни извештаи за конкурентната способност на деловните субјекти.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на досега кажаното за значењето на МСП за севкупната национална економија во развиените земји, задолжително се наметнува потребата од искористување и примена на најновите придобивки и сознанија базирани на учење и знаење, надградба на вештини и перманентно подигнување на нивото на образованието на носителите на бизнис иницијативи-претприемачите, со единствена цел што поуспешно да се приспособат кон спефичните потреби на пазарот. Кај нас се уште не постои соодвтно профилиран образовен систем кој би бил во функција на подготовка и едукација на младите генерации за претприемничко однесување, подигнување на претприемничката култура како и јакнењето на нивниот претприемнички дух како носители на бизнис активности. Целта е, преку апликација на успешни претприемнички програми, не само во сферата на формалното образование туку и во сферата на неформалното образование, да се оспособат идните претприемачи за реалните настанати услови на пазарот за што поуспешно да го вклучат својот бизнис во комплементарната структура на либералниот пазар. Со разни форми на институционална поддршка на претприемничко оспособување и едукација на младите претприемачи ќе се создадат неограничени можности за вработување, кој директно ќе влијае врз социјалната благосостојба во државата.

Во развиените економски системи кои ги имаат атрибутите на „Конкурентни економии”, како фактори на развојот базирани на знаење се третираат науката, технологијата и иноваторството. Овие конкурентни фактори во Република Македонија се маргинализирани, имајќи ја предвид малата (симболична) вредност што се издвојува од БДП. Аналогно на ова и иновациските капацитети на МСП се со ограничени можности. Ограничените претприемнички капацитети се одразуваат и на слабата акумулативна способност на деловните субјекти, а овој момент директно се одразува и врз симболичните издвојувања на средствата за нови технологии и за научноистражувачка работа кај деловните субјекти. Исто така, не постои некое завидно ниво на соработка и поврзаност меѓу Универзитетските центри и Бизнис заедницата, што доволно зборува за нискиот степен на искористеност на науката, технологијата и иноваторството како предуслови за висока конкурентност на деловните субјекти. За што поуспешно искористување на сознанијата и придобивките на современиот бизнис кој се базира на претприемничко знаење и вештини, неминовно се наметнува потребата од „Перманентното образование”. Формалниот образовен систем се уште не е адекватно ориентиран кон подготовката на учениците и студентите за претприемништво. Со цел, јакнење на претприемничкиот дух кај младите генерации како идни претприемачи, потребно е авансирање на т. н. форма на „Доживотно учење”, која кај нас не е многу развиена и за истата е потребна соодветна правна рамка.

**ЛИТЕРАТУРА:**


1. Централен регистар(2001, 2002, 2003, 2004, 2005, 2006), База на податоци за домашни сметки и правни лица, 2000, 2001, 2002, 2003, 2004, 2005, Скопје
2. Институт за претприемништво и раководење со мал бизнис(Декември, 2000), Slovene Entrepreneurship Observatory 2000, Maribor,
3. Европска повелба за мали претпријатија(2003, 2004, 2005, 2006), Национален извештај за 2003, 2004, 2005, 2006, Министерство за економија, Скопје
4. Државен завод за статистика на РМ(2001, 2002, 2003, 2004, 2005, 2006
5. William L . Megginson, Mary Jane Byrd, Charles R. Scott, Leon C. Megginson:Small Business Management. An Entrepreneurs Guide to Succes; Irwin, Burr Ridge, Illinois, 1994
6. Опсерваторија за МСП во Македонија(2004, 2005, 2006), Годишен извештај за 2002, 2003, 2004, 2005, Скопје,
7. Европска Комисија (2004), Извештај за имплементација на Европска Повелба за мали претпријатија во земјите од западен Балкан, Брисел, 2004,
8. Robinsion, David: “The Naked Entrepreneur” Kogan Page Ltd, London, 1991

Таки Фити, Верица Хаџи , Василева-Марковска, Милфорд Бетмен ,

9. Претприемништво, , Економски Факултет, Скопје, 1999.
10. Дерек Либерт. “Елементи на Претприемништво” Документи за благосостојбата изд. United State Information Service, Embassy of the USA, Russia Regional Program

| | |
|---|---|
| Комуникологија, Процес на рецепција на медиумски пораки<br>Communicology, Media reception process | UDK/UDC 316.774<br>Научен текст / Scientific Paper |

*М-р Елеонора Серафимовска*

# НОВА ЕРА ВО ПОЛЕТО НА ИСТРАЖУВАЊАТА НА ПУБЛИКАТА

АПСТРАКТ

Во анализите на процесот на рецепција на медиумските пораки, публиката, како што сугерираат Фиск и Серто (Fiske и Certeau) се гледа како активен творец, оној кој продуцира значење, а не само како конзумент на медиумското значење. Членовите на публиката ги декодираат медиумските текстови на начин кој е во релација со нивните социјални, културни околности, но и психолошки карактеристики, што можеби значи дека станува збор не за едноставно декодирање на пораката, туку за повторно кодирање на истата. Ваквите напори во насока на споменатиот пристап довеле до тоа тој пристап да се нарече и веќе широко да се препознава под називот Нови истражувања на публиката (New Audinece Research- NAR). Студиите во ерата на

*Eleonora Serafimovska, M. Sci*

# A NEW ERA IN THE FIELD OF AUDIENCE RESEARCH

ABSTRACT

In the analyses of the media message reception process, the audience as suggested by Fiske and Certeau is seen as an active creator, one which creates meaning and not merely a consumer of it. The audience members decode the media texts in a way that correlates to their social and cultural environment but also to their psychological characteristics which means we aren't only talking about a simple decoding of the message but its repeated encoding. These attempts regarding the aforementioned approach have made this approach to be widely known as New Audience Research – NAR. The studies in the era of the New Audience Research have demonstrated that the audience is capable of constructing highly individual readings of the media texts and the

новите истражувања на публиката покажале дека публиката конструира индивидуални читања на медиумските текстови, а поимот *семиотичка демократија* полека се формира и ја освојува сцената на медиумските истражувања.

**Клучни зборови**: процес на рецепција на медиумски пораки, Халов модел на кодирање-декодирање, масовни медими

term *semiotic democracy* is slowly but surely starting to take shape and gradually take its deserved place in the field of media research.

**Key words:** media message reception process, Hall's encoding-decoding model, mass media

eleonora@isppi. ukim. edu. mk

## ИСТОРИЈАТА НА МЕДИУМСКИТЕ ИСТРАЖУВАЊА

Историјата на медиумските истражувања јасно ја обележале три различни фази во сфаќањето за медиумското влијание. Во секоја од овие фази доминантното теориско гледиште било формулирано во склад со преовладувачките уверувања за значењето на комуникациите во општеството, и првенствено се однесувало на политичките ефекти на масовните медиуми.

Концепцијата за *семоќни медиуми* преовладувала во првата фаза од историјата на медиумските истражувања, а на нејзиното формулирање значајно влијаеле теоретичарите на Франкфуртската школа, кои ја застапувале идејата за директно и непосредно влијание на медиумските пораки врз свеста на публиката[1]. Нивните размисли тогаш коинцидирале со, во тоа време, доминантиот правец во американските истражувања, заснован на прагматичко-бихејвиористичките сфаќања за влијанието на медиумите врз ставовите и однесувањето на публиката и верувањата во силната перзуазивна моќ на медиумите. (Curran, 1977)

Оспорувањето на оваа преовладувачка претпоставка почнало пред Втората светска војна, а дефинивното вообличување на новата теориска позиција е завршено кон средината на шеесетите години со појавата на влијателна-

[1] Доаѓајќи во Америка, теоретичарите на Франкфуртската школа, го донеле со себе и песимистичкото пророштво за масовното општетство. Тие, носејќи го трауматското искуство од нацистичка Германија од која избегале, ги засновувале своите истражувања на хипотезата за директно и непосредно влијание на медиумските пораки врз свеста на луѓето. Нивната порака накратко гласела: тоа може да се случи и овде!

та книга на Џозеф Клапер (J. Klapper)- Ефектите од масовната комуникација (*The effects of mass communication*). Студијата на Клапер засновува една друга доктрина, денес веќе широко прифатена како *засилувачка доктрина,* (оригинално- Reinforcement Doctrine), според која најважен медиумски ефект е засилување на постоечките уверувања. Таквата медиумска неефективност (во однос на неможноста за менување на ставовите што во претходната фаза се сметало за главен вид медиумско влијание), предизвикала промена во поимањето на медиумските ефекти и станала основа за минимализација на медиумските ефекти. Медиумските пораки многу малку, или дури ништо, не можат да изменат во когнитивното поле на поединците, но затоа, пак, помагаат да се зацврстат веќе постоечките ставови. Па ако во првата фаза се зборувало за семоќноста на медиумите, за максимални медиумски ефекти, оваа фаза ја карактеризирала концепцијата за *минимални медиумски ефекти*.

Со почетокот на седумдесеттите години почнува да се развива еден критички пристап кон владеечката концепција во втората фаза. Големиот пораст на средствата кои корпоративниот и политичкиот сектор ги издвојуваат за реклама, покажува дека многу повеќе се верува во перзуазивната моќ на медиумите. Многу теориски наоди укажуваат на потребата, ако веќе не се оспорува, барем да се проблематизира владеечкото уверување (за минималните медиумски ефекти), а новонастанатите истражувања сé повеќе укажуваат на тоа дека медумите придонесуваат за *култивација на перцепцијата* во склад со владеечкиот поредок, дека тие се моќен инструмент за социјална контрола и продукција на согласност со постоечките услови во општеството. Всушност, во оваа фаза, во областа на теоријата се отворил еден сосем поинаку формулиран проблем: не дали медиумите се моќни или не, туку зошто масовните медиуми се толку моќни бранители на постоечката status quo позиција, и зошто ги зацврстуваат уверувањата кои веќе се доминантни.

Одговорите на вакви и слични прашања почнале да се насираат кога е иницирана дебатата за улогата на медиумите во социјалната конструкција на реалноста. Со дефинирање на тврдењето дека реалноста не е објективно и природно дадена како серија на факти, туку, дека таа е последица на специфичниот начин на конструкција, улогата на медиумите се покажала во нова светлина. Во тој процес, медиумите не се само случајни преносители на реалноста која постои покрај и надвор од нив, туку нејзини медијатори, посредници. Медиумите се производители на пораките, а тоа значи и креатори на смислата што им се припишува на настаните. Во овој период, критичките студии придонеле за промена на основните теориски поставки: комуникацијата се гледа како произведување на значење, а не како *транспорт* на пораки; наместо примател на медумски пораки- публиката се гледа како активен субјект; наместо за *објективни* медиумски производи- се зборува за општествено конструирани значења. (Fiske, 1988) Сето ова го означило почетокот на *новата*

*ера* во областа на комункациите, а посебно во делот на ефектите што ги имаат медиумите врз луѓето, чија емпириска основа е во истражувањата на публиката.

## ИСТРАЖУВАЊА НА ПУБЛИКАТА: АНАЛИЗИ НА РЕЦЕПЦИЈА

Анализите на рецепција се развиле од комбинацијата на традиционалните квалитативни истражувачки стратегии во социологијата со некои од идеите од Теоријата на одговор на публиката во литературниот критицизам. Од областа на литаратурниот критицизам посебно се инспиративни идеите на Фиш (Fish) за интерпретативно општество. Фокус на интерпретативно општество значи дека истражувачите во оваа област со своите истражувачки активности и интереси ги *надминуваат* границите на самиот текст и анализираат нешта во *заднината* на самиот текст. (Fish, 1980)

И покрај (имплицитниот) номинален линк со поставките на Теоријата на рецепција[2] во полето на литературните студии и истражувачи во оваа област (посебно во Германија), основите на скорешните современи студии за медиумската публика имаат во целост различно потекло. Имено, во практиката терминот *анализа на рецепција* бил широко применуван како начин на карактеризирање на бранот истражувања на публиката кој се појавил во текот на 80-тите и 90-тите години. Ваквите истражувања во целост усвоиле *културна* перспектива, настојувале да употребуваат квалитативни (честопати етнографски) методи на истражување и настојувале да го насочат вниманието на истражување на активните избори, употреби и интерпретации направени од медиумски материјал од страна на нивните конзументи. (Morley, 1986)

Мошне важна почетна точка за ваквиот вид истражувања е развојот на културните студии и работата на Стјуарт Хал (Stuart Hall) од центарот за Современи Културни студии на Универзитетот во Бирминген- Англија во раните 70-ти години, и посебно Халовиот широко влијателен модел на (ен)кодирање и декодирање.

Халовиот модел понудил инспирација и концепциска рамка за бројни истражувања на процесот на медиумското конзумирање, како што е широко цитираната студија на Дејвид Морли (David Morley) за културните обрасци на

[2] Теоријата на рецепција е верзија на литарутурната Теорија на одговор на читачот која ја истакнува читателската рецепција на литертурниот текст. Таа потекнува од работата на Hans Robert Jauss во доцните 60-ти, а била највлијателна во 70-тите и раните 80-ти во Германија и Западна Европа. Оваа теорија вели дека текстот, било тој да е во книга, во филм или во некоја друга креација, не е едноставно пасивно прифатен од публиката; читателот/гледачот го интерпретира значењето на текстот детерминирано од неговото културно минато и животно искуство.Всушност, значењето на текстот не е во самиот текст, туку се креира во релацијата помеѓу текстот и читатеолот, (Jauss, 1970)

различните интерпретации на медиумските пораки на публиката на ТВ програмата *Национална,* и работата на Дороти Хобсон (Dorothy Hobson) за женскиот дел од публиката на сапунската опера *Крстопати.* Овие истражувања, пак, претставувале само почетоци за големиот број културни студии фокусирани на медиумската публика во текот на 80-тите и 90-тите, вклучувајќи ги, меѓу највлијателните, истражувањата на Тања Модлески и Џенис Редвеј (Tanja Modleski и Janice Radway) за гледачките на сапунските опери и романси, Ким Шредер и Џостин Грипсруд (Kim Schroder и Jostein Gripsrud) за интернационалното кроскултурно конзумирање на американските серии *Далас* и *Династија.* Голем дел од овие истражувања нешто подоцна бил успешно сумиран и популаризиран, посебно во САД, од страна на Џон Фиск (кој, пак, "изникнува" од теоретската заднина на Мишел Д` Серто), со посебно нагласување на «активната» публика и оперирајќи со термините «семиотичка» демократија на постмодерната плуралистичка култура.

Во доцните 80-ти се појавуваат бројни повици до истражувачите за препознавње на можна конвергенција на претходно самостојните приоди под општ термин: анализи на рецепција.

Всушност, историјата на студиите за медиумската публика може да се претстави како серии осцилации помеѓу перспективите кои ја истакнувале надмоќта на текстот (или пораката) врз неговата публика, и перспективите кои ги акцентираат бариерите кои ја штитат публиката од потенцијалните ефекти на пораката. Првата позиција е мобилизирана од «хиподермичкиот модел» на медиумското влијание, во кој на медиумките им се припишува моќ да ја «инјектираат» својата публика со одредени пораки, кои, пак, кај нив ќе предизвикаат одредено, конкретно однесување. Една од највлијателните верзии на овој вид «хиподермички» теории за медиумските ефекти е моделот разработен од Теодор Адорно и Макс Хоркхајмер (Theodor Adorno и Max Horkheimer) заедно со другите членови на Франкфуртската школа за општествени истражувања. Нивната "песимистичка теза за масовното општество" го рефлектирала искуството на авторите со распадот на фашистичка Гераманија, распад кој бил атрибуиран, во еден дел, на губењето на традиционалните релации и структури, при што тогашните луѓе биле гледани како поатомизирани суштества изложени на надворешни влијанија, а посебно на притисокот на масовната пропаганда на моќните лидери. "Песимистичката теза за масовното општество" ја истакнала конзервативната и помирувачка улога на "масовната култура" за публиката. Масовната култура била гледана како нешто што ги потиснува потенцијалите и ја негира свесноста за контрадикторностите во "едно-димензионалниот свет". Хиподермичкиот модел на медиуми е модел кој има моќ за "инјектирање" на репресивната идеологија директно во свеста на масите.

Против оваа генереално песимистичка улога на медиумите, емиграцијта на водечкие членови на Франкфуртската школа (Adorno, Marcuse, Horkheimer) во Америка, во текот на 30-тите довел и до развивање на специфично "Американска" школа за истражувања во 40-тите и 50-тите. Песимистичкта теза на Франкфуртската школа за поврзаноста помеѓу "масовното општество" и фашизмот и улогата на медиумите во нејзиното зацврстување, се чинело неприфатливо за Американските истражувачи. Тие агрументирале дека песимистичката теза пропагира премногу директно и непосредувачко влијание на медиумите врз нивната публика, и, дека тоа всушност не ја рефлектира плуралистичката природа на Американското опшество, поради што накратко е оквалификувана како социолошки наивна. Станало јасно дека медиумите имаат општествени ефекти, но тие мора да бидат внимателно испитани и истражени. Исто така, јасно е дека тие ефекти ниту се семоќни, ниту задолжително директни. Но, и природата на таа комплексност и недиректност мора да биде демонстрирана и истражена. Така, како реакција на претпоставките на Франкфуртската школа, Американските истражувачи како Херта Херцог, Роберт Мертон, Пол Лазарсфилд (Herta Herzog, Robert Merton, Paul Lazarsfeld) и, нешто подоцна, Елиу Кац (Elihu Katz) почнале да развиваат квантитавна и позитивистичка методологија за емпириски истражувања на публиката во рамкина "социологијата на масовната перзуазија". Во следните две декади, во текот на 50-тите и 60-тите, севкупниот ефект од емпириски заснованите истражувања во рамки на "социлогијата на масовната перзуазија" бил да се продуцираат колку што е можно повеќе забелешки за моќта на медиумите, при што, медиумските конзументи биле сé повеќе препознавани како ни малку комплетно пасивни «жртви» на културната индустрија. Помеѓу главните напори во оваа смисла биле Мертоновата «Масовна перзуазија» и «Персоналното влијание» на Кац и Лазарсфилд, каде тие го развиваат концептот на «двостепена» комуникација, во која влијанието на медиумите е значително посредувано од «чуварите на портите» (gatekeepers) и "водачите на мислењето" (opinion leaders). (Katz и Lazarsfeld, 1955 според Рот, 1983)

Во раните 70-ти, Куниан (Counihan) го забележал растечкото значење на новата перпсектива во медиумското конзумирање- приодот познат како "Употреба и задоволство" (Uses and gratifications), кој бил широко асоциран со работата на Кац во Сад, а со работат на Џеј Блилер и Џејмс Хелоран (Jay Bluler, James Halloran) во Англија. Во рамките на оваа перспектива, гледачот бил кредитиран со активна улога, при што прашањето: *Што прават луѓето со медиумите?* се чинело посоодветно во споредба со прашањето: *Што им прават медиумите на луѓето*?. Овој аргумент очигледно бил од големо значење во процесот на поместување на научната дебата кон активната улога на публиката во однос на медиумите. Една клучна предност која била развиена во рамки на перпсективата "употреба и задоволство" била варијабилноста на од-

говорите и интерпертациите. Од оваа перпсектива , повеќе никој не може да зборува за "ефектите" на пораката врз хомогенатс публика, од која се очекува да биде афектирана на ист начин. Оттука, јасно е дека концепцијата "уптреба и задоволство" навистина претставува значајна предност на теориите на ефектите, пред сé со тоа што таа го отворила прашањето за различните интерпретации. Но, набрзо од кога се појавила, критиките аргументирале дека ограничувањата на таа перпсектива се, што таа останува се уште индивидуалистичка- сé додека разликте на одговорите или интерпретациите се ултимативно атрибуирани само на индивидуланите разлики во личноста. Од оваа точка на гледање на нештата споменатиот приод останува ограничен поради немањето социолошка и културна перспектива. (Кунчик и Ципфел, 1998)

Во напорот да се надмине индивидуалистичкиот пристап, Стјуарт Хал развил комуникациски модел на кодирање-декодирање со Центарот за Современи културни студии, во обид да ги развие придобивките кои симултано се појавувале во сите претходно споменати перспективи. Во годините потоа овој модел станал мошне влијателен во областа на студиите за публиката. Од теоретичарите на ефектите тој го презел делот кој зборува дека масовната комуникација е структурирана активност, во која институциите кои продуцираат пораки навистина имаат моќ да ги поставуваат агендите (agenda setting) и да ги дефинираат обрасците според кои ќе се размислува. Ова секако е напуштање на идејата за моќта на медиумите да го натераат поединецит да се однесува на одреден начин (како директен ефект кој е предизвикан од едноставна дразба произлезена од медиумот), но е и задржување на идејата за улогата на медиумот во дефинирањето на агендата и обезбедување културни категории со кои, и рамки во кои, припадниците на културата ќе се обидат да дејствуваат. Моделот се обидел да ги инкорпорира и идеите од перспективата на матрицата: употреба и задоволство за активниот гледач, гледач кој создава значење од знаците и симболите кои медиумот ги нуди. Овој модел бил дизајниран да ги земе предвид и идеите за начините на кои одговорите и интерпретациите се општествено структурирани и културно образувани на ниво, кое го надминува она на индивидуалната психологија. Накратко, премисите на кои почива моделот на кодирање/декодирање биле:

- Еден ист настан може да биде кодиран на повеќе од еден начин
- Пораката секогаш содржи повеќе од едно потенцијално «читање». Пораките предложуваат и «преферираат» одредено читање над другите можни читања, но никогаш не можат да останат целосно затворени околу едно читање: тие остануваат полисемични (значи способни, во принцип, за разни интерпретации).

- Разбирањето на пораката е исто така проблематично и покрај тоа што се чини крајно транспарентно и «природно». Пораките кодирани на еден начин секогаш можат да бидат декодирани на различен начин.

Во рамките на овој модел телевизиските пораки се третирани како комплексни знаци, во кои е «вчитано преферираното читање», но кои оставаат потенцијал за комуницирање на различно значење, доколку се декодирани на начин различен од оној на кој биле кодирани. Пораката на тој начин е структурирана полисемија. Главното во аргументот е дека сите значења не «егзистираат подеднакво» во пораката: значи тие се така структурирани што имаат едно доминантно знаење, кое постои паралелно со невозможноста за «целосно затворње» на значењето. (Hall, 1981)

Така, кога во фокусот на анализата е моментот на кодирање на пораката, комуникациската форма и структура може да биде анализирана во однос на *механизамите кои преферираат едно, доминантно читање во однос на другите читања на пораката; кои се средствата со кои се служи кодерот кога се обидува да ја насочи публиката кон "преферираното" читање на пораката.*

Хал претпоставува дека не мора да има задолжително совпаѓање или транспарентност помеѓу кодирачкиот и декодирачкиот крај (пол) од комуникациската алка. Халовите настојувања биле дека токму тој недостаток од транспарентност, и неговите последици за комуникацијата, треба да се истражува. Тргнувајќи од тоа дека секогаш постои можност за дисјункција помеѓу кодовите на тие што праќаат и тие што примаат во кругот на масовните комункации, проблемот на ефектите од комуникацијата сега може да биде реформулиран како: мерката (нивото) до која декодирањата го лимитираат преферираниот (или доминатниот) начин на кој пораката била иницијално кодирана. Комплеметарниот аспект на овој проблем е: мерката, нивото до кое овие интерпретации или декодирања ги рефлектираат, или се «инфицирани», од кодот или дискурсите што ги поседуваат различни делови од публиката, што всушност го претставува рангот на различните декодирачки стратегии и компетенции што постојат во публиката.

Современите културни студии, во Бирмингхам (Велика Бруитанија), растечкиот продор и влијанието на феминизмот во текот на 70-тите довеле, покрај другите ефекти, и до ревитализација на интересот за психоаналитичката теорија, давајќи им централно место на размислите за полот во рамки на психоанализата. Во рамки на студиите за медиуми, овој интерес за психоаналитичките теории за конструкција на половите идентитети, бил еден од основачките принципи во развојот на еден конкретен приод за анализа на медиумите, (пред сé- киното како медиум) и неговите ефекти врз гледачите, приод

развиен од списанието *Екран* (Screen), кое во доцните 70-ти било влијателно во ова поле, посебно во В. Британија, особено во студиите за филм. (Brunsdon, 1981)

Тоа што претставувало едно од поголемите достигнувања на Теорија-та на екранот (Screen theory), заедно со марксизмот и формалната семиотика на Кристијан Мец (Christian Metz), всушност претставувало обнова на значење-то на анализата на текстот, која пак неправедно се запоставувала во претход-ните активности во полето на комуникациите. Всушност, поставките на пси-хоанализата биле екстремно влијателни во контекст на развојот на подцнеж-ните феминистички размислувања за улогата на медиумите во конструирање-то на половите идентитети. Поддржувачите на Теоријата на екранот, на прет-ходните приоди им забележале дека ја запоставуваат анализата на текстуал-ните форми и обрасци од медиумските продукти, концентрирајќи се на анали-зата на прашањето за медиумската сопственост и контрола, при тоа истакну-вајќи дека, штом еднаш веќе се демонстрира капиталистичката сопственост на индустријата- не постои реална потреба за испитување на текстот (програ-мата или филмовите) во детели, бидејќи сите тие (се мисли на текстовите), ќе покажуваат минорни варијации во рамки на ограничувањата кои веќе ги по-ставиле капиталистичките сопственици. (MacCabe, 1974)

Спротивно на тоа, Теоријата на екранот се фокусирала особено на текстот и ја истакнала потребата за поцелосна анализа на текстуалните фор-ми, со претпоставка дека, текстот го позиционира гледачот (го става во одре-дена позиција), со што- доволно ќе биде само да се анлизира текстот за да ги дознаеме ефектите што тој ќе ги има врз гледачите. На овој начин Теоријата на екранот ќе ја заслужи критиката за текстуален детерминизам и предетер-минираната позиција за субјектот конструирана за него или неа од страна на текстот.

Во периодот што следел, психоаналитичкиот модел продолжил да би-де влијателен во областа на студиите за филмот, а Халовиот модел на кодира-ње/декодирање продолжил да ја дефинира базичната концепциска рамка за мноштвото истражувања, дебати за медиумското конзумирање и медиумската публика, кои буквално ги преплавиле 80-тите. Кога би се издвоиле само најдо-брите примери, во продукцијата од тој период секако би се нашле: студијата на Дејвид Морли за публиката на Телевизиската програма *Национална*, студија-та на Хобсон за гледачите на *Крстопати*, истражувањето на Модлески за женските гледачи на сапунските опери, студијата на Енг (Ang) за гледачите на серијата *Далас,* студијата на Фиск за *Телевизиската култура,* студиите на Фи-лио и Луис (Philio i Lewis) за публиката на телевизиските вести, како и работа-та на Шродер, Либес и Кац за конзумирањето на Американската ТВ фанта-стика во другите култури. Се појавува и еден нов бран на размисли кој се фо-

кусира на домашниот контекст на телевизиската рецепција во рамки на домаќинството, често употребувајќи етнографска методологија и карактеристично фокусирајќи се на половите разлики во навиките за следење на телевизиските програми во рамки на домаќинството или семејството.

* * *

Од појавата на Халовиот модел на кодирање-декодирање па сé до денес, голем број анализи на рецепецијата ги откриваат поединостите на нашата рецепција на медиумските пораки, етнографскиот приод во истражувањата на публиката станува сé популарен, како и употребата на интервјуата и опсервациите на партиципиентите во комуникацискиот процес. [3]

Денес, пред истражувачите во областа на рецепцијата, а соочени со мноштвото квалитативни податоци, се поставуваат бројни емпириски и теориски предизвици. И Халовиот модел, кој го обележа почетокот на новата ера во истражувањата на публиката, сé повеќе се преиспитува, пред сé поради едно-димензионалната теориска рамка во која бил поставен. Таа рамка резултирала со ексклузувен фокус на идеологијата во студиите на рецепција, и во секое истражување се трагало по тоа дали публиката го прифаќа, преговара или е во опзиција во однос на «преферираното» значење кое се претпоставува деа е «вчитано» во медиумскиот текст. Но, годините исполнети со емпириските истражувања на публиката покажаа дека актуелните читања на медиумските

[3] Главните студии од областа на рецепцијата на медиумите каде била користена ваквата методолигија биле водени од Дејвид Морли. Неговата *Nationwide* публика *(1980)* претставувала значаен исчекор од културните студии кои, во некој аспект, почнале да се концентрираат премногу на текстот, а помалку да ја истражуваат публиката. На семиотиката (семиологија) почнало да се гледа како на наука за текстот, од кој експертите би можеле да ги препознаат, видат, откријат пораките кои лежат во неговата основа, како и идеолошките ефекти, без да ги земат предвид читателите и нивната употреба на тој текст во секојдневието.

Морлиевото истражување на двата телевизиски канала се фокусирало на начинот на кој се конструира значењето за време на интеракцијата на медиумскиот текст и социјалните и дискурс позиции на членовите на публиката. Тој демонстрирал дека различни групи генерираат сосем различно значење на телевизиската програма *Национална,* и покажал дека генерираното значење било тесно поврзано со субкултурните групи во иста социјална класа.

Друга посебно важна и современа студија е Морлиевата *Семејна Телевизија* од 1986. Таа спаѓа некако надвор од главниот тек на рецепциските студии, бидејќи помалку се занимава со значењето што публиката го дава на телевизиските пораки а помалку со употребата на телевизијата како инструмент на патријахалната моќ во домаќинството. Но, како и да е, таа била базата за разбирањето на однесувањето на публиката и е честопати споменувана од истражувачите во областа на медимската публика, што секако го заслужува местото на основна, класична рецепциска студија.

Морлиевото истражување честопати е сфатено како *пробивање* во сферата на медимиските ефекти. Со свртувањето на внимението кон публиката, тој го разбранува главниот тек (маинстреам-от) на традицијата на медиумски ефекти со која доминирал хиподермичкиот модел на влијание, сé додека не се развил пристапот наречен употреба и задоволство (uses and gratifications).

текстови се многу покомплексни од тоа, па се кристализирала потребата од развивање на еден мултидимензионален модел за дискурсот на публиката.

Индивидуални напори за емпириски заснован општ модел за медиумската рецепција постојат, но тие сепак мора да го положат тестот на валидност и употребливост за да можат да бидат прифатени како водичи во мноштвото истражувања на публиката.

**Користена литература**


Brunsdon, B. et al. ”The Affirmative Character of American Cultural Studies. “ *Critical Studies in Mass Communication, (Annandale, Virginia),* 1990.

Curran, J. et al. , *Mass Communication and Society.* London: Edward Arnold, 1977.

Fish, S. *Is There a Text In This Class?* Cambridge, Massachusetts: Harvard University Press, 1980.

Fiske, J. *Television Culture.* London: Verso, 1988.

Hall, S. Encoding And Decoding In The TV Discourse. “ In, Hall, S. et al. , editors. *Culture, Media, Lenguage.* London: Hutchinson, 1981.

Jauss, H. R. “Literary History as a Challenge to Literary Theory. “ *New Literary History,* (Baltimore, Maryland), Autmn 1970.

MacCabe, C. “Realism and the Cinema. “ *Screen,* (London), 1974.

Modleski, T. *Loving with A Vengeance.* London: Methuen, 1984.

Radway, J. *Reading The Romance*, Chapel, London: Paladin, 1973.

Rot, N. „Osnovi socijalne psihologije”. Beograd: Zavod za udzbenie i nastavna sredstva, 1983